Писмата на римскиот оратор, државник и философ Марк Тулиј Кикерон (106 пр. н.е. – 43 пр. н.е.) ја сочинуваат најголемата античка колекција на писма од еден ист автор. Во четирите денес зачувани збирки, Писма до Атик, Писма до блиските, Писма до братот Квинт и Писма до Брут, се сместени повеќе од деветстотини писма упатени до стотина различни адресати: блиски и помалку блиски пријатели на Кикерон, членови на неговото семејство, колеги, политички истомисленици и политички противници. Писмата се датираат во периодот од 68 до 43 година пр. н.е. и повеќето од нив не биле напишани со намера да бидат објавени. На јавноста ѝ станале достапни стотина години по смртта на Кикерон, веројатно, во времето на владеењето на императорот Нерон.

Книгата Епистоларниот дискурс на Марк Тулиј Кикерон претставува опсежна дескрипција на епистоларниот дискурс на Кикерон од аспект на неговата метаструктура, макроструктура и микроструктура. При описот на метаструктурата авторката ги идентификува вонјазичните фактори што довеле до конституирање и регулирање на Кикероновите епистоларни интеракции. Описот на макроструктурата е опис на схематската и на тематската структура на писмата. Описот, пак, на писмата од аспект на нивната микроструктуратата, претставува опис на јазичните реализации на најмалите конститутивни единици на Кикероновиот епистоларен дискурс - говорните чинови.

PROFUNDUM

ЕПИСТОЛАРНИОТ ДИСКУРС НА МАРК ТУЛИЈ КИКЕРОН

Светлана Кочовска



Светлана Кочовска

# ЕПИСТОЛАРНИОТ ДИСКУРС НА МАРК ТУЛИЈ КИКЕРОН

Светлана Кочовска

# ЕПИСТОЛАРНИОТ ДИСКУРС НА МАРК ТУЛИЈ КИКЕРОН

Читалница
*ЛИНГВИСТИКА*

Светлана Кочовска
**ЕПИСТОЛАРНИОТ ДИСКУРС**
**НА МАРК ТУЛИЈ КИКЕРОН**

*Издавач:*
© Профундум ДООЕЛ, Скопје, 2014

*Рецензенти:*
Весна Димовска-Јањатова
Елена Џукеска

*Лектура:*
Александар Џукески

*Дизајн на корица:*
Соња Димитровска

*Печат:*
Полиестердеј

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

81'42:821.124-6.09 Кикерон, М. Т.

КОЧОВСКА, Светлана
Епистоларниот дискурс на Марк Тулиј Кикерон / Светлана Кочовска. - Скопје : Профундум, 2014. - 294 стр. ; 21 см. - (#Читалница #Лингвистика)

Фусноти кон текстот. - Регистар. - Библиографија: стр. 281-294

ISBN 978-608-65369-1-6 (едиц.)
ISBN 978-608-65369-2-3

а) Кикерон, Марк Тулиј (106-43 п.н.е.) - Писма - Анализа на дискурсот
COBISS.MK-ID 96542986

Светлана Кочовска

# ЕПИСТОЛАРНИОТ ДИСКУРС НА МАРК ТУЛИЈ КИКЕРОН

ПРОФУНДУМ
Скопје, 2014

*Matri meae carissimae*

## СОДРЖИНА

*Список на кратенки*........................................ iii

УВОДНИ БЕЛЕШКИ........................................ 1

АНТИЧКА ЕПИСТОЛОГРАФСКА ПРАКСА И ЕПИСТОЛАРНА ТЕОРИЈА 11
Поимот *ἐπιστολή* во антиката и почетоците на епистолографската пракса... 11
Материјали за пишување и начин на трансмисија на писмата........................................ 16
Античка епистоларна теорија........................................ 19

ЈАЗИЧЕН КОРПУС........................................ 29
Формални одлики на Кикероновите збирки........................................ 29
Традиција на текстот на писмата........................................ 33

АНАЛИЗА НА МЕТАСТРУКТУРАТА........................................ 39
Конститутивни детерминанти........................................ 41
Физичка одвоеност меѓу субјектите........................................ 42
Желба да се предизвика реакција *in absentia*........................................ 47
Примена на пишан медиум........................................ 50
Регулативни детерминанти........................................ 56
Принцип на социјалност........................................ 57
Принцип на реципрочна размена........................................ 68
Принцип на поттикнување на интеракција........................................ 72
Принцип на заеднички коефициенти........................................ 76
Принцип на моделирање на стварност........................................ 80
Класификација на писмата........................................ 85

АНАЛИЗА НА МАКРОСТРУКТУРАТА........................................ 97
Схематска структура........................................ 98
Схематски категории на Кикероновите писма........................................ 99
Тематска структура: теориски поставки........................................ 107
Монотематични vs. политематични писма........................................ 112
Кохеренција........................................ 139
Пресупозиција........................................ 141
Лексичка рекуренција и парафраза........................................ 143
Тема конституенти........................................ 148
Метадискурсни изрази........................................ 153
Елементи на интеракција........................................ 160

Редундантен вокатив........................................................................................ 161
Извици и ексклamативни реченици.................................................................. 165
Метадирективи................................................................................................... 170
Парентетички искази......................................................................................... 172

АНАЛИЗА НА МИКРОСТРУКТУРАТА............................................................ 177
Теорија на говорни чинови................................................................................ 178
*Лингвистички реализации на говорните чинови*............................................. 186
Теорија на учтивост на Браун и Левинсон........................................................ 189
Експресиви........................................................................................................... 193
Поздрави.............................................................................................................. 194
Уводни поздрави................................................................................................. 195
Завршни поздрави............................................................................................... 203
Честитки............................................................................................................... 211
Заблагодарувања................................................................................................. 222
Извинувања.......................................................................................................... 230
Директиви............................................................................................................ 236
Барања и молби................................................................................................... 237
Прашања.............................................................................................................. 147

ЗАКЛУЧОЦИ....................................................................................................... 251

Индекс.................................................................................................................. 275
Библиографија..................................................................................................... 281

## СПИСОК НА КРАТЕНКИ

### 1. Антички автори и дела:

| | | |
|---|---|---|
| **Aesch.** | = Aeschylus | |
| | ***Supp.*** = *Supplices* | *Aeschylus*, with an English translation by Herbert Weir Smyth, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1922, pp. 2-105. |
| | ***Pers.*** = *Persae* | *Aeschylus*, with an English translation by Herbert Weir Smyth, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1922, pp. 108-207. |
| | ***PV.*** = *Prometheus vinctus* | *Aeschylus*, with an English translation by Herbert Weir Smyth, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1922, pp. 211-315. |
| **Catul.** | = *Catullus* | *Catullus, Tibullus and Pervigilium Veneris,* translated by F. W. Cornish, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons. 1921, pp. 2-183 |
| **Cic.** | = M. Tullius Cicero | |
| | ***ad Brut.*** = *Epistulae ad M. Brutum* | *Cicero: Epistulae ad Quintum fratrem et M. Brutum,* edited by D. R. Shackleton Bailey. Cambridge: Cambridge University Press, pp. 101-144. |
| | ***Att.*** = *Epistulae ad Atticum* | *Cicero's letters to Atticus,* edited by D. R. Shackleton Bailey, vols. 6, Cambridge: Cambridge University Press, 1965-67. |
| | ***Brut.*** = *Brutus* | *M. Tulli Ciceronis, scripta quae manserunt omnia, fasc. 4, Brutus*, recognovit H. Malcovati, Lipsiae: Typis B. G. Teubneri, 1965. |
| | ***Fam.*** = *Epistulae ad familiares* | *Cicero: Epistulae ad familiares,* edited by D. R. Shackleton Bailey, vol. 2. Cambridge: Cambridge University Press, 1977. |
| | ***Flac.*** = *Pro Flacco* | *Cicero, Orations: In Catilinam 1-4, Pro Murena, Pro Sulla. Pro Flacco,* with an English translation by C. MacDonald, Cambridge, MA: Harvard University Press / London : W. Heinemann, 1977. |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Off.*** = *De officiis* | Cicero, *De officiis*, with an English translation by Walter Miller, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1913. |
| | ***Q. fr.*** = *Epistulae ad Quintum fratrem* | *Cicero: Epistulae ad Quintum fratrem et M. Brutum*, edited by D. R. Shackleton Bailey. Cambridge: Cambridge University Press, pp. 19-100. |
| | ***Tusc.*** = *Tusculanae Disputationes* | Cicero, *Tusculan Disptutations*, with an English translation by J. E. King, London: William heinemann, 1927. |
| **Clem.** | = *Clemens* | |
| | ***Strom.*** = *Stromata* | *Titi Flavi Clementis Alexandrini opera omnia*, recognovit Reinholdus Klotz, vol. II. Lipsiae. Sumptibus E. B. Schwickerti, 1831. |
| **Dem.** | = Demetrius, *De elocutione* | *Aristotle, Poetics; Longinus, On the sublime; Demetrius on style*, translated by Doreen C. Innes Cambridge, MA/London, England: Harvard University Press, 1995; pp. 343-533. |
| **D. L.** | = Diogenes Laertius, *De clarorum philosophorum vitis libri decem* | = Diogenes Laertius, *Lives of eminent philosophers*, with an English translation by R. D. Hicks, vols. 2, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1925. |
| **Eur.** | = Euripides | |
| | ***Ba.*** = *Bacchae* | *Euripides,* with an English translation by Arthur S. Way, vol. 3, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1912, pp. 1-123. |
| | ***Hel.*** = *Helena* | *Euripides,* with an English translation by Arthur S. Way, vol. 1, London: William Heinemann/ New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 461-611. |
| | ***IA*** = *Iphigenia Aulidensis* | *Euripides,* with an English translation by Arthur S. Way, vol. 3, London: William Heinemann/ New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 1-151. |
| | ***IT*** = *Iphigenia Taurica* | *Euripides,* with an English translation by Arthur S. Way, vol. 2, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1912, pp. 279-409. |
| **Gel.** | = *A. Gellius, Noctes Atticae* | *The Attic Nights of Aulus Gellius,* with an English translation by J. C. Rolfe, vols. 3, Cambridge, MA: Harvard University Press/London: William Heinemann, 1927. |

| | | |
|---|---|---|
| **Hdt.** | = Herodotus | *Herodotus*, with an English translation by A. D. Godley, vols. 4. London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1920-1925. |
| **Hor.** | = *Horatius* | |
| | ***Ep.*** = *Epistulae* | Horace, *Satires, Epistles and Ars Poetica*, with an English translation by H. Rushton Fairclough. London: William Heinemann Ltd / Cambridge Ma: Harvard University Press, 1942. pp. 247-441. |
| **Isoc.** | = Isocrates | |
| | ***Ep.*** = *Epistulae* | *Isocrates*, with an English translation by Larue van Hook, vol. 3, Cambridge MA: Harvard University Press/London: William Heinemann Ltd, 1945, pp. 366-485. |
| **Nep.** | = Cornelius Nepos | |
| | ***Att.*** = *Atticus* | *Cornelius Nepos*, translated by J. C. Rolfe, Cambridge MA: Harvard University Press/London: William Heinemann Ltd, 1929, pp. 366-485 |
| **Ov.** | = Ovidius | |
| | ***Met.*** = *Metamorphoses* | Ovid, *Metamorphoses*, with an English translation by Frank Justus Miller, vols. 2. Cambridge MA: Harvard University Press/London: William Heinemann LTD, 1951. |
| | ***Ep.*** = *Epistulae* = *Heroides* | Ovid, *Heroides and Amores*, with an English translation by Grant Showerman. London: William Heinemann/ New York: The Macmillan Co, 1915. pp. 10-311. |
| **Petr.** | = Petronius Arbiter, *Satyricon* | *Petronius, Seneca: Apocolocyntosis*, with an English translation by Mechael Heseltine, London: William Heinemann/ New York: The Macmillan Co, 1913. pp. 1-323. |

**Pl.** = Plautus

| | |
|---|---|
| ***Am.*** = *Amphitrio* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 1-121. |
| ***As.*** = *Asinaria* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 123-229. |
| ***Aul.*** = *Aulularia* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 231-323. |
| ***Bac.*** = *Bacchides* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 325-457. |
| ***Capt. = Captivi*** | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 1, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1916, pp. 459-567. |
| ***Cas.*** = *Casina* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 2, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1917, pp. 1-109. |
| ***Cist.*** = *Cistellaria* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 2, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1917, pp. 111-183. |
| ***Cur.*** = *Curculio* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 2, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1917, pp. 185-269. |
| ***Epid.*** = *Epidicus* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 2, London: William Heinemann/ New York: G. P. Putnam's sons, 1917, pp. 271-361. |
| ***Men.* =** *Menaechmi* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 2, London: William Heinemann/ New York: G. P. Putnam's sons, 1917, pp. 363-487. |
| ***Mil.*** = *Miles Gloriosus* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 3, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1924, pp. 119-285. |
| ***Per.*** = *Persa* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 4, Cambridge, MA: Harvard University Press/London: William Heinemann, 1980, pp. 417-523. |
| ***Poen.*** = *Poenulus* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 4, Cambridge, MA: Harvard University Press/London: William Heinemann, 1980, pp. 1-143. |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Ps.*** = *Pseudolus* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 4, Cambridge, MA: Harvard University Press/London: William Heinemann, 1980, pp. 144-285. |
| | ***Trin.*** = *Trinummus* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 5, Cambridge, MA: Harvard University Press/London: William Heinemann, 1952, pp. 97-221. |
| | ***Truc.*** = *Truculentus* | *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon, vol. 4, Cambridge,<br>MA: Harvard University Press/London: William Heinemann, 1952, pp. 223-331. |
| **Plin.** | = *Plinius* | |
| | ***Ep.*** = *Epistulae* | Pliny, *Letters*, with an English translation by William Melmoth, revised by W. M. L. Hutchinson, vols. 2, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co., 1915. |
| **Plut.** | = *Plutarchus* | |
| | ***CG*** = *Caius Gracchus* | *Plutarch's lives*, with an English translation by Bernadotte Perrin, vol. 10, London: William Heinemann/ New York: G. P. Putnam's sons, 1921, pp. 196-241. |
| | ***Cic.*** = *Cicero* | *Plutarch's lives*, with an English translation by Bernadotte Perrin, vol. 7, London: William Heinemann/ New York: G. P. Putnam's sons, 1921, pp. 81-209. |
| **Prop.** | = *Propertius* | *Propertius*, with an English translation by H. E. Butler, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons, 1916. |
| **Quint.** | = *Quintilianus* | |
| | ***Inst.*** = *Institutio Oratoria* | *The institutio oratoria of Quintilian*, with an English translation by H. E. Butler, vols. 4, William Heinemann/New York: G. P. Putnam's sons, 1920. |
| **Sen.** | ***L. Annaeus Seneca*** | |
| | ***Ep.*** = *Ad Lucilium epistulae Morales* | Seneca, *Ad Lucilium Epistulae morales*. With an English translation by Richard M. Gummere, vols. 3, Cambridge Ma: Harvard University Press/London: William Heinemann Ltd., 1979. |

| | | |
|---|---|---|
| **Soph.** | Sophocles | |
| | ***Aj.*** = *Ajax* | *Sophocles*, with an English translation by F. Storr, vol. 2, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1913, pp. 1-119. |
| | ***Tr.*** = *Trachinae* | *Sophocles*, with an English translation by F. Storr, vol. 2, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1913, pp. 253-359. |
| | ***OC.*** = *Oedipus Coloneus* | *Sophocles*, with an English translation by F. Storr, vol. 1, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1912, pp. 141-307. |
| **Suet.** | = Suetonius | |
| | ***Aug.*** = Augustus | *Suetonius*, with an English translation by J. C. Rolfe, vol. 1, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1914, pp. 121-287. |
| | ***Iul.*** = Iulius | *Suetonius*, with an English translation by J. C. Rolfe, vol. 1, London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co, 1914, pp. 1-119. |
| **Ter.** | = Terentius | |
| | ***An.*** = Andria | *Terence*, with an English translation by John Sargeaunt, vol. 1. London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons, 1918, pp. 1-113. |
| | ***Hau.*** = Heauton Timorumenos | *Terence*, with an English translation by John Sargeaunt, vol. 1. London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons, 1918, pp. 113-229. |
| | ***Hec.*** = Hecyra | *Terence*, with an English translation by John Sargeaunt, vol. 2. London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons, 1920, pp. 121-211. |
| | ***Ph.*** = Phormio | *Terence*, with an English translation by John Sargeaunt, vol. 2. London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons, 1920, pp. 1-119. |

| | | |
|---|---|---|
| **Thuc.** | = Thucidides | *Thucidides,* with an English translation by Charles Forster Smith, vols. 4, London: William Heinemann Ltd/Cambridge MA: Harvard University Press, 1956 (1st ed. 1919)) |
| **Tib.** | = Albius Tibullus, *Elegiae* | *Catullus, Tibullus and Pervigilium Veneris,* translted by J. P. Postgate, London: William Heinemann/New York: G. P. Putnam's Sons. 1921, pp. 185-339. |
| **Xen.** | = *Xenophon* | |
| | ***Cyrop.*** = *Cyropaedia* | Xenophon, *Cyropaedia*, with an English translation by Walter Miller, vols. 2. London: William Heinemann/New York: The Macmillan Co. 1914. |

## 2. Лексикони, енциклопедии, критички изданија и списанија:

**AJPh** *American Journal of Philology*

**APhQ** *American Philosophical Quarterly*

**CJ** *Classical Journal*

**CCC** *College Composition and Communication*

**ClW** *Classical Weekly*

**CPh** *Classical Philology*

**CQ** *The Classical Quarterly*

**CR** *Classical Review*

**CW** *Classical World*

**ELL** *Encyclopaedia of Language and Linguistics,* ed. K. Brown, 2nd edition, Amsterdam: Elsevier Science.

**JHS** *Journal of Hellenic Studies*

**JP** *Journal of Pragmatics*

**JRS** *The Journal of Roman studies*

**LS** Liddell H. G. & Scott R. *A Greek-English Lexicon.* New York: Oxford University Press inc., 1996.

**LSoc** *Language in Society*

**OLD** *Oxford Latin Dictionary*, ed. P. G. W. Glare. London: Oxford University Press. 1968

**RE** *Paulys Real-encyclopädie der classischen Altertumswissenschaft: neue Bearbeitung,* Begonnen von G. Wissova, W. Kroll, K. Mittelhaus. Stuttgart: J. B. Metzlersche Verlagsbuchhandlung. 1894-1978.

**SB** = D. R. Shackleton Bailey

***A. I.*** *Cicero's letters to Atticus.* (1965) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. I . 68-59 B.C. 1 -45 (books I and II). Cambridge: Cambridge University Press.

***A. II.*** *Cicero's letters to Atticus.* (1965) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. II . 58-54 B.C. 46 -93 (books III and IV). Cambridge: Cambridge University Press.

***A. III.*** *Cicero's letters to Atticus.* (1968) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. III . 51-50 B.C. 94 - 132 (books V and VII. 9). Cambridge: Cambridge University Press.

***A. IV.*** *Cicero's letters to Atticus* (1968) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. IV . 49 B.C. 133 -210 (books VII. 10-X). Cambridge: Cambridge University Press.

***A. V.*** *Cicero's letters to Atticus* (1966) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. V . 48-45 B.C. 211 -354 (books XI-XIII). Cambridge: Cambridge University Press.

***A. VI.*** *Cicero's letters to Atticus.* (1967) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. VI . 44 B.C. 355 -426 (books XIV-XVI). Cambridge: Cambridge University Press. 1967.

***F. I.*** *Cicero: Epistulae ad familiares* (1977) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. I. 62-47 B. C. Cambridge: Cambridge University Press.

***F. II.*** *Cicero: Epistulae ad familiares* (1977) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Vol. II. 47-43 B. C. Cambridge: Cambridge University Press.

***Q. B.*** *Cicero: Epistulae ad Quintum fratrem et M. Brutum* (1980) Edited by D. R. Shackleton Bailey. Cambridge: Cambridge University Press.

**TAPha** *Transactions and Proceedings of the American Philological Association*

**WC** *Written Communication*

## УВОДНИ БЕЛЕШКИ

Во доменот на класичната филологија несомнено ниту еден римски автор не е истражуван повеќе одошто е истражуван Марк Тулиј Кикерон. Од списите што го сочинуваат неговиот *ouevre littéraire* најголем научен интерес предизвикале говорите, што е разбирливо, со оглед на тоа што во историјата на западната мисла Кикерон е запаметен, пред сѐ, како оратор. Реторичките и философските списи, исто така, го привлекуваат вниманието на научната јавност: реторичките како неодминлив дел од истражувањата чија примарна цел е проучувањето на начелата на античката реторика, а философските – како дел од истражувањата насочени кон проучување на философските теми и концепти што се третираат во нив, а за кои токму Кикероновите филососфски списи во многу случаи се единствениот достапен извор. Импозантниот по обем епистоларен опус во овие истражувања има маргинализиран статус.

Отсуството на голем научен интерес за Кикероновите писма се должи на повеќе фактори. Најголемо влијание врз ова, веројатно, имал фактот што писмата, или барем поголемиот дел од нив, не биле напишани со намера да бидат публикувани. Имено, иако е извесно дека Кикерон сакал да објави колекција со негови писма (*συναγωγή*), откако ќе ревидира мал дел од бројните писма (*Att.* 16. 5. 5 = 410 SB), до објавување на четирите денес зачувани збирки дошло по неговата смрт. Бурните настани во последните години од неговиот живот и ненадејнатата смрт, веројатно, биле причината поради која не успеал да ја реализира оваа своја намера. Врз основа на тоа што писмата ги споменува Сенека Помладиот, а не ги споменува Асконij, се претпоставува дека тие не биле „објавени“ пред владеењето на Нерон.[1] Во

[1] Види SB *A I*: 59-76.

однос на ова прашање, постои и теза дека всушност никогаш и не дошло до нивна монолитна публикација. Според следбениците на оваа теза, писмата никогаш не се репродуцирале *in extenso*, туку нивните малубројни копии биле чувани само во приватните библиотеки за потребите на историчарите и собирачите на реторички и јазични куриозитети (Nicholson, 1998: 65). Фактот што во збирките се содржани писма што е очигледно дека не биле напишани со намера да бидат публикувани влијаел врз нивниот третман на некнижевни дела. Долго време во теоријата се третирале само како документ кој е значаен единствено од историски аспект. Така, иако настаните што се опишани во преписката се претставени од визура на човек кој активно учествувал во политичките збиднувања, па од тој аспект описот на тие настани не е лишен од пристрасност, сепак, голем број истражувачи ја користеле преписката како важен, често и како единствен, извор за проучување на политичката и социјалната историја на бурниот и динамичен период на доцната Република.[2] Освен како историски извор, не останала незабележана ни вредноста на преписката како документ што има суштествено значење за разбирање на личноста на Кикерон, кој е, несомено, најзначајната фигура од златното доба на римската книжевност.[3] Конечно, влијание врз незначителниот научен интерес за писмата во однос на интересот за останатите списи што го сочинуваат Кикероновиот книжевен опус, имал и фактот што писмото како жанр во антиката имало „понизок“ книжевен статус во однос на останатите жанрови.[4] Кога ќе се земе предвид и тоа дека останатите списи од Кикероновиот опус, особено

---

[2] Види, на пример, Boissier, 1897, Fuhrmann, 1900, Gordis, 1905, Carcopino, 1951, Sollmann, 1952, D'Arms, 1967, 1970, Wood, 1991, Fantham 1999 *etc.*

[3] Види Levy, 1959, Douglas, 1968, Utčenko, 1975, Rawson, 1975, Mitchell, 1979, 1991, White, 2010 *etc.*

[4] Квинтилијан, на пример, сметал дека сериозните теми, како што се философските и политичките теми, се несоодветни за писма. Според него, писмото треба да биде напишано со лабав прозен стил (*soluta oratio*). Овој прозен стил, според Квинтилијан, им прилега и на дијалози и на говори во кои се расправа за правни спорови од помала важност (Quint. *Inst.* 9. 4. 19-21).

говорите, благодарение на Квинтилијан, уште во антиката стекнале статус на дела што се особено парадигматични во однос за жанрот на кој му припаѓаат, се добива појасна претстава за причините поради кои интересот за писмата не бил многу голем.

Незначителниот интерес за Кикероновите писма е неоправдан од повеќе аспекти. Прво, писмата на Кикерон ја сочинуваат најголемата античка колекција на писма од еден ист автор. Во четирите зачувани збирки се содржани повеќе од деветстотини писма упатени до стотина различни адресати: блиски и помалку блиски пријатели на Кикерон, членови на неговото семејство, колеги, политички сојузници и политички противници. Второ, автор на овие писма е најголемиот *homme de letters* од периодот на доцната Република. Со оглед на тоа што писмата, според бројот на страници, опфаќаат речиси четвртина од целокупниот опус на Кикерон, нивното маргинализирање значи маргинализирање на значителен дел од творештвото на Кикерон. Трето, и за нас најважно, различниот вид на релација на Кикерон со неговите адресати довел до продукција на писма кои значајно се разликуваат во однос на структурата, изборот на епистоларните теми и изборот на лексички и синтаксички средства за реализација на идентични говорни чинови. Промената на адресатот резултирала со промена на говорните регистри, па оттаму некои писма се типична парадигма за *sermo cotidianus,* а други, во однос на структурата и јазичниот израз, се споредливи со говорите. Во таа смисла, нивното проучување може да изнесе на показ многу релевантни сознанија за влијанието на социолингвистичките фактори врз употребата на јазикот.

Предмет на ова истражување е епистоларниот дискурс на Кикерон од аспект на неговата метаструктура, макроструктура и микроструктура. Дескрипцијата на метаструктурата подразбира анализа на екстра-лингвистичките фактори што довеле до конституирање и регулација на епистоларниот дискурс: физичка одвоеност меѓу Кикерон и неговите адресати, желба да

се предизвика реакција кај отсутниот друг, постоење на некаков тип на релација меѓу адресантот и адресатот надвор од светот на текстот *etc*. Со поимот *макроструктура* ја означуваме глобалната структура на текстот, т.е. текстот на писмото како целина од значење и од форма. Анализата на макроструктурата, во таа смисла, ќе претставува анализа на функционалните/схематските категории или суперструктури од кои се состојат писмата (уводен поздрав, главен дел, завршен поздрав *etc*.) и анализа на нивната тематска структура: од колку тематски единици или единици на содржина се состојат писмата, дали има разлики во начинот на структуирање на макроструктурата на писмата до различни адресати, на кој начин се воспоставува кохеренцијата на текстот на писмото, дали механизмите со кои се воспоставува кохеренција во писмата до различни адресати се идентични и сл. Анализата на микроструктурата претставува анализа на најмалите конститутивни единици на дискурсот - говорните чинови. Во фокусот на нашиот интерес ќе бидат јазичните реализации на говорните чинови што се најфреквентни во писмата до различни адресати. Ќе се обидеме да понудиме одговор на прашањето дали Кикерон применува исти јазични стратегии за да реализира идентични комуникациски цели во писма до различни адресати.

Концептот за анализа на писмата од аспект на нивната метаструктура, макроструктура и микроструктура се темели врз концептот за анализа на епистоларниот дискурс во украинскиот и српскиот јазик на Људмила Поповиќ (Поповић, 2000). Истражувачките постапки што се интегрирани во овој модел за контрастивна анализа на епистоларниот дискурс во овие јазици се преземени од различни лингвистички школи. Основните поставки врз кои се темели описот на метаструктурата се преземени од Бахтин (Бахтин, 1972), Јаржебски (Jarzebski, 1977) и Хојзинга (Huizinga, 1980), а во самиот опис се инкорпорирани сознанијата до кои е дојдено во истражувањата на Калковска (Kałkowska, 1982, 1993), ван Дајк (Dijk van, 1972, 1980), Гелијкенс (Gelyukens, 1992) и Вјежбицка (Wierzbicka, 1971). Во описот на

макроструктурата се применети методите развиени во рамки на граматиката на текстот на Ван Дајк (Dijk van, 1972, 1987; Dijk van & Kintsch, 1983), од каде што и потекнува терминот *макроструктура*, и методите развиени во истражувањата на различни аспекти на текстот (Арутюнова, 1973; Enkvist, 1995; Beaugrande & Dressler, 1981; Леонтъева, 1983; Polovina, 1987; Schiffrin, 1987 *etc.*). Истражувањето на микроструктурата, пак, е базирано врз теоријата на говорни чинови на Остин и Серл (Austin, 1962, Searle, 1969). Во вака поставената методолошка рамка, преземена од моделот на Поповиќ, во нашето истражување ќе бидат интегрирани методот за сегментација на структурата на текстот на Крон, развиен во нејзиниот модел за анализа на дискурсните партикули (Kroon, 1995), типологијата на говорни чинови на Риселада (Risselada, 1993) и теоријата на учтивост на Браун и Левинсон (Brown & Levinson, 1987).

Извесен исчекор од генералната тенденција писмата да се третираат како документ што има вредност единствено од историски аспект се студиите што се занимаваат со јазичниот израз на Кикерон, со одделни јазични феномени присутни во писмата и со колоквијалниот латински јазик. Бројни *obiter dicta* и за Кикероновите писма се среќаваат и во современите истражувања на античката, претхристијанска и христијанска епистолографија.

Во истражувањата на Кикероновиот јазичен стил, стилот на писмата се разгледува во контекст на анализата на стилот на целокупниот негов опус (*e.g.* Wilkinson, 1982: 247-9; Von Albrecht, 2003: 52-63, 94-5, 118-9 *etc.*). Како *differentia specifica* на стилот на писмата се истакнуваат елипсите, паратактичкото поврзување, парентезите, промената на јазичниот код, употребата на хибриди, архаизми, плеоназми, формулаични изрази *etc*. Некои од овие аспекти биле предмет и на посебни истражувања. Евидентно најголем интерес предизвикал феноменот на промена на јазичниот код (*code-switching*) (*e.g.* Steele, 1900; Rose, 1921; Baldwin, 1992; Dunkel, 2000; Swain, 2002; Adams, 2003), но не останале незабележани и некои други аспекти на епистоларниот

дискурс, како што се епистоларните формули (*e.g.* Pease, 1902; Laidlaw, 1939; Johnston, 1940; Cotton, 1984), парентезите (Bolkestein, 1998), стратегиите на учтивост (Hall, 1998, 2009) *etc*. Во неколку студии се разгледуваат повеќе аспекти на епистоларниот стил (Jäger, 1986; Hutchinson, 1998; Garcea, 2005), но одлика на овие истражувања е тоа што овие аспекти се разгледуваат во контекст на истражувања кои имаат некоја друга примарна истражувачка цел. На пример, во студијата на Хачинсон (Hutchinson, 1998) одликите на стилот на писмата се разгледуваат со цел да се аргументира тезата дека анализата на преписката како книжевен текст е легитимна. Предмет на неколку истражувања се и некои формални, но значајни аспекти на писмата, како што се проблемот на нивната публикација (Hunt, 1981; Phillips, 1986; Nicholson, 1998), нивното датирање (Taylor, 1937, 1954; Stewart, 1962; MacLaren, 1970) и испорака (Nicholson 1994).

Во истражувањата на латинскиот *sermo cotidianus* (*e.g.* Monsuez, 1952; Beach, 1955; Povsic, 1979, 1982; Dangel, 1996; Herman, 2000, Dickey-Chahoud, 2010) писмата се релевантен дел од јазичниот корпус за кој во латинската лингвистика постои консензус дека е еден од најиндикативните во однос на предметот на истражување. Во овие истражувања особено значајни се писмата до Атик, што е разбирливо со оглед на тоа што тие се приватни писма упатени до близок пријател, кои не биле наменети за објавување.

Најголем придонес во проучувањето на Кикероновите писма има Шеклтон-Бејли. Резултат на неговата долгогодишна научна работа врз текстот на различните ракописи на писмата се критичките изданија на целокупната Кикеронова преписка. Текстот на првите изданија на Шеклтон Бејли е повеќе пати реиздаван, а денес тие го сочинуваат и текстот на Тојбнеровото и на Харвардското издание на Кикероновите збирки. По нивното објавување интересот на научната јавност за Кикероновата преписка значително се зголемил, за што потврда се повеќето од погоре споменатите научни трудови, кои обработуваат аспекти

на писмата кои првпат биле забележани и истакнати токму од Шеклтон-Бејли.

Покрај во споменатите истражувања, Кикероновата преписка е предмет на интерес и во современите истражувања на античката епистолографија. Пресудно значење за подемот на овие истражувања има откривањето на огромниот број на приватни писма на папирусите најдени во Египет, особено во Оксиринх, кон крајот на 18-тиот век. Овие писма предизвикале голем интерес во библиските студии, во чии рамки, благодарение на тој интерес, се поставени темелите на проучувањето на целокупната, претхристијанска и христијанска, епистолографија. Кикероновата преписка во овие истражувања, како најголема зачувана античка збирка на писма, е исто така предмет на спорадичен интерес (*e.g.* Koskenniemi, 1954; Klauck, 2003, 2006: 156-65; Schmeller, 2004).

Со оглед на тоа што Кикероновите писма ѝ припаѓаат на античката епистолографија, на почетокот накусо се осврнуваме на античката епистолографска пракса и на античката епистоларна теорија. Во делот посветен на епистолографската пракса укажуваме на потеклото и на значењето на поимот *ἐπιστολή* во антиката, на почетоците од праксата на пишување писма, на материјалите на кои се пишувало и на начинот на трансмисија на писмата. Во вториот дел од оваа тематска единица ги презентираме директните и индиректните сведоштва за античката епистоларна теорија.

Во следната глава се изложени формалните одлики на четирите Кикеронови збирки (*ad Atticum, ad Famliares, ad Quintum fratrem* и *ad Brutum*) и е направен преглед на сознанијата со кои располага науката во однос на прашањето за нивната публикација и датирање.

Следните три глави од книгата го сочинуваат суштинскиот дел од истражувањето. Во првата од нив, *Анализа на метаструктурата*, предмет на анализа се конститутивните и регулативните детерминанти на Кикероновиот епистоларен

дискурс. Во поглавјето *Конститутивни детерминанти* се осврнуваме на трите клучни фактори што довеле до конституирање на Кикероновиот епистоларен дискурс: физичката одвоеност на субјектите меѓу кои се воспоставува епистоларна интеракција, желбата да се предизвикува реакција кај отсутниот друг и примената на пишан медиум. Во поглавјето *Регулативни детерминанти* се осврнеме на манифестациите на принципот на социјалност, принципот на реципрочна размена, принципот на поттикнување на адресатот на интеракција, принципот на заеднички коефициенти и принципот на моделирање на стварност. Со оглед на тоа што една од овие детерминанти, принципот на социјалност, има клучно типолошко значење, во овој дел се зафаќаме и со сложеното прашање на класификација на писмата.

Во следната глава, *Анализа на макроструктурата,* ги претставуваме задолжителните и факултативните схематски категории на Кикероновите писма (уводна поздравна формула, формула за добро здравје (*formula valetudinis*), пролог, главен дел, епилог, завршна поздравна формула и дата [и место]) и ги презентираме резултатите што произлегоа од анализата на тематската структура на писмата. Прво е изложен методот за анализа на текст на Крон (Kroon, 1995: 58-96), развиен во рамки на нејзиниот модел за анализа на дискурсните партикули, а потоа се презентирани резултатите до кои дојдовме при анализата на писмата до различни адресати со примената на овој метод. Предмет на потесен интерес се тематските единици од кои се состојат писмата до различни адресати. Во овој дел од истражувањето ги разгледуваме и механизмите со кои се воспоставува кохеренција меѓу писмата што се дел од идентична епистоларна промена: пресупозиција, лексичка рекуренција и парафраза, тема конституенти, метадискурсни изрази и елементи на интеракција - редундантен вокатив, извици и ексламативни реченици, метадирективи и парентетички искази.

Во следната глава, *Анализа на микроструктурата,* се презентирани резулатите што произлегоа од анализата на јазичните реализации на најмалите конститутивни единици на епистоларниот дискурс на Кикерон – говорните чинови. Со оглед на тоа што анализата на говорните чинови се темели врз теоријата на говорни чинови и теоријата на учтивост на Браун и Левинсон, во првите две поглавја од оваа тематска целина се изложени основните поставки на овие теории. Предмет на анализа во следните неколку поглавја се јазичните реализации на најфреквентните говорни чинови во писмата: завршни и уводни поздрави, извинувања, честитки, заблагодарувања, барања и молби и прашања.

Во заклучокот се сумирани резултатите од истражувањето, а по заклучокот, следи индекс и библиографија.

# АНТИЧКА ЕПИСТОЛОГРАФСКА ПРАКСА И ЕПИСТОЛАРНА ТЕОРИЈА

Културата на пишување писма во Хелада била, веројатно, увезена од Персија. На нејзиното можно персиско потекло упатува Климент од Александрија, кој пренесува дека Хеланик, историчар од 5-ти век пр. н.е. од Лезбос, инвенцијата на писмото ѝ ја припишувал на персиската кралица Атоса (Clem. *Strom*. 1.16.76. 10).[5] Потврда за тоа дека во Персија пред 5-ти век пр. н. е. постоела развиена епистолографска пракса наоѓаме кај Херодот, кој пишува дека Персијците имале многу добро организиран и брз систем за испорака на писма (Hdt. 8.98). Фактот, пак, што првата историски документирана преписка на грчки јазик е преписката меѓу египетскиот фараон Амасис и тиранинот Поликрат од Самос (Hdt. 3.40-43), упатува на можноста праксата на пишување писма во Хелада да била увезена и од Египет. Веројатно некаде во 3-тиот век пр. н.е. оваа пракса од Хелада била пренесена и во Рим.

## Поимот *ἐπιστολή* и почетоците на епистолографската пракса

Именката *ἐπιστολή* (грч. „писмо“), од која е изведена латинизиранaта форма *epistula*, потекнува од глаголот *ἐπιστέλλω*: 1. *праќам, праќам порака*; 2. *порачувам, наложувам, заповедам* (види LS, 1996: 660) Оттаму, *ἐπιστολή* е *она што е испратено, порачано, наложено* или *заповедано*. За првичната усна димензија во значењето сведочи начинот на кој оваа именка ја употребува Херодот. Во едната од двете употреби на *ἐπιστολή* (Hdt. 4.10.8) е очигледно дека таа означува *усна порака,* и тоа порака што во случајот не е испратена преку посредник, туку

[5] *καὶ πρώτην ἐπιστολὰς συντάξαι Ἄτοσσαν τὴν Περσῶν βασιλεύσασάν φησιν Ἑλλάνικος*. (Clem. *Strom*. 1.16.76) „Хеланик вели дека Атоса, кралицата на Персијците, била првата што почнала да пишува писма.“

лично. Во втората употреба (Hdt. 6.50.10) е неизвесно дали станува збор за порака испратена на устен или писмен начин, но со оглед на вообичаената употреба на други термини за пишани пораки - *βυβλίον, δέλτος* и *γράμματα* (Hdt. 1.123.14; 3.40.1; 7.239.13; 8.22.1) се чини дека и во овој случај *ἐπιστολή* е *усна порака*, која, можеби, не е пренесена лично, како во претходниот случај, туку преку гласник. Употребата на глаголот *ἐπιστέλλω* во една од референциите кои упатуваат на праксата на пишување пораки (Hdt. 3.40), говори дека веќе во времето на Херодот значењето на овој глагол постепено се врзувало за пишан, а не за устен начин на испраќање пораки. Начинот на кој именката *ἐπιστολή* ја употребуваат Ајсхил (Aesch. *Supp*. 1012; *Pers*. 783; *PV*. 3) и Софокле (Soph. *Aj*. 781; *Tr*. 493; *OC*. 1601) сведочи за тоа дека во втората половина на 5-тиот век пр. н.е. таа сè уште се употребувала со значење *усна порака*. Кај овие автори *ἐπιστολή* секогаш се јавува во множина и секогаш означува усна порака - *поука, совет, налог* или *заповед*, пренесени во некои случаи лично, а во други преку посредник. Најраните употреби на *ἐπιστολή* со значење *пишана порака* или *писмо* се потврдени во неколку трагедии на Еврипид (Eur. *IT* 589, 732, 767, 786; *IA* 111, 314) и во списот *Историја на Пелопонеските војни* на Тукидид (e.g. Thuc. 1.128.6; 129. 1, 3; 132.5; 4.50.2; 8.8.2). Во трагедиите на Еврипид, освен со ова значење, именката сè уште се употребува и со значење *усна порака* или *заповед* (e.g. Eur. *Ba*. 442; *IT* 1446; *Hel*. 1649), што сведочи за тоа дека во последните децении од 5-тиот век пр.н.е., кога се датираат четирите трагедии на Еврипид во кои се среќава *ἐπιστολή*, именката се употребувала и со двете значења. Кај сите подоцнежни автори *ἐπιστολή* веќе има значење исклучиво на *пишана порака* или *писмо*.

Првата историски документирана преписка, преписката меѓу фараонот Амасис и самоскиот тиранин Поликрат, е потврдена кај Херодот (Hdt. 3.40-43). Оваа преписка се датира во периодот меѓу 530 и 520 год. пр. н. е. (Trapp, 2003: 6, Harris, 1989: 56). Најстарото, пак, физички зачувано писмо, Березанското писмо,

се датира околу 500 год. пр. н. е.[6] Ако овие претпоставки се точни, тогаш почетоците на праксата на пишување писма во Хелада се датираат најмалку стотина години пред етаблирањето на именката *ἐπιστολή* како термин за означување на производот на таа пракса. Со оглед на нискиот степен на писменост во текот на архајскиот период (Harris, 1989: 45-64), праксата на пишување писма во овој период не била екстензивна. Во почетните фази од нејзиниот развој, таа, веројатно, била дел, главно, од административната и од воената сфера. Референците на писма кај Тукидид упатуваат на тоа дека во времето на Пелопонеските војни, значи стотина години по првата историски потврдена преписка, праксата на пренесување пораки на устен начин, преку гласник, била сè уште повообичаена од праксата на пишување писма. На едно место Тукидид пишува дека атинскиот водач Никија, плашејќи се дека гласниците, поради отсуство на дарба за говорење, заборавност или желба да ѝ удоволат на толпата, нема да ја пренесат неговата порака до Атињаните точно, решил да им напише писмо. Заедно со писмото им дал и усни препораки:

(1) *φοβούμενος δὲ μὴ οἱ πεμπόμενοι ἢ κατὰ τὴν τοῦ λέγειν ἀδυνασίαν ἢ καὶ μνήμης ἐλλιπεῖς γιγνόμενοι ἢ τῷ ὄχλῳ πρὸς χάριν τι λέγοντες οὐ τὰ ὄντα ἀπαγγέλλωσιν, ἔγραψεν ἐπιστολὴν, νομίζων οὕτως ἂν μάλιστα τὴν αὑτοῦ γνώμην μηδὲν ἐν τῷ ἀγγέλῳ ἀφανισθεῖσαν μαθόντας τοὺς Ἀθηναίους βουλεύσασθαι περὶ τῆς ἀληθείας. καὶ οἱ μὲν ᾤχοντο φέροντες, οὓς ἀπέστειλε, τὰ γράμματα καὶ ὅσα ἔδει αὐτοὺς εἰπεῖν:* (Thuc. 7.8.2-3)[7]

[6] Березанското писмо е најдено во регионот на милетската колонија Користхен, близу до островот Березан, источно од Одеса. Авторот е извесен Ахилодор, а писмото е упатено до неговиот син и до некој Анаксагора. Види Chadwick, 1973; Trapp, 2003: 50; Muir, 2009: 14.

[7] „Плашејќи се дека гласниците нема да ги пренесат работите такви какви како што се, поради неспособност за говорење, заборав или желба да ѝ удоволат на толпата, напишал писмо, мислејќи дека така Атињаните најдобро ќе го дознаат неговото мислење, без притоа тоа да биде изобличено од гласникот, и дека ќе размислат за вистинската ситуација. Пратениците заминале со писмо и со усни препораки."

Овој фрагмент е индикативен во однос на неколку нешта. Прво, упатува на тоа дека  писмото во времето на Пелопонеските војни не бил непознат, но дека сè уште бил помалку вообичаен медиум за комуникација меѓу физички одвоени субјекти. Второ, во него Тукидид наведува некои од мотивите кои довеле до развој  на епистолографската пракса: отсуство на верба во дарбата за говорење на гласникот, можност гласникот да заборави што треба точно да каже, страв дека можеби нема да ја каже вистината, туку дека ќе каже нешто друго, за да им удоволи на оние на кои им ја пренесува пораката. Трето, од фрагментот е јасно дека во раните фази од развојот на епистолографската пракса пренесувачот на пораката заедно со писмото добивал и вербални инструкции од испраќачот. Потврда за тоа дека во времето на Тукидид писмото сè уште не било вообичаен медиум за комуникација е и фактот што во двете писма инкорпорирани во *Историја на Пелопонеските војни,* писмото на Никија до Атињаните (Thuc. 1.129.1-3) и писмото на Ксеркс до Павсанија (*ibid*. 7.11.1-15.2) не се застапени подоцнежните стандардни почетни и завршни епистоларни формули. Најстариот зачуван спис во кој тие се потврдени е списот *Воспитанието на Кир* на Ксенофонт, во кој е инкорпорирано писмо на Кир до Кијаксар (Xen. *Cyrop*. 4.5. 27-33). Тоа говори дека во раниот 4-ти век пр. н. е., кога се датира овој спис, во Хелада веќе постоеле конвенциите инхерентни на подоцнежната епистолографска пракса. За популарноста на писмото како медиум за комуникација во средината на 4-иот век сведочи и тоа, што приближно во овој период се датираат најстарите книжевни писма, писмата на Исократ[8] и на Епикур[9]. Бројните приватни писма најдени,

[8] Од деветте зачувани писма кои традицијата му ги припишува на Исократ за сигурно автентично се смета единствено второто писмо, (Isoc. *Ep. 2*), упатено до Филип II. Прашањето за автентичноста на останатите осум писма е отворено. Види van Hook, 1945: 368, Lesky, 1983: 811.

главно, во Египет, се потврда за тоа дека веќе во Хеленизмот писмото било вообичаен медиум за комуникација и во приватната сфера. Најстарото зачувано писмо, Березанското, е потврда за тоа дека приватни писма се пишувале и претходно, но, веројатно, тоа се случувало поретко и само во случај на итност.

Иако најстарите зачувани писма напишани на латински јазик се датираат дури во периодот на доцната Република, постојат јасни показатели за тоа дека праксата на пишување писма во Рим била установена најмалку еден век порано. Потврда за тоа наоѓаме во комедиите на Плаут, во кои честопати писмата се двигател на дејството. [10] Идентификацијата на нивниот потенцијал како средство за создавање на комички ефект можеби навистина е влијание на старата и на новата атичка комедија (Rosenmeyer, 2006: 23), но се чини малку веројатно дека Плаут во толку голема мера би го користел потенцијалот на писмото како средство за создавање комички ефект во услови на отсуство на пракса на пишување писма. Најстарото документирано писмо во римската книжевност е писмото на хетајрата Фоеникулум до љубениот Калидор, вметнато во комедијата на Плаут *Лажго* (Pl. *Ps*. 41-44, 51-9, 64-73). Освен во комедиите на Плаут, праксата на пишување писма пред периодот на доцната Република е посведочена и со референците на писмата на Катон Постариот (Cic. *Off*. 1.37, *Brut*. 211, Plut. *CG* 13. 2) и на Корнелија, мајката на браќата Граси (Mercklin, 1844:

[9] Писмата на Епикур се цитирани во 10-та книга од списот *Животите и мислењата на славните философи* на Диоген Лаертиј. Цитирани се четири писма: до Херодот (D. L. 10.34-83), до Питокле (*ibid*. 10.83-116) до Менојк (*ibid*. 10.121-135) и едно покусо писмо до пријателот и следбеник Идоменеј (*ibid*. 10.22.3-9). Освен овие писма, кај повеќе антички автори се зачувани многу фрагменти од писма и сведоштва за праксата на Епикур да го изложува неговото философско учење во епистоларен облик. За најпроблематична се смета автентичноста на писмото до Питокле (Klauck, 2006: 150), но писмата, генерално, се сметаат за автентични.

[10] Види Pl. *As*. 761-2, *Bac*. 176, 561, 1006; *Epid*. 58, 134, 254; *Mil*. 1225; *Per*. 694; *Poen*. 836; *Ps*. 23-77, 647, 670, 690-2, 716, 983, 987, 990-4, 997-9, 1001-3, 1008, 1011, 1097, 1202-3; *Trin*. 774, 778, 816, 848, 875, 894-9, 949-952, 986, 1002; *Truc*. 397. Види Jenkins, 2005.

33-4)[11]. Тоа што овие писма во книжевноста се споменуваат еден век по нивното настанување не само што го потврдува постоењето на пракса на пишување писма во текот на 2-риот век пр. н.е., туку упатува и на тоа дека овие писма немале само приватен карактер, туку дека им биле достапни и на поширок круг читатели. Сепак, несомнено е дека писмото како медиум стекнало најголема популарност во периодот на доцната Република. Интензивирањето на епистолографската пракса во овој период било резултат, пред сѐ, на специфичниот општествен контекст, кој произлегол од континуираното ширење на Рим. Во услови на неможност за комуникација *in praesentia* меѓу администрацијата во метрополата и провинциите, меѓу пријателите или членовите на семејството, кои доброволно или принудно биле физички одвоени, писмото било единствена можност за комуникација со физички отсутниот друг. Интензивирањето на епистолографската пракса во овој период довело до афирмација на епистоларната форма, која резултирала со развој на две типично римски традиции: објавување на збирки со приватни писма, како што се збирките на Плиниј Помладиот и Корнелиј Фронтон, и со создавање на писма во стих, како писмата на Хоратиј и Овидиј. Популарноста на писмото, веројатно, имала влијание и врз изборот на Сенека неговите философски мисли да ги изложи токму во епистоларен облик.

[11] Фрагменти од писмото на Корнелија до Гај Гракх се зачувани на манускриптите на кои се зачувани фрагменти од списот на Непот *За латинските историчари* (*De Latinis historicis*). Во писмото Корнелија го советува синот Гај да не се кандидира за народен трибун. Прашањето дали ова писмо е автентично е отворено. Види Mercklin, 1844: 33-4.

## Материјали за пишување и начин на трансмисија на писмата

Потребата за комуникација со физички отсутниот друг во Хелада и во Рим била проследена со настојување за усовршување на материјалите на кои се пишувале писма и на механизмите за нивна испорака. Во раните фази од развојот на епистолографијата највообичаен материјал за пишување било оловото. Најстарите физички зачувани писма, меѓу кои и најстарото, Березанското писмо, се напишани на листови олово. Раширената употреба на овој материјал се чини дека била свесен избор, прво, поради малата веројатност дека оловото ќе се оштети при транспортот, и второ, поради можноста да се преклопи и да се употреби повеќекратно (Trapp, 2003: 7). Пишани пораки се врежувале и на камен, на парчиња керамика, на дрво или на слонова коска.[12] Од 3-тиот век пр. н.е. папирусот сѐ повеќе се применувал како материјал за пишување писма, но со оглед на тоа што бил скап, писмата и натаму се пишувале и на други материјали, особено на дрвени плочки. Веќе во времето на Кикерон употребата на папирусот била вообичаена, а дрвените плочки облеани со восок (*codicilli*) се користеле за покуси, неформални пораки (Shackleton-Bailey, 1980: 12). На папирус се пишувало со писалка од трска (*calamus*) и со црно мастило (*atramentum*). Приватните писма обично се пишувале лично, а службените му се диктирале на личен секретар или на писар. Кикерон, на пример, писмата до Атик најчесто ги пишувал лично, а писмата до повеќето други свои адресати ги диктирал. Папирусот, откако ќе се свитка во свиток и ќе се запечати со восок, се испраќал во посакуваната насока.

Прашањето дали во некоја од подоцнежните фази од развојот на епистолографијата во Хелада постоел организиран систем за доставување на писма или писмата и натаму се праќале преку пратеници е отворено. Според Клаук, дијадосите на Александар III Македонски во областите што биле под нивна контрола се

[12] Види White, 1986: 213-4; Harris, 1989: 94-5; Rosenmeyer, 2001: 22-3; Trapp, 2003: 6-7.

обиделе да воведат систем за достава сличен на персискиот (Klauck, 2006: 62), кој на Хелените им бил познат уште во 5-тиот и 4-тиот век пр. н.е. (Hdt. 8.98; Xen. *Cyrop*. 8.6.17-8). Во Рим, пак, во периодот на Републиката магистратите во провинциите испраќале официјални, а понекогаш и приватни писма, преку воениот персонал (*lictores* и *statores*). Во приватната сфера писмата се праќале или преку собирачите на државни даноци од провинциите (*publicani*) или преку специјално овластени доставувачи (*tabellarii*). Кикерон имал свои доставувачи (*tabellarii domestici*), кои биле робови или ослободеници. Поради поголема безбедност овластените доставувачи на поважни писма патувале во пар, а постоела и пракса да се испраќаат два примерока од едно исто писмо преку различен пар доставувачи (Cic. *Att*. 6. 1. 9 = 115 SB). Динамиката со која се испраќани некои писма од Кикероновите збирки упатува на тоа дека во времето на доцната Република механизмите за доставување, барем оние што ѝ стоеле на располагање на римската аристократија, функционирале мошне добро.[13] Во времето на Август на воените патишта на мали растојанија биле поставени, прво луѓе, а потоа и коли, со цел што побрзо да се добиваат вестите и да се дознава што се случува во провинциите (Suet. *Aug*. 49.3). Овој чин се смета за почеток на т. н. *cursus publicus* или *cursus vehicularis*, јавен сервис за транспорт на стоки и писма. Наследниците на Август го задржале и во повеќе наврати го реформирале, но до крајот на царството користењето на неговите услуги останало привилегија само на официјалните лица. Можел да се користи само со сертификат издаден од императорот (*diploma*). Приватните лица и натаму ги користеле механизмите за доставување на писма востановени во периодот на Републиката.

[13] За начините на доставување на Кикероновите писма, види Nicholson, 1994.

## Античка епистоларна теорија

Античката епистоларна теорија може да се реконструира врз основа на директни сведоштва - прирачници за пишување писма или препораки за тоа како треба да се пишуваат писма во реторички и граматички прирачници, и индиректни сведоштва - различни *obiter dicta* за писмото како форма што се среќаваат во писма или во други списи. Иако повеќето директни сведоштва се од посткласичниот период, конзистентноста во следењето на епистоларните конвенции во зачуваните писма упатува на тоа дека писмото како форма било предмет на теориски согледби и претходно. Во периодот на доцната антика начелата на епистоларната теорија, според Постер (Poster, 2007: 22), биле изложувани во форма на куси белешки, прирачници или предавања кои учителот ги чувал од своите студентски денови. Зад овие белешки следел каталог на различни видови на писма, кои на учениците требало да им послужат како образец за тоа што треба да содржи или како треба да биде напишан определен вид на писмо.

Единствени целосно зачувани прирачници за пишување писма се списите *Видови писма* (*Τύποι ἐπιστολικοί*) и *За стилот на писмата* (*Περὶ ἐπιστολιμαίου χαρακτῆρος*). Директни сведоштва за епистоларната теорија се и екскурсот за писмата во списот *За стилот* (*Περὶ ἑρμηνείας*), кусиот трактат за епистоларната пракса на Филострат од Лемнос, едно писмо на Грегориј Назијанин (Св. Григориј Богослов) и апендиксот *За писмата* (*De epistulis*) во списот на Јулиј Виктор *Реторичка вештина* (*Ars rhetorica*). Апендиксот на Јулиј Виктор е единствениот трактат за писма напишан на латински јазик. За најстаро сведоштво за античката епистоларна теорија се смета екскурсот за писмата во

книжевно-теорискиот спис *За стилот* (Dem. 223-235).[14] Екскурсот следи по поглавјето за едноставниот книжевен стил. Примарниот модел на писмо врз кој авторот ги развива своите теориски согледби е т. н. *филофронетичко писмо* - писмо чија примарна цел е да ја одржи пријателската релација (*φιλοφρόνησις*) меѓу адресантот и адресатот.[15] Тоа што службеното писмо не е предмет на интерес, говори дека екскурсот бил наменет за припадниците на хеленистичката аристократија, кои приватните писма ги пишувале лично или диктирајќи му на писар (Poster, 2007: 24).[16] На почетокот на екскурсот авторот го критикува ставот на Артемон, издавачот на Аристотеловите писма,[17] кој сметал дека писмо треба да се пишува исто како што се пишува дијалог, зашто тоа, писмото, всушност, и е еден вид преполовен дијалог (*τὸ ἕτερον μέρος τοῦ διαλόγου*). Иако авторот признава дека постојат сличности меѓу писмото и дијалогот, тој ја релативизира тезата на Артемон, инсистирајќи на тоа дека писмото за разлика од дијалогот не подражава жива реч, туку се пишува и се испраќа како еден вид

---

[14] Во најстариот манускрипт (P = Parisinus Graecus 1741) како автор на списот се посочува Деметриј од Фалерон (350-280 год. пр. н.е.), но денес во науката постојат повеќе аргументи кои говорат во прилог на тезата дека овој познат перипатетичар и ретор не е автор на списот, туку дека негов автор е некој друг Деметриј или анонимен автор. Со оглед на тоа што и авторството на списот *Τύποι ἐπιστολικοί* / *Formae epistolicae* погрешно му се припишува на Деметриј од Фалерон, во теоријата постои конвенција авторот на *Περὶ ἑρμηνείας* да се означува со името Деметриј, а авторот на *Τύποι ἐπιστολικοί* со Псевдо-Деметриј. Освен авторството, проблематично е и датирањето. Предлозите за периодот во кој е напишан осцилираат во распон од четири века – од 3-ти век пр. н.е. до 1-ви н.е. (види Kennedy, 1989: 196; Innes, 1995: 313; Trapp, 2003: 317).

[15] Создавањето на во теоријата општоприфатениот термин *филофронетичко писмо* (philophronetic letter) му се припишува на Коскиеними (Poster, 2007: 24). Англиската варијанта е превод на оригиналниот термин *Freundschaftsbrief*, создаден во студијата на Коскениеми (Koskenniemi, H. (1956) *Studien zur Idee und Phraseologie des griechischen Briefes bis 400 n. Chr.*, Helsinki: Suomalainen Tiedakatemia).

[16] Пишувањето на службени писма било задача на личните секретари, кои биле вработени во куќите на аристократите и биле образувани за пишување на писма. За нивните потреби постоеле специјални прирачници, слични на *Видови писма* и *За стилот на писмото*.

[17] Веројатно станува збор за Артемон од Касандреја, граматичар од 2-риот век, пр. н.е., кој се споменува како издавач на Аристотеловите писма и во списите на доцноантичките коментатори на Аристотел Олимпиодор и Елиас (види Rist, 1964).

подарок (*δῶρον*). Честите прекинувања кои се својствени за дијалогот во писмо би довеле до нејасност. Кога писмото не би било напишано со пријателски тон, не би личело на писмо, туку на говор. Писмото, според авторот, е слично на дијалогот во однос на тоа што и тоа, исто како и дијалогот, треба да биде израз на карактерот, бидејќи секој кој пишува писмо создава слика (*εἰκόνα*) на сопствената душа (Dem. 226). Писмото не смее да биде многу долго и не смее да биде напишано со накитен јазичен израз, зашто тогаш повеќе ќе личи на прозен текст во кој е вметната уводна поздравна формула, отколку на писмо. Структурата на речениците треба да биде полабава и да не содржи периоди, а темите треба да соодветствуваат на стилот: логичките проблеми и природо-научните теми, според Деметриј, не се соодветни за писмо. Со оглед на тоа што писмото е израз на пријателска благонаклонетост, авторот треба да избира едноставни теми, кои ќе ги изложи во куса форма и со едноставни зборови. Единствената мудрост што му прилега на стилот на писмото и која придонесува за неговата убавина, според Деметриј, се поговорките. Изнесувањето на докази може да биде прикладно, но авторот треба да внимава што докажува и на кој начин го прави тоа. Повозвишениот стил им прилега само на писма до градови и кралеви, но дури и во вакви писма авторот не треба да применува стил што ќе биде возвишен до тој степен, што писмото повеќе ќе личи на расправа, отколку на писмо. Ексурсот завршува со препораката дека јазичниот израз на писмото треба да биде мешавина од два стила: истенчен (*τοῦ τε χαρίεντος*) и едноставен стил (*τοῦ ἰσχνοῦ*).

Иако не може точно да се датира, списот *Видови писма* на Псевдо-Деметриј (Malherbe, 1988: 30-41) се смета за најстар зачуван прирачник за пишување писма. Се претпоставува дека во периодот меѓу 2-риот век пр. н. е. и 3-тиот век н. е. доживеал повеќе изданија, а дека текстот што е зачуван денес е подоцнежна верзија на некој постар спис (Poster, 2007: 24). Авторството е исто така проблематично. На почетокот од списот авторот, обраќајќи му се на извесен Хераклеид, вели дека според

теоријата (*θεωρίαν*) што ги обработува типовите писма, писма можат да се пишуваат на многу начини, но дека од нив секогаш треба да се избира оној што е во склад со приликата. Следи критика на ниските стандарди во епистолографијата, по што накусо е изложен предметот на расправата: колку видови писма постојат и кои се тие. На крајот од уводниот дел авторот изразува увереност дека списот ќе му помогне на адресатот да ги усоврши неговите професионални вештини, што јасно упатува на тоа дека списот им бил наменет на луѓе што професионално се занимавале со пишување писма. Главниот дел од списот се состои од кусо објаснување на секој од видовите писма наведени во уводниот дел, зад кое следи пример, односно кус модел на писмо. Идентификувани се дваесет и еден вид (*τύπος*) на писма: *пријателско* (*φιλικός*), *писмо на препорака* (*συστατικός*), *прекорувачко* (*μεμπτικός*), *кудечко* (*ὀνειδιστικός*), *писмо на утеха* (*παραμυθητικός*), *писмо со приговор* (*ἐπιτιμητικός*), *опоменувачко* (*νουθετητικός*), *закaнувачко* (*ἀπειλητικός*), *осудувачко* (*ψεκτικός*), *пофално* (*ἐπαινετικός*), *молбено* (*ἀξιωματικός*), *писмо со прашање* (*ἐρωτηματικός*), *писмо со одговор* (*ἀποφαντικός*), *алегориско* (*ἀλληγορικός*), *судско* (*αἰτιολογικός*), *обвинувачко* (*κατηγορικός*), *советодавно* (*συμβουλευτικός*), *одбранбено* (*ἀπολογητικός*), *писмо со честитки* (*συγχαριστικός*), *иронично* (*εἰρωνικός*) и *писмо на благодарност* (*ἀπευχαριστικός*).

И списот *За стилот на писмото* на Псевдо-Либаниј (Malherbe, 1988: 66-81) исто како и *Видови писма*, е прирачник за пишување писма.[18] По кусиот увод, во кој е содржана дефиниција на писмото и се набројани видовите писма, следи преглед на некои значајни аспекти на епистоларниот стил, куса дефиниција на видовите писма и мошне кус модел на писмо зад секој од дефинираните видови. Писмото е дефинирано како разговор во пишан облик меѓу две физички одвоени лица кој исполнува

[18] Во некои ракописи како автор е посочен Либаниј, а во други Прокле (Klauck, 2006: 202, n. 19). Обично авторот се означува со името Псевдо-Либаниј. Освен авторството, неизвесно е и времето на настанување на списот. Се смета дека текстот на списот се развивал постепено, а дека верзијата што е зачувана настанала помеѓу 4-тиот и 5-тиот век н.е. (Klauck, 2006: 202).

некоја практично полезна цел (*ὁμιλία τις ἐπιγράμματος ἀπόντος πρὸς ἀπόντα γινομένη καὶ χρειώδη σκόπον ἐκπληροῦσα*). Епистоларниот стил, според авторот, треба да се одликува со јасност, умерена должина и архаична лексика. Дефинирани се четириесет и еден вид на писмо, од кои дванаесет се идентични со дванаесет од видовите писма дефинирани во прирачникот на Псевдо-Деметриј. Идентични се следните видови: *прекорувачко* (*μεμπτική*), *писмо со приговор* (*ἐπιτιμητική*), *писмо на препорака* (*συστατική*), *писмо со честитки* (*συγχαριστική*), *писмо на утеха* (*παραμυθητική*), *пријателско* (*φιλική*), *писмо со прашање* (*ἐρωτηματική*), *иронично* (*εἰρωνική*), *пофално* (*ἐπαινετική*), *кудечко* (*ὀνειδιστική*), *писмо на благодарност* (*εὐχαριστική*) и *заканувачко писмо* (*ἀπειλητική/ἀπειλητικός*). Останатите дваесет и девет видови се различни: *поттикнувачко* (*παραινετική*), *baрателно* (*παρακλητική*), *молбено* (*εὐκτική*), *одрекувачко* (*ἀπαρνητική*), *опоменувачко* (*παραγγελματική/διαμαρτυρική*), *покајувачко* (*μεταμελητική*), *сожалувачко* (*συμπαθητική*), *писмо со извинување* (*θεραπευτική/ἀπολογητική*), *омаловажувачко* (*παραλογιστική*), *обвинувачко* (*ἀντεγκληματική*), *писмо-одговор* (*ἀντεπισταλτική*), *писмо со израз на лутина* (*παροξυντική*), *ругачко* (*ὑβριστική*), *известувачко* (*ἀπαγγελτική*), *оплакувачко* (*σχετλιαστική*), *писмо со израз на почит* (*πρεσβευτική*), *подучувачко* (*διδασκαλική*), *разобличувачко* (*ἐλεγκτική*), *критичко* (*διαβλητική*), *охрабрувачко* (*παραθαρρυντική*), *советодавно* (*ἀναθετική*), *изјаснувачко* (*ἀποφαντική*), *подбивно* (*σκωπτική*), *успокојувачко* (*μετριαστική*), *ајнигматско* (*αἰνιγματική*), *потсетувачко* (*ὑπομνηστική*), *жаловно* (*λυπητική*), *љубовно* (*ἐρωτική*) и *мешано* (*μικτή*).

Дефинициите на типот на писмо и моделот на писмо што следи зад нив упатуваат на тоа дека некои од овие писма се совпаѓаат со некои од писмата означени со друг термин во класификацијата на Псевдо-Деметриј, а во еден случај и покрај употребата на идентичен термин и во двата списи, врз основа на дефиницијата и моделот на писмо, е јасно дека се работи за друг тип. Така, *ајнигматско писмо* веројатно е идентичен тип со писмото што Псевдо-Деметриј го означува со терминот

*ἀλληγορικός*. Писмото, пак, што е означено со терминот *ἀποφαντική*, според дефиницијата и моделот на писмо што следи зад неа, не кореспондира со видот на писмо означен со истиот термин во класификацијата на Псевдо-Деметриј. Овој тип на писмо Псевдо-Деметриј го дефинира како писмо што се избира кога му одговараме на некој што прашува, а Псевдо-Либаниј како писмо во кое изнесуваме став во однос на некое прашање (Klauck, 2006: 203 n. 20).

Филострат од Лемнос во кусиот трактат за епистоларната пракса (Malherbe, 1988: 42-3) ги набројува авторите кои, според него, се истакнале како најдобри епистолографи: философите Дион и Аполониј од Тијана, Брут или тој што му ги пишувал писмата, Марк Аврелиј и ораторот Херод Атички. Херод Атички е предмет и на критика, поради атицизмот и прекумерната брбливост. Според Филострат, стилот на писмото треба да биде поблизок до атицизмот отколку што е секојдневниот говор, но во исто време, треба да биде поблизок до секојдневниот говор отколку до атицизмот. Авторот треба да одбегнува книжевни алузии, умерено да користи периоди и да внимава писмото да не наликува на говор. Како особена доблест на епистоларниот стил Филострат ја истакнува јасноста (*σαφήνεια*). Писмото, пак, на Грегориј Назијанин, упатено до извесен Никобул (*ibid*. 58), започнува со осврт на едно општо место во епистоларната теорија - прашањето колкава треба да биде должината на писмата. Во однос на ова прашање, според авторот, не постојат строги правила, бидејќи должината на писмото треба да соодветствува на предметот. Писма треба да се пишуваат на разговорен јазик кој ќе биде подеднакво убедлив и за образовани и за необразовани читатели. Од писмото не треба целосно да отсуствуваат реторички фигури, но примената на некои од нив, како, на пример, антитеза, парисон и исоколон, треба да се одбегнува. Писмото завршува со пораката на авторот до Никобул дека тој ќе научи како да пишува писма ако вредно работи, ако поседува природна дарба и ако ги слуша вештите учители.

Апендиксот на Јулиј Виктор *За писмата* (Malherbe, 1988: 62-5) е од 4-ти век н. е.. Започнува со забелешката на авторот дека многу од правилата што важат за говорниот јазик се применливи и за писмата. Следи поделба на писмата на *деловни* (*negotiales*) и *приватни* (*familiares*), по што авторот се осврнува на одликите на секој од овие два вида. Предмет на деловните писма се деловни и сериозни теми. Одлики на овие писма треба да бидат сериозноста на содржините, јасноста на зборовите и реторичките фигури. Деловното писмо треба да се пишува како што се пишува говор, но авторот не треба да ги користи сите ресурси на говорништвото, бидејќи стилот на писмото треба да биде поблизок до разговорниот јазик. Деловните писма треба да бидат куси и да содржат кратки и неелиптични реченици. Одлика и на приватното и на деловното писмо треба да биде јасноста. Употребата на тајни кодови, според авторот, е дозволена само во писма што содржат чувствителни информации, но нивното декодирање не треба да му претставува проблем на адресатот. Кога нема потреба од тајност, нејасноста треба да се одбегнува уште повеќе отколку што треба да се одбегнува во говор или во дијалог, бидејќи, поради физичкото отсуство на другиот, не постои можност да се побара објаснување. Од истата причина, треба да се одбегнуваат и помалку познати приказни од историјата и поговорки, непознати зборови и премногу педантни фигури на говорот. Натаму, Јулиј Виктор говори за важноста на општествениот статус и на типот на релација меѓу кореспондентите. Ако писмото е упатено до човек што е на повисока позиција од таа на авторот, не треба да биде шеговито; ако се разменува меѓу кореспонденти со ист општествен статус, не треба да биде напишано со нељубезен тон, ако е упатено до човек со понизок општествен статус, не треба да биде надмено. Ако е упатено до учен човек, треба да биде напишано со големо внимание, но не треба да биде напишано невнимателно и кога е упатено до неук човек. И кога му е упатено на близок пријател не треба да биде напишано набрзина. Писмото треба да биде напишано со

пријателски тон, дури и кога му е упатено на човек што не му е толку близок на авторот. Следат куси препораки за тоа како треба да се пишуваат писма во неколку специфични ситуации: кога некому му честита, авторот треба да биде срдечен, за да ја зголеми радоста на адресатот; кога некого го теши, зборовите на утеха треба да бидат малубројни, за да не ја зголемат тагата на адресатот; кога авторот се шегува со некого треба да има предвид дека околностите во кои адресатот ќе го чита писмото може да бидат неприкладни за шеги; кога се препорачува некој, писмото треба да биде искрено или не треба воопшто да се пишува. Навредливи зборови човек не треба да употребува никогаш, а најмалку во писмо. Поздравните и завршните зборови треба да бидат во сообразност со степенот на пријателство и со општествениот статус на кореспондентите, но и да бидат усогласени со етаблираните епистоларни конвенции. Кога пишува писмо со одговор, авторот секогаш треба да го има пред себе писмото на кое одговора, за да не заборави да одговори на некое прашање. Следи препораката дека е добро во писмо да се вметнат една или две реченици на грчки, но тоа не треба да се прави често и при тоа треба да се внимава на кое место тие ќе се вметнат. Добро познатите поговорки и стихови, според Виктор, му прилегаат на епистоларниот стил. Во приватните писма авторот може да му се обрати на адресатот како да е физички присутен, како што тоа често го прави Кикерон во писмата, но ваквото симулирање на дијалог *in praesentia* не им прилега на деловните писма. Апендиксот завршува со препораката на авторот дека добриот стил треба да се негува не само во писмо, туку во сѐ што се пишува.[19]

Индиректни сведоштва за античката епистоларна теорија се не толку бројните *obiter dicta* за стилот на писмата и за видовите писма во списите на античките автори. Најмногу вакви сведоштва има во писмата на Кикерон, што е јасен показател за тоа дека во негово време веќе се размислувало за епистоларниот *decorum*. Дали овие размислувања биле дел од некаква

[19] Види Trapp, 2003: 184-9, Poster, 2007: 34-6.

систематизирана теорија е неизвесно. На најопштата поделба на писмата на *јавни* (*litterae publicae*) и на *приватни* (*litterae privatae*), Кикерон упатува во говорот *Pro Flacco* (Cic. *Flac.* 37). Во едно писмо, пак, до Курион (*Fam.* 2. 4. 1 = 48 SB) од многуте видови писма за кои вели дека постојат, споменува три:

(2) *Epistularum genera multa esse non ignoras sed unum illud certissimum, cuius causa inventa res ipsa est, ut certiores faceremus absentis si quid esset quod eos scire aut nostra aut ipsorum interesset. huius generis litteras a me profecto non exspectas. tuarum enim rerum domesticos habes et scriptores et nuntios, in meis autem rebus nihil est sane novi. reliqua sunt epistularum genera duo, quae me magno opere delectant, unum familiare et iocosum, alterum severum et grave. utro me minus deceat uti non intellego. iocerne tecum per litteras? civem mehercule non puto esse, qui temporibus his ridere possit. an gravius aliquid scribam?* (*Fam.* 2. 4. 1 = 48 SB)[20]

Од фрагментот е извесно дека современиците на Кикерон знаеле за повеќе видови писма. Најфреквентни очигледно биле писмата што имале функција да го известат отсутниот друг за нешто што е важно за авторот или за адресатот. Оваа функција Кикерон ја посочува како *spritus movens* за настанокот на праксата на пишување. Прашањето дали постоел некој технички термин со кој се означувале писмата што имале ваква функција е отворено. Термините со кои ги означува другите два овде споменати видови писма, *familiare et iocosum* [*sc. genus*]) – писмо чија функција била да го насмее адресатот, и *severum et grave* – писмо во кое се расправа за сериозни, главно, политички теми, личат на термините со кои се означени видовите писма во класификациите на Псевдо-Деметриј и Псевдо-Либаниј. Во писмата се споменуваат и други видови писма. Така, во едно

[20] „Добро знаеш дека постојат многу видови писма, но дека најчест е оној, поради кој и самата работа е измислена, тој кој има за цел да ги извести оние што не се тука за нешто што сакаат да го дознаат, а е важно за нас или за нив. Од мене сигурно не очекуваш ваков вид на писма. За твоите приватни работи, нели, си имаш и кореспонденти и гласници, а кај мене нема ништо ново. Остануваат уште два вида писма, кои мене ми се особено драги, пријателското и шеговито и сериозното и угладено писмо. Не знам кој од овие два вида помалку прилега да го применам. Да ти кажам нешто низ шега во писмо? Жими Херкула не мислам дека постои човек што во овие времиња може да се смее. Или да ти напишам нешто посериозно?“

писмо (*Fam.* 5. 5. 1 = 5 SB) Кикерон му пишува на Антониј дека ја прекршува сопствената одлука да му пишува само писма на препорака (*commendaticias*). Се чини дека стабилен тип на писма биле и т. н. *consolationes* - писма на утеха (*ibid.* 4. 13.1 = SB 201) и *gratulationes* - писма честитки (*Fam.* 2. 7. 1 = 107 SB). Прашањето дали начелата според кои треба да се пишуваат овие писма биле дел од некоја конзистентна теорија е отворено.

На постоењето на определени препораки за тоа како треба да се пишуваат писма повеќе упатуваат зачуваните писма, отколку теоријата што директно или индиректно третира определени аспекти на писмото како жанр. Имено, во писмата што им припаѓаат на грчката и на римската епистолографија евидентно е придржувањето на авторите до определени конвенции. Така, во структурата на античкото писмо можат да се препознаат три стандардни компоненти: *уводен*, *главен* и *завршен дел*. Во секоја од овие компоненти можат да се нотираат некои типични елементи. Уводниот дел има трипартитен формат: *superscriptio* (името на адресантот во номинатив), *adscriptio* (името на адресатот во датив) и *salutatio* (во грчките писма *χαίρειν*, *εὐψυχεῖν etc.*, а во латинските *salutem dicit.*) По уводната формула, во некои писма се среќава т. н. *formula valetudinis* (*Si vales, bene est, ego valeo* (*S. V. B. E. E. V.*), *εἰ ἔρρωσαι εὖ ἄν ἔχοι· ἔρρωμαι δὲ καὶ ἐγώ* и сл. (Klauck, 2006: 21, n. 11).[21] Во главниот дел е содржано она поради кое писмото е напишано: известување, барање, молба, препорака *etc.* Во завршниот дел се среќаваат завршни поздравни формули, императивите *ἔρρωσο* или *vale.* Придржувањето до овие конвенции е показател за тоа дека и во класичниот период постоеле некакви препораки за тоа како треба да се пишуваат писма. Неизвесно е на кој начин овие препораки биле пренесувани.

---

[21] Древноста на латинската формула за добро здравје е потврдена кај Сенека, кој му пишува на Лукиј дека праксата писмото да почне со оваа формула е стар обичај, кој се задржал во негово време: Mos antiquis fuit, usque ad meam servatus aetatem, primis epistulae verbis adicere 'si vales bene est, ego valeo'. (Sen. *Ep.* 15. 1) *„Кај старите постоел обичај, кој се зачувал сè до мое време, во писмата да се придржуваат до зборовите „Ако си добро, добро е, и јас сум добро“.“*

# ЈАЗИЧЕН КОРПУС

Епистоларниот опус на Марк Тулиј Кикерон се состои од деветстотини и четиринаесет писма, класифицирани од нивниот непознат издавач според адресатите на кои им се упатени во четири збирки: *Писма до Атик* (Ad Atticum), *Писма до блиските* (Ad familiares), *Писма до братот Квинт* (Ad Quintum fratrem) и *Писма до Брут* (Ad Brutum).

## Формални одлики на Кикероновите збирки

Збирката *Ad Atticum* се состои од 457 писма подредени според хронолошки редослед во шеснаесет книги. Кикерон е автор на 437 писма. Од нив 426 писма се упатени до неговиот долгогодишен пријател Тит Помпониј Атик, а 11 до други адресати: Лукиј Плотиј Планк, Помпеј, Гај Атеј Капитон, Гај Јулиј Каесар, Марк Антониј, Корнелиј Долабела и Гај Купиениј. Автор на останатите 20 писма не е Кикерон. [22] Овие писма се нашле во збирката поради праксата на Кикерон да му препраќа на Атик писма што ги упатил до друг, што ги добил од друг или што на некој друг начин дошле до него.[23] Во три писма до Атик се инкорпорирани (делови од) писма од други автори: од непознат автор до Кикерон (*Att*. 9. 6. 3 = 172 SB), од Каесар до Квинт Педиј (*ibid*. 9. 14. 1 = 182 SB), од Матиј и Требатиј до Кикерон (*ibid*. 9. 15а = 184 SB) и од Каесар до Кикерон (*ibid*. 9. 16 = 185 SB). Збирката не содржи писма на Атик до Кикерон, а две писма освен во оваа збирка се содржани и во

---

[22] Кикерон е адресат во 12 од овие писма: во 4 писма од Лукиј Корнелиј Балб, во 2 од Помпеј, Каесар и Антониј и во 1 писмо од Лукиј Корнелиј Балб и Гај Опиј и од Марк Каелиј Руф. Не е ниту адресант, ниту адресат во 5 писма на Помпеј - 2 до конзулите и 3 до Лукиј Домитиј и во 3 писма на Каесар - 2 до Опиј и Балб и едно до Педиј Квинт.

[23] За установеноста на праксата на препраќање на примероци од свои или од туѓи писма, види, на пример, *Att*. 7. 23. 3 = 147 SB, 8. 6. 1 = 154 SB, 8. 15. 3 = 165 SB, 9. 14. 1 = 182 SB, 10. 3*а*. 2 = 194 SB, 10. 4 = 195 SB.

збирката *Ad familiares*: едно писмо на Руф до Кикерон (*Att*. 10. 9A = 200A SB = *Fam*. 8. 16 = 153 SB) и едно писмо на Кикерон до Долабела (*Att*. 14. 17a = 371A SB = *Fam*. 9. 14 = 326 SB).

Писмата се датираат во периодот од 68 до 44 год. пр. н. е.. Само 11 писма се од периодот пред 61 година, а од нив ниедно не е од периодот помеѓу 64 и 62 година. Хронолошкиот редослед според кој античкиот издавач имал намера да ги подреди писмата, главно, се смета за коректен. Проблематичен е само редоследот на првите 11 писма од првата книга (Stewart, 1962; SB, *A. I*: 69-72). Во досега најрелевантното издание, изданието на Шеклтон-Бејли, покрај редоследот на овие писма, променет е и редоследот на некои писма во четвртата, единаесеттата, дванаесеттата и тринаесеттата книга.[24]

Во збирката *Ad familiares* се поместени 435 писма, кои во ракописите се распоредени во 16 книги. Кикерон е автор на 358 писма до стотина различни адресати.[25] Писмата се подредени, главно, според адресатите на кои им се упатени, но евидентна е и намерата на составувачот на збирката писмата до ист адресат или писмата од ист период да ги подреди хронолошки или во одредени случаи, како што ќе видиме понатаму, според типот на писмо. Првата книга содржи писма до Публиј Корнелиј Лентул Спинтер, кој во времето кога е напишано писмото бил проконзул во Киликија (56-54 год. пр. н.е.) и едно писмо до правникот Лукиј Валериј, пријател на Кикерон, кој, исто како и Лентул, во периодот во кој се датира писмото (54 год. пр. н.е.) престојувал во провинцијата Киликија. Сите писма од втората книга се датираат во 50 год. пр. н.е.. Упатени се до Гај Скрибониј

---

[24] Во изданието на Шеклтон-Бејли писмата се означени со двојна нумерација: арапскиот број го означува редниот број на писмото во тоа издание, а римскиот и арапскиот број во заградата упатуваат на ознаката што писмата ја имаат во editio princeps. На пример, 1 (I. 5).

[25] Автори на останатите писма од збирката *Ad familiares* се: Каекилиј Метел Келер, Каекилиј Метел Непос, Мунатиј Планк, Марк Каелиј Руф, Сервиј Сулпикиј Руф, Корнелиј Долабела, Поркиј Катон, Марк Тулиј Кикерон (синот), Квинт Тулиј Кикерон, Квинт Тулиј Кикерон (синот на претходниот), Аемилиј Лепид, Каекина, Гај Касиј Лонгин, Марк Клавдиј Маркел, Корнелиј Лентул Спинтхер, Куриј, Марк Јуниј Брут, Деким Јуниј Брут, Лукеј, Помпеј Битиник, Гај Требониј и Ватиниј.

Курион, Марк Каелиј Руф, Гнај Салустиј, Квинт Минукиј Терм и Гај Коелиј Калд. Третата книга содржи писма до Апиј Клавдиј Пулкхер, кој во времето кога се датираат писмата (53/52-50 год. пр. н.е.) бил проконзул во Киликија и претходник на Кикерон на истата служба. Во четвртата книга се содржани, главно, преписките на Кикерон со римскиот оратор и правник Сервиј Сулпикиј Руф и со Марк Клавдиј Маркел, конзул во 51 год. пр. н.е.. Истата книга содржи и три писма до Публиј Нигидиј Фигул и две писма до Гнај Планкиј, приврзаници на Помпеј и пријатели на Кикерон. Адресатите на Кикерон во петтата книга се: Квинт Метел Келер, Квинт Метел Непот, Гај Антониј, Публиј Сестиј, Гнај Помпеј, Ликиниј Крас, Публиј Ватиниј, Лукеј, Титиј, Ситиј, Тит Фадиј и Мескиниј Руф. Книгата содржи и писма на Квинт Метел Келер, Квинт Метел Непот и Ватиниј до Кикерон. Писмата од оваа книга се од различни периоди и покриваат различни теми, така што не е јасно според кој принцип се подредени. Повеќето писма од шестата книга се упатени до некогашни приврзаници на Помпеј, кои во времето во кое се датираат писмата (46-45 год. пр. н.е.), очекувале помилување од Каесар: Манлиј Торкват, Каекина, Фурфаниј Постум, Требијан, Ампиј Балб, Квинт Лигариј, Гај Тораниј и Домитиј Ахенобарб. Книгата содржи и пет писма до Басил, Помпеј Битиник и Квинт Пакониј Лепта. Адресатите во писмата поместени во седмата книга се, главно, блиски пријатели на Кикерон: Мариј, Требатиј Теста, Фабиј Гал, Марк Куриј и Волумниј Евтрапел. Книгата содржи и едно писмо на препорака до Каесар и едно до Тит Фадиј. Сите писма од осмата книга се писма на Каелиј Руф до Кикерон. Во деветатта книга се поместени писма на Кикерон до Марк Терентиј Варон, Корнелиј Долабела и Папириј Пает. Следните три книги, десетта, единаесетта и дванаесетта, содржат писма од периодот меѓу 44 и 43 год. пр. н.е.. Упатени се до различни адресати, главно, воени заповедници во провинциите: Мунатиј Планк, Гај Фурниј, Марк Аемилиј Лепид, Гај Требониј, Апиј Клавдиј, Деким Брут, Матиј и Опиј, Гај Касиј Лонгин и Корнификиј Квинт. Писмата во тринаесеттата книга не се

распоредени ниту според адресатите, ниту според периодот во кој се напишани, туку според типот на писмо. Сите претставуваат писма на препорака (*litterae commendaticiae*), а упатени се до различни адресати: Гај Мемиј, Валериј Орка, Гај Клувиј, Марк Рутилиј, Фуриј Красипед, Марк Јуниј Брут, Каесар, Сулпикиј Руф, Мунатиј Планк, Канин, Квинт Анхариј, Лукиј Корнелиј Кулеол, Квинт Гал, Апулеј, Силиј, Гај Секстилиј Руф, Куриј, Публиј Каесиј и други. Едно од овие писма е упатено до кватуорвирите и декурионите, веројатно, на муникипиумот Фабратерија Ветус. Писмата во четиринаесеттата книга се упатени до сопругата Терентија, а адресати на некои од нив, освен Терентија, се синот Марк и ќерката Тулија. Петнаесеттата книга содржи писма на Кикерон до магистратите, Сенатот и римскиот народ, до Марк Поркиј Катон, Гај Клавдиј Маркел, Марк Клавдиј Маркел, Лукиј Аемилиј Паул, Гај Касиј Лонгин и Требониј. Сите писма, со исклучок на едно, од последната, шеснаесеттата книга, се упатени до личниот секретар на Кикерон - Тирон. Автор на повеќето од нив е Кикерон. Автори на пет писма од оваа книга се Квинт, братот на Кикерон, и Марк, неговиот син. Само во едно писмо адресатот не е Тирон, туку Кикерон. Во изданието на Шеклтон-Бејли писмата се подредени според хронолошки редослед. Се датираат во периодот од јануари 62 до јуни 43 год. пр. н.е., значи, во период од дваесетина години. Некои писма, особено, писмата на препорака, не можат да се датираат.

Збирката *Ad Quintum fratrem* се состои од 28 писма, распоредени во три книги. Автор на сите писма е Кикерон и сите, како што сугерира насловот на збирката, се упатени до братот на Кикерон - Квинт Тулиј Кикерон. Се датираат во периодот од 60/59 до 54 год. пр. н.е. и се подредени според хронолошки редослед. Првото писмо, напишано во периодот кога Квинт бил проконзул во Азија, не е вистинско писмо, туку трактат во кој Кикерон го советува братот како да управува со провинцијата. Било напишано, веројатно, со намера да биде

објавено. Останатите писма се приватни, и во однос на јазикот и стилот се споредливи со писмата до Атик.

Во збирката *Ad Brutum* е поместена преписката на Кикерон со Марк Јуниј Брут. Збирката содржи 26 писма, од кои Кикерон е автор на 17. Едно писмо на Брут не е упатено до Кикерон, туку до Атик. Писмата се напишани во текот на пролетта и летото 43 год. пр. н.е., за време на престојот на Брут во Македонија. Автентичноста на писмата од оваа збирка долго време била предмет на дебата, но денес во теоријата постои консензус дека е автентична (SB, *Q. B*: 10-14).

## Традиција на текстот на писмата

Прашањето како се зачувале писмата на Кикерон е мошне комплексно. Од едно писмо до Атик од 46 год. пр. н.е. (*Att*. 16. 5. 5 = 410 SB) извесно е дека Тирон поседувал седумдесет писма, кои Кикерон имал намера да ги објави во збирка (*συναγωγή*), откако ќе земе некои писма и од Атик и откако ќе ги прегледа и ќе ги коригира.[26] Дека Кикерон разговарал со Тирон за оваа негова намера најмалку една година претходно, сведочи едно писмо до Тирон (*Fam*. 16. 17. 1 = 186 SB).[27] Оваа збирка, веројатно, требало да биде сведоштво за книжевната дарба на Кикерон и за неговата улога во некои клучни моменти од римската историја. Сепак, до нејзино објавување никогаш не дошло. Бројот на писма што Кикерон го посочува во споменатото писмо до Атик и фактот што во четирите збирки, такви какви што се зачувани денес, се нашле многу повеќе писма, а меѓу нив и писма со исклучително приватен карактер, е јасен показател за тоа дека

[26] Во *Att*. 16. 5. 5 = 410 SB Кикерон му пишува на Атик: *mearum epistularum nulla est συναγωγή; sed habet Tiro instar septuaginta, et quidem sunt a te quaedam sumendae. eas ego oportet perspiciam, corrigam; tum denique edentur*. „Немам објавено *збирка* со мои писма. Тирон има околу седумдесеттина, а некои треба да земам и од тебе. Нив треба да ги прегледам и да ги поправам. Тогаш дури ќе бидат објавени."

[27] *Video, quid agas: tuas quoque epistulas vis referri in volumina*. (*Fam*. 16. 17. 1 = 186 SB) „Гледам што правиш – сакаш и твоите писма да ги вклучиш во свитоците."

ниту една од денес зачуваните збирки не е онаа *συναγωγή* што Кикерон имал намера да ја објави.[28]

Референците на писмата во списите на некои антички автори сведочат дека писмата му биле достапни на поширок читателски круг уште во антиката. Прашањата кој бил нивниот издавач, кога точно биле објавени и под кои околности се случило тоа, во науката сè уште се отворени. Со оглед на тоа што постојат индиции дека процесот на дисеминација на писмата до Атик се одвивал независно од процесот на дисеминација на писмата од останатите три збирки, овде првин накусо ќе се осврнеме на сознанијата со кои располага науката во однос на прашањето како се зачувале писмата од оваа збирка.

Познато е дека Атик во неговата лична архива ги чувал писмата што ги добивал од Кикерон (Büchner, 1939, 1211. 38), но нема потврда за тоа дека објавувањето на писмата е негова заслуга. Шеклтон-Бејли (SB, *A. I.*: 60) упатува на еден фрагмент од биографијата на Атик на Непот (Nep. *Att*. 16. 2-4), инаку, современик и пријател на Атик и Кикерон, од кој е јасно дека во времето кога Непот ја пишувал биографијата на Атик, 35 или 34 год. пр. н.е., збирката сè уште не била објавена. Во овој фрагмент Непот пишува дека видел единаесет свитоци (*undecim volumina*) со писма на Кикерон до Атик од периодот на конзулатот на Кикерон до неговата смрт и дека во нив Кикерон ја изразувал љубовта кон Атик повеќе отколку што го правел тоа во неговите објавени книги.[29] Според Шеклтон-Бејли (SB, *A. I.:* 69-72), Непот, веројатно, добил дозвола од Атик да ги користи писмата од неговата лична архива како материјал за биографиите на Атик и

---

[28] Сугестијата на Гарлит (Büchner, 1939: 1217. 49) дека писмата што Тирон ги собирал се можеби 78-те писма на препорака од *Ad familiares* Шеклтон-Бејли ја смета за прифатлива (SB, *A.I.*: 59).

[29] *Quamquam eum praecipue dilexit Cicero ut ne frater quidem ei Quintus carior fuerit aut familiarior. Ei rei sunt indicio praeter eos libros in quibus de eo facit mentionem qui in vulgus sunt editi undecim volumina epistularum ab consulatu eius usque ad extremum tempus ad Atticum missarum;* (Nep. *Att*. 16. 2-4) „Иако Кикерон него (*sc*. Атик) го сакал многу, така што дури ни братот Квинт не му бил помил или поблизок. Потврда за ова, освен книгите во кои го споменува и кои се објавени, се и единаесетте свитоци со писма испратени до Атик од периодот на конзулатот па сè до смртта.“

на Кикерон[30], што ги пишувал во тоа време. Со оглед на тоа што бројот на свитоци што Непот го споменува не му соодветствува на бројот на зачувани книги, а и периодот во кој Непот ги датира писмата не соодветствува во целост со периодот во кој тие денес се датираат, Шеклтон-Бејли претпоставува дека писмата што сметал дека не се интересни за поширок круг читатели, Атик не ги чувал на исто место со оние до кои имале пристап неговите пријатели, меѓу кои бил и Непот. По смртта на Атик овие писма биле пронајдени и споени со збирката од единаесет свитоци што ја споменува Непот, без при тоа да се води грижа за хронолошкиот редослед. Како аргумент за оваа теза Шеклтон-Бејли го наведува податокот дека во ракописите е најпроблематичен редоследот токму на писмата за кои се чини дека Атик би имал најсилен мотив да ги исклучи од збирката што им ја покажувал на пријателите. По смртта на Атик можно е писмата од неговата лична архива прво да ги наследила единствената ќерка на Атик, Каекилија Атика, сопругата на Агрипа, а потоа неговата внука, Випсанија Агрипина, првата жена на идниот император Тибериј. Доколку било така, писмата завршиле во царските архиви преку Друс Каесар, единствениот син на Тибериј и Випсанија или преминале во наследство на фамилијата на вториот сопруг на Випсанија, Асиниј Гал. Врз основа на референците на писмата кај подоцнежните автори и најмногу врз основа на фактот што римскиот граматичар Асониј не ги споменува во коментарите на *Pro Scauro, Pro Milone* и *In Catilinam,* напишани околу 55 год. н. е., Шеклтон-Бејли смета дека тие не ѝ биле достапни на пошироката јавност пред владеењето на Нерон, односно, околу 63 год. н. е.

Тезата дека Тирон, личниот секретар на Кикерон, ги зачувал и подоцна ги публикувал писмата кои ги сочинуваат останатите три збирки, во теоријата се смета за мошне веројатна (SB, *F. I.*: 24; Nicholson, 1998: 73-4). Веќе споменавме дека Тирон чувал околу седумдесет писма, кои Кикерон имал намера да ги објави во

[30] Биографијата на Кикерон што ја пишувал Непот не е зачувана. Се споменува во *Атички ноќи* на Гелиј (*Gel*. 15. 28. 1).

збирка. Нихолсон смета дека по смртта на Кикерон, Тирон со помош на Атик и на синот на Кикерон, Марк, кој бил легален наследник на сè што поседувал Кикерон, се зафатил со средување на мноштвото писма и објавил збирка, која била многу пообемна од онаа што ја планирал Кикерон (Nicholson, 1998: 74-5). Како аргумент за оваа теза Нихолсон го посочува тоа што во збирката *Ad familiares* се нашле и писмата на Кикерон до Тирон, кои, според Нихолсон, секој друг издавач, поради нискиот сталеж на Тирон, не би ги публикувал. Според Шеклтон-Бејли, можно е Тирон да не ги објавил сите писма од збирките *Ad familiares*, *Ad Qunitum fratrem* и *Ad Brutum*, туку, во збирките што тој првично ги подготвил, голем број писма да биле вметнати подоцна, откако биле најдени во личните архиви на адресатите на Кикерон (SB, *F. I.*: 24).

Според тоа како се цитирани во подоцнежните списи јасно е дека писмата што циркулирале во антиката биле подредени во книги насловени според адресатите на кои им се упатени.[31] Збирка со наслов *Ad familiares* во антиката не постоела. Најстариот ракопис на *Ad familiares*, Codex Mediceus 49.9. (M), е единствениот што ги содржи сите писма. Во останатите ракописи се содржани или само првите осум книги или само вторите осум. Во некои манускрипти збирката нема име и книгите не се нумерирани, туку секоја книга е насловена според името на првиот адресат во неа. На пример, првата книга носи наслов *Cicero ad Lentulum* „Кикерон до Лентул", втората – *Cicero and Curionem* „Кикерон до Курион" *etc*. Насловот *Epistulae ad familiares* првпат се среќава во изданието на збирката на Стефанус од 16-ти век. Во изданијата што му претходат на ова издание и во подоцнежните ракописи таа носи наслов *Epistulae Familiares* „Приватни писма" или *Epistulae ad Diversos* „Писма до различни адресати" (SB, *F. I.*: 23). Нихолсон упатува на тоа дека во списите на доцно-античките граматичари, како Нониј

[31] На пример, Гелиј пишува: *Ita enim scriptum est in libro epistularum M. Ciceronis ad L. Plancum*... „Така пишува во книгата со писма на Марк Кикерон до Лукиј Планк..." (Gel. 1.22.19);

Маркел, Прискијан, Амијан Маркелин, Лактантиј и други, цитатите од изгубени книги со писма се многу побројни од цитатите од писмата што се зачувани (Nicholson, 1998: 76-80). Според една претпоставка,[32] базирана врз бројот на книга што стои покрај овие цитати, изгубени се околу четириесет книги со писма до различни адресати. Ако оваа претпоставка е точна, тогаш Кикероновата преписка што циркулирала во антиката бил двојно поголема од денешната. Содржела книги со писма до, меѓу другите, Каесар, Помпеј, Катон, Октавијан, Хиртиј и Панса, Касиј, Калв и Непот. Нејасно е како се случило да се изгубат овие писма, а да се зачуваат приватни писма и писма упатени до личности што имаат далеку помало или, дури во некои случаи, немаат и никакво историско значење. Во однос на ова прашање, веројатна се чини тезата на Нихолсон дека процесот на дисеминација на писмата никогаш не бил планиран и дека, всушност, никогаш и не дошло до нивна монолитна публикација. Писмата што се зачувани, според Нихолсон, се зачувале поради чиста случајност. Со оглед на отсуството на механизми за брза репродукција на списи големи по обем, тие, според Нихолсон, никогаш не се репродуцирале *in extenso*, како останатите списи на Кикерон. Нивниот антички издавач, свесен за нивната историска вредност, веројатно, ги подредил според адресатите на кои им биле упатени или според типот на писма, како во случајот со тринаесеттата книга од збирката *Ad familiares*, и на тој начин овозможил да бидат читани или препишувани од оние што биле заинтересирани за нив: историографи, собирачи на граматички или реторички куриозитети и слично. Процесот на нивна дисеминација, веројатно, бил постепен и неговата динамика била условена од интересот за Кикерон и за периодот на доцната Република, што го наметнувале политичките прилики или духот на времето (Nicholson, 1989).

[32] Нихолсон ја прененесува претпоставката на Гарлит изнесена во Gurlitt L., *Nonius Marcellus und die Briefe Ciceros*, Progr. Stegiltz, 1888 (Nicholson, 1998: 76).

Во средниот век интересот за писмата целосно исчезнал. Повторно се разбудил во периодот на Ренесансата, кога во 1345 година италијанскиот поет и хуманист Франческо Петрарка во библиотеката на катедралата во Верона нашол манускрипт, кој освен писмата до Атик, ги содржел и писмата до Квинт, десетина писма до Брут и писмото до Октавијан, кое не се смета за автентично. Овој манускрипт е изгубен, а писмата се зачувани благодарение на Колучо Салутати, кој наложил да се направи копија на овој и на уште еден манускрипт, пронајден во Верчели во 1392 година. Салутати сметал дека ракописот од Верчели е идентичен со оној од Верона, но се покажало дека ги содржи писмата што денес ја сочинуваат збирката *Ad familares* (SB. *A. I.*: 77-101; SB, *F. I*: 3-20). По објавувањето на првите печатени изданија (*Editio Iensoniana princeps* и *Editio Romana princeps*) во 1470 година, изданијата на писмата почнале брзо да се умножуваат и голем број еминентни истражувачи почнале да се занимаваат со нивно коригирање, коментирање и толкување. За најугледни денес се сметаат критичките изданија на писмата на Шеклтон Бејли, првично објавени во издание на Cambridge University Press (SB, *A. I.-VI*; F. *I-II*; *Q. B*).

# АНАЛИЗА НА МЕТАСТРУКТУРАТА

Појдовна точка во моделот за анализа на метаструктурата на епистоларниот дискурс [33] на Поповиќ е концептот дека допишувањето претставува еден вид игра. Дефиницијата и перцепцијата на поимот *игра* Поповиќ ги презема од теоретичарот на културата Јохан Хојзинга, кој во списот *Homo ludens* играта ја разгледува како клучен феномен во културата. Поаѓајќи од дефиницијата на Хојзинга според која играта е "доброволна активност или окупација што се остварува во определени фиксни временски и просторни граници, според слободно прифатени, но апсолутно обврзувачки правила" (Huizinga, 1980: 28), Поповиќ допишувањето го објаснува како установен облик на социјална игра, во која како и во секоја игра, постојат определени правила (Поповић, 2000: 13). Некои од овие правила се неопходен услов за допишувањето да започне, а некои се неопходни за негова успешна реализација. Правилата од првиот тип Поповиќ ги нарекува *конститутивни правила на епистоларната интеракција*, а правилата од вториот тип – *регулативни правила на епистоларната интеракција* (*ibid*. 20). Конститутивните и регулативните правила се универзални за

[33] Терминот *дискурс* (англ. *discourse*, франц. *discours*) во ова истражување се однесува на комплексното единство на јазична форма, значење и дејствување присутно во збир на текстови со идентична функција, кои настанале во процес на интеракција и кои можат да се согледаат единствено во контекст на прагматичкиот концепт за јазикот како облик на дејствување (за другите значења на терминот, види, на пример, Mills, 1997: 1-25). Терминот *епистоларен дискурс*, следствено на тоа, упатува на сложеното единство на јазична форма, значење и дејствување, репрезентирано во сите текстови кои од аспект на функцијата претставуваат писма.

секоја епистоларна интеракција, од почетоците на епистоларноста па сѐ до денес.[34]

Конститутивни правила на епистоларната интеракција, според Поповиќ, се сите екстра-лингвистички фактори кои претставуваат неопходен услов за конституирање на епистоларната интеракција. Без нив епистоларната интеракција не може да започне. Во групата на вакви правила влегуваат: *неконтактноста, пишаниот облик на пренесување на пораката* и *предизвикувањето определени реакции* (*ibid*.). Регулативните правила на епистоларната интеракција, пак, се сите екстра-лингвистички фактори кои ја регулираат интеракцијата и се задолжителни за нејзиното успешно реализирање: *социјалноста, наизменичното разменување писма, поттикнувањето на адресатот на интеракција, постоењето на заеднички за двајцата кореспонденти коефициенти на знаење и искуства* и *моделирањето на стварноста*. (*ibid*, 20-76). Овие правила се задолжителни, бидејќи се конвенционализирале во рамки на традицијата на епистоларноста. Непридржувањето до некое од нив може да го наруши текот на играта и да доведе до нејзино прекинување.

Влијанието на *конститутивните* и на *регулативните правила на епистоларната интеракција* може да се мапира и во Кикероновиот епистоларен дискурс. Со оглед на тоа што влијанието на овие правила е значајно за неговата понатамошна дескрипција, во следните поглавја ќе укажеме одделно на вон-јазичните фактори што довеле до неговото конституирање и на

[34] Поаѓајќи од концептот дека допишувањето е игра, Поповиќ разликата меѓу конститутивните и регулативните правила ја објаснува споредувајќи го допишувањето со шаховска игра. Конститутивни правила во шахот се, на пример, постоење на двајца играчи, шаховска табла и црни и бели фигури кои се распоредуваат на точно определен начин и кои можат да се движат по таблата според утврдени правила. Правилото дека белите фигури ја започнуваат играта е пример за конститутивно правило. Правилата, пак, кои антиципираат потенцијални ситуации и го регулираат исходот на играта во тој тип на ситуации се регулативни правила. Такво правило е, на пример, правилото дека ако пионот стигне до последното поле на шаховската табла, може да се замени со која било фигура. Регулативните правила се задолжителни, но во играта не мора да дојде до ситуација во која ќе треба да се примени некое од овие правила (Поповић, 2000: 20).

манифестациите на вон-јазичните фактори што влијаеле врз неговата регулација. Факторите што Поповиќ ги означува со терминот *конститутивни правила* овде ќе ги означиме со терминот *конститутивни детерминанти*, а факторите кои во нејзиниот модел се означени со терминот *регулативни правила* овде ќе бидат означени со терминот регулативни детерминанти.[35]

## Конститутивни детерминанти

К*онститутивни детерминанти* се екстра-лингвистичките фактори без чие влијание епистоларната интеракција не може да започне и не може да постои како облик на дејствување. Овие вон-јазични фактори, во таа смисла, претставуваат услов *sine qua non* за воспоставување на секоја епистоларна интеракција и за конституирање на производот на епистоларната интеракција, писмото, како тип на текст. Клучни конститутивни детерминанти на секој тип на епистоларен дискурс се: (1) Физичката одвоеност меѓу два или повеќе субјекти; (2) желбата да се предизвика определена реакција; и (3) примената на пишан медиум[36]

Првите две конститутивни детерминанти, физичката одвоеност меѓу субјектите и желбата да се предизвика определена реакција, се клучни двигатели на апсолутно секоја епистоларна интеракција, без исклучок. Тие претставуваат еден вид *raison d'être* на праксата на пишување писма. За разлика од нив, третата конститутивна детерминанта, примената на пишан

---

[35] Поповиќ термините *конститутивна* и *регулативна правила* ги презема од Џон Серл, кој со истите термини (*constitutive rules, regulative rules*) ги означува правилата за успешност на реализацијата на говорните чинови (Searle, 1969: 33). Термините *конститутивни* и *регулативни детерминанти* нам ни се чинат посоодветни од термините што ги предлага Поповиќ, бидејќи синтагмата *регалутивно правило* е плеоназам.

[36] Релевантноста на трите тука издвоени екстра-лингвистички фактори како клучни за конституирањето на писмото како тип на текст е забележана уште во античката епистоларна теорија. Види ја дефиницијата на писмото во списот *За стилот на писмото* на Псевдо-Либаниј.

медиум, не е двигател на епистоларната интеракција, туку средство за надминување на ограничувањата што ги наметнуваат физичката одвоеност и неможноста да се предизвика реакција во услови на физичко отсуство на друг. Употребата на пишан медиум се установила во услови на неможност за примена на устен, поради физичката изолација. Етаблирањето, пак, токму на пишан медиум, а не, на пример, на некој друг, било детерминирано од културните и технолошките достигнувања иманентни на времето во кое настанала праксата на пишување писма. Субјектите меѓу кои со посредство на пишан медиум се воспоставила епистоларна релација, добиле улога на адресант и адресат, а продуктот на епистоларната пракса, писмото, се издиференцирало како тип на текст со препознатлива наративна структура и со само нему својствени обележја.

## *Физичка одвоеност меѓу субјектите*

Физичката одвоеност меѓу Кикерон и неговите адресати, пријатели, членови на семејството, политички сојузници или опоненти, е примарната конститутивна детерминанта на секоја од неговите епистоларни интеракции. Има статус на конститутивна детерминанта, бидејќи без неа не би дошло до воспоставување на епистоларните релации меѓу Кикерон и неговите адресати. Во таа смисла, таа е клучен двигател на секој продукт на овие епистоларни релации, односно на секое писмо сочувано во Кикероновите збирки.

Анализата на локациите на кои се напишани писмата упатува на тоа дека Кикерон повеќе од половина од писмата ги напишал дома - во Рим (227 писма) или во некоја од неговите вили покрај Тускул (94 писма), Формија (59 писма), Астура (49 писма), Кума (33 писма), Арпин (25 писма), Путеоли (21 писмо), Антиј (15 писма) и Помпеи (12 писма).[37] Четириесет и четири писма се

[37] За општествената и економската улога на елитните римски вили во централна Италија, види, на пример, Marzano, 2007.

напишани во Брундисиј, каде што Кикерон престојувал најмалку четири пати во текот на двете децении што ги покрива преписката: првпат по прогонот од Рим 58 год. пр. н.е.,[38] пред да стигне во Тесалоника, вторпат пролетта 51 год. пред пристигнувањето во провинцијата Киликија, каде што бил проконзул,[39] третпат на враќањето од Киликија назад во Италија кон крајот на 50 год. и четврти пат кон крајот на 48 и во текот на 47 год. пр. н.е., кога ги придружувал војските на Помпеј во граѓанската војна. Останатите писма се напишани или за време на неговиот престој надвор од Италија или *incerto loco*. Од писмата што ги напишал надвор од Италија 19 се напишани во Тесалоника, каде што бил во егзил, а од периодот на егзил се и девет писма од Дирахион, каде што престојувал од средината на ноември 58 год. пр. н.е. до февруари следната година. Деветнаесет писма се напишани во Лаодикеја во Киликија, а престојот во Киликија освен со овие писма, е документиран и со уште дваесетина писма, од кои дел се напишани во Тарс, дел во воени логори покрај Икониум, Кибистра и Пинденисум, а дел *en route*. Во преписката се содржани и писма кои сигурно се напишани во Киликија, но не се знае каде точно во провинцијата. Девет писма се напишани во Атина. Пет од нив се од пролетта 51 год. пр. н.е., кога, пред да стигне во Киликија, десетина дена минал во Атина, две се од есента 50 год., кога повторно дошол во Атина при враќањето од Киликија во Рим и две се од средината на 44 год. пр. н.е., кога дошол во Атина за да го посети синот Марк. Во периодот на граѓанската војна, освен

---

[38] Специјалната одлука со која Кикерон бил осуден на прогон произлегла од законскиот проект на еден од народните трибуни за 58 год. пр. н. е. и личен непријател на Кикерон, Публиј Клодиј (*lex Clodia de Civibus Romanis Interemptis*). Со овој закон на прогонство од Рим бил подложен секој што без судење ќе погуби римски граѓанин. Со донесувањето на овој закон, погубувањето на приврзаниците на Катилина, извршено по налог на Кикерон во 62 год. пр. н. е., било прогласено за незаконско. И покрај сите обиди на Кикерон и на неговите приврзаници да се спречи прогонството, тој бил обврзан доброволно да го напушти Рим. Во егзил во Тесалоника минал повеќе од една година, по што оптиматите издејствувале негово враќање во Рим во септември, 57 год. пр. н. е..

[39] Кикерон заминал за Киликија во мај 51, а се вратил во ноември 50 г. пр. н. е..

споменатите писма од Брундисиј (48-47 год. пр. н.е.), се датираат и неколку писма од Дирахион и од логорите на Помпеј. Останатите писма се напишани или *en route* или на непозната локација. Поголемиот дел од писмата од 13-ата книга од збирката *Ad familiares,* познати како писма на препорака (*litterae commendaticiae*), се напишани *incerto loco.* Преписката содржи и три писма што се започнати на една локација, а завршени на друга: две писма се започнати во Тесалоника, а се завршени во Дирахион, а едно е започнато во вилата во Арпин, а е завршено во Рим.

Иако физичката изолација е клучен двигател на секоја од епистоларните интеракции чиј производ се зачуваните писма, со оглед на тоа што, поради отсуството на информации, е невозможно да се изложат деталите што довеле до физичка одвоеност меѓу Кикерон и секој од неговите адресати, овде ќе ги изложиме подетално причините што довеле до физичка одвоеност на Кикерон и на некои од неговите најчести адресати.

***Кикерон-Атик.*** Двигател на епистоларната интеракција меѓу Кикерон и Атик, неговиот најчест адресат, бил фактот што Атик во 88/86 год. пр. н. е. го напуштил Рим и се преселил во Атина, каде што останал до крајот на животот. Кикерон и Атик се гледале повремено, кога Кикерон патувал во Атина или, пак, кога Атик доаѓал во Рим, но нивното пријателство се одржувало, главно, преку писма. Отсуството на писма од периодот меѓу средината на 65 и почетокот на 61 година и од крајот на 54 и средината на 51 год. пр. н. е. се должи на тоа што Атик во јануари 64 год. пр. н.е., во пресрет на изборите за таа година, веројатно, дошол во Рим за да му помогне на Кикерон во предизборната кампања.[40] Отсуството на писма до Атик до

[40] Во едно писмо од средината на 65 год. пр. н. е. Кикерон го повикува Атик да дојде во Рим: *Tuo adventu nobis opus est maturo. Nam prorsus summa hominum est opinio tuos familiaris, nobilis homines, adversarius honori nostro fore. Ad eorum voluntatem conciliandam maximo te mihi usui fore video. Qua re Ianuario ineunte, ut constituisti, cura ut Romae sis* (*Att.* 1.2.2 = 11 SB) „Важно ми е да стигнеш на време. Ова ти го велам зашто меѓу луѓето владее голема увереност дека твоите пријатели, благородници, ќе се противат на мојот избор.

јануари 61 год. сугерира дека Атик останал во Рим до крајот на 62 год. пр. н. е.. Отсуството, пак, на писма од периодот меѓу ноември 54 и мај 51 год. пр. н. е. е можеби резултат на случајност, но можеби, повторно, се должело на престојот на Атик во Рим (SB, *A. I*: 25). Четири писма до Атик напишани во Атина се од период кога Атик не бил во Атина, туку во вилата во Бутрот, во Епир, каде што често престојувал. Покрај овие четири писма, Атик примил и други писма од Кикерон на адресата во Бутрот.

***Кикерон-Квинт.*** Епистоларна интеракција меѓу Квинт и Кикерон, чиј продукт се писмата што по писмата до Атик се на второ место по бројност од писмата до ист адресат, се воспоставила поради физичката одвоеност на субјектите во следните три наврати: првпат за време на престојот на Квинт во провинцијата Азија, каде што во периодот од 61 до 59 год. пр. н. е. бил проконзул, вторпат - за време на егзилот на Кикерон во Тесалоника, и третпат - за време на престојот на Квинт во Британија, каде што го придружувал Каесар како негов легат.

***Кикерон-Терентија/семејство.*** Писмата до Терентија и до семејството, ќерката Тулија и синот Марк, се резултат на физичката изолација на Кикерон од семејството до која дошло во следните три периоди: за време на престојот во егзил, кога семејството му останало во Рим, за време на кусиот престој во Атина, каде што дошол во ноември 50 год. пр. н.е. на враќањето од Киликија, и од периодот кога по започнувањето на граѓанската војна на почетокот на 49 год. пр. н.е. го напуштил Рим и им се придружил на војските на Помпеј.

***Кикерон-Тирон.*** Двигател на епистоларната интеракција на Кикерон и Тирон е физичката одвоеност меѓу нив, до која дошло во неколку наврати најчесто поради слабото здравје на Тирон: во пролетта 53 год. пр. н. е., кога Кикерон од имотот во Формија

---

Мислам дека ти ќе ми бидеш од голема полза за да ја придобијам нивната наклонетост. Затоа, на почетокот од јануари, како што и планираше, гледај да бидеш во Рим."

заминал на имотот во Кума без Тирон, кој од здравствени причини не можел да патува; кон крајот на 50 год. и почетокот на 49 год., кога при враќањето од Киликија во Рим, Кикерон и Тирон повторно се разделиле поради слабото здравје на Тирон, кој останал во Патра зашто не можел да патува; во есента 47 и во средината на 46 год., кога е неизвесно зошто Тирон и Кикерон се разделиле, и во 44 год. пр. н.е., кога Кикерон по убиството на Каесар го напуштил Рим, а Тирон извесно време останал во градот.

***Кикерон-Брут.*** Епистоларната релација меѓу Кикерон и Брут се воспоставила поради престојот на Брут во Македонија во пролетта и летото 43 год. пр. н. е., каде што Брут заминал по мартовските Иди. Во тоа време Кикерон сè уште бил во Рим.

***Кикерон-Теста.*** Повеќето од писмата до Требатиј Теста се резултат на епистоларните интеракции што се воспоставиле меѓу Кикерон и Теста поради престојот на Теста во Британија во 54 и 53 год. пр. н.е., каде што бил легат на Каесар во походот во Британија.

***Кикерон-Скрибониј Курион.*** Двигател на епистоларната интеракција на Кикерон и Скрибониј Курион е отсуството на Курион од Рим во периодот на неговиот проконзулат во Азија во 53 год. пр. н. е..

***Кикерон-Апиј Клавдиј Пулкхер, Гај Мемиј, Марк Каелиј Руф, Гај Клавдиј Маркел, Силиј, Гај Касиј Лонгин, Марк Поркиј Катон Утички, Минукиј Терм*** *etc*. Двигател на преписката на Кикерон со овие адресати е неможноста за контакт лице в лице поради престојот на Кикерон во Киликија во периодот од 61 до 59 год. пр. н. е..

***Кикерон-Мунатиј Планк, Фурниј, Лепид и Корнификиј.*** Преписката со овие адресати настанала поради престојот на адресатите во Галија во 43 год. пр. н. е., каде што пред мартовските Иди Каесар ги назначил за негови легати. Кикерон во тој период престојувал во Рим.

***Кикерон-Требијан, Квинт Лигариј, Марк Клавдиј Маркел, Ситиј, Гнај Домитиј Ахенобарб, Каекина, Гнај Планкиј, Манлиј Торкват, Фигул, Ампиј и Тораниј***. Двигател на епистоларната интеракција на Кикерон и овие адресати е фактот што тие како жестоки приврзаници на Помпеј во 46 год. пр. н. е., по победата на Каесар во граѓанската војна, заминале во егзил.

Врз основа на едно писмо на Плиниј до Такит (Plin. *Ep*. 6. 9. 1), Харис претполага дека писмото не се користело како медиум за комуникација меѓу луѓе што престојуваат во ист град (Harris, 1989: 229).[41] Иако честопати локацијата на Кикерон и(ли) на неговите адресати е непозната, оваа теза се чини веројатна. Најмалото потврдено растојание меѓу Кикерон и неговите адресати во писмата е растојанието меѓу Кума во Кампанија и Формија во Латиј. Ова растојание од приближно педесетина километри е потврдено во писмата до Тирон од 53 год. пр. н.е.

## *Желба да се предизвика реакција in absentia*

Издвојувањето на втората конститутивна детерминанта, *желбата да се предизвика реакција*, произлегува оттаму што во основата на секоја интерперсонална комуникација, без оглед на медиумот преку кој таа се одвива, лежи желбата да се предизвика некаква реакција кај друг и на тој начин да се задоволи некоја лична или колективна потреба. Додека физичката изолација, односно неможноста за комуникација *in praesentia*, упатува на контекстот кој довел до развој на епистоларноста, желбата да се предизвика реакција кај друг упатува на причината поради која таа се развила. Реакциите што адресантот може да посака да ги предизвика кај адресатот *in absentia* во целост соодветствуваат на реакциите што при

[41] Ова писмо на Плиниј до Такит е одговор на писмо на препорака. Во него Плиниј му пишува на Такит дека и тој самиот, кога не би бил во Рим, а Такит би бил, би му го препорачал истиот човек што Такит му го препорачал во претходното писмо: *Eundem enim commedassisem tibi, si te Romae morante ipse affuisem.* (Plin. *Ep*. 6.9.1) „Истиот човек и јас ќе ти го препорачав на тебе, ако јас не бев во Рим, а ти беше.“

комуникацијата *in praesentia* говорителот ги предизвикува кај слушателот: го поттикнува да направи нешто, да каже нешто или да сфати нешто, го убедува во нешто, го одвраќа од нешто, го подучува, го охрабрува, го теши, го предупредува, го заплашува *etc*. Бројот на потенцијалните реакции што адресантот може да посака да ги предизвика е неограничен, исто како и во комуникацијата лице во лице. Оваа одлика на епистоларноста е аспект кој најмногу го усложнува прашањето на класификација на писмата, за што ќе говориме подолу.

Со оглед на тоа што конституирањето на епистоларниот дискурс е детерминирано од желбата да се предизвика реакција кај друг, тој претставува тип на дискурс кој има примарно конативна/апелативна функција. Основни граматички показатели на оваа функција во него се прашањата, директивите, вокативите и употребата на второ лице. Фреквентноста на овие граматички показатели на конативната функција е очигледна и во епистоларниот дискурс на Кикерон. Нивното присуство во текстот често создава привид на дијалог што се одвива лице во лице:

(3) *Quid ais? Caesarem nunc defendit Curio?* (*Fam.* 2. 13. 3 = 93 SB)[42]

(4) *Peto a te, hoc diligentius quam si mea res esset quo est honestius de amicorum pecunia laborare quam de sua, ut negotium conficiendum cures, ipse suscipias transigas, operamque des, quoad tibi aequum et rectum videbitur, ut quam commodissima condicione libertus Strabonis, qui eius rei causa missus est, negotium conficiat ad nummosque perveniat.* (*Fam.* 13. 14. 2 = 281 SB)[43]

(5) *confice, mi Attice, istam rem.* (*Att.* 13. 31. 4 = 302 SB)[44]

---

[42] „Што зборуваш? Курион сега го брани Каесар?“

[43] „Те молам да се заложиш да се заврши оваа работа поревносно отколку што би се заложил кога би станувало збор за моја работа, зашто почесно е да се грижиш за пари на пријател, отколку за свои; истерај ја оваа работа сам до крај и потруди се, толку колку што ќе ти се чини праведно и чесно, ослободеникот на Страбон, кој е испратен токму поради таа работа, да ја заврши работата во што е можно поповолни услови и да дојде до парите.“

[44] „Заврши ја таа работа, мој Атиче.“

Во писмата до Атик, Квинт или Теренција реакцијата што Кикерон сака да ја предизвика кај адресатот честопати не е експлицитно изразена, како во примерите изнесени погоре. Во ваквите писма тој, обично, го известува адресатот за тековните настани и понатамошните планови, го изложува својот став во однос на различни прашања или ги коментира епистоларните теми содржани во писмото што претходно го добил од актуелниот адресат. Функцијата на овие писма е да ја одржат релацијата меѓу физички раздвоените субјекти и во услови на неможност за контакт лице во лице, да создадат привид на заедништво. Писмото во овие случаи е супститут на посакуваната, а невозможна, присутност. Илустративни во однос на оваа функција на писмото се следните примери:

(6) *Ego, etsi nihil habeo quod ad te scribam, scribo tamen quia tecum loqui videor. (Att. 12.* 53. 1 = 295 SB)[45]
(7) *Tu velim saepe ad nos scribas. si rem nullam habebis, quod in buccam venerit scribito. (Att.* 1. 12. 4 = 12 SB)[46]

Идентификацијата на потенцијалот на писмото да претставува супститут на дијалог *in praesentia* кој не е мотивиран од желба за исполнување на некоја конкретна практична цел (одговор на прашање, барање да се изврши определено дејство и сл.) се случила во периодот кога писмото како медиум веќе стекнало поширока афирмација, благодарение на усовршувањето на материјалите на кои се пишувале писма и на механизмите за нивна испорака. Целта на овие писма била да создадат привид на присуство само заради потребата од присуство, а не заради потребата да се наведе адресатот на некакво конкретно дејствување. И во нив желбата да се предизвика реакција е клучниот мотив за отпочнување на епистоларната интеракција, но се разликуваат од писмата во кои адресантот го предизвикува адресатот на конкретно дејство од

[45] „Јас, иако немам за што да ти пишам, сепак ти пишувам, бидејќи ми се чини како така да разговарам со тебе.“
[46] „Сакам да ми пишуваш често. Ако немаш за што, пиши што ќе ти падне на ум.“

аспект на тоа што реакцијата што Кикерон сака да ја предизвика со нив е когнитивна: сака да му даде до знаење на адресатот дека мисли на него, дека му недостастува неговото присуство и сл. Во збирките има многу писма за кои е очигледно дека се производ на епистоларни интеракции што биле иницирани со цел да се предизвика токму ваков тип на когнитивна реакција.

## *Примена на пишан медиум*

Третата конститутивна детерминанта, примената на пишан медиум, не претставува двигател на епистоларната интеракција, како претходните две, туку е средство за надминување на ограничувањата што произлегуваат од физичката одвоеност и од неможноста да се предизвика реакција кај друг во отсуство. Има функција на конститутивна детерминанта поради фактот што без неа егзистенцијата на писмото како медиум за комуникација би била невозможна. Во антиката овој медиум почнал да се применува како медиум за пренесување пораки уште пред етаблирањето на именката *ἐπιστολή* како термин за означување на продуктот од праксата на пишување писма. Претходник на пишаниот медиум во пренесувањето пораки меѓу два физички одвоени субјекти била индиректната орална комуникација, односно комуникацијата преку посредник. Иако примената на пишан медиум е универзална конститутивна детерминанта на секој тип на дискурс, кога се говори за нејзината улога во конституирањето на епистоларниот дискурс во антиката, треба да се укаже на некои аспекти кои се специфични исклучиво за античкиот културен контекст. Нашето внимание овде ќе го насочиме кон аспектите што произлегуваат од примената на овој медиум, а се релевантни за писмата на Кикерон.

Во писмата постојат сведоштва за тоа дека тие биле пишувани на свитоци од папирус (*chartae*), со писалка од трска (*calamus*) и со црно мастило (*atramentum*).[47] Текстот на писмата Кикерон

[47] Види *Fam*. 7. 18. 2 = 37 SB, *Att*. 2. 20. 3 = 40 SB, V. 4. 4 = 97, SB, *Q. fr*. 2. 15. 1 = 19 (II. 15 (14)) SB.

најчесто му го диктирал на писар (*librarius*) или, поретко, на личниот секретар Тирон. Во писмата се споменуваат имињата на неколку писари на Кикерон или на неговиот најчест адресат Атик: Алексис, Аристофан, Евпол, Хиларус, Спинтхар, Филотим. Задачата на овие *librarii,* кои биле робови или ослободеници, била да го запишуваат текстот на писмата додека сопственикот им диктира, да ги препишуваат писмата и другите списи, да внесуваат корекции во копиите, да доставуваат писма и да ги читаат (Haines-Eitzen, 2000: 30-2.). Во едно писмо постои сведоштво за тоа дека кога му диктирал на писар, Кикерон диктирал *syllabatim*, слог по слог, а кога му диктирал на Тирон му диктирал *viva voce*:

(8) *ergo [at ego] ne Tironi quidem dictavi, qui totas περιοχὰς persequi solet, sed Spintharo syllabatim.* (*Att.* 13. 25. 3 = 333 SB)[48]

Приватните писма Кикерон ги пишувал *manu propria,* но не секогаш и не сите. Од едно писмо до Атик од 59 год. пр. н. е. дознаваме дека на почетокот на нивната преписка писмата до него ги пишувал исклучиво лично, но дека подоцна, кога бил премногу зафатен или болен, и нив ги диктирал:

(9) *Numquam ante arbitror te epistulam meam legisse nisi mea manu scriptam. ex eo colligere poteris quanta occupatione distinear. nam cum vacui temporis nihil haberem et cum recreandae voculae causa necesse esset mihi ambulare, haec dictavi ambulans.* (*Att.* 2. 23. 1 = 43 SB)[49]

(10) *Lippitudinis meae signum tibi sit librari manus et eadem causa brevitas.* (*Att.* 8. 13. 1 = 163 SB)[50]

[48] „Затоа не му диктирав ни на Тирон, кој обично запишува цели периоди одеднаш, туку му диктирав на Спинтхар слог по слог.“

[49] „Мислам дека никогаш досега не си читал мое писмо што не сум го напишал лично. Од тоа ќе можеш да сфатиш колку многу работа имам. Имено, бидејќи немав воопшто слободно време, а и бидејќи требаше да прошетам за да си го освежам гласчево, писмово го диктирав шетајќи.“ Види и *Att.* 4. 16. 1.= 89 SB.

[50] Знак за моето очно воспаление нека ти биде раката на писарот и, од таа причина, краткоста.

Праксата на Кикерон да ги пишува лично, главно, писмата до Атик, а веројатно, и сите други писма до блиските, се должела на претпазливост.[51] Довербата во писарот или, почесто, во доставувачот (*tabellarius*) во голема мера влијаела врз динамиката на испраќање писма, а сигурно до извесен степен и врз нивната содржина. Во писмата има многу сведоштва за тоа дека праксата на пишување писма била проследена со страв од љубопитноста на доставувачите или од можноста писмото да се изгуби, отвори или украде.[52] Од бројните примери што упатуваат на ова, илустративен е следниот:

(11) *quibus epistulis sum equidem abs te lacessitus ad rescribendum, sed idcirco sum tardior quod non invenio fidelem tabellarium. quotus enim quisque est qui epistulam paulo graviorem ferre possit nisi eam perlectione relevarit? (...) ita neque Achaicis hominibus neque Epiroticis paulo liberiores litteras committere audeo.*
*Sunt autem post discessum a te tuum res dignae litteris nostris, sed non committendae eius modi periculo ut aut interire aut aperiri aut intercipi possint. (...) nam neque adhuc mihi satis nota sunt et huic terrae filio nescio cui commitere epistulam tantis de rebus non audeo.* (*Att.* 1. 13. 1-4 = 13 SB)[53]

Од примерот е јасно дека Кикерон, кога немал доверлив доставувач (*fidelis tabellarius*), не испраќал писма со поделикатна содржина. Стравот од можноста писмото да биде прочитано од трето лице влијаел, не само врз доцнењето на писмата, туку и врз изборот на содржините и врз начинот на нивна презентација. Дури и кога имал доверлив доставувач, Кикерон

[51] Види, на пример, *Att*. 4.17. = 91 SB или *ibid*. 11. 24. 2=234 SB).
[52] Покрај посочениот пример, види и *Att*. 1. 16. 16 = 16 SB, 1. 17. 10 = 17 SB, 4. 1. 8 = 73 SB, *Fam*. 1. 7. 1 = 18 SB, 2. 4. 1 = 48 SB, 2. 5.1-2 = 49 SB, 13. 68. 2 = 211 SB, 15. 18 = 213 SB, 6. 2. 3 = 245 SB, *Q. fr. 2.* 7(6). 2 = 11 SB, 3. 6 (8). 2 = 26 SB.
[53] „Навалуваш да ти одговорам на овие писма, но доцнам зашто не можам да најдам доверлив доставувач. Колкумина се такви што можат да достават малку потешко писмо, а да не си го олеснат со тоа што ќе го прочитаат? (...) Така, не се осмелувам да дадам некое подоверливо писмо ниту на некој Ахаец, ниту пак на некој од Епир.
Откако си замина се случија работи вредни за писмо, но не смеев да ги изложам тие писма на опасност да се изгубат, да бидат отворени или уништени (...). Зашто, сè уште не знам сè, а и не се осмелувам да му доверам писмо за толку важни работи на овој непознат човек."

бил претпазлив. Манифестација на неговата претпазливост е употребата на различни методи за кодификација.[54] Така, од едно писмо до Атик јасно е дека Кикерон размислувал за тоа, ако писмата се со поделикатна содржина, да не му се обраќа на Атик со неговиот прекар, како што обично правел во тоа време, туку со името Фурij, себе да се нарекува *Лаелиј*, да го менува ракописот и да не го користи сопствениот печат:

(12) *quod scripseram me Furio scripturum, nihil necesse est tuum nomen mutare; me faciam Laelium et te Atticum, neque utar meo chirographo neque signo, si modo erunt eius modi litterae quas in alienum incidere nolim.* (*Att.* 2. 20. 5 = 40 SB)[55]

Стравот од можното присуство на трето лице е убедливо најизразен во писмата до Атик. Една од мерките на претпазливост во овие писма, несомнено, била и употребата на грчкиот јазик, која претставува една од највпечатливите одлики на овие писма.[56] Дека промената на кодот, меѓу другото, била детерминирана и од стравот писмото да не се најде во туѓи раце, на што укажува и Нихолсон (Nicholson, 1994: 43-7), сведочи следниот пример, во кој Кикерон пред да го промени кодот му

[54] Не постои податок за тоа дали Кикерон пишувал шифрирани писма, иако таквата пракса не е непозната во римската епистолографија. Во биографијата на Каесар на Светониј (Suet. *Iul.* 56. 6-7) постои сведоштво за писма на Каесар до Кикерон и до блиските во кои авторот користел посебен знаковен систем. За да се разбере текстот, било потребно секоја буква да се замени со четвртата по неа: „Постојат и негови писма (*sc.* на Каесар) до Кикерон и до блиските, кои се однесуваат на домашни работи; во нив, ако требало да се каже нешто подзатскриено, тој го пишувал со знаци, така што не можел да се разбере ниту еден збор. За да се разберат и прочитаат треба да се замени секоја буква со четвртата по неа, како на пример да се чита Д наместо А и така сите останати.“ (Светониј, 2001: 61).

[55] „Во врска со она што ти пишав дека ќе ти се обраќам со „Фуриј“, нема потреба да го менувам твоето име. Себе ќе се нарекувам „Лаелиј“, а тебе „Атик“, нема да го користам мојот ракопис и мојот печат, само кога писмата ќе бидат такви какви што не сакам да западнат во туѓи раце.“

[56] Во збирката *Ad Atticum* се среќаваат 820 грчки цитати, фрази и изолирани термини (Hutchinson, 1989: 14). Во лингвистиката овој феномен на преминување од еден јазик на друг во устен говор или во пишан текст е познат како *code-switching* (промена на кодот).

најавува на адресатот, Атик, дека ќе му пишува *потаинствено* (μυστικώτερον):[57]

(13) *Illud praeterea μυστικώτερον ad te scribam, tu sagacius odorabere. τῆς δάμαρτός μου ὁ ἀπελεύθερος (οἶσθα ὃν λέγω) ἔδοξέ μοι πρώην, ἐξ ὧν ἀλογευόμενος παρεφθέγγετο, πεφυρακέναι τὰς ψήφους ἐκ τῆς ὠνῆς τῶν ὑπαρχόντων <τῶν> τοῦ Κροτωνιάτου τυραννοκτόνου. δέδοικα δὴ μή τι-νοήσεις δήπου. τοῦτο δὴ περισκεψάμενος τὰ λοιπὰ ἐξασφάλισαι.* (*Att.* 6. 4. 3 = 118 SB)[58]

Во писмо испратено веднаш по *Att.* 6. 4 = 118 SB (фрагмент бр. 13) и 6. 4 = 119 SB, Кикерон му пишува на Атик: *bis ad te antea scripsi de re mea familiari, si modo tibi redditae litterae sunt, Graece ἐν αἰνιγμοῖς* (*Att.* 6. 7. 1 =120 SB) „Два пати ти пишав за мои семејни работи на грчки, *in riddles*, камо да си ги добил писмата." Ова јасно говори дека причината за употребата на грчкиот во овие две писма бил токму стравот од можноста тие да бидат прочитани од трето лице.[59] Кога се говори за промената на јазичниот код, треба да се нагласи дека таа сигурно не била мотивирана само од желбата на авторот да говори *μυστικώτερον* или *ἐν αἰνιγμοῖς,* туку дека постоеле и други мотиви за тоа. Пресудно значење, несомнено, имало културното милје на кое му припаѓал Атик.[60] Кикерон, пак, и покрај тоа што бил јазичен пурист,[61] одлично зборувал грчки. Со оглед на општата

---

[57] Освен посочениот пример, види и Cic. *Att.* 6. 4.1-2 = 119 SB.

[58] „Има уште нешто за што сакам да ти пишам *en langue voilée,* а ти ќе насетиш мошне досетливо. *From the confused and incoherent way he talked the other day, I formed the impression that my wife's freedman (you know to whom I refer) has cooked the accounts relating to the purchase of the Crotonian tyrannicide's property. I am afraid that something - you'll take my meaning. Please look into it and see that the other matters are put on a safe footing.*"

[59] За другите вакви употреби на грчкиот јазик во писмата, види Nicholson, 1994: 43-7.

[60] Атик го стекнал прекарот Atticus (*Атички, од Атика*) поради долгогодишниот престој во Атина, одличното познавање на грчкиот јазик и љубовта кон хеленската култура. Непот сведочи дека зборувал грчки исто како да е роден во Атина: *sic enim Graece loquebatur ut Athenis natus videretur*. (Nep. *Att.* 4. 1): „така зборуваше грчки како да е роден во Атина".

[61]Кикерон на повеќе места се залага за јазичен пуризам. Во еден фрагмент од *De officiis* (Cic. *Off.* 1. 111) вели: *Ut enim sermone eo debemus uti, qui innatus est nobis, ne, ut quidam, Graeca verba inculcantes iure optimo rideamur, sic in actiones omnemque vitam nullam discrepantiam conferre debemus*. „Исто како што треба да се служиме со нашиот мајчин

хеленизација на римската култура, употребата на грчкиот во круговите на римската интелектуална елита, на која тој ѝ припаѓал, била прашање на престиж, еден вид статусен симбол. Во таа смисла, Путник (Putnik, 2009: 55) забележува дека употребата на грчкиот на Кикерон му служела, меѓу другото, и за да ја конструира посакуваната слика за сопствениот идентитет, која, како што е познато, не била воопшто скромна.[62]

Покрај промената на кодот, Кикерон применува и други методи на кодификација, кои не вклучуваат употреба на грчки јазик: метафори, алузии, елиптични реченици, употреба на прекари и сл. Нивната примена, главно во писмата до Атик, наместа го прави текстот толку неразбирлив, што, како што забележува Палмер, тој наликува на транскрипција на телефонски разговор (Palmer, 1954: 154). Сите овие методи за кодификација се реализираат благодарение на можностите на јазикот, но нивната употреба била детерминирана од фактот што писмото е напишано на опиплив медиум, папирус свиткан во свиток и запечатен со восок, кој треба физички да се пренесе од адресантот до адресатот. При физичкиот пренос, кој некогаш траел и неколку месеци,[63] демнеле опасности: љубопитен доставувач, можност доставувачот да биде ограбен или убиен и сл. Свесни за овие опасности, Кикерон и неговите кореспонденти понекогаш испраќале две идентични писма преку различни доставувачи и(или) ги повторувале клучните содржини од писмата кои претходно ги испратиле и во следното писмо.[64]

---

јазик и да не вметнуваме грчки зборови, изложувајќи се при тоа на потсмев, така и во [своите] постапки, а и во целокупниот живот, не треба да внесуваме никаква нескладност.“ (Кикерон, 2005: 79). Види Cic. *Tusc* 1, 8, 15.

[62] Употребата на грчкиот во писмата е предмет на голем научен интерес. Види, на пример, Steele, 1900, Rose, 1921, Baldwin, 1992, Dunkel, 2000, Swain, 2002, Adams, 2003, Putnik, 2006, 2009.

[63] Брзината на испораката на писмата била еднаква на времето што му било потребно на човек да стигне од едно до друго место, преку копно или преку море. На пример, од Рим до Неаполскиот залив се патувало од неколку денови до една седмица, а од Рим до Британија или до Сирија од два до три месеци. Види Bardt, 1866, Riepl, 1913.

[64] Види Nicholson, 1994: 54-5.

## Регулативни детерминанти

Со терминот *регулативни детерминанти* ги означуваме екстра-лингвистичките фактори што ја регулираат епистоларната интеракција. Функцијата на детерминанти ја стекнале при процесот на етаблирање на епистоларноста како феномен. Исто како и конститутивните детерминанти, тие се универзални за секој епистоларен дискурс, без оглед на тоа на која епистолографска традицијата тој ѝ припаѓа. За разлика од конститутивните детерминанти, чие влијание е константно и подеднакво валидно во секој тип на епистоларен дискурс, влијанието на регулативните детерминанти може да варира во различни типови на писма. Регулативните детерминанти се разликуваат од конститутивните и во однос на тоа што влијаат врз дискурсот, и тоа, и на макроструктурно и на микроструктурно рамниште. Од нив зависи успешноста на епистоларната интеракција. Од тој аспект, тие се задолжителни. Регулативни детерминанти на Кикероновиот и на секој друг тип на епистоларен дискурс се: (1) принцип на социјалност; (2) принцип на реципрочна размена; (3) принцип на поттикнување на интеракција; (4) принцип на заеднички коефициенти, и принцип на моделирање на стварност[65]

### *Принцип на социјалност*

Принципот на социјалност има статус на примарна регулативна детерминанта на епистоларниот дискурс, поради фактот што секое писмо, без оглед на тоа дали е вистинско или е фиктивно, подразбира постоење на определена, вистинска или фиктивна, релација меѓу авторот/авторите и реципиентот/реципиентите. Ваква релација, во принцип, постои и во други типови на монолошки дискурс, во помала

---

[65]Петте регулативни детерминанти соодветствуваат на т. н. регулативни правила во моделот на Поповиќ (Поповић, 2000: 20-76).

или поголема мера,[66] но во епистоларниот дискурс таа е понагласена отколку во кој било друг тип на монолошки дискурс. Епистоларната интеракција, имено, се иницира, пред сѐ, поради потребата да се надминат ограничувањата што произлегуваат од физичката одвоеност на два или повеќе субјекти меѓу кои во екстра-лингвистичката реалност веќе постои определен тип на релација. Во услови на неможност да предизвикаат реакција при контакт лице в лице, субјектите меѓу кои веќе постои некаков тип на релација вон светот на текстот настојуваат да предизвикаат реакција кај физички отсутниот друг со посредство на пишан медиум, односно, покрај веќе постоечката да воспостават и епистоларна релација. Принципот на социјалност влијае врз епистоларниот дискурс многу повеќе отколку врз кој било друг тип на монолошки дискурс, бидејќи од типот на релација меѓу физички одвоените субјекти зависи структурата на писмото и изборот на јазични средства за реализација на говорните чинови.

Субјектите меѓу кои се воспоставува епистоларна релација Поповиќ формално ги прикажува со личните заменки за прво и второ лице. Врз основа на можните комбинаторики на овие субјекти, изведува пет типа на епистоларни интеракции, кои ги означува со следните бинарни опозиции: *јас - ти, јас - вие, јас - Вие, ние - ти* и *ние - вие* (Поповић, 2000: 21). Секоја од овие пет вака прикажани епистоларни интеракции, според Поповиќ, може да се разгледува од аспект на бројот на учесници во интеракцијата и од аспект на прашањето дали релацијата меѓу учесниците во интеракцијата е симетрична или асиметрична. Симетричната епистоларна релација е релација што се воспоставува меѓу еднакви во однос на општествениот статус,

[66] Елементи на интеракција може да бидат присутни во секој монолошки дискурс, бидејќи монолошкиот дискурс, независно од неговите формални одлики, секогаш е ориентиран кон некого и има функција да оствари определена комуникациска цел. Нивната фреквентност е детерминирана од степенот на ориентација кон адресатот, кој варира во различни типови на монолошки дискурс. Говорите и писмата се типови на монолошки дискурс со многу повисок степен на насоченост кон адресатот од, на пример, историографските списи.

возраста и сл., а асиметричната е релација меѓу субјекти кои во вон-јазичната реалност не се еднакви во однос на некои од споменатите параметри. Врз основа на овие два аспекти, теоретски се создаваат услови за издвојување на различни типови на епистоларни интеракции, со што принципот на социјалност добива клучно типолошко значење.

Врз основа на степенот на реализација на принципот на социјалност во различни писма, Поповиќ издвојува шест примарни типови на епистоларна интеракција: *приватна лична епистоларна интеракција* (PSOC-I), *приватна семејна епистоларна интеракција* (PSOC-II), *приватна дистанцирана епистоларна интеракција* (PSOC-III), *службена епистоларна интеракција* (PSOC-IV), *дипломатска епистоларна интеракција* (PSOC-V) и *отворена епистоларна интеракција* (PSOC-VI). *Приватната лична епистоларна интеракција* е дефинирана како интеракција што се воспоставува меѓу кореспонденти што се во тесна пријателска, семејна или интимна врска: блиски пријатели, брачни партнери, членови на потесно семејство, вљубени *etc*.. Формално може да се претстави со бинарната опозиција *јас - ти*. *Приватната семејна интеракција* се воспоставува меѓу кореспонденти чии улоги во интеракцијата можат да се означат со опозициите *јас - вие*, *ние - ти* или *ние - вие*. Учесниците во интеракцијата припаѓаат на едно или на повеќе семејства: брачен партнер - брачен партнер и деца, родител - деца и семејство, дете - родители, роднина - семејство и пријател на семејство - семејство. Третиот степен на манифестација на принципот на социјалност, *приватната дистанцирана епистоларна интеракција,* формално е означена со опозицијата *јас – Вие.* Се воспоставува меѓу кореспонденти кои во екстра-лингвистичката реалност се во асиметричен сооднос, поради возраста, различниот општествен статус и сл., или меѓу кореспонденти кои се во почетна фаза на допишување. *Службената епистоларна интеракција* е дефинирана како интеракција што се воспоставува меѓу кореспонденти кои се во симетричен соодност – колеги или во асиметричен сооднос – адресатот/адресантот е во субординирана позиција во однос на

другиот учесник во интеракцијата. *Дипломатската епистоларна интеракција* е релација што може да се означи со опозицијата *ние – вие*, а се воспоставува меѓу држави. Последниот тип на епистоларна интеракција, т. н. *отворена епистоларна интеракција* е интеракција меѓу кореспонденти чиј однос може условно да се изрази со опозицијата *јас – вие*, иако реално вклучува и трети лица во епистоларниот дијалог. Ваква релација се воспоставува во писма што комуницираат со поширок читателски круг, иако формално се упатени до еден или до повеќе адресати (Поповиќ, 2000: 21-35).

Од шесте споменати степени на реализација на принципот на социјалност во писмата на Кикерон може да се идентификуваат четири: А. *Приватна лична епистоларна интеракција*; Б. *Приватна семејна епистоларна интеракција*; В. *Приватна дистанцирана епистоларна интеракција,* и Г. *Службена епистоларна интеракција.*

А. *Приватна лична епистоларна интеракција*. Типична парадигма за епистоларен дискурс кој е производ на приватна лична епистоларна интеракција во Кикероновите четири збирки се писмата до Атик: двајцата учесници во интеракцијата, Кикерон и Атик, биле прибилижно на иста возраст (Кикерон бил роден во јануари 106 год. пр. н. е., а Атик во ноември, 110 год. пр. н. е.), припаѓале на ист општествен сталеж - витешкиот (*ordo equestris*) и се познавале уште од школските денови (Nep. *Att*. 5. 3). По смртта на неговиот татко, околу 88/86 година пр. н.е. (SB, *A I*: 3-4), Атик се преселил во Атина, каде што останал следните триесетина години. Пријателството меѓу Кикерон и Атик се зацврстило за време на шестмесечниот престој на Кикерон во Атина во периодот меѓу 79-та и 77-ма година пр. н.е., кога Кикерон заедно со Атик, со братот Квинт и со роднината Лукиј, студирал реторика и философија. Во 66-ата год. пр. н.е. братот на Кикерон, Квинт, се оженил со сестрата на Атик - Помпонија, што, веројатно, уште повеќе ја зајакнало релацијата меѓу двајцата кореспонденти. Атик за разлика од Кикерон немал политички амбиции, туку живеел раководен од *ratio ad honestum otium* (Cic. *Att*. 1. 17. 5 = SB 17). Различните животни избори не

влијаеле врз релацијата меѓу Кикерон и Атик. Потврда за тоа се писмата што се дел од преписка која траела повеќе од две децении. Кикерон го доживувал Атик како свое *alter ego*.[67]

Производ на приватна лична епистоларна интеракција се и писмата до братот Квинт, до сопругата Теренција и до Тирон. Дваесет и седум од вкупно дваесет и осумте писма до Квинт се вистински приватни писма, а едно, првото писмо од збирката *Ad Quintum* (Cic. *Q. fr.* 1. 1 = 1 SB) не е вистинско писмо, туку е *commentariolum de provincia administranda*, што бил напишан со намера да циркулира меѓу поширок круг читатели (SB, *Q. B*: 147). Останатите писма, во однос на јазикот и стилот, се споредливи со писмата до Атик. Квинт, исто како и Кикерон имал политички амбиции (квестор – 69/68 год., аедил - 65 год., претор - 62 год., проконзул - 60-58 год. пр. н. е.), бил со слично образование и имал слични книжевни афинитети. Релацијата меѓу двајцата браќа била, главно, хармонична. Од писмата до Атик познато е дека односите меѓу двајцата браќа повремено се заладувале, но во писмата до Квинт нема показатели за тоа. Само во едно од писмата до Квинт (*Q. fr*. I. 2 = 2 SB) кај Кикерон можат да се препознаат елементи на незадоволство од начинот на кој Квинт владеел со провинцијата Азија, каде што Квинт во периодот од 61 до 59 год. пр. н. е. бил проконзул (SB, *Q. B*: 3-6).

Пример за писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција се и писмата што се упатени лично до првата сопруга на Кикерон - Теренција. Писмата, пак, кои, покрај до неа, се упатени и до останатите членови на семејството пософодветно би било да се третираат како пример за писма што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција.[68]

---

[67] Во едно писмо Кикерон му пишува на Атик: *me enim ipsum multo magis accuso, deinde te quasi me alterum,...* (*Att. 3.* 15. 4 = 60 SB): „себе самиот се обвинувам многу повеќе, а потоа и тебе, како мое второ јас"; во друго писмо, вели: *ego tecum tamquam mecum loquor*. (*Att.* 8. 14. 2 = 164 SB): „јас со тебе разговарам исто како што разговарам со себе". Повеќе за релацијата меѓу Кикерон и Атик, види *SB, A I*: 3-59.

[68] Од дваесет и петте писма до Теренција осум писма се упатени и до останатите членови на семејството: ќерката Тулија и синот Марк. Едно од овие писма (Cic. *Fam.* 14. 6 = SB 158) започнува со уводната поздравна формула *Ad suis* „До своите".

Терентија, која била родена во богата плебејска фамилија и имала голем мираз (Plut. *Cic.* 8.3), била во брак со Кикерон триесетина години (80/76 – 47 год. пр. н. е.). Имале две деца – Тулија (79/78 год. пр. н. е.) и Марк Кикерон (65 год. пр. н. е.). Односите им се заладиле за време на граѓанската војна. Една од причините за тоа, според Плутарх, било тоа што за време на граѓанската војна Терентија го запоставила Кикерон и не му обезбедила средства за патувањето (*ibid*. 8. 41). Како причини за заладување на односите во теоријата се наведуваат и несогласувањето на Кикерон со тестаментот на Терентија и неговите сомнежи дека таа не управува добро со имотот (Treggiari, 2007: 119-30). Писмата од 47 год. пр. н.е., т.е. од последните години од бракот, се куси и во нив не се присутни елементи на брачна приврзаност и нежност, како во писмата од егзил.

Во групата на писма во кои степенот на реализација на принципот на социјалност е ист како и во писмата за кои говоревме погоре влегуваат и писмата до Марк Тулиј Тирон, личниот секретар на Кикерон. Тирон бил роден околу 103 год. пр. н.е. (Groebe, 1939: 1319) како роб, веројатно во домот на Кикерон во Арпин. Во 53 год. бил ослободен, но останал да живее во куќата на неговиот некогашен господар и патрон. За време на престојот на Кикерон во Киликија Тирон го придружувал. Бил исклучително близок не само со Кикерон, туку и со Квинт и со целото семејство (Mouritsen, 2011: 45-7). Кикерон имал доверба во Тирон и го почитувал неговото мислење. Во писмата има многу манифестации на почитта и љубовта на Кикерон кон Тирон, поради што некои теоретичари сметаат дека нивната релација имала и еротска димензија (Crompton, 2003: 94, Neill, 2009: 192).

Содржината и стилот со кои се напишани сите или поголемиот дел од писмата до Пает, Требониј, Теста, Мариј, Варон, Лепта, Сулпикиј Руф, Фадиј, Квинт Корнификиј и некои од писмата до Касиј и Брут упатуваат на тоа дека и во овие писма принципот на социјалност се манифестира на ист начин,

но степенот на блискост меѓу кореспондентите е помал отколку во писмата до Атик, Квинт или Тирон. Овде е важно да се нагласи дека меѓу Кикерон и речиси сите негови адресати постоела врска што била базирана врз римскиот концепт за *amicitia*, но дека Кикерон со малкумина од нив бил пријател во денешна смисла. Пријателството често било базирано врз фамилијарни врски и обично се воспоставувало меѓу еднакви, припадници на ист општествен сталеж, кои си вршеле услуги (*officia*) едни на други врз принципот на реципроцитет. Луѓето се поврзувале *in amicitiam* обично по нечија препорака, често и без да се познаваат од претходно. Во таа смисла, пријателството било исклучително комплексна релација со изразена социјална функција. Интимната димензија можела да биде присутна, но не била нужна[69] Со оглед на ова, а и со оглед на фактот што Кикероновите писма многу често се единствен извор на информации за релацијата на Кикерон со неговите адресати, невозможно е да се одговори на прашањето писмата до кои сè адресати се парадигма за приватна лична епистоларна интеракција, односно, со кои сè адресати Кикерон бил во пријателска врска што вклучувала и интимност.

Б. *Приватна семејна епистоларна интеракција*. Производ на приватна семејна епистоларна интеракција се писмата на Кикерон до семејството (Теренција, Тулија и синот Марк) и писмата на Кикерон, Теренција, Тулија и Марк до Тирон. Првиот тип на релација може формално да се означи како релација *јас - вие*, а вториот, како релација *ние - ти*. Анализата на овие писма упатува на тоа дека релацијата во нив само формално се воспоставува меѓу повеќе од двајца субјекти, а реалните учесници во епистоларната интеракција се само двајца. Во писмата на Кикерон до семејството реални учесници во епистоларната интеракција се само Кикерон и Теренција, а во писмата од семејството на Кикерон до Тирон, реални учесници во интеракцијата се само Кикерон и Тирон. Тоа е евидентно во

[69] Види Brunt, 1988: 351-81, Konstan, 1997: 122-483.

примерот бр. 14, кој е фрагмент од едно писмо на Кикерон до Теренција, Тулија и синот (релација *јас – вие*). Показател за тоа дека реалните учесници се само Кикерон и Теренција, иако писмото е формално упатено и до ќерката и до синот, се императивите во второ лице еднина (*noli putare* „немој да мислиш", *sine* „дозволи", *noli vexare valetudinem* „не си го запустувај здравјето"), употребата на личната заменка за второ лице еднина (*a te* „од тебе", *te miseram et despoliatam* „тебе кутра и ограбена", *obsecro te* „те молам" *etc.*), предикатите во второ лице еднина (*scribis* „пишуваш", *amas* „сакаш" *etc.*) и вокативот *mea vita* „мој животе". На присуството на другите учесници во епистоларната интеракција упатуваат само уводната и завршната поздравна формула, во која е вметнат и вокатив во множина *mea desideria* „мои љубени":

(14) *Tullius s. d. Terentiae et Tulliae et Ciceroni suis*

> *Noli putare me ad quemquam longiores epistulas scribere (...) A te quidem omnia fieri fortissime et amantissime video, (...) Quod de domo scribis (...). illud doleo, quae impensa facienda est, in eius partem te miseram et despoliatam venire. (...) etiamne reliquias tuas miseras proices? obsecro te, mea vita, quod ad sumptum attinet, sine alios, qui possunt si modo volunt sustinere; et valetudinem istam infirmam, si me amas, noli vexare. nam mihi ante oculos dies noctesque versaris. omnia labores te excipere video; timeo ut sustineas, sed video in te esse omnia. quare, ut id quod speras et quod agis consequamur, servi valetudini. (...) Valete, mea desideria, valete. D. a. d. III Non. Oct. Thessalonica.* (*Fam*. 14. 2 = 7 SB)[70]

[70] „Тулиј ги поздравува своите Теренција, Тулиичка и Кикерон.
Немој да мислиш дека некому му пишувам подолги писма (...) Гледам дека сите работи ги извршуваш многу храбро и со голема посветеност, (...). Во врска со тоа што ми го пишуваш за домот (...). Ме мачи тоа што ти, кутра и ограбена, треба да платиш дел од трошоците. (...) ќе се откажеш ли и од она малку што ти остана од имотот? Те преколнувам, животе мој, сите работи што се однесуваат на расходите, дозволи да ги преземат други, ако има такви што сакаат и што можат. Ти, ако ме сакаш, не си го нарушувај кревкото здравје. Ова ти го велам бидејќи денонокно си ми пред очи. Гледам дека сиот товар си го презела на свои плеќи. Се плашам дека нема да издржиш, но сфаќам дека од тебе зависи сè. Затоа, за да го постигнеме тоа на што се надеваш и тоа кон коешто настојуваш, чувај си го здравјето. (...) Останете ми со здравје, мои љубени, со здравје."

Реалните учесници се само двајца и во писмата што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција од типот *ние - ти.* Тоа е евидентно во сите писма што се парадигма за овој тип на епистоларна интеракција, а тука ќе го илустрираме со фрагмент од едно писмо во кое формални адресанти се Кикерон, неговиот син Марк, братот Квинт и синот на Квинт, Квинт Помладиот. На тоа дека реални учесници во интеракцијата се само Кикерон и Тирон упатуваат *Cicero meus* „мојот Кикерон", *frater* „брат" и *fratris f.* „синот на братот" во уводната формула, предикатите во прво лице еднина (e.g. *putavi* „мислев", *fero* „поднесувам" *etc.*), личната заменка за прво лице еднина и вокативот *mi Tiro* „мој Тироне":

(15) *Tullius Tironi s. p. d. <et> Cicero meus et frater et fratris f.*

> *Paulo facilius putavi posse me ferre desiderium tui, sed plane non fero et, quamquam magni ad honorem nostrum interest quam primum ad urbem me venire, tamen pecasse mihi videor qui a te disceserim. sed quia tua voluntas ea videbatur esse ut prorsus nisi confirmato corpore nolles navigare, approbavi tuum consilium neque nunc muto, si tu in eadem es sententia. (...) unum illud, mi Tiro, videto, si me amas, ne te Marionis adventus et hae litterae moveant (...)* (*Fam.* 16. 1 = 120 SB)[71]

Овој феномен, кој е присутен и во семејни преписки што им припаѓаат и на други епистолографски традиции (Поповић, 2000: 24-6), се должи на тоа што улогата на вистински кореспондент секогаш ја презема само еден: еден го пишува писмото, своерачно или диктирајќи му на писар, и еден го прима, го отстранува печатот и го одвиткува свитокот папирус. Во таа смисла, овие два степени на манифестација на принципот

[71] „Тулиј, мојот Кикерон, брат ми и синот на братот срдечно го поздравуваат Тирон. Мислев дека малку полесно ќе можам да ја поднесам потребата од тебе, но тешко ја поднесувам, и, иако за мојот углед е важно да стигнам во Рим што побргу, сепак мислам дека згрешив што се разделив од тебе. Но, бидејќи се чинеше дека твојата желба е да не пловиш пред да си го зајакнеш телото, твојата одлука ја прифатив со одобрување, а и сега не мислам поинаку, ако си ти сè уште со истиот став. (...) Само едно гледај, мој Тироне, ако ме сакаш, доаѓањето на Марион и овие писма да не те вознемират. (...) "

на социјалност (*јас - вие* и *ние - ти*), во основа, се идентични со првиот, односно со приватната семејна епистоларна интеракција од типот *јас - ти*. Формалното присуство на други учесници се должи на свеста на адресантот, во примерот бр. 14 – Кикерон, дека неговите формални адресати, Тулија и синот Марк, се близу до неговиот реален адресат - Терентија. Присуството, пак, на други формални учесници во епистоларната интеракција од типот *ние – ти,* како во примерот бр. 15, произлегува од намерата на реалниот адресант, Кикерон, да му укаже на својот адресат, Тирон, дека не е сам, туку дека покрај него има и други, во случајот - Кикерон помладиот, братот Квинт и синот на Квинт.

В. *Приватна дистанцирана епистоларна интеракција.* Степенот на манифестација на овој принцип на социјалност, формално означен како интеракција *јас - Вие,* во Кикероновите писма е најсложен за идентификација. Ова се должи на повеќе фактори. Прво, со оглед на тоа што лингвистичките стратегии на учтивост во латинскиот јазик се малку истражувани,[72] во голем број писма е тешко врз основа на јазичниот израз да се утврди дали станува збор за писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција со многу низок степен на блискост или за приватна дистанцирана епистоларна интеракција. Второ, во збирката *Ad familiares* има писма што се напишани во период кога Кикерон не извршувал некаква државна служба, но кои немаат целосно приватен карактер, за да можат да се третираат како приватни. Мотивите поради кои се напишани не се приватни, и покрај тоа што Кикерон ги напишал како приватно лице. Ова не изненадува со оглед на фактот што Кикерон и кога не бил директно инволвиран во политичкиот живот на Републиката, не бил во целосен *otium*. Трето, во многу писма се третираат и приватни теми и теми што се однесуваат на Републиката, така

[72] Единствената студија што нам ни е позната е студијата на Хал (Hall, 2009). Хал е автор и на две статии во кои се третираат аспекти на учтивост и тоа во писма на Кикерон (Hall, 1998, 2005).

што тешко може врз основа на епистоларните теми да се определи дали станува збор за писмо што е производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција или на службена интеракција. Четврто, во многу случаи малубројните писма до еден ист адресат се единствен извор на податоци за релацијата меѓу Кикерон и некој негов адресат. Со оглед на сево ова во голем број писма е тешко е да се определи степенот на манифестација на принципот на социјалност. Во принцип, за производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција би требало да се сметаат сите писма што Кикерон не ги напишал *ex officio*, туку како *persona privata*, кои во однос на структурата и изборот на јазични средства се разликуваат од писмата за кои е извесно дека се производ на приватна лична епистоларна интеракција, како што се писмата до Атик, Квинт, Терентија или Тирон. Овие писма не се производ на дистанцирана епистоларна интеракција во вистинска смисла на зборот, но не можат да се третираат ни како писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција.

Условно, за производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција би можеле да се сметаат писмата до Лукеј, Гај Антониј, Каекилиј Метел Келер, Каекилиј Метел Непот, Матиј, некои од писмата до Помпеј, Каесар, Крас, Фурниј, Лепид, Мунатиј Планк *etc.*.[73]

Г. *Службена епистоларна интеракција*. Овој степен на манифестација на принципот на социјалност е потврден со писмата до Сенатот и магистратите, кватуорвирите и декурионите, и со писмата што Кикерон ги напишал во својство на проконзул на Киликија до различни негови *collegae*: Квинт Минукиј Терм, Коелиј Калд, Салустиј Канин, Силиј, Гај Касиј

[73] За Лукиј Лукеј и за писмата на Кикерон до него, види SB, *F I*: 318-9 и SB, *F II*: 358-9, за писмото до Гај Антониј – SB, *F I*: 282-3, до Квинт Метел Келер – SB, *F II*: 276, до Каекилиј Метел Непот – SB, *F II*: 291, до Матиј – SB, *F II*: 486, до Помпеј SB, *F I*: 279, до Каесар SB, *A IV*: 382, SB, *F I*, 329 *F II*: 456-7, до Крас – SB, *F I*: 327, до Фурниј SB, *F II*: 543, до Лепид – SB, *F II*: 509, до Планк SB, *F II*: 442, 479-80, 495, 498-9, 509-10, 516-8, 531-2, 535, 544-5, 550, 565.

Лонгин, Мескиниј Руф, Катон Утички, Апиј Клавдиј Пулкхер *etc.*[74] Со оглед на малубројноста на вакви писма до еден ист адресат, а и со оглед на тоа што овие писма се единствен историски извор за многу од споменатите кореспонденти, прашањето со кои од нив Кикерон бил во симетричен, а со кои во асиметричен сооднос, е исклучително сложено. На некои насоки што би можеле да доведат до одговорите на овие прашања може да упати единствено анализата на микроструктурата на овие писма. Писмата што Кикерон ги напишал како проконзул во многу аспекти се слични на писмата што условно ги вброивме во писма што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција. Единствениот аспект во кој се разликуваат е сознанието дека Кикерон ги напишал во својство на проконзул.

Поделбата на писмата врз основа на принципот на социјалност што ја презентиравме погоре нема за цел да ги опфати сите писма од Кикероновиот епистоларен корпус, ниту, пак, како што ќе видиме понатаму, е конечна. Во корпусот има писма за кои е очигледно дека треба да се третираат како посебен вид на писма, иако тоа што ги издвојува како такви не е степенот на манифестација на принципот на социјалност, туку нивната функција. Фреквентноста на ваквите писма нè упатува на тоа дека манифестацијата на принципот на социјалност не може да биде единствен критериум за класификација. Проблемот не може да се реши ниту во рамки на евентуална типологија на епистоларните поджанрови, бидејќи, како што веќе спомнавме погоре, за многу писма не може да се определи дали имаат стриктно приватен или службен карактер. Дека принципот на социјалност, сепак, има огромно влијае врз структурата на писмата, и на планот на нивната макроструктура и на планот на нивната микроструктура, и без опсежни анализи

[74] За писмата до Квинт Минукиј Терм, види SB, *A III*: 214; до Коелиј Калд *SB, F I*: 456; до Салустиј Канин, SB, *F I*: 457; до Гај Маркел SB, *A II*: 178; до Силиј SB, *A III:* 246; до Гај Касиј Лонгин SB, *F I*: 441, до Мескиниј Руф SB, *F I*: 465-71, 492-3, до Катон Утички – SB, *F I*: 437-8, 446-9, 450-1, Апиј Клавдиј Пулкхер – SB, *F I*: 359-69.

е очигледно. Така, во писмата што се производ на приватна лична и на приватна семејна епистоларна интеракција, како, на пример, писмата до Атик, Квинт или Теренција, Тулија и Марк, Кикерон честопати не ги следи конвенциите потврдени во писмата што се производ на другите два типа на епистоларни интеракции, туку макроструктурата на писмото ја гради спонтано: започнува со ексклamативни или прашални реченици, спонтано преминува од тема на тема *etc.*. Во писмата, пак, што ги третираме како производ на приватна дистанцирана или на службена епистоларна интеракција, при презентацијата на дискурсните содржини Кикерон применува пософистицирани дискурсни стратегии. На планот на микроструктурата влијанието на принципот на социјалност е видливо уште на самиот почеток на писмото, во уводните поздравни формули. На пример, во писмата што се производ на приватна лична или на семејна епистоларна интеракција уводната поздравна формула го има обликот, на пример, *Tullius Terentiae suae s.* „Тулиј ја поздравува својата Теренција“ (e.g. *Fam.* 14. 7 = 155 SB) / *Tullius s. d. Terentiae et Tulliae et Ciceroni suis* „Тулиј ги поздравува своите Теренција, Тулија и Кикерон“ (e.g. *Fam.* 14. 4 = 6 SB), а во писмата што се производ на приватна дистанцирана или на служена епистоларна интеракција обликот *M. Cicero s. d. Lucceio Q. f.* „Марк Кикерон го поздравува Лукеј, синот на Квинт“ (e. g. *Fam. 5.* 12. = 22 SB) или обликот *M. Tullius M. f. Cicero s. d. Cn. Pompeio Cn. f. Magno imperatori* „Марк Тулиј Кикерон, синот на Марк, го поздравува императорот Гнај Помпеј Велики, синот на Гнај“(*Fam.* 5. 7 = 3 SB).

## *Принцип на реципрочна размена*

Втората регулативна детерминанта, принципот на реципрочна размена, има статус на регулативна детерминанта поради дијалошкиот карактер на праксата на допишување. Писмата, продуктите на оваа пракса, се споредливи со иницијативните и реактивните чекори на учесниците во дијалог. Исходот на дијалогот, без оглед на медиумот преку кој тој се

одвива, устен или писмен, нужно подразбира „промена на говорните субјекти" (Бахтин, 1979: 250): прашање-одговор, заповед-извршување *etc*.. Примената на пишан медиум, при тоа, создава различна комуникациска ситуација од таа во која се одвива усниот дијалог. Иманентни одлики на оваа комуникациска ситуација се неможноста за брза промена на говорните субјекти и неможноста за примена на паралингвистички средства - мимика, интонација, гестови и сл. За да ги надминат овие ограничувања, учесниците во епистоларната интеракција се принудени да изнаоѓаат различни стратегии за да реализираат идентични комуникациски цели.[75]

Во епистоларниот дискурс се застапени многу манифестации на принципот на реципрочна размена, речиси во секое писмо. Една од најелементарните такви манифестации се изразите со кои Кикерон уште на самиот почеток на писмото изразува задоволство или му искажува благодарност на адресатот за писмата што ги добил (пример бр. 16) или го известува дека примил од него писма и го потсетува на тоа што било содржано во нив (пример бр. 17):

(16) *Gratae mihi tuae litterae fuerunt; ex quibus intellexi, quod etiam sine litteris arbitrabar, te summa cupiditate adfectum esse videndi mei.* (*Fam.* 5. 21. 1 = 182 SB)[76]

(17) *Accepi Id. Sext. quattuor epistulas a te missas: unam qua me obiurgas et rogas ut sim firmior; alteram qua Crassi libertum ais tibi de mea solicitudine macieque narasse; tertiam quae demonstras acta in senatu; quartam de eo quod a Varrone scribis tibi esse cofirmatum de voluntate Pompei.* (*Att.* 3. 15. 1 = 60 SB)[77]

Влијанието на принципот на реципрочна размена може да биде експлицитно изразено и со предикат во 2 лице еднина

---

[75] За разликите меѓу епистоларниот и дијалогот лице в лице, види Garcea, 2002.

[76] „Ме израдува твоето писмо; од него го разбрав тоа што го мислев и без писмо, дека гориш од силна желба да ме видиш".

[77] „На августовските Иди примив од тебе четири писма: првото е тоа во кое ме прекоруваш и ме молиш да бидам поцврст; второто - тоа во кое велиш дека ослободеникот на Крас ти раскажувал за мојата самотија и слабост; третото - тоа во кое ги изложуваш настаните во Сенатот; четвртото – тоа во кое пишуваш дека Варон ти дал потврда за добрата волја на Помпеј."

индикатив на презент активен *scribis* и конструкција ACI како директен објект (пример бр. 18), со употреба на парентетичкиот израз *ut scrbis* (пример бр. 18) или со облик на *scribere* во минато време во пасив (пример бр. 20). Со овие изрази Кикерон упатува на исказот на другиот учесник во интеракцијата, неговиот актуелен адресат:

(18) *Ciceroni scribis te longiorem daturum epistulam,...* (*ad Brut.* 22 (I. 14) 1 = 22 SB)[78]

(19) *De Censorino, Antonio, Cassiis, Scaevola, te ab iis diligi, ut scribis, vehementer gaudeo.* (*Q. fr.* 1. 2. 13 = 2 SB)[79]

(20*) Quod in epistula tua scriptum erat me iam <te> arbitrari designatum esse, scito nihil tam exercitum esse nunc Romae quam candidatos omnibus iniquitatibus nec quando futura sint comitia sciri.* (*Att.* 1. 11. 2 = 7 SB)[80]

Анализата на начините на кои во писмата се манифестира принципот на реципрочна размена упатува на тоа дека Кикерон исклучително често упатува на исказот на другиот учесник во епистоларниот дијалог со примена на конструкциите што во функционалната граматика се означуваат со терминот *тема конституенти* (Theme constituents). Во овие конструкции, исто така, може да биде присутен глаголот *scribere* (пример бр. 21), но дискурсниот чекор на адресатот може да биде опишан и поинаку (пример бр. 22):

(21) *Quod ad me scribis de sorore tua, testis erit tibi ipsa quantae mihi curae fuerit ut Quinti fratris animus in eam esset is qui esse deberet.* (*Att.* 1. 5. 2 = 1 SB)[81]

(22) *Quod mihi de filia et de Crassipide gratularis, agnosco humanitatem tuam speroque et opto nobis hanc coniunctionem voluptati fore.* (*Fam.* 1. 7. 11 = 18 SB)[82]

---

[78] „Пишуваш дека на Кикерон [Помладиот] ќе му напишеш подолго писмо... "

[79] „За тоа дека си почитуван од Кенсорин, Антониј, браќата Касии и Скаевола, како што пишуваш, многу се радувам."

[80] „За тоа што си ми напишал во твоето писмо дека мислиш дека сум веќе избран, знај дека во Рим сега никој не е на поголема мака од кандидатите, кои трпат секакви неволи, и дека уште не се знае кога ќе се одржат изборите."

[81] „Што се однесува до тоа што го пишуваш за сестра ти, самата ќе ти посведочи колку многу настојував брат ми Квинт кон неа да се однесува така како што треба."

Функцијата на тема конституентите е да го ориентираат адресатот кон темата што следи во дискурсот. Во функционалната граматика на Дик (Dik, 1997: 387-401) овие и сличните употреби имаат третман на поттип на вон-реченичните конституенти чија функција се остварува во рамки на организацијата на дискурсната содржина.

Манифестација на принципот на реципрочна размена се и исказите во кои Кикерон го поттикнува адресатот на понатамошна епистоларна интеракција. Функцијата на овие употреби, кои во дискурсот се исклучително фреквентни, е да ја одржат кохеренцијата на глобално ниво, во рамки на епистоларната конверзациска структура. Тие најчесто се среќаваат при крајот или на самиот крај на писмото. Освен показатели на принципот на реципрочна размена тие се и показатели на принципот на поттикнување на адресатот на интеракција:

(23) *Prognostica mea cum oratiunculis prope diem expecta, et tamen quid cogites de adventu tuo scribe ad nos.* (*Att.* 2. 1. 11 = 21 SB)[83]

(24) *Tu velim ad me quam saepissime et de tuis rebus scribas et de meis et de omni rei publicae statu.* (*Fam.* 3. 8. 10 = 70 SB)[84]

Јазичните манифестации на принципот на реципрочна размена имаат функција во рамки на остварувањето на кохеренцијата на епистоларната конверзација, но и во рамки на воспоставувањето на кохеренција во самото писмо. Во таа смисла, како што забележува Поповиќ (Поповић, 2000: 35-6), тие имаат анафоричко-катафоричка природа. Нивното присуство во самиот дискурс се должи на ограничувањата што произлегле од неможноста говорните субјекти, т.е. учесниците во преписката,

---

[82] „Во врска со тоа што ми честиташ за ќерка ми и за Красипед, ја ценам твојата љубезност и се надевам и силно сакам овој брак да ни биде извор на радост."

[83] „Мојот превод *Prognostica* и говорчињата очекувај ги секој ден, но сепак пиши ми што планираш за твоето доаѓање."

[84] „Би сакал да ми пишуваш што почесто за твоите работи, за моите и за целокупната состојба во Републиката."

да го задоволат принципот на реципрочна размена веднаш, како што е возможно во комуникација преку устен медиум. Оттаму, учесниците во епистоларната интеракција имаат потреба да создадат ментална репрезентација кај другиот учесник во интеракцијата што ќе ја долови атмосферата на дијалог лице в лице. Тоа подразбира елаборација на дискурсните чекори на другиот учесник во дијалогот и поттикнување на интеракција.

Кога се говори за принципот на реципрочна размена нужно е да се нагласи дека во некои случаи адресатот може да биде ослободен од реализацијата на овој принцип. Тоа е случај со писмата во кои се искажува благодарност или предупредување и со писмата што претставуваат известувања. Во Кикероновите збирки пример за писма во кои исполнувањето на овој принцип не е обврзно се писмата упатени до Сенатот и магистратите и некои од писмата што Кикерон ги напишал до некои магистрати за време на неговиот престој во Киликија. Во овие писма не се застапени вообичаените јазични манифестации на принципот на реципрочна размена.

### *Принцип на поттикнување на интеракција*

Третата регулативна детерминанта, принципот на поттикнување на адресатот на интеракција, произлегува од клучната причина за иницирање на каков било вид на интерперсонална комуникација – да се предизвика реакција кај друг. Овој принцип е во тесна врска е со принципот на реципрочна размена, па, оттаму, некои од показателите на неговото влијание се во исто време и показатели на влијанието на принципот на реципрочна размена. Експлицитна манифестација на влијанието на овој принцип се директивите со кои адресантот го поттикнува адресатот на понатамошна интеракција и прашањата. Реторичките прашања, и покрај тоа што од аспект на илокуторната сила се асертиви, исто така се манифестација на овој принцип, бидејќи нивната улога е да го насочат вниманието на адресатот кон определена тема.

Најелементарна, и воедно најретко застапена, манифестација на принципот на поттикнување на интеракција се императивот на презент или императивот на футур од глаголи што значат „пишувам“: *scribere*, *rescribere* или *perscirbere*, како во примерот бр. 23. Кикерон многу почесто го поттикнува адресатот на епистоларна интеракција со барателни реченици, (*e. g. te rogo ut ad me scribas* или *tu velim ad me scribas*), отколку со императиви.[85] Манифестации на овој принцип се и директивите што ја содржат синтагмата *certiorem facere* „известува“, како во примерот бр. 25, а во некои случаи директивот може да биде реализиран и на индиректен начин, најчесто со изразот *tuas litteras exspecto* „ги очекувам твоите писма“, како во примерот бр. 26:

(25) *Tu velim et quid agas et quid acturum te putes facias me quam diligentissime certiorem.* (*Fam.* 4. 14. 4 = 240 SB)[86]

(26*) Valde enim exspecto tuas litteras.* (*Att.* 2. 5. 3 = 25 SB)[87]

Ваквите директиви најчесто се јавуваат на самиот крај на писмото, пред завршната поздравна формула, или, во некои случаи, на крајот од определена тематска целина. Понекогаш, се јавуваат и повеќе пати во едно исто писмо.

Манифестации на принцпиот на поттикнување на адресатот на интеракција, освен директивите, се и прашањата. Во сегментите од текстот во кои се застапени прашања се среќаваат и други показатели на интеракцискиот карактер на сегментот од текстот, како во примерот бр. 27, во кој е вметнат парентетичкиот израз *obsecro te* „те молам“:

(27) *Quid agit, obsecro te, Attica nostra? (Att.* 13. 13. 3 = 321 SB)[88]

[85] Императивите *scribe*, *perscribe* и *adscribe* се јавуваат само 29 пати во целиот корпус: 23 пати во *Att.*, 4 пати во *Fam.*, 2 пати во *Q. fr.* и ниту еднаш во *ad Brut.*; императивите на футурот, пак, од истите глаголи се јавуваат само 7 пати во збирката *Att.*.

[86] „Би сакал што поревносно да ме известуваш за тоа што правиш и за тоа какви ти се плановите.“

[87] „Со нетрпение ги очекувам твоите писма.“

[88] „Што прави, те молам, нашата Атика?“

Често во антепозиција или постпозиција на прашањата се јавуваат и други показатели на принципот на поттикнување на епистоларна интеракција. Така, во примерот бр. 28 на низата прашања ѝ претходи исказот *de istis rebus exspecto tuas litteras* „за овие работи ги очекувам твоите писма“, а во примерот бр. 29 зад прашањата следи директивот *velim scribas ad me* „би сакал да ми пишеш“. Атмосферата на вистински дијалог во примерот бр. 29, покрај прашањето и директивот, ја доловува и извикот *heus* „еј“:

(28) *De istis rebus exspecto tuas litteras, quid Arrius narret, quo animo se destitutum ferat, et qui consules parentur, utrum, ut populi sermo, Pompeius et Crassus, an, ut mihi scribitur, cum Gabinio Ser. Sulpicius, et num quae novae leges et num quid novi omnino, et, quoniam Nepos proficiscitur, cuinam auguratus deferatur, quo quidem uno ego ab istis capi possum – vide levitatem meam! sed quid ego haec, quae cupio deponere et toto animo atque omni cura φιλοσοφεῖν?* (*Att.* 2. 5. 2 = 25 SB)[89]

(29) *Sed heus tu, ecquid vides Kalendas venire, Antonium non venire? iudices cogi? nam ita ad me mittunt, Nigidium minari in contione se iudicem qui non adfuerit compellaturum. velim tamen si quid est de Antoni adventu quod audieris scribas ad me et, quoniam huc non venis, cenes apud nos utique prid. Kal. cave aliter facias.* (*Att.* 2. 2 = 22 SB)[90]

Реторичките прашања, и покрај тоа што се прашања само од формален аспект, исто така претставуваат манифестација на принципот на поттикнување на адресатот на интеракција, иако од нив не се очекува одговор. Тие се манифестација на овој

[89] „За овие работи ги очекувам твоите писма: што раскажува Арij, како го поднесува тоа што го оставија на цедило, кои ќе бидат следните конзули, дали, како што се зборува меѓу народот, ќе бидат Помпеј и Крас, или, како што ми пишуваат – Габиниј и Сулпикиј, има ли предлози за нови закони или што било друго ново, и, бидејќи Непот си заминува, кому му е понудена авгурската служба? Гледај колку сум лесноумен, само ова ми е доволно да се занесам. Но зошто прашувам за сево ова, кога сакам да ги баталам овие работи и со сета душа и со сето внимание да ѝ се посветам на философијата?“

[90] „Туку, еј, гледаш ли дека Календите доаѓаат, а Антониј не доаѓа? Гледаш ли дека судиите се под притисок? Ова ти го велам оти ми пишуваат дека Нигидиј јавно се заканува дека ќе го изведе пред суд секој судија што нема да се појави. Сепак, би сакал да ми пишеш ако чуеш нешто за доаѓањето на Антониј, а бидејќи не доаѓаш овде, гледај да дојдеш на вечера еден ден пред Календите. Гледај да постапиш така и никако поинаку. “

принцип, бидејќи нивната функција е да го насочат вниманието на адресатот кон определена тема. Како што забележува Хал (Hall, 2009: 146), читателот има чувство како авторот да го засилил гласот, да се вознемирил или да се налутил:

(30) *Nam quod ad legatos attinet, quid a me fieri potuit aut elegantius aut iustius quam ut sumptus elegantissimarum civitatum minueram sine ulla imminutione dignitatis tuae, praesertim ipsis civitatibus postulantibus?* (*Fam.* 3. 8. 2 = 70 SB)[91]

Често во директивите и во вистинските или реторичките прашања се среќаваат парентетички изрази со значење „те молам“: *quaeso, oro te, obsecro te, si me amas* и *amabo te.* Тоа што овие изрази се среќаваат во прашања и во директиви може да се протолкува и како израз на учтивост, но се чини дека нивното присуство во овој тип на говорни чинови повеќе се должи на намерата на авторот да ја нагласи итноста од исполнување на директивот или од добивање на одговор. Во реторичките прашања, пак, нивната функција е да ја засилат емфатичноста на исказот. Во примерот бр. 31 Кикерон го поттикнува Атик кон интеракција со две прашања, со директив и со перформативот *oro te,* а во примерот бр. 32 итноста за исполнувањето на директивот е нагласена со парентетичкиот исказ s*i me amas*:

(31) *Apellas vix discesserat, cum epistula. quid ais? putasne fore ut legem non ferat? dic, oro te, clarius; vix enim mihi exaudisse videor. (Att.* 4. 8a. 1 = 82 SB*)*[92]
(32) *immo vero, si me amas, tu fac ut sciam quid de nobis futurum sit. (Fam.* 9. 17. 1 = 195 SB)[93]

Во некои писма не се присутни манифестации на принципот на поттикнување на интеракција или тие се малубројни. Како што

[91] „Што се однесува до легатите, зар можев да направам нешто подобро и поправедно од тоа што ги намалив трошоците на најсиромашните граѓани, без да го загрозам твојот углед, особено кога самите граѓани го бараа тоа?“
[92] „Само што Апел си замина, кога писмо. Што велиш? Мислиш дека нема да го предложи законот? Зборувај, те молам, погласно. Мислам дека едвај те чув.“
[93] „Сепак, ако ме сакаш, направи да дознаам што ќе се случи со мене.“

може да се добие впечаток и од погоре посочените примери, манифестациите на овој принцип се најмногу застапени во писмата до Атик, кои се типична парадигма за писма што се производ на приватна лична интеракција. Тие не се среќаваат во писмата до Сенатот и магистратите и во писмата на препорака од збирката *Ad familiares*.

### *Принцип на заеднички коефициенти*

Принципот на заеднички коефициенти се однесува на аспектите на епистоларниот дискурс што се детерминирани од влијанието на она што учесниците во епистоларната интеракција заедно го поседуваат како знаење или искуство. Издвојувањето на овој принцип како регулативен се темели врз фактот што говорните субјекти вон светот на текстот поседуваат различни коефициенти на заеднички знаења и искуства. Оваа варијабилност на коефициентите, иманентна на вон-јазичната реалност, се рефлектира и врз епистоларниот дискурс во смисла на тоа што учесниците во епистоларната интеракција со повеќе заеднички коефициенти можат да го минимизираат лингвистичкиот напор, и при организацијата на дискурсните содржини и при реализацијата на говорните чинови, без при тоа да дојде до недоразбирање. Рефлексија на ова во приватните преписки, односно во преписките меѓу кореспонденти што поседуваат поголем број на заеднички коефициенти, е економичноста на јазичниот израз. Адресатот може лесно да ја декодира епистоларната порака, бидејќи тоа што го нема во текстот, тоа што е испуштено, тој го знае. Во услови на присуство на помал број на заеднички коефициенти, учесниците во епистоларната интеракција бираат поексплицитни средства за реализација на говорните чинови за да го надополнат знаењето на другиот учесник во епистоларната интеракција. Во спротивно, декодирањето на пораката од страна на адресатот би било неуспешно и прагматичката цел на писмото не би била исполнета.

Споредбата на писмата до различни адресати ја потврдува релевантноста на овој универзален принцип на епистоларниот дискурс, дефиниран од Поповиќ (Поповић, 2000: 57-70). Имено, иако декодирањето на писма разменети меѓу кореспонденти пред повеќе од 2000 години за денешниот читател само по себе е предизвик, предизвикот е најголем при соочувањето со писмата до Атик. Ова се должи на тоа што овие писма се типична парадигма за писма разменети меѓу кореспонденти со многу голем број на заеднички коефициенти. Големиот број на заеднички коефициенти се рефлектира врз сите слоеви од текстот на овие писма. Така, на планот на макроструктурата ова влијание е евидентно на самиот почеток на некои писма, кој, спротивно на вообичаените епистоларни конвенции, често е ненадеен, обележан со ексламативни реченици (*Att*. 2. 13 = 33 SB, 8. 8 = 158 SB, 9. 2a = 169 SB, 10. 10 = 201 SB *etc*.), вистински или реторички прашања (*ibid*. 7. 8 = 131 SB, 9. 11 = 178 SB, 9. 13a = 181 SB *etc*.) или извици (*ibid*. 5. 11. = 104 SB). Истите средства Кикерон ги применува и при премин кон нова тема, а во многу писма е евидентно и поголемото, во однос на писмата до други адресати, присуство на метадискурсни изрази како *redeo ad*... „се враќам на..." (*Att*. 5. 20. 8 = 113 SB *etc*.), *venio ad*... „доаѓам до..." (*Att*. 6. 1. 3 = 115 SB *etc*.), *nunc, ad rem ut redeam*... „сега да се вратам на темата" (*Att*. 13. 21. 3 = 351 SB *etc*.) *etc*. Веројатно најсилна манифестација на големиот број на заеднички коефициенти на планот на макроструктурата во писмата до Атик е праксата на Кикерон да ги предвиди забелешките или прашањата што Атик евентуално би му ги упатил и веднаш да одговори на нив. Со оваа пракса Кикерон, поаѓајќи од искуствата што ги има со Атик, на некој начин, го става Атик во улога на коавтор на писмото:

(33) *'non consulare' inquies 'dictum.' fateor; sed (...) 'istos' inquies 'mercede conductos habebimus?' quid faciemus si aliter non possumus?...* (*Att*. 2. 1. 5-8 = 21 SB)[94]

[94] „Ќе речеш: „таков говор не му прилега на конзул." Признавам, но (...). „Ќе треба ли тогаш таквите", ќе речеш, „да ги земеме како наемници?" А што да правиме ако не може поинаку?"

(34) *Dices profecto persuaderi illi ut tradat exercitum et it consul fiat. est omnino id eius modi ut, (...). 'at sic malo' inquies 'quam cum exercitu.' certe; sed (...)* (*Att.* 7. 9. 3 = 132 SB)[95]

Манифестациите на големиот број на заеднички коефициенти меѓу Кикерон и Атик се видливи и на планот на микроструктурата. Прво, при реализацијата на говорните чинови, Кикерон во некои писма имињата на лицата на кои реферира ги заменува со други имиња. На пример, името на Помпеј понекогаш го заменува со имињата *Sampsiceramus* (*Att.* 2. 14. 1 = 34 SB, 2. 16. 2 = 36 SB, 2. 17. 1 = 37 SB, 2. 23. 2 = 43 SB), *Epicrates* (*ibid.* 2. 3. 1 = SB 23), *Hierosolymarius* (*ibid.* 2. 9. 1 = 29 SB), *Magnus* (*ibid.* 1. 16. 11-12 = 16 SB, 1. 20. 5 = 20 SB, 2. 13.  2 = 33 SB, 6. 1. 22 = 115 SB или *Arabarches* (*ibid.* 2. 17. 3 = 37 SB), а од контекстот е јасно дека реферира на него и со *ille amicus* „оној пријателот“ (*ibid.* 1. 13. 4 = 13 SB, 2. 21 = 44 SB) или само со заменката *ille* „оној“ (*ibid.* 7. 9. 3 = 132 SB, 10. 7. 1 = 198 SB). Името на Клодија го заменува со прекарот *βοῶπις* „волоока“ (*ibid.* 2. 9. 1 = SB 29, 2. 12. 2 = 30 SB, 2. 14. 1 = 34 SB *etc.*), со *calvus ex Nanneianis* „ќелавиот од Намнетите“ веројатно упатува на Крас (*Att.* 1. 16. 5 = 16 SB) *etc.* Недовербата во доставувачот, сигурно, била еден од клучните мотиви за фреквентната употреба на овие и на сличните *ἀλληγόριαι*, како што сугерира Нихолсон (Nicholson, 1994: 50), но Кикерон *можел* да ги употреби, само затоа што знаел дека Атик ќе го разбере. Во услови на отсуство на заеднички коефициенти, нивната примена како начин на кодификација не би била ефикасна, зашто адресатот не би успеал да го декодира нивното значење и, со тоа, прагматичката цел на писмото не би била исполнета.

Друга манифестација на големиот број на заеднички коефициенти меѓу Кикерон и Атик е исклучително економичниот израз. Краткоста (*brevitas*), која се смета за генерална одлика на епистоларниот латински јазик (Halla-aho, 2011: 431), е најсилно потврдена во писмата до Атик, Требатиј и

[95] „Сигурно ќе речеш дека ќе го убедат да ја предаде војската и така да стане конзул. Тоа во целост е така (...) Ќе речеш, „Но така е подобро отколу со војска.“ Сигурно, но (...)“

Паст, а помалку во писмата до другите адресати. Од тој аспект, таа не претставува толку генерална одлика на епистоларниот латински, колку што е одлика на јазикот на писмата што од аспект на степенот на манифестација на принципот на социјалност претставуваат писма што се производ на приватни лични епистоларни интеракции. Од бројните примери кои упатуваат на економичниот израз на Кикерон во писмата до Атик тешко е да се издвои еден, но следниот пример е еден од поилустративните:[96]

(35) *nunc ad ea <quae> quaeris de C. Catone. lege Iunia et Licinia scis absolutum; Fufia ego tibi nuntio absolutum iri, neque patronis suis tam libentibus quam accusatoribus. is tamen et mecum et cum Milone in gratiam rediit. Drusus reus est factus a Lucretio. iudicibus reiciendis <dies> a. d. v Non. Quint. de Procilio rumores non boni; sed iudicia nosti. Hirrus cum Domitio in gratia est. senatus consultum quod hi consules de provinciis fecerunt, 'quicumque posthac...', non mihi videtur esse valiturum. (Cic. Att.* 4. 16. 5 = 89 SB)[97]

Економичноста на изразот се должи на блискоста меѓу кореспондентите. Колку што е таа поголема, толку е помал ризикот дека ќе дојде до недоразбирање (von Albercht, 2003: 56). Постоењето на поголем број на заеднички коефициенти е она што му овозможува на адресатот лесно да ја декодира пораката, односно да го подразбере она што го нема во текстот. Во преписки меѓу кореспонденти со помал број на заеднички коефициенти ваквата економичност е ризична. Дека Кикерон

[96] Присуството на елипси во писмата до Атик е евидентирано од многу автори. Види, на пример, Dammann, 1910: 26-9, 46-7, Menna, 1955, von Albrecht, 2003: 56-7, Halla-aho, 2011: 431.

[97] „Сега, за она што прашуваш за Корнелиј Катон. Знаеш дека [беше] ослободен со [законот] Јунија Ликинија; јас ти кажувам дека ќе биде ослободен [од другите обвиненија] со [законот] Фуфија и бранителите нема да му бидат толку среќни како обвинителите. Тој сепак ни искажа благодарност и на мене и на Милон. Друс беше обвинет од Лукретиј. Судот ќе заседава на 3 јули. За Прокилиј не се зборува добро, но ги знаеш судовите. Хир и Домитиј се пријатели. Сенатската одлука што конзулите ја донесоа за провинциите „Секој што во иднина...“ ми се чини дека нема да има влијание.“

малку ризикувал во оваа смисла потврдуваат писмата до другите адресати. Дискурсните стратегии што ги применува во нив значително се разликуваат од оние што ги применува во писмата до Атик. Така, иманентна одлика на неговиот епистоларен дискурс во писмата до, на пример, Коелиј Калд или Катон, е поголемата елаборативност и внимателниот избор на јазични средства за реализација на говорните чинови. Оваа одлика на дискурсот во писмата до овие адресати во голема мера е детерминирана од принципот на учтивост, кој го подразбира формалната комуникација, но дел од стратегиите што се применуваат во рамки на овој вид на комуникација се етаблирале како такви и поради помалиот број на заеднички коефициенти меѓу кореспондентите. Ова се однесува, пред сè, на наративните слоеви од текстот, кои се присутни и во писмата до Атик и во некои од писмата до адресатите за кои е извесно дека со Кикерон споделувале помал број на заеднички коефициенти. За разлика од писмата до Атик, овие писма се одликуваат со присуство на голем број на конституенти со помошен статус, и на ниво на реченица и на ниво на текст, што, несомнено, се должи и на неопходноста да се надополни знаењето на другиот учесник во епистоларната интеракција.[98]

## *Принцип на моделирање на стварност*

Последната универзална регулативна детерминанта на епистоларниот дискурс е принципот означен од Поповиќ како *правило на моделирање на стварноста* (Поповић, 2000: 70-76). Издвојувањето на ова правило произлегува од потенцијалот на писмото како форма за изразување на сопствената слика за вонјазичната реалност. Моделирањето на стварноста, според Поповиќ, најмногу од сите други регулативни правила на епистоларниот дискурс го истакнува лудичкиот елемент во праксата на допишување. Преку него „адресантот се обидува да

[98] Види, на пример, Cic. *Fam.* 3. 3 = 66 SB, 3. 4 = 67 SB, 3. 5 = 68 SB, 3. 6. 1-6 = 69 SB, 3. 7 = 71 SB, 15. 4. 2-11 = 110 SB.

го објасни својот однос кон светот и да се смести себе во матрицата од архетипови на однесување и дејствување“ (*ibid*. 70). Неконтактноста, интимноста и дискретноста, му овозможува на авторот/адресантот да изложи субјективно видување на одреден аспект од стварноста и да се презентира себе си така како што не би можел да се презентира во комуникација лице во лице, поради низа субјективни или објективни причини: срам, негативна антиципација на реакцијата на другиот, неконвенционалност на некоја постапка во рамки на обрасците на однесување востановени во неговата култура *etc*. Неконтактноста и епистоларното време, воедно, му овозможуваат на авторот на писмото полесно да актуелизира аспекти од вон-текстуалната стварност и, при тоа, самостојно да го моделира сопствениот придонес во интеракцијата. Благодарение на времето што му стои на располагање може да изгради за себе таква слика каква што најмногу посакува, да ги предвиди евентуалните реакции на другиот учесник во неконтактната комуникација и да одговори на нив онака како што смета дека е најдобро.

Потребата на Кикерон да изнесе субјективен став во однос на определено прашање или да искаже емоција често е клучниот мотив за отпочнување на епистоларната интеракција. Оттаму, во писмата се застапени многубројни манифестации на принципот на моделирање на стварноста. Вообичаени експлицитни јазични показатели на влијанието на овој принцип се сегментите од текстот во кои се среќаваат изрази на субјективност[99] и изрази што означуваат емотивна состојба. Изразите на субјективност можат да содржат глагол што означува ментална состојба во

---

[99] Терминот *субјективност* во лингвистиката е воведен од Бенвенист. Тој прв забележал дека говорителот се поставува во улога на *субјект* на дискурсот не само со употребата на лични заменки, туку и со употребата на одредени глаголи што означуваат ментална склоност или ментално дејство: *верувам, чувствувам, претпоставувам, мислам* etc. За разлика од глаголите што означуваат дејство што граматичкиот субјект секогаш го врши на ист начин, независно од категоријата лице, овие глаголи кога се употребени во 1 лице претставуваат опис на сегашната состојба на субјектот на дискурсот, а кога се употребени во 2 или 3 лице претставуваат субјективна евалуација или *verbatim* пренесување на туѓи зборови (Benvenist, 1975: 204-5).

прво лице (*puto, arbitor, opinor* „мислам“, „сметам“, *credo* „верувам“, *scio* „знам“, *videtur mihi* „ми се чини“, „мислам“ *etc.*), евалуативна придавка (*bonus* „добар“, *malus* „лош“, *bellus* „убав“, *mirificus* „чудесен“, *turpis* „срамен“ *etc.*), евалуативен прилог (*bene* „добро“, *male* „лошо“, *incredibliter* „неверојатно“ *etc.*) или прилог кој искажува степен на увереност (*certe* „сигурно“, *fortasse* „можеби“, *sane* „навистина“ *etc.*). Вообичаени показатели, пак, на изразите на емотивна состојба се глаголите кои значат „се плашам“ (*vereor, timeo, pertimesco etc*), „сакам“, „посакувам“ (*volo, cupio etc.*), „се сомневам“ (*dubito, suspicor etc.*) употребени во прво лице. Присуството на изрази на субјективност и на изрази на емотивна состојба не е единствен показател на влијанието на принцпиот на моделирање на стварност. Начините на кои авторот настојува да го објасни својот однос кон светот се разновидни и бројни. Во однос на начините на кои авторот може да изрази емотивна состојба индикативен е следниот пример од едно писмо до Теренција од периодот на егзил. Показатели на емотивната состојба се извиците на почетокот на дискурсниот чекор, а колебањето е јазично реализирано со низа од неколку прашални реченици:

(36) *O me perditum, o me adflictum! quid nunc? rogem te ut venias, mulierem aegram, et corpore et animo confectam? non rogem? sine te igitur sim? opinor, sic agam: si est spes nostri reditus, eam confirmes et rem adiuves; sin, ut ego, metuo, transactum est, quoquo modo potes, ad me fac venias. unum hoc scito: si te habebo, non mihi videbor plane perisse. sed quid Tulliola mea fiet? iam id vos videte; mihi deest consilium. sed certe, quoquo modo se res habebit, illius misellae et matrimonio et famae serviendum est. quid? Cicero meo quid aget? iste vero sit in sinu semper et complexu meo. non queo plura iam scribere; impedit maeror.* (*Fam.* 14. 4. 3 = 6 SB)[100]

[100] „Ох, колку сум безнадежен и очаен! И сега што? Да барам од тебе да дојдеш? Ти, болна жена, истоштена и телесно и духовно. Да не го барам ли тоа? Да останам ли без тебе? Вака мислам да постапам. Ако има надеж за враќање, провери дали е заснована и поттурни ја работата. А ако е сè готово, како што се плашам дека е, тогаш дојди кај мене како знаеш и умееш. Сакам само да го знаеш ова: да беше ти тука, немаше да чувствувам дека целосно пропаѓам. Што ќе биде со мојата Тулиичка? Вие одлучете за ова. Јас сум неодлучен. Туку, како и да стојат работите, бракот и угледот на оваа

Потенцијалот на писмото како медиум погоден за актуелизација на аспекти од стварноста, кои поради низа различни причини е тешко да се актуелизираат при комуникација лице в лице, за првпат е забележан токму од Кикерон, или барем не постои податок дека е поинаку. Сублимиран е во мислата *epistula non erubescit* „писмото не црвенее“, којашто се среќава во уводниот дел на едно писмо до Лукиј Лукеј, оратор, и пријател на Кикерон.[101] Во писмото Кикерон се охрабрува во отсуство (*absens*) да побара од Лукеј да исполни едно свое претходно дадено ветување: да напише панегирик за периодот на неговиот конзулат и за настаните што следеле по него. Тоа што го одвраќало од разговор за ова лице во лице (*coram agere*) бил „простодушен срам“ (*pudor subrusticus*):

(37) *Coram me tecum eadem haec agere saepe conantem deterruit pudor quidam paene subrusticus quae nunc expromam absens audacius; epistula enim non erubescit. Ardeo cupiditate incredibili neque, ut ego arbitror, reprehendenda nomen ut nostrum scriptis illustretur et celebretur tuis. quod etsi mihi saepe ostendis te esse facturum, tamen ignoscas velim huic festinationi meae. (Fam.* 5. 12. 1 = 22 SB) [102]

Структурата на ова писмо Кикерон ја воспоставува поаѓајќи од сопствената негативна антиципација на одговорите до кои би можело да дојде во услови на комуникација лице во лице. Така, поаѓајќи од претпоставката дека Лукеј може да го одбие поради презафатеност (*potest enim mihi denegare occupatio tua* (*Fam*. 5. 12. 3 = 22 SB)) или поради тоа што смета дека неговите дела не се толку достојни за пофалба (*quid si illa tibi non tanto opere videntur ornanda?*

---

несреќна девојка мора да се зачуваат. Што? Што да прави мојот Кикерон? Секогаш би го штител и би го гушкал. Не можам веќе да пишувам, ме совладува тага.“

[101] За писмото на Кикерон до Лукеј, види Rudd, 1992, Hall, 1998, Lintott, 2008: 215-7.

[102] „Некаков речиси простодушен срам ме одвараќаше кога се обидував да разговарам со тебе лице во лице за овие работи кои сега во отсуство ќе ти ги изложам посмело; писмото, нели, не црвенее. Горам од неверојатна желба, која, според мене, не треба да биде потисната, моето име да биде возвеличено и прославено во твоите писанија. Иако ти често ми кажуваш дека имаш намера тоа да го сториш, сепак, би сакал да ми простиш за ова мое брзање.“

(*ibid.*)), тој настојчиво го моли да го пофали дури и повеќе отколку што смета дека заслужува (*te plane etiam atque etiam rogo ut et ornes ea vehementius etiam quam fortasse sentis* или повеќе отколку што дозволува вистината (*plusculum quam concederet vertias* (*ibid.*)). Со примена на различни реторички стратегии, на кои ќе им се навратиме во следната глава, Кикерон го убедува Лукеј дека пишувањето на панегирикот нема да биде полезно само за него, туку дека ќе му донесе слава и на самиот Лукеј. Она што е значајно овде е дека благодарение на писмото, првичниот срам, инхерентен на имагинарната комуникациска ситуација лице во лице, исчезнува. [103] Без намера да навлегуваме во тоа дали писмото до Лукеј е доказ за неверојатната суета на Кикерон (Rudd, 1992) или е само една манифестација на урбан аристократски маниризам (Hall, 1998), писмото за нас е интересно најмногу како парадигма за тоа како принципот на моделирање на стварноста се манифестира во епистоларниот дискурс: Кикерон ја користи неконтактната природа на епистоларната комуникациска ситуација, за да актуелизира деликатен аспект од вон-јазичната реалност. При тоа, сопствениот придонес во епистоларната конверзација го моделира така што ги предвидува евентуалните негативни реакции на Лукеј до кои се плаши дека може да дојде при комуникација лице во лице и одговара на нив така како што цени дека е најдобро. Благодарение на писмото, првичниот срам преминува во целосно отсуство на срам, или дури, ако го читаме текстот на писмото слично како Руд (Rudd, 1992), во бесрамност.

Принципот на моделирање на стварноста е аспект на епистоларноста кој најмногу придонел за тоа писмото да се развие во книжевен жанр. Овој аспект на епистоларноста придонел уште во антиката во писмото, како тип на текст, да се препознае инструмент погоден за пропагирање на идеологии,

[103] Неизвесно е дали Лукеј ја реализирал намерата да напише панегирик за периодот на Кикероновиот конзулат. Со оглед на тоа што таков спис не е зачуван, постојат три можности: дека Лукеј никогаш не го напишал списот, дека го напишал, но дека тој не бил објавен или дека бил објавен, но се изгубил.

одбрана на религиозни и философски доктрини, морални поуки и слично. Изборот на Епикур и на Сенека сопствените философски учења да ги изложат токму во епистоларен облик, појавата на т. н. *киничко писмо*,[104] праксата на објавување на приватни писма и, конечно, развојот на целокупната христијанска епистолографија во многу голема мера се резултат токму на идентификацијата на овој потенцијал на писмото.

## Класификација на писмата

Кога говоревме за принципот на социјалност веќе го допревме прашањето за класификација на писмата. Укажавме на тоа дека поделбата на писмата што ја направивме врз основа на принципот на социјалност на писма кои се производ на приватна лична, приватна семејна, приватна дистанцирана и службена епистоларна интеракција, не може да биде конечна, бидејќи во Кикероновата преписка постојат писма кои е неопходно да се третираат како посебен епистоларен тип. Тоа што ги издвојува како такви не е степенот на манифестација на принципот на социјалност, туку нивната функција. Принципот на социјалност, иако има огромно влијание врз структурата на писмата, како на планот на нивната макроструктура, така и на планот на нивната микроструктура, не може да биде единствен критериум за нивна класификација, бидејќи во преписката се зачувани писма до исти адресати кои не можат да се третираат како ист тип на писма, без оглед на тоа што манифестацијата на принципот на социјалност во нив е идентична.

Релевантноста на поделбата на писмата според принципот на социјалност ја проблематизираат најмногу осумдесетте писма на препорака до различни адресати, од кои некои се јавуваат како адресати и во други писма. Она што овие писма ги издвојува како посебен тип на писма е нивната функција. Некои од нив може да се третираат како производ на приватна епистоларна интеракција, други како производ на службена епистоларна

[104] Види Klauck, 2006: 174-82.

интеракција, но прашањето како во нив се манифестира принципот на социјалност е помалку релевантно. Она што е поважно е какви се тие, која е нивната функција и на кој начин се структурирани, на макро и на микро план. Ова упатува на тоа дека принципот на социјалност не може да биде единствен критериум за класификација на писмата, туку дека при класификацијата треба да се земат предвид и други параметри. Со оглед на тоа, ќе се обидеме да дадеме одговор на прашањето какви сè функции имаат писмата зачувани во Кикероновите збирки. Одговорот на ова прашање ќе го побараме од самиот Кикерон, во чии списи, главно во писмата, се присутни повеќе попатни забелешки за праксата на пишување писма, за типовите писма и за нивните функции.

Веќе укажавме на тоа дека во говорот *Pro Flacco* Кикерон писмата ги класифицира во две генерални категории: *litterae publicae* и *litterae privatae* (Cic. *Flac*. 37). Според оваа класификација, повеќето од неговите писма би влегле во категоријата *litterae privatae*. Дека оваа генерална поделба, направена врз основа на принципот на социјалност, не била единствена во времето на Кикерон, туку дека постоеле и други класификации, видовме во фрагментот од едно писмо до Курион (пример бр. 2), во кој Кикерон од многуте типови писма што вели дека постојат, издвојува три: 1. писма во кои авторот го информира отсутниот друг за нешто што е важно за едниот од учесниците во епистоларната интеракција, 2. *familiare et iocosum genus* и 3. *severum et grave genus*. Првиот од трите споменати типови е типот на писмо поради кој, според Кикерон, настанала праксата на пишување писма. Функцијата на овој тип на писмо е да информира: *ut certiores faceremus absentis si quid esset quod eos scire aut nostra aut ipsorum interesset* „да ги известиме оние што не се тука за нешто што сакаат да дознаат, а е важно за нас или за нив“. Функцијата на вториот тип на писмо, *genus familiare et iocosum*, е да предизвика смеа кај адресатот (*iocari cum aliquo de aliqua re* „да се пошегуваш со некого за нешто“). Функцијата, пак, на третиот тип на писмо, *severum et grave,* е да му ги презентира

на адресатот ставовите на авторот за сериозни теми, односно, за политички прашања (*de re publica* „за Републиката“). Мотивите поради кои настанале два од овие три типови на писма може да се идентификуваат и во едно писмо до Атик:

(38) *Plane nil est quod scribam; nam nec quid mandem habeo (nihil enim praetermissum est) nec quid narrem (novi enim nihil est) nec iocandi locus est;* (*Att.* 5. 5. 1 = 98 SB).[105]

Во фрагментот се наведени трите основи причини (*argumenta scribendi*) поради кои Кикерон му пишувал на Атик писма: кога имал нешто да му порача (*mandare*), кога имал нешто да му раскаже (*narrare*) и, кога сакал да се пошегува (*iocari*). Производ на праксата на пишување писма иницирана од првиот мотив (*mandare*) се писмата што содржат *mandata* – „налози“, „задачи“, [106] односно писмата во кои адресантот бара од адресатот да направи нешто, односно да промени нешто во вонтекстуалната реалност. Писмата што произлегле од вториот мотив (*narrare*) соодветствуваат на оние чија функција е да информираат (*ut certiores faceremus...*). Писмата, пак, иницирани од третиот овде споменат мотив (*iocandi*) се писмата што му припаѓаат на типот на писма кој во писмото до Курион во примерот бр. 2 Кикерон го означува со терминот *familiare et iocosum genus*. Покрај овие три функции, во писмата има референци и на други типови на писма, издвоени врз основа на функцијата. Така, во едно писмо Кикерон му пишува на Антониј Хибрида дека, иако решил повеќе да не му пишува друг тип на писма освен писма на препорака (*commendaticiae*), сепак решил да му напише нешто:

[105] „Баш немам што да ти пишам; оти ниту имам што да ти порачам (ништо не пропуштив), ниту имам што да ти раскажам (нема ништо ново), ниту пак има простор за шега;“

[106] Именката *mandata* во писмата означува и усна порака, но и порака пренесена преку писмо. На усната димензија од нејзиното значење, упатуваат изразите *scriptura mandata dare* (*Fam.* 10. 8. 5 = 371 SB) и *litteris mandare* (*ibid.* 5. 12. 9 = 22 SB).

(39) *Etsi statueram nullas ad te litteras mittere nisi commendaticias (non quo eas intelligerem satis apud te valere, sed ne iis, qui me rogarent, aliquid de nostra coniunctione imminutum esse ostenderem), tamen, cum T. Pomponius, homo omnium meorum in te studiorum et officiorum maxime conscius, tui cupidus, nostri amantissimus, ad te proficisceretur, aliquid mihi scribendum putavi, praesertim cum aliter ipsi Pomponio satis facere non possem.* (*Fam.* 5. 5. 1 = 5 SB)[107]

Функцијата на писмата означени со терминот *commendaticiae* е речиси идентична на онаа што писмата на препорака ја имаат денес: *recommendare aliquem alicui*. Во нив адресантот, повикувајќи се на сопствениот интегритет и на пријателството со адресатот, бара од адресатот да прифати некого *in amicitiam* или да му направи конкретна услуга на некое трето лице.[108] Освен за писмата со ваква функција, во преписката постои потврда и за тоа дека една од функциите на писмата била и некому да му пружат утеха. Овој тип на писма во преписката е потврден со писмата коишто Кикерон им ги упатил, главно, на привrзаници на Помпеј, кои по победата на Каесар во граѓанската војна заминале во егзил. Фрагментот подолу, пак, е од писмо што претставува одговор на писмото на утеха (*consolatio*) кое Лукеј му го испратил на Кикерон по повод смртта на ќерка му Тулија или по повод разводот од Терентија:[109]

[107] „Иако бев решил да не ти праќам никакви други писма освен писма на препорака (не зашто мислам дека тие врз тебе имаат некакво влијание, туку за да не им дадам причина за сомнеж на тие што ме прашуваат за тоа дали блискоста меѓу нас ослабела), сепак, кога Тит Помпониј, човек кој најдобро од сите мои пријатели знае за мојата љубов и моите услуги кон тебе, човек кој тебе те сака и човек што мене ми е најмил, тргна кај тебе, помислив дека треба нешто да ти напишам, особено бидејќи поинаку не можев да му удоволам на самиот Помпониј."

[108] Освен Кикероновите писма на препорака, зачувани се и дваесетина писма на препорака на Плиниј (види Sherwin-White, 1966: 12-3) и шеснаесет на Фронтон (види Van den Hout, 1999: 399).

[109] Писмото на Лукеј не е зачувано, така што е неизвесно точно по кој повод е испратено. Генерално, се смета дека повод била смртта на Тулија, но Шеклтон Бејли ја остава можноста и поводот да бил разводот на Кикерон од Терентија (види SB, *F II*: 358).

(40) *Quamquam ipsa consolatio litterarum tuarum mihi gratissima est (declarat enim summam benevolentiam coniunctam pari prudentia), tamen illum fructum ex iis litteris vel maximum cepi, quod te praeclare res humanas contemnentem et optime contra fortunam paratum armatumque cognovi;* (*Fam.* 5. 13. 1 = 201 SB)[110]

Една од функциите на писмата била и *gratulari alicui* „да се честита некому“. Овој тип на писма е посведочен и со писма кои очигледно претставуваат одговор на писма-честитки:

(41) *Sera gratulatio reprehendi non solet, praesertim si nulla neglegentia pratermissa est.* (*Fam.* 2. 7. 1 = 107 SB)[111]

Врз основа на споменатите функции, писмата во четирите Кикеронови збирки, условно, би можеле да се поделат во шест генерални групи или типови писма:

1. Писма чија примарна функција е *certiorem facere aliquem или narrare alicui aliquid* - да се извести некој за нешто;
2. Писма чија примарна функција е *mandare alicui aliquid* - да му се нарача некому нешто (= *mandata*);
3. Писма чија примарна функција е *iocari cum aliquo de aliqua re* - да се пошегуваш со некого за нешто (= *familiare/iocosum genus*);
4. Писма чија примарна функција е *commendare aliquem alicui* - да му се препорача некој на некого (= *litterae commendaticiae*);
5. Писма чија примарна функција е *consolari aliquem in aliqua re* - да му се пружи утеха некому за нешто (= *consolationes*);
6. Писма чија примарна функција е *gratulari alicui* - да му се честита некому за нешто (= *gratulationes*).

[110] „Иако твоето писмо на утеха ми е мошне драго (оти покажува исклучителна благонаклоност, придружена со подеднакво голема разборитост), сепак, најголема полза од писмото извлеков поради тоа што сфатив дека ти чувствуваш силен презир кон земските нешта и дека си мошне добро подготвен и вооружен да се носиш со ударите на судбината.“

[111] „Задоцнетата честитка обично не треба да се прекорува, особено ако не произлегла од некаква рамнодушност.“

Фрагментот бр. 38 во кој Кикерон бара од Атик да му пишува и кога нема за што, говори дека Кикерон не пишувал писма само кога сакал да извести за нешто значајно, да побара нешто, да се пошегува, да препорача некого, да утеши или да честита.[112] Имено, во преписката постојат писма кои не се репрезенти на ниту еден од шестте спомената типови и писма кои имаат повеќе од една од споменатите функции. Обичајот на Кикерон да пишува писма и кога нема за што, освен во писмата до Атик, е потврден и во писма до Паст, Варон и Терентија. Функцијата на овие писма, кои се производ на приватни лични и на приватни фамилијарни епистоларни интеракци, е *cum absente loqui* „да разговараш со некој што не е тука". Писмата што имаат ваква функција би можеле да ги издвоиме како седми тип на писма, но и да ги третираме како писма кои му припаѓаат на првиот тип *certiorem facere aliquet* или *narrare alicui aliquid,* бидејќи колку и да е минорен поводот за иницирање на епистоларната интеракција, во нив авторот, сепак, го известува адресатот за нешто или бара од него нешто. Писмата, пак, кои имаат повеќе од една функција би влегле во групата на писма што Псевдо-Либаниј во списот *За стилот на писмото* ги означува со терминот *μικτή* „мешано писмо".

Листата на типови писма кои постоеле во времето на Кикерон, диференцирани врз основа на нивната примарна функција, би можеле да ја прошириме доколку ги анализираме употребите во кои Кикерон упатува на содржините на писмата или на епистоларните теми застапени во писмата на неговите адресати. Повеќето од овие употреби ги потврдуваат шесте погоре дефинирани примарни функции на писмата и упатуваат на тоа дека листата на типовите писма, издвоени врз основа на нивната примарна функција, би можела да се прошири и со нови типови писма. Писмата чија примарна функција е *certiorem facere aliquem* (да се извести некој за нешто) е потврдена со

[112] Види и *Att.* 3. 5. 1 = 50 SB, 7. 19. 1 = 143 SB, 10. 8. 9 = 199 SB, 10. 13. 2 = 205 SB, 10. 5. 1 = 196 SB, 11. 5. 3 = 216 SB, 12. 27. 2 = 266 SB, 12. 30. 1 = 270 SB, 12. 53. 1 = 295 SB, 16. 15. 1 = 426 SB.

исказите од типот: *quod me certiorem fecisti...* „во врска со тоа што ме извести“ (*Fam. 3.* 8. 9 = SB 70), *quod quaeris quid...* „во врска со тоа што прашуваш“ (*Att.* 2. 1. 4 = 21 SB), *nunc audi quod quaeris* „сега слушни за тоа што прашуваш“ (*ibid.* 2. 9. 4 = SB 29) *etc.*, писмата чија функција е *mandare aliquid alicui* (да му се нарача некому нешто) или т. н. *mandata* (налози) се потврдени со употребите од типот *quod mihi mandaras, ut..., confeceram* „тоа што ми беше нарачал да..., го направив“ (*Att.* 1. 5. 4 = 1 SB), писмата чија функција е *gratulari alicui* (да му се честита некому за нешто) или т. н. *gratulationes* (писма со честитки) се потврдени со употребите како *quod mihi de... gratularis* „во врска со тоа што ми честиташ“ (*Fam.* 1. 7. 7 = 18 SB), а писмата означени со терминот *consolationes* (писма на утеха), односно писмата кои имаат функција *consolari aliquem in aliqua re* „да му се пружи утеха некому за некоја работа“, со употребите *quamquam ipsa consolatio litterarum tuorum...* „иако твоето писмо на утеха...“ (*Fam.* 5. 13. 1 = 201 SB) *etc.* Анализата на ваквите употреби упатува и на тип на писма во кои авторот го советува адресатот - *quod me de Antonio consulis...* „во врска со тоа што ме советуваш за Антониј“ (*ad Brut.* 4. (2.4) 1 = 4 SB) *etc.*), го опоменува - *de eo quod me mones...* „за тоа што ме опоменуваш“ (*Att.* 4. 8a. 4 = 83 SB), го охрабрува - *quod me hortaris...* „тоа што ме бодриш“ (*Att.* 11. 2. 3 = SB 212, XII. 20. 1 = SB 258, *Q. fr.* 3. 7 (9). 6 = 27 SB *etc.*) *etc.* Овие употреби, потсетуваат на тоа дека поради принципот на реципрочна размена, по секој тип на писмо следи писмо-одговор, со што бројот на типови писма може двојно да се зголеми: писма што претставуваат одговор на писма чија примарна функција е *certiorem facere aliquem,* писма што се одговор на *mandata, consolationes, gratulationes etc.* Класификацијата на писмата од перспектива на нивната функција дополнително ја усложнува фактот што писмото може да има, а честопати и има, повеќе од една функција. Во едно исто писмо авторот може и да извести за нешто и да побара известување, да се заблагодари, да подели совет, да утеши, да даде одговор на прашање поставено во писмото на актуелниот адресат *etc.* Така, во преписката на

Кикерон релативно мал дел од вкупниот број писма имаат само една функција, односно, претставуваат репрезенти на само еден од споменатите типови. Најстабилни во однос на структурата се писмата на препорака, а останатите писма, особено оние до Атик, кои се најбројни од писмата упатени до ист адресат, ретко може да се третираат како репрезенти на само еден од дефинираните типови. Полифункционалноста на овие писма се должи, пред сѐ, на динамиката со која Кикерон и Атик се допишувале и на големиот број на заеднички коефициенти. Честата размена на писма нужно подразбира континуирано иницирање на нови теми и реплицирање на темите на другиот учесник во епистоларната конверзација. Со оглед на ова, маркирањето на границите на епистоларните типови, особено во писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција или на приватна семејна интеракција, се чини дека е невозможно во пракса.

Со оглед на методолошките проблеми на кои упативме погоре, прецизна класификација на писмата е невозможна. Сепак, за да се добие претстава за тоа какви писма содржат четирите збирки, врз основа на комбинација од три параметри – принцип на социјалност, примарна функција на писмото и епистоларни теми, условно можат да се издвојат следните видови писма:

***1. Писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција:*** до Атик (*Att*. 1-426),[113] Мариј (*Fam*. 24, 52), Требатиј Теста (*ibid*. 27-39), Папириј Пает (*ibid*. 114, 188-191, 193-198, 362), Варон (*ibid*. 175-181, 254), Лепта (*ibid*. 218, 262), Сулпикиј Руф (*ibid*. 150-151, 202-203, 249), Фадиј (*ibid*. 51, 148), Куриј (*ibid*. 200, 265, 267), Лукиј Валериј (*ibid*. 21), Волумниј (*ibid*. 113, 192), Фабиј Гал (*ibid*.

[113] Исклучок се *Att*. 161 A, 161 B, 161 C, 161 D, 162 A, 162 B, 162 C, 162 D, 165 A, 172 A, 174 A, 174 B, 174 C, 178 A, 181 A, 199 A, 199 B, 200 A, 371 A, 407 A, 407 B, 407 C, 407 D, 407 E, 407 F. Инаку, сите писма овде се наведени според ознаката што ја имаат само во изданијата на SB. За нивната ознака во традиционалните изданија види: SB, *A I*: 409-10, *A. II*: 239-40, *A. III*: 316, *A. IV*: 470-2, *A. V*: 415-8, *A. VI*: 323-4, *F. I*: 508-13, *F. II*: 576-81, *Q. B*: 259-60.

209-200, 260-261), Долабела (*ibid*. 217, 250, 263, 311, 326), Гај Капитон (*Att*. 407 C, 407 F) и Гај Купиениј (*ibid*. 407 D)

***2. Писма што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција:*** до Квинт (*Q. fr*. 1-27), Терентија/ Терентија, Тулија, Кикерон Помладиот (*Fam*. 6-9, 119, 144-145, 155, 158-173) и Тирон (*ibid*. 40-44, 120-127, 143, 146-147).

***3. Писма што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција:*** до Помпеј (*Fam*. 3), Лукеј (*ibid*. 22), Ликиниј Крас (*ibid*. 25), Ватиниј (*ibid*. 257), Битиник (*ibid*. 324), Опиј (*ibid*. 335), Матиј (*ibid*. 348).

***4. Писма што се производ на службена епистоларна интеракција, напишани, главно, за време на престојот на Кикерон во Киликија:*** до Каекилиј Метел Келер (*Fam*. 2), Сестиј (*ibid*. 4), Гај Антониј (*ibid*. 5), Метел Непот (*ibid*. 10), Каесар (*ibid*. 26, *Att*. 178 A), Апиј Клавдиј Пулкхер (*Fam*. 64-76), Гај Маркел, конзул 50-та год. пр. н. е. (*ibid*. 99, 108, 118), Катон Утички (*ibid*. 103, 112), Гај Касиј Лонгин (*ibid*. 106, 174, 213-5, 327-344, 345), Квинт Минукиј Терм (*ibid*. 115), Силиј (*ibid*. 135, 137, 138), Коелиј Калд (*ibid*. 116), Салустиј Канин (*ibid*. 117), Помпеј (*Att*. 161 B, 161 D), Конзулите, преторите, народните трибуни и Сенатот (*Fam*. 104, 105).

***5. Писма до политички пријатели:*** до Марк Брут (*Ad Brut*. 1, 3-9, 13-15, 17-19, 21—24), Гај Касиј (*ibid*. 174, 213-215, 327, 344, 345, 363-365, 367, 376, 416. 421, 425), Деким Брут (*ibid*. 343-353, 354, 356, 360, 394, 397, 411-413, 420, 422, 427, 434, 435), Требониј (*ibid*. 207, 208, 364), Лентул Спинтхер (*ibid*. 12-20, 56), Скрибониј Курион (*ibid*. 45-50, 107), Каелиј Руф (*ibid*. 80, 85, 86, 89, 90, 93, 95, 96, 154) и Мескиниј Руф (*ibid*. 128, 152).

***6. Агитациски писма, односно писма во кои Кикерон агитира кај легати на Каесар во Галија со цел да ги придобие на страната на убијците на Каесар:*** до Мунатиј Планк (*Fam*. 340, 341, 355, 359, 370, 375, 377, 384, 389, 393, 404, 407, 423), Гај Фурниј (*ibid*. 403, 424),

Лепид (*ibid*. 369) и Квинт Корнификиј (*ibid*. 204-206, 339, 346-7, 357, 361, 373-374, 383, 417, 429-433).

***7. Писма на утеха (consolationes):*** Ситиј (*Fam*. 23), Домитиј Ахенобарб (*ibid*. 221), до Требијан (*ibid*. 222-224), Нигидиј Фигул (*ibid*. 225), Ампиј Балб (*ibid*. 226), Лигариј (*ibid*. 227, 228), Марк Маркел (229-229-231, 233), Каекина (*ibid*. 234, 235), Гнај Планкиј (*ibid*. 240, 241), Манлиј Торкват (*ibid*. 242-245) и Торaниј (*ibid*. 246, 247).

***8. Писма на препорака (commendaticiae):*** до Кулеол (*Fam*. 53-54), Гај Мунатиј (*ibid*. 55), Валериј Орка (*ibid*. 57, 58, 318, 319), Анхариј (*ibid*. 59), Тит Титиј (*ibid*. 60), кватуорвирите и декурионите (*ibid*. 62), Мемиј (*ibid*. 63), Минукиј Терм (*ibid*. 129-133), Силиј (*ibid*. 134-138, 274), Фуриј Красипед (*ibid*. 139), Титиј Руф (*ibid*. 140), Педукаен (*ibid*. 141), Секстилиј Руф (*ibid*. 142), Исаврик (*ibid*. 211, 238, 296, 297, 298, 299, 300), Фурфаниј (*ibid*. 236), Галиј (*ibid*. 268, 270), Маркиј Филип (*ibid*. 269, 273), Апулеј (*ibid*. 271), Алиен (*ibid*. 275, 276), Марк Брут (*ibid*. 277-281), Мунатиј Планк (*ibid*. 282), Сулпикиј Руф (*ibid*. 283-295), Клувиј (*ibid*. 320), Акилиј Канин (*ibid*. 301-310), Маркиј Рекс (*ibid*. 312), Куриј (*ibid*. 313), Рутилиј (*ibid*. 321), Каесар (*ibid*. 316, 317) и Титиј, incertum quis (*ibid*. 387).

***9. Писма - честитки:*** до Марк Каелиј Руф (*Fam*. 85), Гај Клавдиј Маркел, конзул 50-та год. пр. н. е. (*ibid*. 99), Гај Клавдиј Маркел, претор 80-та год. пр. н. е. (*ibid*. 100), Марк Клавдиј Маркел, конзул 51 год. пр. н. е. (*ibid*. 101), Лукиј Аемилиј Паул (*ibid*. 102), Гај Касиј Лонгин (*ibid*. 106), Скрибониј Курион (*ibid*. 107) и Басил (*ibid*. 322).

Писмата што влегуваат во првата група се разликуваат во однос на степенот на блискост меѓу адресатите. Парадигма за писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција со највисок степен на блискост меѓу адресатите се писмата до Атик. Писмата до останатите адресати во однос на структурата и јазичниот израз се разликуваат од писмата од

третата група, писма што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција, па затоа, без оглед на тоа што во нив степенот на блискост меѓу кореспондентите е помал отколку во писмата до Атик, сметаме дека треба да влезат во истата група со писмата до овој адресат. Некои од писмата до политички пријатели во однос на јазичниот израз се слични со писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција, а некои со писмата што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција. Она што ги издвојува како посебна група се епистоларните теми. Овие писма, агитациските писма и некои од писмата на утеха и од писмата на препорака можат да се третираат и како писма што се производ на службена епистоларна интеракција, но со оглед на нивната бројност во корпусот и со оглед на тоа што се разликуваат од писмата што ги третираме како писма што се производ на службена епистоларна интеракција и во однос на епистоларните теми и во однос на јазичниот израз, ги третираме одвоено. Како што може да се забележи, некои од адресатите на писмата на препорака се адресати и во писма што припаѓаат на некоја од другите категории. Разлики во манифестациите на принципот на социјалност се евидентни и во овие писма.

## АНАЛИЗА НА МАКРОСТРУКТУРАТА

Терминот *макроструктура* (macro-structure) во лингвистиката е воведен од ван Дајк (Dijk van, 1972) во неговата граматика на текстот (T-grammar). Со него авторот упатува на глобалната структура на текстот, односно на текстот како целина од значење и форма. Различните типови на текстови, според ван Дајк, ги создаваме, разбираме и толкуваме не како неструктуриран континуум од изолирани реченици, туку како глобална кохерентна структура, односно како макроструктура. Оттаму, дескрипцијата на текстот, според ван Дајк, е возможна преку анализа на неговата организациска и тематска/семантичка структура. Организациската структура, означена од ван Дајк со терминот *схематска структура* или подоцна *суперструктура* (Dijk van, 1980), се однесува на тоа како глобалното значење на определен текст е формално презентирано: наслов, увод, нарација, аргументација, заклучок *etc.* [114] Тематската или семантичката макроструктура, пак, според ван Дајк, се однесува на глобалното значење на текстот. Анализата на оваа структура во теоријата на ван Дајк има за цел да даде одговор на прашањето *what is the text about*, односно да упати на она што е тема, предмет или срж на текстот.

Во подоцнежната лингвистика на текстот развиени се модели за анализа на различни аспекти на текстот. Во овие модели примарно значење му се дава не толку на прашањето што е глобалното значење на текстот, колку на прашањата кои се неговите конституенти, какви релации постојат меѓу нив и како се воспоставува кохеренцијата. Овие аспекти на макроструктурата на текстот на Кикероновите писма ќе бидат предмет на анализа и во ова истражување. Тематската структура на текстот на писмата ќе ја анализираме според моделот на Крон (Kroon, 1995: 58-96).

---

[114] Види Dijk van, 1972, 1977, 1980.

## Схематска структура

Схематската структура на текстот, според ван Дајк, е опис на начинот на кој формално е презентирано неговото глобално значење. Исто како што значењето на реченицата се изразува со синтаксички средства, така глобалното значење на текстот се изразува со неговата схематска структура или супер-структура. Овој тип на структура се состои од функционални/схематски категории (schematic categories) или суперструктури (superstructures), кои во различни типови на текст имаат конвенционализиран карактер. Нивната функција е идентична на функцијата што во говорот ја имаат деловите од говорот, дефинирани во рамки на традиционалната реторика: *exordium/προοίμιον, narratio/διήγησις, propositio/πρόθεσις, argumentatio/πίστις* и *peroratio/ἐπίλογος*. Од тој аспект, анализата на схематската структура на определен текст, всушност, претставува анализа на она што во античката реторика се означува со терминот *dispositio, τάξις* (Dijk van, 1972: 135-6).

Схематската структура соодветствува на она што Бахтин го нарекува „композициска структура“ (Bahtin, 1986: 60). Врз основа на овој тип на структура, според Бахтин, *from the very beginning we have a sense of the speech whole* (*ibid*. 79). Реципиентот на определен текст врз основа на схематската структура на текстот го идентификува говорниот жанр на кој му припаѓа дадениот текст. Во контекст на анализата на макроструктурата на текстови кои претставуваат писма, уводната и завршната поздравна формула, на пример, на почетокот и на крајот на писмата, имаат пресудно значење за тие текстови да ги идентификуваме како писма. Секој од деловите кои ја образуваат целината има определена функција, па во таа смисла претставува еден вид функционален конституент на текстот. Редоследот според кој се подредени овие функционални констиутенти на текстот не е арбитрарен, туку се етаблирал во рамки на развојот на говорниот жанр на кој му припаѓа тој текст. Со цел да создаде комуникациски ефикасен епистоларен дискурс, на пример, авторот на писмото при конституирањето на текстот на писмото

ја следи схематската структура на говорниот жанр писмо. Во таа смисла, схематската структура на определен текст не само што има клучна улога при идентификацијата на говорниот жанр на кој му припаѓа определен текст, туку има клучна улога и при продукцијата на различни типови на текстови. Схематската структура на текстот за разлика од синтаксичката структура на реченицата е варијабилна, во смисла на тоа што му дозволува на авторот до извесен степен да отстапи од етаблираната схематска структура на говорниот жанр што го избрал, без при тоа да го промени идентитетот на текстот што го продуцира и без да го доведе во прашање ефектот што текстот треба да го предизвика кај реципиентот.

## Схематски категории на Кикероновите писма

Во схематската структура на Кикероновите писма, независно во која од деветте категории споменати во претходната глава припаѓаат, можат да се идентификуваат следните задолжителни и факултативни схематски категории или суперструктури:

1. *Уводна поздравна формула*
2. *Желба за добро здравје (formula valetudinis)*
3. *Пролог*
4. *Главен дел (narratio, petitio)*
5. *Епилог*
6. *Завршна поздравна формула*
7. *Дата [и место]*

1. *Уводна поздравна формула*. Уводната поздравна формула е задолжителен дел од Кикероновите писма. Најчесто го има конвенционалниот за античкото писмо трипартитен формат. Се состои од *superscriptio,* во кое е содржано името на адресантот во номинатив, *adscriptio,* кое го содржи името на адресатот во датив, и *salutatio*: *salutem dicit, s.d., sal., s.*. Задолжителни делови на поздравната формула се *superscriptio* и *adscriptio,* а третиот дел, *salutatio*, може да биде изоставен: *Cicero Trebatio, Cicero Rufo, Cicero Planco, Cicero Leptae etc.* Важно е да се истакне дека во

манускриптите на повеќе од половината од Кикероновите писма уводната поздравна формула е изоставена. Нејзиното присуство во текстот на современите изданија се должи на многу веројатната и во теоријата општоприфатена претпоставка дека секое писмо содржело уводна поздравна формула. Отсуството на оваа формула од манускриптите на цели серии на писма во теоријата не се смета за последица на случајна грешка при препишувањето, туку на свесна одлука на препишувачот (White, 2010: 200). Уводната поздравна формула *Cicero Atico salutem (SAL., S.).*, содржана во изданијата на писмата до Атик, не се смета за автентична, не само поради тоа што не е присутна во многу од манускрипите, туку и поради тоа што врз основа на писмата е извесно дека Кикерон не му се обраќал на Атик со неговиот когномен сè до 50-та год. пр. н.е. (SB *A. I*: 277).

2. *Желба за добро здравје*. Во релативно мал број писма зад уводната поздравна формула следи т. н. *formula valetudinis* или желба за добро здравје. Таа во некои писма го има целосниот облик *Si vales, bene est; ego valeo* или скратено *S. v. b. e. v.* (= *Si vales, beneest, ego valeo*). Застапена е во вкупно 34 писма во целата преписка, од кои само 16 се писма чиј автор е Кикерон. Се јавува во двете писма до Сенатот и магистратите (*Fam*. 15. 1 = 104 SB, 15. 2 = 105 SB) и во писма до Каекилиј Метел Келер (*ibid*. 5. 2. = 2 SB), Валериј Орка (*ibid*. 13. 6 = 57 SB), Помпеј (*ibid*. 5. 7 = 3 SB) и Теренција и семејството (*ibid*. 14. 5 = 119 SB, 14. 14 = 145 SB, 14. 17 = 162 SB, 14. 16 = 163 SB, 14. 8 = 164 SB, 14. 21 = 165 SB, 14. 11 = 166 SB, 14. 15 = 167 SB, 14. 24 = 170 SB, 14. 23 = 171 SB и 14. 22 = 172 SB). Во писмото до Каекилиј Метел Келер го има обликот *Si tu exercitusque valetis, bene est* „Ако ти и војската сте добро, добро е.", во писмото до Помпеј - *S. t. e. q. v. b. e. <v.>* (= *Si tu exercitusque valetis, bene est, ego valeo* „Ако ти и војската сте добро, добро е, и јас сум добро"), а во писмата до Сенатот и магистратите - *S. v. v. b. e. e. q. v.* (= *Si vos valetis, bene est, ego exercitusque valemus* „Ако сте добро, добро е, и јас и војската сме добро"). Во писмата до Теренција и семејството ги има следните облици: *Si tu et Tullia, lux nostra, valetis, ego et suavissimus Cicero valemus* „Ако ти и Тулија,

нашата светлина, сте добри, добри сме и јас и најмилиот Кикерон“, *Si vos valetis, nos valemus* „Ако сте вие добри, и ние сме добри“, *Si vales, bene est; ego valeo* „Ако си добра, добро е, и јас сум добар“ и *S. v. b. e. v.* (= *Si vales, bene est, ego valeo*). Впечатливо е тоа што формулата се јавува во речиси сите писма до Терентија од 47 год. пр. н. е., значи од последните години од бракот на Кикерон и Терентија, а во ниту едно од писмата од егзил, кои се пример за писма кои изобилуваат со елементи на брачна приврзаност и љубов. Ова, а и фактот што не се јавува во писма што се производ на приватна лична и на приватна фамилијарна епистоларна интеракција до други адресати, говори дека формулата во времето на Кикерон имала процедурален карактер. Нејзината релативно мала застапеност во писмата упатува на тоа дека конвенцијата писмата да започнуваат со оваа формула сè уште не исчезнала во целост, но дека постепено се напуштала.

3. *Пролог*. Зад уводната поздравна формула во голем број писма следи пролог во кој Кикерон коментира некој аспект на самата преписка: го известува адресатот за тоа кога ги примил неговите писма, колку писма примил, каде ги примил, кој доставувач му ги донел, што било содржано во нив, зошто не одговорил веднаш, дали писмото го пишува *manu propria* или не, и слично. Функцијата на овој конституент на схематската структура е да ги најави темите кои ќе бидат застапени во главниот дел од писмото. Тоа е очигледно во примерот бр. 42, кој е фрагмент од едно писмо на Кикерон до Салустиј Канин:

(42) *Litteras a te mihi <binas> stator tuos reddidit Tarsi a.d. XVI Kal. Sext. his ego ordine, ut videris velle, respondebo. De sucessore meo (...). De rationibus referendis (...). Quod scribis (...). Quod quaeris (...). Uni epistulae respondi; venio ad alteram. petis a me (...)* (*Fam.* 2. 17 = 117 SB)[115]

[115] „Две писма од тебе ми донесе твојот доставувач во Тарс на 17-ти јули. На нив ќе одговорам по ред, како што се чини дека сакаш. За мојот наследник (...). За доставувањето на твоите сметки (...). Во врска со тоа што пишуваш дека (...). Тоа што прашуваш (...). На едното писмо одговорив. Доаѓам до другото. Бараш од мене (...)“

Во некои писма, главно во писма што се производ на приватна дистанцирана или на службена епистоларна интеракција, на главниот дел на писмото му претходи пролог кој може да се третира како еден вид *captatio benevolentiae*. Со овој термин во средновековната *ars dictaminis* се означувал делот од писмото во кој авторот настојува да стекне благонаклонетост или да предизвика поголем интерес кај адресатот за содржините што следат во главниот дел.[116] Ваквиот пролог честопати е интегриран во делот од писмото во кој е изложено барањето:

(43) *Cum et contra voluntatem meam et praeter opinionem accidisset, ut mihi cum imperio in provinciam proficisci necesse esset, in multis et variis molestiis cogitationibusque meis haec una consolatio occurrebat, quod neque tibi amicior quam ego sum quisquam posset succedere neque ego ab ullo provinciam accipere qui mallet eam quam maxime mihi aptam explicatamque tradere. quod si tu quoque eandem de mea voluntate erga te spem habes, ea te profecto numquam fallet. a te maximo opere pro nostra summa coniunctione tuaque singulari humanitate etiam atque etiam quaeso et peto ut, quibuscumque rebus poteris (poteris autem plurimis) prospicias et consulas rationibus meis. (...)* (*Fam.* 3. 2 = 65 SB)[117]

4. *Главен дел*. Главниот дел е најдолгиот и најзначајниот дел од писмото. Во него е содржано сето она поради кое писмото е напишано: известување, барање, прашање, одговор на прашање, препорака, утеха *etc*. Со оглед на тоа што овој дел не содржи толку конвенционализирани изрази колку што содржат уводниот и завршниот дел, а и со оглед на тоа што тој честопати е политематичен, неговата дескрипција е најсложена.

---

[116] Види, на пример, Boswell, 1996, Murphy, 1981: 220-1.

[117] „Кога, спротивно на мојата волја и на моите очекувања, се случи да требаше да заминам во провинцијата со *imperium*, во моите бројни и разновидни маки и размислувања единствена утеха ми беше тоа што ти немаш поголем пријател од мене кој би можел да те наследи и тоа што ќе ја преземам провинцијата од човек што сака да ми ја предаде во што е можно подобра состојба и што е можно поуредена. Ако и ти, исто така, ја имаш истата надеж во мојата благонаклоност кон тебе, таа сигурно нема никогаш да те изневери. Од тебе со мошне голема ревност, во име на нашето исклучително пријателство и твојата беспримерна човечност, настојчиво молам и барам во сите нешта во коишто можеш (а можеш во повеќе) да ги имаш предвид и да ги штитиш моите интереси. (...)"

Забелешката на Дерида „*Le mélange, c'est la lettre, l'epître, qui n'est pas un genre mais tous les genres, la littérature même*" (Derrida, 1980: 54) се чини дека најмногу се однесува на овој дел од писмото. Авторот тука нема никакви ограничувања, ниту во однос на изборот на темите, ниту во однос на изборот на јазичните средства, ниту, пак, во однос на комуникациските цели што сака да ги постигне. Сепак, во схематската структура на одредени писма и во овој дел можат да се препознаат одредени клишеа. Тоа е највидливо во писмата на препорака, кои во поглед на схематската структура се најстабилни во јазичниот корпус. Главниот дел од овие писма обично содржи потврда за личниот интегритет на лицето што се препорачува, објаснување на специјалниот однос меѓу него и авторот на писмото и барање лицето што се препорачува да биде прифатено од адресатот.

5. *Епилог*. Зад главниот дел и пред завршната поздравна формула во некои писма следи дел во кој Кикерон го поттикнува адресатот на понатамошна епистоларна интеракција, му поставува дополнително прашање, однапред му се заблагодарува ако го исполни барањето што го изложил во главниот дел од писмото, пренесува поздрави од трето лице или тој некого поздравува, го повикува адресатот да дојде, најавува дека тој ќе дојде кај него, изразува желба за средба и сл.. Парадигма за епилог кој содржи некоја од споменатите епистоларни теми е следниот фрагмент:

(44) *Tu tamen de †Tutio† ad me rescribe certius et num quis in eius locum paretur, et quid de P. Clodio fiat, et omnia, quem ad modum polliceris, ἐπὶ σχολῆς scribe. et quo die Roma te exiturum putes velim ad me scribas ut certiorem te faciam quibus in locis futurus sim, epistulamque statim des de iis rebus de quibus ad te scripsi. valde enim exspecto tuas litteras.* (*Att.* 2. 5. 3 = 25 SB)[118]

---

[118] „Ти, сепак, пиши ми поподробно за Тутиј, дали некого планираат да го постават на неговото место, што се случува со Публиј Клодиј, пиши за сè *in leisurely style*, така како што ми вети. Би сакал да ми пишеш и кога планираш да го напуштиш Рим за да те известам каде ќе бидам тогаш и веднаш предади го писмото за овие работи за кои ти пишав. Знаеш дека со нетрпение ги очекувам твоите писма."

6. *Завршна поздравна формула*. По епилогот, ако е присутен, или по главниот дел, следи завршната поздравна формула. Таа најчесто го има обликот *vale* „биди здрав" или *cura ut valeas* „погрижи се да бидеш здрав". Во некои писма што се производ на приватна лична или на приватна фамилијарна епистоларна интеракција завршните поздравни формули се интегрирани во самиот епилог, како во следните примери:

(45) *Vale, mi optime et optatissime frater, et advola. idem te pueri nostri rogant. illud scilicet: cenabis cum veneris.* (*Q. fr.* 2. 7.(6) 2 = 11 SB)[119]

(46) *In Epirum quod me non invitas, comitem non molestum, subirascor. sed vale. nam ut tibi ambulandum, ungendum, sic mihi dormiendum. etenim litterae tuae mihi somnum attulerunt.* (*Att.* 9. 7. 7 = 174 SB)[120]

Ниедно од писмата од збирката *Ad Brutum* не содржи завршна поздравна формула, а во писмата од збирката *Ad familiares* овие формули се застапени во само стотина писма. Писмата во кои не се застапени ваквите поздравни формули завршуваат со епилогот, а во некои од нив авторот применува пософистицирани стратегии за да го поздрави адресатот или за да го означи крајот на писмото: *me velim, ut facis, diligas valetudinique tuae et tranquilitati animi servias* „би сакал, како што правиш и досега, да ме почитуваш и да си го чуваш здравјето и душевниот мир" (*Fam.* 5. 21 = 182 SB), *tu fac animo forti magnoque sis speresque fore ut fracto impetu levissimi hominis tuam pristinam dignitatem et gloriam consequare* „ти гледај да бидеш со храбар и со силен дух и верувај дека ќе си го повратиш твојот стар углед и ќе стекнеш слава кога нападите на тој многу ништожен човек ќе бидат разбиени " (*Fam.* 1. 5*b* = 16 SB), *meus animus erit in te liberosque tuos semper quem tu esse vis et qui esse debet* (*Fam.* 5. 18 = 51 SB) „моите чувства кон тебе и кон твоите деца секогаш ќе бидат такви какви што сакаш да бидат и такви какви што треба да бидат" *etc*.

---

[119] „Те поздравувам, мој најдобар и најмил брате, и дојди. Истово го бараат од тебе и нашите момчиња. Ова се подразбира, ќе вечераш кај нас кога ќе дојдеш."

[120] „Тоа што не ме покануваш во Епир, мене што не сум непријатен за друштво, ме лути. Но те поздравувам. Оти, исто како што ти треба да прошеташ и да се намачкаш, така јас треба да спијам. Ова ти го велам оти од твоето писмо ми се приспа."

Во некои писма до Атик и Квинт, т.е. во писма што се производ на приватна лична или на приватна семејна епистоларна интеракција, зад завршната поздравна формула следи дел за кој е очигледно дека Кикерон го напишал подоцна:

(47) *(...) vale.*
*Et scribas mihi velim de gladiatoribus, sed ita bene si rem gerunt. non quaero male si se gesserunt.* (*Att.* 4. 8. 2 = 79 SB)[121]

7. *Дата [и место]*. По завршната поздравна формула во некои писма е наведен денот во месецот кога писмото му е предадено на доставувачот: *Kal. Ian.* „јануарски Календи“, *Id Febr.*„февруарски Иди“, *III Id. Apr.* „три дена пред априлските Иди“ *etc*. Годината е наведена многу ретко, во само три писма од збирката *Ad Atticum*: *Kal. Ian. M. Messala M. Pisone coss*. „Јануарски Календи, во годината на конзулите Марк Месала и Марк Писон.“ (*Att.* 1. 12 = SB 12).[122] Местото е наведено само во случаи кога писмото не е испратено од Рим, а дури и тогаш, не е секогаш наведено. Многу често пред денот и местото, стои партиципот на перфект *data* „дадено [*sc.* писмо]“ или кратенката *d.*: *data VIII Id. Apr. Thuri* „дадено осум дена пред априлските Иди во Туриј“ (*ibid.* 3. 5 = 50 SB); *data XII Kal. Sex. Thessalonicae* „дадено дванаесет дена пред секстилиските Календи во Тесалоника“ (*ibid.* 3. 14 = 58 SB) *etc*.. Датата и местото не се задолжителен дел од схематската структура и се јавуваат во само во 15% од вкупниот број писма (White, 2010: 75). Одлуката на авторот да не го вклучи и датумот во схематската структура на писмото била, веројатно, резултат на повеќе фактори. Според Вајт, во некои случаи адресатот можел да дознае кога точно или кога приближно е напишано писмото од самите содржини на писмото, така што немало потреба датумот да се повторува и на крајот од писмото. Во други случаи, пак, според Вајт, Кикерон сметал дека датумот

[121] „(...) Поздрав.
И би сакал да ми пишеш за гладијаторите, но само ако се добри. Ако се лоши, не те прашувам.“

[122] Види и *Att.* 1. 13 = 13 SB и 1. 18 = 18 SB.

е ирелевантен, бидејќи епистоларната сегашност ќе стане минатост (*ibid.* 76). Вајт забележува дека датумот не е дел од схематската структура на ниедно писмо на препорака, а се среќава во половина од писмата до Тирон и во 80% од писмата до Теренција и семејството, што упатува на тоа дека одлуката на Кикерон дали да го вметне и датумот зависела и од тоа кому му пишува.

Од седумте схематски категории во Кикероновите писма задолжителни се само уводната поздравна формула и главниот дел. Сите останати схематски категории се факултативни. Прашањето на што се должи ваквата недоследност е сложено. Несомнено е дека врз Кикероновиот избор на стратегии за градба на схематската структура имале влијание повеќе фактори: схематската структурата на писмото на актуелниот адресат во писмата што претставувале одговор, релацијата меѓу кореспондентите, времето со кое Кикерон располагал, динамиката на допишување, прагматичната цел на писмото, емотивната состојба *etc*. Схематската структура на писмата што ги добивал влијаела во смисла на тоа што Кикерон веројатно во главниот дел од писмото се придржувал до редоследот на епистоларните теми во писмото на неговиот адресат. Со оглед на тоа што се зачувани мал број писма кои припаѓаат на ист епистоларен ланец, манифестациите на ова влијание не можат да се анализираат. Релацијата меѓу кореспондентите влијаела во смисла на тоа што Кикерон бил повнимателен при изборот на стратегии за организација на дискурсните содржини кога му пишувал на некој со кој бил помалку близок. За влијанието на времето со кое располагал сведочат писмата напишани *en route*, кои се помалку внимателно структурирани од останатите писма. За влијанието на прагматичката цел на писмото врз схематската структура сведочат писмата што од аспект на функцијата се писма на препорака и писма на утеха. Фактот што во овие писма не се содржани датумот и местото несомнено се должи на перцепцијата на Кикерон дека оваа схематска категорија не е неопходна во ваков тип на писма. Потврда за

влијанието, пак, на емотивната состојба врз схематската структура се писмата што Кикерон ги напишал за време на престојот во егзил или по смртта на ќерка му Тулија. Овие писма се помалку внимателно структурирани од писмата од други периоди, што може да се објасни само како влијание на емотивната состојба на авторот.

## Тематска структура: теориски поставки

Терминот *тематска структура* во ова истражување упатува на структурата која се состои од тематски единици или единици на содржина, теми. Преземен е од моделот за анализа на дискурсните партикули на Крон. Поаѓајќи од основната теза дека текстот е резултат на динамичен процес на комуникациска интеракција во кој говорителот може да реализира неограничен број на комуникациски цели преку исто така неограничен број на лингвистички стратегии, Крон издвојува три типа на структури кои треба да се земат предвид при дескрипцијата на текстот: формална структура, тематска структура и структура на лингвистичка акција (Kroon, 1995: 28). Првиот тип на структура, формалната структура (*formal structure*), се состои од единици на форма (*units of form*). Со оглед на тоа што текстот не претставува само континуум од единици на форма (наслов, пасус, поглавје и сл.), позначајни во однос на неговата дескрипција се тематската структура (*thematic structure*) и структурата на лингвистичка акција (*linguistic action structure*). Тематската структура се состои од единици на содржина (*units of content*), а структурата на лингвистичка акција од единици на комуникација (*units of communication*). Најмалата независна конститутивна единица на текстот е дискурсниот чин (*discourse act*), кој може да биде главен и помошен. Еден или повеќе дискурсни чинови формираат дискурсен чекор (*discourse move*), а еден или повеќе дискурсни чекори – дискурсна промена (*discourse exchange*).[123] Значењето на

[123] Единиците на комуникација, чиновите, чекорите и промените, се идентични на три од петте нивоа на училишна интеракција дефинирани на Синклер и Култхард (Sinclair & Coulthard, 1975) и на конститутивните единици дефинирани во моделот за анализа

овие конститутивни единици Крон го илустрира со фигура 1, која претставува графички приказ на структурата на следниот текст:

А. I've got an extra ticket for the Santa Fe Chamber Orchestra tonight. Are you interested?
Б. Yes, wonderful.

Текстот е структура на промена, којашто се состои од два чекори: иницијативен чекор (*I've got an extra ticket for the Santa Fe Chamber Orchestra tonight. Are you interested?*) и реактивен чекор (*Yes, wonderful*). Иницијативниот чекор, чекорот на говорителот А, се состои од два чина: *I've got an extra ticket for the Santa Fe Chamber Orchestra tonight* и *Are you interested?*. Реактивниот чекор, пак, во промената, чекорот на говорителот Б, се состои од само еден чин (*Yes, wonderful*). Со оглед на тоа што со него говорителот ја исполнува комуникациската цел, овој дискурсен чин во исто време е и дискурсен чекор:




Фигура 1: Дискурсна структура и дискурсни единици (Kroon, 1995: 65)

Ако говорителот не ја исполни комуникациската цел со еден чин, што се случува многу често, тогаш чинот и чекорот не коинцидираат како во наведената конверзација, туку чекорот се состои од најмалку два чина, од кои едниот има статус на главен, а другиот на помошен. Монолошкиот дискурс има третман на комплексна структура на чекор, а дијалошкиот - на структура на промена.

Меѓу чиновите од кои се состои чекорот и меѓу чекорите во промената постојат кохеренциски релации кои можат да бидат структурни или семантичко-функционални. Овие релации се

---

на дискурсот на женевската школа (Roulet, E. (1984) "Speech acts, discourse structure and pragmatic connectives", *Journal of pragmatics* 8, pp. 31-47).

воспоставуваат на три дискурсни нивоа: *репрезентативно, презентативно* и *интеракциско* дискурсно ниво. Репрезентативното дискурсно ниво (*representational level of discourse*) се однесува на примарната функција на јазикот - да претставува реален или имагинарен свет независно од јазикот и често вон самата дискурсна ситуација (Kroon, 1995: 69). Овие релации се воспоставуваат меѓу дел-речениците од кои се состои дискурсниот чин. Можат да бидат структурни (координација, субординација) и семантички (каузална, темпорална, консекутивна *etc.*). Овие релации соодветствуваат на релациите дефинирани во традиционалната граматика. Презентативното дискурсно ниво *(presentational level of discourse)* се однесува на начинот на кој говорителот ги презентира идеите. Нивниот редослед во кохерентниот дискурс не е арбитрарен. Авторот, со цел да создаде комуникациски ефективен дискурс, ги организира дискурсните содржини плански: го избира редоследот според кој ќе ги презентира содржините, посочува која информација е централна, а која помошна и како една информација е функционално поврзана со друга, избира дали ќе ги елаборира и коментира информациите што ги презентира или нема да го направи тоа, дали ќе премине кон нова тема или ќе продолжи да ги развива старите *etc*. Кохеренциските релации што се воспоставуваат на ова ниво можат да бидат структурни или семантичко-функционални или реторички. Структурните се во функција на организацијата на дискурсот, а семантичко-функционалните во функција на комуникациските цели на говорителот/авторот. Семантичко-функционални релации се означени со терминот *реторички*, бидејќи функцијата на еден дискурсен сегмент *vis-à-vis* друг се определува од перспектива на комуникациската цел на говорителот – да ја зголеми довербата на адресатот со тоа што ќе изнесе докази, ќе наведе пример, ќе пружи детална елаборација на претходно изнесено тврдење *etc*. Релациите што се воспоставуваат на ова ниво се најзначајни во однос на анализата на макроструктурата на определен текст. Третото дискурсно ниво, интеракциското ниво на дискурсот

(*interactional level of discourse*), се однесува на начинот на кој говорителот ги вклопува конститутивните единици на дискурсот во комуникациската ситуација. Предмет на потесен интерес се структурните или семантичко-функционалните релации кои се воспоставуваат меѓу чекорите од кои се состои дискурсната промена. [124] Функцијата на кохеренциските релации на репрезентативното ниво е да ги поврзат дел-речениците, на презентативно ниво – да ја организираат дискурсната содржина, а на интеракциското ниво – да ја регулираат конверзациската структура.

Примарно значење во анализата на тематската структура на определен дискурс имаат кохеренциските релации што се воспоставуваат меѓу единиците на содржина на презентативното дискурсо ниво. Овие релации, како што веќе споменавме, можат да бидат структурни и семантичко-функционални. Во монолошкиот дискурс, според Крон, постојат три структурни принципи: принцип на *зависност* (dependence), принцип на *набројување* (list) и принцип на *навраќање* (recursion) (Kroon, 1995: 80-3). За структура што се базира врз принципот на зависност станува збор во структурите што се состојат од централен и помошен чин. Освен структурна релација, меѓу чиновите на ваквата структура, постои и семантичко-функционална, т.е. реторичка релација (евиденција, елаборација, јустификација, евалуација, реформулација *etc.*).[125] Структурите што се базираат

---

[124] Освен од структурна и од сематничко функционална перспектива, Крон ги разгледува кохеренциските релации и од перспектива на тоа дали се воспоставуваат меѓу вербално изразен конституент на текстот/дискурсот и некој надворешен концепт. Врз основа на овој параметар, издвојува два типа на релации – интра-текстуални и екстра-текстуални. Сите релации за кои говориме погоре се интра-текстуални. Екстра-текстуалните релации се дефинирани како релации меѓу вербално изразени дискурсни сегменти и некој екстра-текстуален концепт, идеја или ситуација. Со оглед на тоа што овие релации се воспоставуваат само на репрезентативното и интеракциското дискурсно ниво, а овде предмет на нашиот интерес се релациите што се воспоставуваат на презентативното дискурсно ниво, нема да се осврнуваме подетално на нив (види Kroon, 1995: 63-4).

[125] Некои од реторичките релации што Крон ги споменува при анализата на дискурсните партикули соодветствуваат на некои од релациите дефинирани во рамки на т. н. *Теорија на реторичка структура* (Theory of rhetorical structure). Оваа теорија

врз принципот на набројување се состојат од две или повеќе дискурсни единици кои припаѓаат на исто хиерархиско рамниште. Третиот принцип, принципот на *навраќање*, е востановен поради опсервацијата дека монологот не се состои секогаш од чекори кои се линеарно подредени, туку може да претставува мрежа од повеќе хиерархиски подредени чекори. Некои од овие чекори имаат помошна функција во однос на друг поцентрален чекор. За принцип на навраќање станува збор кога говорителот ќе реши да се врати на централниот чекор. Во монолошкиот дискурс може да биде евидентно влијанието на секој од овие три структурни принципи.

Од перспектива на моделот на Крон, би можеле да кажеме дека епистоларниот дискурс претставува комплексна структура на дискурсен чекор. Оваа комплексна структура може да се состои од еден централен и од еден или повеќе помошни чекори или од повеќе централни или функционално еднакви чекори, кои се интегрирани во структурата на комплексниот чекор преку принципот на набројување. Кога структурата се состои од еден централен чекор и еден или повеќе помошни чекори станува збор за монотематично писмо, т.е. писмо кое се состои од една централна единица на содржина. Централниот и помошниот чекор и централниот и помошните чинови (помошен чин$^{1}$, помошен чин$^{2}$. помошен чин$^{3}$ *etc.*) во ваквите писма се интегрирани во структурата на писмотото преку структурниот принцип на *зависност:*

---

почнала да се развива во осумдесетите години на 20-тиот век на Институтот за информатика на универзитетот во Јужна Калифорнија, како дел од еден проект за создавање на текст со помош на компјутерска технологија. Творци на теоријата се Бил Ман, Сенди Томпсон и Кристијан Матхиесен. Во оваа дескриптивна теорија за организацијата на текстот, текстот има третман на структура устроена врз принципот на кохеренција. Целта на теоријата е идентификација и дефинирање на кохеренциските релации меѓу конституентите на текстот од аспект на комуникациската цел на говорителот. Досега се дефинирани триесетина релации (евиденција, евалуација, јустификација, елаборација, конјункција, контраст, дисјункција *etc.*), но со оглед на тоа што проектот е во тек, нивниот број не е конечен. Види Mann-Thomposn, 1987, Mann-Taboada, 2005-2012.




Фиг 2. Организација на текст: односи на зависност на глобално ниво на текст (Kroon, 1995: 81)

Кога структурата на комплексниот чекор се состои од повеќе централни или функционално еднакви чекори, кои преку принципот на набројување се интегрирани во структурата на дискурсниот чекор, монолошкиот дискурс е политематичен:




Фиг 3. Организација на текст: релација набројување на глобално ниво на текст (*ibid*: 82)

## Монотематични vs. политематични писма

Во тематската структура на Кикероновите писма до различни адресати постојат евидентни разлики. Со оглед на тоа што половината од писмата што го сочинуваат епистоларниот корпус се упатени до Атик, прво ќе ги презентираме резултатите што произлегоа од анализата на овие писма, потоа, ќе укажеме на тоа кои писма во однос на тематската структура се споредливи со нив, кои се разликуваат од нив, и, во однос на што се разликуваат.

Највоочлива одлика на тематската структура на писмата до Атик е нивната политематичност. Дури 91% од вкупниот број писма до овој адресат се состојат од повеќе централни или функционално еднакви дискурсни чекори или единици на содржина. Дискурсните чекори се линеарно подредени и се интегрирани во структурата на комплексниот чекор, писмото, преку структурниот принцип на набројување. Ова ќе го илустрираме со првото писмо од збирката *Ad Atticum*:

***Att.* 1. 5 = SB 1**

**чекор[1]** *Quantum dolorem acceperim et quanto fructu sim privatus et forensi et domestico Luci fratris nostri morte, in primis pro nostra consuetudine tu existimare potes. nam mihi omnia, quae iucunda ex humanitate alterius et moribus homini accidere possunt, ex illo accidebant. Quare non dubito, quin tibi quoque id molestum sit, cum et meo dolore moveare et ipse omni virtute officioque ornatissimum tuique et sua sponte et meo sermone amantem adfinem amicumque amiseris*.[126]

**чекор[2]** *Quod ad me scribis de sorore tua, testis erit tibi ipsa, quantae mihi curae fuerit, ut Quinti fratris animus in eam esset is, qui esse deberet. quem cum esse offensiorem arbitrarer, eas litteras ad eum misi quibus et placarem ut fratrem et monerem ut minorem et obiurgarem ut errantem. itaque ex iis, quae postea saepe ab eo ad me scripta sunt, confido ita esse omnia, ut et oporteat et velimus*.[127]

---

[126] „Колкава болка почувствував и од колкав спокој бев лишен и на професионален и на личен план поради смртта на нашиот роднина Лукиј, ти, пред сѐ поради нашето пријателство, можеш да замислиш. Зашто, јас, сите убави нешта и сите нешта што на човек можат да му се случат поради добрината и карактерот на друг човек, сум ги доживеал од него. Затоа, не се сомневам дека и тебе ти е исто така тешко, бидејќи те погодува и мојата болка, а и тоа што самиот ти изгуби човек обдарен со сите доблести и услужливост, роднина и пријател што те сакаше своеволно, а и поради тоа што јас му го зборував."

[127] „Во врска со тоа што ми го пишуваш за сестра ти, и самата таа ќе ти посведочи колку силно настојував брат ми Квинт кон неа да се однесува така како што треба. Кога оценив дека се однесува грубо, му пишав писмо во кое како брат го смирувам, како помлад од мене го советувам и како грешник го прекорувам. Така, од она што потоа ми го напиша, верувам дека сѐ е така како што треба и така како што сакаме."

**чекор[3]** *De litterarum missione sine causa abs te accusor. numquam enim a Pomponia nostra certior sum factus esse, cui dare litteras possem, porro autem neque mihi accidit, ut haberem, qui in Epirum proficisceretur, nequedum te Athenis esse audiebamus.*[128]

**чекор[4]** *De Acutiliano autem negotio quod mihi mandaras, ut primum a tuo digressu Romam veni, confeceram; sed accidit, ut et contentione nihil opus esset, et ut ego, qui in te satis consilii statuerim esse, mallem Peducaeum tibi consilium per litteras quam me dare. etenim, cum multos dies aures meas Acutilio dedissem, cuius sermonis genus tibi notum esse arbitror, non mihi grave duxi scribere ad te de illius querimoniis, cum eas audire, quod erat subodiosum, leve putassem. sed abs te ipso, qui me accusas, unas mihi scito litteras redditas esse, cum et otii ad scribendum plus et facultatem dandi maiorem habueris.*[129]

**чекор[5]** *Quod scribis etiam si cuius animus in te esset offensior a me recolligi oportere, <teneo> quid dicas neque id neglexi; sed est miro quodam modo adfectus. ego autem, quae dicenda fuerunt de te, non praeterii; quid autem contendendum esset, ex tua putabam voluntate me statuere oportere. quam si ad me perscripseris, intelleges me neque diligentiorem esse voluisse, quam tu esses, neque neglegentiorem fore, quam tu velis.*[130]

---

[128] „За тоа што не ти пишувам без причина ме обвинуваш. Никогаш нашата Помпонија не ми кажала кому би можел да му дадам писма, не ми се случило да сретнам некого што патува за Епир, а и сè уште не сум добил вест дека си во Атина."

[129] „Онаа работа со Акутилиј што ми ја довери, ја завршив веднаш штом по твоето заминување дојдов во Рим. Но, излезе дека целата работа не била толку итна, така што, бидејќи мислам дека си доволно способен, подобро ќе беше Педукај да те посоветува преку писмо отколку јас. Сепак, кога веќе можев со денови со леснотија да го слушам Акутилиј, чиј заморен начин на говорење мислам дека на тебе ти е познат, сметав дека нема да ми биде тешко за тие здодевни поплаки и да ти пишам, кога веќе ги слушав, што беше мачно. Но од тебе самиот, кој мене ме обвинува, знај дека добив само едно писмо, иако имаш и повеќе слободно време за пишување, а и повеќе прилики некому да му предадеш писма."

[130] „Во врска со тоа што пишуваш дека треба да придобијам некого што не ти е наклонет, те сфаќам што зборуваш и не сум заборавил на тоа. Тој е швркнат на некој чуден начин. Јас, пак, не ги премолчев тие работи што требаше да ги кажам за тебе, но сметав дека треба да одлучам, сообразно со твојата желба, колку треба да бидам настојчив. Ако убаво ми објасниш, ќе увидиш дека не сакам да се впуштам во целата работа повеќе од тебе самиот, но и ништо помалку отколку што ти би сакал да се впуштам."

**чекор**[6] *De Tadiana re, mecum Tadius locutus est te ita scripsisse, nihil esse iam, quod laboraretur, quoniam hereditas usu capta esset. id mirabamur te ignorare, de tutela legitima, in qua dicitur esse puella, nihil usu capi posse.*[131]

**чекор**[7] *Epiroticam emptionem gaudeo tibi placere. quae tibi mandavi et quae tu intelleges convenire nostro Tusculano velim, ut scribis, cures, quod sine molestia tua facere poteris. nam nos ex omnibus molestiis et laboribus uno illo in loco conquiescimus.*[132]

**чекор**[8] *Quintum fratrem cotidie exspectamus. Terentia magnos articulorum dolores habet. et te et sororem tuam et matrem maxime diligit salutemque tibi plurimam ascribit et Tulliola, deliciae nostrae.*[133]

**чекор**[9] *Cura ut valeas et nos ames et tibi persuadeas te a me fraterne amari.* [134]

Писмото се состои од девет единици на содржина или девет комплексни чекори, кои, според содржината, би можеле условно да ги означиме на следниот начин: 1. *de dolore mortis Luci* (чекор[1]**)**, 2. *de sorore Attici* (чекор[2]), 3. *de litterarum missione* (чекор[3]), 4. *de Acutiliano negotio* (чекор[4]), 5. *de recolligere animum alicuius homini* (чекор[5]), 6. *de Tadiana re* (чекор[5]), 7. *de epirotica emptione* (чекор[7]), 8. *de rebus privatis* (чекор[8]) и 9. *salutatio* (чекор[9]). Првиот чин во секоја од овие девет единици на содржина има референцијална улога: воведува нова тема или тема што е извесно дека била воведена во претходниот чекор од епистоларната промена, односно во

---

[131] „Што се однесува до случајот на Тадиј, Тадиј ми рече дека си му пишал да не се грижи, зашто наследството му припаѓа според правото на сопственост стекнато со долготрајна употреба. Нѐ чуди тоа што не знаеш дека со ова право ништо не може да се отуѓи од имот на некој што е под туторство, како што се зборува дека е таа девојка."

[132]„Мило ми е што си задоволен со купувањето на имотот во Епир. За оние работи што ти ги порачав и за тие што мислиш дека ќе одговараат за мојата вила во Тускул, би сакал, како што и пишуваш, да се погрижиш, ако можеш да го сториш тоа без тешкотии. Зашто јас од сите проблеми и работни задачи само на тоа место наоѓам мир."

[133]„Братот Квинт го очекуваме секој миг. Терентија има силни болки во зглобовите. Ве поздравува тебе, сестра ти и мајка ти, а голем поздрав ти праќа и нашата малечка Тулија."

[134] „Чувај се, мисли на нас и биди уверен дека те сакам како брат."

писмото на Атик. Единиците на комуникација, пак, или чиновите, од кои се состојат деветте чекори, не следат еден зад друг во непрекината монолитна низа, тука се подредени според принципите на зависност и(ли) набројување. На пример, чекор[3] е парадигма за чекор чија структура се состои од еден централен чин (*De litterarum missione sine causa abs te accusor*) и од три помошни (*numquam enim a Pomponia nostra certior sum factus esse, cui dare litteras possem* (помошен чин[1]), *porro autem neque mihi accidit ut habeam qui in Epirum proficisceretur* (помошен чин[2]) и *nequedum te Athenis esse audiebamus* (помошен чин[3])). Централниот и помошните чинови се интегрирани во структурата на чекорот преку принципот на зависност. Трите помошни чинови, пак, се интегрирани во структурата на чекорот со структурниот принцип набројување. Меѓу централниот и трите помошни чинови, освен структурна, има и семантичко-функционална или реторичка релација: функцијата на трите помошни чинови е да ја зголемат довербата на адресатот во вистинитоста на пропозицијата содржана во централниот чин. Кохеренцијата во чекор[8], пак, целосно се базира врз структурниот принцип набројување: сите чинови во структурата на овој чекор се главни. Претставуваат конститутивни единици на една единица на содржина, бидејќи во секој од нив Кикерон расправа *de rebus privatis*.[135]

Првиот чин во четири од деветте дискурсни чекори во тематската структура на ова писмо нема само референцијална улога, туку претставува и комуникациски центар, бидејќи се одликува со највисок степен на комуникациски динамизам.[136]

---

[135] Во некои писма преминот кон конститувните единици од овој тип е експлицитно означен со метадискурсен израз (e.g. *nunc ut ad privata redeam* (*Att*. 1. 14 = 14 SB)), но тој премин почесто е имплицитен, како во погоре цитираното писмо.

[136] Терминот *комуникациски динамизам* (communicative dynamism, CD) е централен поим во теоријата на функционална реченична перспектива на прашката лингвистичка школа. Упатува на тоа дека сите реченични елементи немаат подеднаква комуникациска вредност, односно ист степен на комуникациски динамизам. Од аспект на јазичната манифестација како соопштение, некои елементи на реченицата или текстот се комуникациски центар или се одликуваат со повисок степен на релевантност (види, на пример, Firbas, 1992).

Такви дискурсни чекори се чекор[1], чекор[3], чекор[4] и чекор[5]. Тематската структура на писмото нема да се наруши ако се отстранат чиновите што следат зад првиот чин од овие чекори, туку со нивното отстранување само ќе се намали можноста за успешно исполнување на прагматичката цел што авторот има намера да ја постигне со единицата на содржина. Сите чинови што следат зад првиот чин во чекор[1] имаат помошен статус, бидејќи претставуваат елаборација на првиот чин: Кикерон со нив објаснува зошто страда толку многу поради смртта на Лукиј. Во чекор[3] трите чинови што следат зад првиот чин се интегрирани во структурата на чекорот со реторичка релација евиденција: Кикерон во нив изнесува докази за тоа зошто мисли дека Атик неосновано го обвинува *de litterarum missione*. Во чекор[4] сите чинови зад првиот чин имаат помошен статус во смисла на тоа што содржат дополнителни и помалку релевантни информации во однос на првиот чин: откако Кикерон во првиот чин го известува Атик дека ја завршил работата што овој му ја доверил, го известува и дека работата не била толку итна, дека можел да ја заврши и друг и дека Акутилиј е здодевен. Последниот од дискурсните чинови во чекорот има помошен статус, не во однос на првиот чин од актуелниот чекор, туку во однос на првиот чин од чекор[3]. Интегриран е во структурата на писмото преку структурната релација навраќање. Чиновите што следат зад првиот чин во последниот од споменатите дискурсни чекори, чекор[5], имаат помошен статус во смисла на тоа што во нив Кикерон изнесува дополнителни информации за првиот чин: откако во првиот чин го известува Атик дека не заборавил на тоа што овој му го порачал – дека треба да ја придобие повторно наклоноста на некој човек кон Атик, му пишува дека човекот чија наклоност треба да ја придобие е чуден, дека тој самиот му кажал сè што мислел дека треба да му каже и сл.

Во останатите пет дискурсни чекори, првиот чин има референцијална улога, но не е комуникациски центар. Во чекор[2] со првиот чин Кикерон го подготвува Атик за чинот кој во однос на информацијата што ја содржи има централен статус: за тоа

дека Квинт во одговорот на неговото писмо му оставил впечаток дека има намера да го поправи неговиот однос кон сестрата на Атик. Функцијата на првиот чин е слична и во чекор$^{6}$, чекор$^{7}$, чекор$^{8}$ и чекор$^{9}$. Комуникацискиот центар во овие чекори е во чиновите што следат зад првиот чин. Во чекор$^{6}$ во чиновите што следат зад првиот чин Кикерон го побива мислењето на Атик за случајот на Тадиј, кое е изложено во првиот чин. Во чекор$^{7}$ радоста што во првиот чин ја изразува за тоа што Атик купил имот во Епир е споредна во однос на барањето изложено во дискурсните чинови што следат зад првиот: да му го набави тоа што смета дека ќе прилега за неговата вила во Тускул. Во чекор$^{8}$ сите чинови се одликуваат со еднаков степен на комуникациски динамизам: Кикерон го известува Атик дека го очекува братот Квинт, дека Теренција има болки во зглобовите, дека го поздравува и дека поздрави му праќа и ќерката Тулија. Последниот чекор, чекор$^{9}$, исто така се состои од два чина со подеднаков степен на комуникациски динамизам: поздрав до Атик и израз на братска љубов кон него.

Редоследот според кој се подредени конститутивните единици на тематската структура во ова и во останатите политематичните писма до Атик се чини дека не е детерминиран од премногу строги правила. Имено, иако писмата на Атик до Кикерон не се зачувани, па поради тоа е невозможно да се анализира до кој степен тематската структура на Кикероновите писма била условена од тематската структура на писмата на Атик, постојат јасни индиции за тоа дека Кикерон не се придржувал до редоследот според кој биле подредени конститутивните единици на тематската структура на писмата од Атик. На тоа дека имал сопствен редослед упатува еден фрагмент, во кој Кикерон на почетокот на писмото, односно во третиот чин од првиот дискурсен чекор, го известува Атик дека нема да ја следи сопствената *οἰκονομία* при подредувањето на единиците на содржина, туку дека на писмото ќе одговори следејќи го редоследот според кој биле подредени единиците на содржина во писмото на Атик (*ordinem conservabo tuum*):

(48) *iis [sc. litteris] igitur respondebo, *** (sic enim postulas), nec οἰκονομίαν meam instituam, sed ordinem conservabo tuum.* (*Att.* 6. 1. 1 = 115 SB)[137]

Тоа што Кикерон овде нагласува дека ќе го следи редоследот според кој биле подредени темите во писмото на Атик, а не сопствената *οἰκονομία*,[138] говори дека тој обично не се придржувал стриктно до редоследот според кој биле подредени темите во писмата на Атик. Дискурсните содржини, веројатно, ги организирал според сопствен редослед. При тоа, клучна улога имал критериумот релевантност: прво одговарал или го коментирал тоа што сметал дека е најрелевантно, а потоа останатото. Индикативен во оваа смисла е и примерот подолу во кој Кикерон на почетокот на писмото нагласува дека прво ќе одговори на втората, а потоа на првата страница од писмото на Атик:

(49) *et repsondebo primum postremae tuae paginae, qua mihi magnae molestiae fuit quod ad te scriptum est a Cincio de Stati sermone; (...) Quoniam respondi postremae tuae paginae prima mea, nunc ad primam revertam tuam. (...) (Att.* 6. 2. 1-3 = 116 SB*)*[139]

Тоа што Кикерон во ова писмо потенцира дека прво ќе одговори на втората, а потоа на првата страница е индикативно во однос на две работи. Прво, самото тоа што тој на почетокот на ова писмо коментира според кој редослед ќе ги презентира

---

[137] „Значи, ќе одговорам на нив (***) (така нели сакаш), и нема да ги подредам темите по мое, туку ќе се придржувам до твојот редослед."

[138] Во преводот на ова писмо до Атик SB именката *οἰκονομία* ја преведува со изразот *arrangement of topics* (SB, *A. III:* 79). Валидноста на ова преводно решение ја поткрепува со еден фрагмент од списот на Квинтилијан *За образованието на говорникот* (Quint. *Inst.* 3. 3. 9): *Hermagoras iudicium partitionem ordinem quaeque sunt elocutionis subicit oeconomiae, quae Graece appellata ex cura rerum domesticarum et hic per abusionem posita nomine Latino caret* („Хермагора способноста за расудување, распределувањето, редоследот и сè што се однесува на јазичниот израз го разгледува во поглавјето за *oeconomia*, збор со кој на грчки се означува грижата за домашните работи, а овде е употребен метафорично и нема латински збор за истото.") Види SB, *A. III:* 239.

[139] „Прво ќе одговорам на последната страница од твоето писмо, во која тоа што Киникиј ти го напишал за неговиот разговор со Статиј многу ме вознемири; (...) Бидејќи одговорив на последната страница од твоето писмо на првата страница од моето писмо, сега ќе се вратам на првата страница од твоето писмо."

единиците на содржина, упатува на тоа дека во подолгите писма обично одговарал прво на темите содржани на првата страница, а потоа на темите содржани на втората страница од писмото на Атик. Второ, фрагментот упатува на тоа дека и ваквиот редослед не бил задолжителен, односно дека при градбата на тематската структура на писмата до Атик Кикерон не се придржувал до премногу строги правила. Во случајот, решил конститутивните единици на тематската структура да ги подреди според критериум различен од вообичаениот: прво да одговори на тоа што му оставило најсилен впечаток (*quam mihi magnae molestiae fuit*), а потоа и на останатото.

Во политематичните писма до Атик што не се одговор на едно, туку на повеќе писма, Кикерон единиците на содржина ги организира на поинаков начин од оној во *Att.* 1. 5 (= SB 1). Во нив е евидентна поголемата економичност на изразот и поголемата застапеност на метадискурсни изрази, односно изрази во кои авторот ги коментира стратегиите што ќе ги примени при презентацијата на дискурсните содржини. Првата единица на содржина во овие писма секогаш е еден вид увод во кој Кикерон го известува Атик за тоа дека од него примил повеќе писма. Зад уводот следи низа од неколку единици на содржина, од кои секоја, освен последната, е одговор на писмата на Атик споменати во првата единица на содржина. Особено парадигматично во оваа смисла е писмото *Att.* 14. 20 (= 374 SB). Во него зад првиот чекор следат три чекори посветени на секое од трите писма на Атик кои се споменуваат во првиот чекор, пред или зад единиците на содржина од кои се состои структурата се среќаваат метадискурсните изрази: *audi igitur ad omnis* „слушни го одговорот на сите“, *primum* „прво“, *persolvi primae epistulae, venio ad secundam* „завршив со првото писмо, доаѓам до второто“, *venio ad tertiam* „доаѓам до третото“, *haec scripsi* „тоа е сè / ти пишав за сè“.

Триесет и деветте монотематични писма до Атик, кои претставуваат 9% од вкупниот број на писма до овој адресат, се напишани во „вонредни“ околности. Повеќето се напишани *en*

*route*: на патот кон или од Тесалоника, во логор на Помпеј, во Брундисиј, во Астура, на патот од Фикулеја до Астура, во Антиј и во Синуеса. Некои, пак, се напишани во ист ден или само еден ден откако Кикерон му пишал на Атик политематично писмо.

Компаративната анализа на тематската структура на писмата до Атик и на писмата до други адресати упатува на одредени сличности меѓу нив и писмата до некои од адресатите, но и на евидентни разлики. И покрај ограничувањата што произлегуваат од компарирањето на писма што сочинуваат половина од целокупниот епистоларен корпус и писма кои претставуваат неспоредливо помал репрезентативен примерок, споредбата упатува на тоа дека во однос на тематската структура писмата до Атик се најподатни за споредба со сите или со поголемиот дел од писмата до Квинт, Пает, Лепта, Лукиј Валериј, Фабиј Гал, Долабела, Мариј, Куриј, Мескиниј Руф, Марк Брут, Деким Брут, Касиј, Лентул, Требониј, Апиј Пулкхер, Салустиј Канин, Квинт Корнификиј, Каелиј Руф, Ватиниј Гал и Матиј. Генерално, политематичноста е својствена повеќе за писма што се производ на допишување со понагласена динамика. Сепак, иако, приватните писма се почесто политематични, типот на епистоларна релација нема пресудно влијание врз тоа дали писмото ќе биде монотематично или политематично. Повеќето од писмата до Терентија и Тирон се парадигма за писма што се производ на приватна епистоларна интеракција, а се монотематични. Писмата, пак, до Апиј Пулкхер или Салустиј Канин претставуваат пример за писма што се производ на службена епистоларна интеракција, а се политематични. Фактот што приватните писма се почесто политематични се должи на тоа што приватната епистоларна релација секогаш подразбира постоење на повеќе коефициенти заеднички за учесниците во епистоларната промена и понагласена динамика на допишување.

Најслични во однос на тематската структура со повеќето од писмата до Атик, и најбројни политематични писма од останатите писма до ист адресат по писмата до Атик, се писмата

до Квинт и до Марк Јуниј Брут. Сите писма до Квинт, со исклучок на првото (*Q. fr.* 1. 1 = 1 SB), се политематични. Единиците на содржина што ја сочинуваат тематската структура, исто како и во повеќето писма до Атик, се линеарно подредени. Првиот чин и во овие писма има референцијална улога. Во нив е впечатлива големата застапеност на временски одредници (*Kal. Febr., A. d. VII Id. Febr., A. d. VI Id. Febr., eo die, eodem die, quo die Rimam veni, eo ipso die etc.*)[140] и наративноста. Овие две одлики на писмата до Квинт се резултат на праксата на Кикерон да му ги опишува на Квинт во едно писмо настаните што се случиле во текот на повеќе денови. Во многу случаи писмата до него се структурирани така што повеќето од дискурсните чекори преставуваат опис на настаните што се случиле во текот на еден ден. Чекорите од кои се состои структурата на единственото монотематично писмо до Квинт не се подредени линеарно како во политематичните писма, туку хиерархиски: сите единици на содржина ѝ се потчинети на главната тема: како треба да се управува со една провинција. Интегрирани се во структурата на писмото преку принципот на зависност. Впечатливо е тоа што во писмото не се застапени вообичаените манифестации на принципите на реципрочна размена и поттикнување на интеракција, кои, инаку, се вообичаени во другите писма до Квинт. Наместа Кикерон споменува аспекти што се однесуваат на личноста на Квинт, но писмото, во основа, е деперсонализирано (White, 2010: 95). Иако е напишано во 60-ата година пр. н.е., кога двогодишниот мандат на Квинт како проконзул на провинцијата Азија бил продолжен за уште една година, па во таа смисла може да се третира како писмо што е упатено лично до Квинт, ова писмо е, всушност, само формално упатено до него. Писмото содржи генерални препораки *de provincia administranda*, односно, препораки кои се наменети за поширок читателски круг. Присуството на некои аспекти што се однесуваат стриктно на личноста на Квинт, како што се, на

[140] Види, на пример, *Q. fr.* 1. 2. 1 = 2 SB, 2. 2. 2 = 6 SB, 2. 3 = 7 SB, 2. 4. 1 = 8 SB, 2. 6(5) 2 = 10 SB, 2. 9 (8) 3 = 12 SB, 2. 12.(11) 2 = 16 SB *etc.*

пример, споменувањето на неговото незадоволство поради продолжувањето на мандатот, на неговата избувливост или на некои негови постапки од претходните две години од проконзулатот, се чини дека се должи на форматот што Кикерон го избрал за овој свој трактат, кој подразбира присуство на елементи кои ќе упатуваат на личноста на адресатот или на релацијата меѓу кореспондентите.

Сите писма до Брут, освен писмата на препорака, се политематични и во однос на структурата се слични на повеќето писма до Атик и до Квинт. Од писмата до Теренција, пак, политематични се само четири писма од егзил, а останатите се монотемаични. И овие писма, исто како и монотематичните писма до Атик, се напишани *en route.* Покрај условите во кои се напишани, влијание врз нивната монотематичност имало и тоа што поради актуелните политички прилики или настаните од приватниот живот, една тема во комуникацијата меѓу Кикерон и Теренција се наметнала како доминантна. На пример, во писмата од периодот на граѓанската војна, таква доминантна тема било прашањето дали Теренција и Тулија, поради ризикот од пресметка со политичките противници, опасноста од пљачкосување и глад, треба да останат во Рим. Други такви доминантни теми биле нарушеното здравје на Тулија, здравјето на Теренција, веста за влегувањето на Каесар во Рим, потребата да се одржи комуникацијата со семејството и сл. Во однос на тематската структура споредливи со овие писма се монотематичните писма до Тирон. Клучниот контекстуален фактор кој влијаел врз тоа овие писма да бидат монотематични било нарушеното здравје на Тирон, тема која логично се наметнала како единствена. Во некои случаи влијание врз оваа состојба имала и нагласената динамика на пишување писма. Така, од седум писма напишани во релативно кус временски период (во периодот од 3-ти до 17 ноември), дури три се напишани на ист ден.

Политематичните писма не се секогаш долги, ниту, пак, монотематичните се секогаш куси. Во корпусот има многу куси

политематични писма, главно, до адресати со кои Кикерон бил во приватна лична или семејна епистоларна релација, и релативно долги монотематични писма. Парадигма за кусо политематично писмо е писмото во примерот бр. 50, кое го цитираме во целост:

(50) *Tullius Tironi s.*

> *Sollicitat, ita vivam, me tua, mi Tiro, valetudo. sed confido, si diligentiam quam instituisti adhibueris, cito te firmum fore. libros compone; indicem, cum Metrodoro libebit, quoniam eius arbitratu vivendum est. cum holitore ut videtur. tu potes Kalendis spectare gladiatores, postridie redire, et ita censeo; verum ut videbitur. Cura te, si me amas, diligenter. Vale. (Fam.* 16. 20 = 220 SB)[141]

Подолгите монотематични писма до Тирон, а и до другите адресати, не се состојат од една единица на содржина, како монотематичните писма до Атик или Теренција, туку од повеќе единици на содржина, кои не се подредени линеарно, како во политематичните писма, туку хиерархиски: секоја од нив има определена функција во тематската структура на писмото. И покрај тоа што се состојат од повеќе единици на содржина, овие писма од аспект на тематската структура се монотематични, бидејќи авторот има само една комуникациска цел: исполнување на определено барање, прифаќање на определена препорака, пружање утеха *etc*. Парадигма за такво писмо од писмата до Тирон е *Fam*. 16. 4 = 123 SB. Неговата тематска структура се состои од пет чекори. Секој од нив има функција да овозможи успешна реализација на единствената комуникациска цел на Кикерон: да му укаже на адресатот дека треба сета своја енергија и време да ги посвети на грижата за здравјето. Така, во

---

[141] „Тулиј го поздравува својот Тирон.
Твоето здравје, мој Тироне, во животов се колнам, ме загрижува. Туку, цврсто верувам дека набргу ќе закрепнеш, ако продолжиш да му посветуваш грижа така како што почна да му посветуваш. Среди ми ги книгите. Списокот, тогаш кога Метродор ќе ти дозволи, зашто сега треба да живееш според неговите препораки. Треба да се види до каде е работата со градинарот. За време на Календите можеш да ги гледаш гладијаторите, а утредента да се вратиш дома. Јас ти предлагам така, ама ти ќе си видиш. Чувај се, за моја љубов, внимателно. Поздрав! “

чекор[1] Кикерон изразува загриженост за здравјето на Тирон и му препорачува да не тргнува на пат додека на закрепне во целост:

**_Fam._ 16. 4. 1 = 123 SB**

**чекор[1]** *Tullius Tironi suo s. p. d. et Cicero et Q. frater et Q. f.*

*Varie sum affectus tuis litteris, valde priore pagina perturbatus, paulum altera recreatus. qua re nunc quidem non dubito quin, quo<a>d plane valeas, te neque navigationi neque viae committas. satis te mature videro si plane confirmatum videro.*[142]

Во чекор[2] Кикерон изразува сомнеж во полезноста на терапијата што лекарот му ја препишал на Тирон, за која Тирон очигледно му пишувал во писмото што му претходело на ова писмо. Воедно, во овој чекор тој го известува Тирон дека им пишал и на лекарот и на Лисон, сопственикот на куќата во која Тирон престојувал во Патра:

**чекор[2]** *De medico et tu bene existimari scribis et ego sic audio, sed plane curationes eius non probo. ius enim dandum tibi non fuit cum κακοτόμαχος esses. sed tamen et ad illum scripsi accurate et ad Lysonem.*[143]

Во чекор[3] го известува Тирон за неколку конкретни чекори што ги презел со цел да овозможи негово побрзо заздравување: му пишал на кредиторот Курион да го земе во својата куќа и да му даде толку пари колку што Тирон ќе побара. Воедно, бара од Тирон да не штеди пари за ниедна работа што е поврзана со неговото здравје:

---

[142] „Тулиј, Кикерон, братот Квинт и синот на Квинт срдечно го поздравуваат својот Тирон.
Твоите писма кај мене предизвикаа различни чувства, првата страница силно ме вознемири, а веќе следната малку ме успокои. Затоа, сега веќе воопшто не се двоумам околу тоа дека ти, сè додека не закрепнеш во целост, не треба да патуваш ниту по море ниту по копно. Ќе те видам тогаш кога целосно ќе оздравиш.“

[143]„Пишуваш дека за лекарот имаш добро мислење, а и јас така чув. Но, воопшто не го одбрувам неговиот начин на лекување. Знаеш, не требало да ти даде супа, кога имаш проблеми со пробава. Сепак, и нему јасно му пишав, а и на Лисон.“

**чекор[3]** *Ad Curium vero, suavissimum hominem et summi officii summaeque humanitatis, multa scripsi, in iis etiam, ut, si tibi videretur, te ad se traferret. Lyso enim noster vereor ne negligentior sit, primum quia omnes Graeci, deinde quod, cum a me litteras accepisset, mihi nullas remisit. sed eum tu laudas; tu igitur, quid faciendum sit, iudicabis. Illud, mi Tiro, te rogo, sumptu ne parcas ulla in re, quod ad valetudinem opus sit: scripsi ad Curium, quod dixisses, daret; medico ipsi puto aliquid dandum esse, quo sit studiosior.*[144]

Во следниот чекор го известува Тирон дека сите услуги што овој му ги направил ќе бидат надминати од една: кога ќе го види целосно оздравен. Затоа, Тирон не треба да брза, туку треба да размислува за поаѓање, дури откако во целост ќе закрепне:

**чекор[4]** *Innumerabilia tua sunt in me officia, domestica forensia, urbanana, provincialia, in re privata, in publica, in studiis, in litteris nostris: omnia viceris, si, ut spero, te validum videro. ego puto te bellissime, si recte erit, cum quaestore Mescinio decursurum. non inhumanus est teque, ut mihi visus est, diligit. sed cum valetudini tuae diligentissime consulueris, tum, mi Tiro, consulito navigationi. nulla in re iam te festinare volo. nihil laboro nisi ut salvus sis.*[145]

Во последниот чекор Кикерон во име на взаемната љубов меѓу него и Тирон бара од Тирон да ги одложи сите активности и да му се посвети во целост на здравјето. За почитта на Тирон кон

---

[144] На Курij, пак, на тој толку мил човек, со исклучително чувство на должност и со исклучителна човечност, му пишав многу нешта, а меѓу другото и тоа, ако се согласуваш, да те земе кај себе. Знаеш, се плашам дека нашиот пријател Лисон не е толку многу грижлив, прво, зашто такви се сите Грци, а потоа и поради тоа што кога му пишав писмо, не ми одговори. Но, ти него го фалиш. Значи, што треба да се направи, ти ќе процениш. Едно те молам, мој Тироне, немој воопшто да штедиш пари за ниту една работа што ти е потребна за здравјето. Му пишав на Курион да ти даде толку колку што ќе речеш. Мислам дека треба нешто да му се даде и на лекарот, за да биде повнимателен."

[145] „Ти си ми направил неброено многу услуги, дома и на форумот, во Рим и во провинциите, во приватниот и во јавниот живот, во сите мои секојдневни и книжевни стремежи. Сите нив ќе ги надминеш со една, кога, како што се надевам и дека ќе биде, ќе те видам жив и здрав. Мислам дека е најдобро, кога сè ќе биде во ред, да патуваш заедно со квесторот Мескиниј. Тој е образован човек и мислам дека те почитува. Откако мошне внимателно ќе се посоветуваш за твоето здравје, дури тогаш, мој Тироне, советувај се за пловидбата. За ниту една работа не сакам да те избрзувам. За ниедна работа не се грижам освен за тоа ти да бидеш здрав."

него Кикерон ќе суди според грижата што овој ќе ја вложи во сопственото здравје: колку што Тирон поревносно се грижи за здравјето, толку повеќе Кикерон ќе смета дека е почитуван од него:

**чекор[5]** *Sic habeto, mi Tiro, neminem esse, qui me amet, quin idem te amet: quum tua et mea maxime interest te valere, tum multis est curae. Adhuc, dum mihi nullo loco deesse vis, numquam te confirmare potuisti: nunc te nihil impedit; omnia depone, corpori servi. Quantam diligentiam in valetudinem tuam contuleris, tanti me fieri a te iudicabo. Vale, mi Tiro, vale, vale et salve. Lepta tibi salutem dicit et omnes. Vale. VII Id. Nov. Leucade. (ibid.)*[146]

Во однос на тематската структура многу писма во јазичниот корпус се слични со ова писмо до Тирон. Парадигма за такво писмо е писмото до Лукеј (*Fam*. 5. 12. 1 = 22 SB), кое го споменавме при анализата на метаструктурата. Сепак, ова писмо се разликува од споменатото писмо до Тирон во однос на тоа што во него многу повеќе доаѓа до израз вештината на Кикерон како оратор. Перцепцијата на Кикерон дека писмото е медиум погоден за актуелизација на деликатни аспекти од вонтекстуалната стварност, не произлегува само од концептот дека писмото е медиум кој ослободува од срам, туку и од свеста дека времето со кое располагаат учесниците во епистоларната конверзација им овозможува на учесниците во таа конверзација да направат внимателен избор на реторички стратегии и, на тој начин, да создадат дискурс кој може да биде далеку поубедлив и поефикасен од усниот. Во ова писмо Кикерон како свесно да решил да го искористи епистоларното време и да го примени

[146] „Имај го на ум ова, мој Тироне, дека не постои никој што ме сака мене, а да не те сака и тебе. Како што на тебе и на мене ни е најважно ти да оздравиш, така истото им е грижа и на многумина други. Досега, додека настојуваше за секоја работа да ми помогнеш, никогаш не можеше да водиш грижа за своето здравје. Сега ништо не те спречува. Одложи ги сите работи, грижи си се за телото. Ќе сметам дека сум почитуван од тебе толку колку што ќе му посветиш внимание на твоето здравје.
Со здравје, мој Тироне, остани ми со здравје и збогум! Поздрав од Лепта и од сите други. Поздрав!
Седум дена пред ноемвриските Иди, Левкада“

сето свое професионално знаење и искуство како говорник, со цел да создаде убедлив дискурс, т.е. дискурс што ќе ја зголеми веројатноста за успешна реализација на комуникациската цел на писмото: ќе го убеди Лукеј да напише панегирик за периодот на неговиот конзулат. Тематската структура на писмото се состои од повеќе хиерархиски подредени чекори, споредливи со деловите од говорот, дефинирани во античката реторика. Така, првиот чекор е еден вид *exordium* во кој Кикерон го подготвува Лукеј дека ќе говори за тема што ја доживува како деликатна:

***Fam.* 5. 12. 1 = 22 SB**

**чекор¹** *Coram me tecum eadem haec agere saepe conantem deterruit pudor quidam paene subrusticus quae nunc expromat absens audacius; epistula enim non erubescit.*[147]

По уводот следи дел што во рамки на структурата на писмото има идентична функција на делот од говорот кој во реториката се означува со терминот *narratio* или *διήγησις*. Во него Кикерон, прво го изложува предметот на писмото:

**чекор²** *Ardeo cupiditate incredibili neque, ut ego arbitror, reprehendenda nomen ut nostrum scriptis illustretur et celebretur tuis.*[148]

Сите дискурсни чекори што следат имаат помошен статус во однос на директивот изложен во чекор². Од чекор³ е извесно дека Лукеј претходно му ветил на Кикерон дека ќе напише панегирик за неговиот конзулат и за настаните што следеле по него. Со оглед на тоа, Кикерон, на почетокот на писмото, веројатно, со цел да го потсети адресатот на даденото ветување, се извинува за тоа што бара од него да го исполни ветувањето побргу. Како причини за брзањето ги наведува не само надежта за бесмртност (*spes immortalitatis*) што кај него произлегува од мислата дека ќе

[147] „Некаков речиси простодушен срам ме одвракаше кога се обидував да разговарам со тебе лице во лице за овие работи кои сега во отсуство ќе ти ги изложам посмело; писмото, нели, не црвенее."

[148] „Горам од неверојатна желба, која, според мене, не треба да биде потисната, моето име да биде пофалено и прославено во твоите писанија."

биде споменат од идните поколенија, туку и силната желба (*cupiditas*) додека е жив да ужива во угледот на пишаното сведоштвто на Лукеј, во неговата пројава на благонаклност и во убавината на неговата писателската дарба:

**чекор[3]** *quod etsi mihi saepe ostendisti te esse facturum, tamen ignoscas velim huic festinationi meae; genus enim scriptorum tuorum etsi erat semper a me vehementer exspectatum, tamen vicit opinionem meam meque ita vel cepit vel incendit, ut cuperem quam celerrime res nostras monumentis commendari tuis; neque enim me solum commemoratio posteritatis ad spem quandam immortalitatis rapit, sed etiam illa cupiditas, ut vel auctoritate testimonii tui vel indicio benevolentiae vel suavitate ingenii vivi perfruamur.*[149]

Структурата на писмото Кикерон натаму ја гради поаѓајќи од негативната антиципација на одговорите кои Лукеј би можел да му ги даде при средба лице во лице. Така, поаѓајќи од претпоставката дека тој може да го одбие поради презафатеност, Кикерон го потсетува дека знае оти списите што претходно ги започнал се речиси готови, а и дека самиот Лукеј му споменал дека веќе размислува за нови писателски потфати. Поаѓајќи, пак, од претпоставката дека Лукеј ќе одлучи периодот на неговиот конзулат да го опише не во одделен спис, туку заедно со останатите собитија од тој период, Кикерон му сугерира да размисли за тоа дали е подобро да постапи слично како големите грчки историографи Калистен, Тимај и Полибиј, кои за одделни настани од грчката историја напишале одделни списи:

---

[149] „Иако ти често ми кажуваш дека имаш намера тоа да го сториш, сепак, би сакал да ми простиш за ова мое брзање. Знаеш, иако отсекогаш со нетрпение ги очекував твоите книги, сепак тие ги надминаа моите очекувања и толку ме обзедоа и возбудија, што посакав што побрзо да им ги доверам моите дела на твоите списи. Не ме привлече, нели, само споменувањето од идните поколенија кон некаква надеж за бесмртност, туку и силната желба да се насладувам додека сум жив во автентичноста на твоето сведоштво, во пројавата на благонаклоност и во убавината на твојата дарба."

**чекор**[4] *Neque tamen, haec cum scribebam, eram nescius, quantis oneribus premerere susceptarum rerum et iam institutarum. sed, quia videbam Italici belli et civilis historiam iam a te paene esse perfectam, dixeras autem mihi te reliquas res ordiri, deesse mihi nolui quin te admonerem, ut cogitares, coniunctene malles cum reliquis rebus nostra contexere an, ut multi Graeci fecerunt, Callisthenes Phocium bellum, Timaeus Pyrrhi, Polybius Numantinum, qui omnes a perpetuis suis historiis ea quae dixi bella separaverunt, tu quoque item civilem coniurationem ab hostilibus externisque bellis seiungeres. Equidem ad nostram laudem non multum video interesse, sed ad properationem meam quiddam interest non te exspectare, dum ad locum venias, ac statim causam illam totam et tempus arripere, et simul, si uno in argumento unaque in persona mens tua tota versabitur, cerno iam animo, quanto omnia uberiora atque ornatiora futura sint.*[150]

По препораката до Лукеј да напише спис во кој вниманието ќе го насочи *uno argumento unaque in persona*, Кикерон, прво, ја критикува сопствената наметливост, а потоа, надминувајќи ги границите на сопствената скромност, настојчиво го моли адресатот да ги прослави неговите дела и повеќе отколку што можеби ги цени, да ги пренебрегне законите на историјата и да го пофали и повеќе отколку што дозволува вистината. Барањето кое во чекор[2] е формулирано како желба (*ardeo cupiditate incredibili*), овде има облик на молба (*itaque te plane etiam atque etiam rogo...*):

[150] „Сепак, додека го пишувам ова, многу сум свесен со колкаво бреме си притиснат од списите со кои си се зафатил и веќе си ги започнал. Но, бидејќи гледам дека веќе си при крај со историјата на Италската и на Граѓанската војна, а и ти ми кажа дека веќе почнуваш нови списи, не сакам да пропуштам да ти споменам да размислиш дали повеќе ти одговара да ги опишеш моите дела заедно со останатите собитија, или, да постапиш така како што прават многумина Грци, Калистен за Фокидската војна, Тимај за војната со Пир или Полибиј за Нумантинската војна, да го одвоиш граѓанскиот заговор од војните на државата со надворешните непријатели, како што тие ги одвоиле војните што ги споменав од своите списи за оштата историја. Не сметам дека тоа е многу важно за мојата слава, но за моето нетрпение има некаква важност тоа да не те чекам додека стигнеш до соодветното место и веднаш да се зафатиш со самиот предмет и со периодот. Воедно, ако сиот твој ум се насочи кон една тема и кон една личност, веќе си замислувам колку многу целиот спис ќе биде подетален и подобар.“

**чекор**[5] *Neque tamen ignoro quam impudenter faciam qui primum tibi tantum oneris imponam (potest enim mihi denegare occupatio tua), deinde etiam ut ornes me postulem. Quid si illa tibi non tanto opere videntur ornanda? Sed tamen, qui semel verecundiae fines transierit, eum bene et naviter oportet esse impudentem. Itaque te plane etiam atque etiam rogo ut et ornes ea vehementius etiam, quam fortasse sentis, et in eo leges historiae negligas gratiamque illam, de qua suavissime quodam in prooemio scripsisti, a qua te flecti non magis potuisse demonstras quam Herculem Xenophontium illum a Voluptate, eam, si me tibi vehementius commendabit, ne aspernere amorique nostro plusculum etiam quam concedet veritas largiare.* [151]

Реторичките стратегии што Кикерон ги применува во следните чекори на писмото имаат за цел да го убедат адресатот дека исполнувањето на барањето поради кое е напишано писмото нема да биде полезно само за Кикерон, туку дека ќе биде полезно и за самиот Лукеј. Конститутивните единици во кои Кикерон ги применува овие стратегии во макроструктурата на писмото образуваат една тематска целина која е споредлива со делот од говорот што во реториката се означува со терминот *argumentatio* или *πίστις*. Така, со примена на низа различни стратегии, Кикерон во овој дел од писмото постепено го убедува Лукеј дека пишувањето на панегерикот, всушност, ќе биде полезно за самиот Лукеј. Во првиот чекор од оваа тематска целина, Кикерон му посочува на Лукеј дека периодот на неговиот конзулат е граѓа од која може да се создаде возбудливо четиво, т.е. четиво *ad delectationem lectoris*:

---

[151] „Сепак, добро знам колку нахално постапувам што, прво, ти товарам толкаво бреме (може, нели, да ме одбиеш поради твојата зафатеност), а потоа, барам од тебе да ме прославиш. Што ако мислиш дека тие нешта не се толку вредни за пофалба? Но, човек што еднаш ги преминал границите на скромноста, треба да биде бесрамен до крај. Затоа, настојчиво те молам да ги прославиш моите дела и повеќе отколку што можеби ги цениш, и во тоа да ги пренебрегнеш законите на историјата, а благонаклоноста, за која мошне убаво си напишал во некој предговор, посочувајќи дека таа не можела да те обземе повеќе отколку што во оној спис на Ксенофонт Насладата го обзела Херкула, ако силно ја чувствуваш кон мене, немој да ја презираш и кон нашето пријателство биди малкуцка подарежлив отколку што дозволува вистината.“

**чекор[6]** *Quod si te adducemus ut hoc suscipias, erit, ut mihi persuadeo, materies digna facultate et copia tua. a principio enim coniurationis usque ad reditum nostrum videtur mihi modicum quoddam corpus confici posse, in quo et illa poteris uti civilium commutationum scientia vel in explicandis causis rerum novarum vel in remediis incommodorum, cum et reprehendes ea, quae vituperanda duces, et, quae placebunt, exponendis rationibus comprobabis, et, si liberius, ut consuesti, agendum putabis, multorum in nos perfidiam, insidias, proditionem notabis. Multam etiam casus nostri varietatem tibi in scribendo suppeditabunt plenam cuiusdam voluptatis, quae vehementer animos hominum in legendo tuo scripto retinere possit. nihil est enim aptius ad delectationem lectoris quam temporum varietates fortunaeque vicissitudines. quae etsi nobis optabiles in experiendo non fuerunt, in legendo tamen erunt iucundae.*[152]

Следните неколку чекори имаат помошен статус во однос на чекор[6]. Во првиот од нив, чекор[7], Кикерон ги изложува причините поради кои смета дека периодот на неговиот конзулат е граѓа од која може да се создаде забавно четиво: описот на туѓите страдања кај читателот предизвикува сочувство, восхит, исчекување, радост, тага, надеж и страв, а позитивниот исход на настаните кај читателот ќе предизвика задоволство. Сопствените страдања Кикерон тука имплицитно ги споредува со страдањата на Епаминонда и Темистокле, а Лукеј, доколку го напише списот, повторно имплицитно, го споредува со тука неименуваните автори на списите посветени на овие две

[152] „Ако те натерам да го направиш ова, тоа ќе биде, убеден сум, граѓа достојна за твоите можности и за твојата голема дарба. Од почетокот на заговорот сѐ до моето враќање од егзил ми се чини дека може да се напише еден не премногу голем спис, во кој ќе можеш да го исползуваш твоето знаење за граѓанските преврати кога ќе ги објаснуваш причините за превратот или средствата за надминување на несреќите, додека ќе го прекоруваш тоа што сметаш дека треба да се прекори и ќе го фалиш тоа што ти се допаѓа, изложувајќи ги причините за едното и за другото. Ако сметаш дека треба да пишуваш послободно одошто си свикнал, ќе ги забележиш подмолноста, измамите и предавството на многумина кон мене. Моите несреќи ќе ти овозможат при пишувањето разнообразност полна со некаква наслада, која може силно да го привлече вниманието на луѓето, ако ти го напишеш тоа. Ништо, нели, не е попогодно за уживањето на читателот од разнообразието на настаните и од променливоста на судбината. Иако тие за мене не беа пријатни додека ги преживував, сепак ќе бидат забавни за читање.“

личности од грчката историја. Овој чекор има помошен статус, бидејќи прагматичката цел на авторот е да го убеди адресатот во веродостојноста на содржините изнесени во претходниот дискурсен чекор:

**чекор[7]** *habet enim praeteriti doloris secura recordatio delectationem; ceteris vero nulla perfunctis propria molestia, casus autem alienos sine ullo dolore intuentibus etiam ipsa misericordia est iucunda. Quem enim nostrum ille moriens apud Mantineam Epaminondas non cum quadam miseratione delectat? qui tum denique sibi evelli iubet spiculum, posteaquam ei percontanti dictum est clipeum esse salvum, ut etiam in vulneris dolore aequo animo cum laude moreretur. cuius studium in legendo non erectum Themistocli fuga †redituque† retinetur? etenim ordo ipse annalium mediocriter nos retinet quasi enumeratione fastorum; at viri saepe excellentis ancipites variique casus habent admirationem, exspectationem, laetitiam, molestiam, spem, timorem; si vero exitu notabili concluduntur, expletur animus iucundissima lectionis voluptate. Quo mihi acciderit optatius, si in hac sententia fueris, ut a continentibus tuis scriptis, in quibus perpetuam rerum gestarum historiam complecteris, secernas hanc quasi fabulam rerum eventorumque nostrorum; habet enim varios actus mutationesque et consiliorum et temporum.*[153]

Следниот чекор исто така има помошен статус во однос на чекор[6]. Во него Кикерон се навраќа на претходно изнесената теза дека периодот на неговиот конзулат и настаните што следеле по

---

[153] „Споменувањето на изминатата болка, нели, предизвикува, задоволство. На останатите луѓе кои не искусиле вистинско страдање и ги гледаат туѓите несреќи без каква било болка, самото сочувство им е пријатно. Има ли некој од нас што не се наслaдува со некакво сочувство кога чита за Епаминонда како умира во Мантинеја? Тој заповедал да му ја истргнат стрелата дури тогаш кога, откако прашал, му кажале дека штитот не му е оштетен, така што, иако бил жестоко ранет, умрел спокојно и славно. Чие внимание не е напрегнато додека чита за прогонот [и враќањето од егзил] на Темистокле? Хронолошкото редење на настаните нè интересира исто толку малку колку што нè интересира набројувањето на највисоките магистрати за секоја измината година. Но, страдањата и променливата судбина на еден одличен маж предизвикуваат восхит, исчекување, радост, тага, надеж и страв. Ако на крајот сè се заврши срeќно, душата на читателот се полни со многу големо задоволство. Ќе се совпадне со моите желби ако си на мислење од твоите списи, во кои ја опфаќаш непрекинатата историја на настаните, да ја одвоиш приказната за моите дела и собития. Има, нели, во неа разнообразни дејства и многу промени на одлуките и на приликите."

него се *materies digna facultate et copia Luccei*. Додека во претходниот чекор вниманието го насочува кон самата граѓа, во овој се фокусира на тоа зошто сака токму Лукеј да го напише панегирикот. Притоа, постепено ја наметнува тезата дека пишувањето на панегирикот ќе биде полезно и за самиот Лукеј, во смисла на тоа што ќе му донесе слава:

**чекор**[8] *Ac non vereor, ne assentatiuncula quadam aucupari tuam gratiam videar, cum hoc demonstrem, me a te potissimum ornari celebrarique velle; neque enim tu is es, qui, qui sis, nescias et qui non eos magis, qui te non admirentur, invidos quam eos, qui laudent, assentatores arbitrere, neque autem ego sum ita demens, ut me sempiternae gloriae per eum commendari velim, qui non ipse quoque in me commendando propriam ingenii gloriam consequatur.*[154]

Следи чекор кој има помошен статус во однос на претходниот дискурсен чин. Во него Кикерон, прво, имплицитно го споредува Лукеј со Апел и со Лисип, кои стекнале уште поголема слава откако го овековечиле Александар Велики, едниот со слика, а другиот со кип. Александар, имено, исто како и Кикерон, не побарал од нив да го сторат тоа само заради него, туку и заради самите нив. Следи имплицитна споредба на Лукеј со Ксенофонт, Тимај, Херодот, Хомер и Гнај Највиј. Притоа, Кикерон се споредува себе си, повторно имплицитно, со Агесилај, Тимолеонт, Темистокле, Ахил и Хектор, кои биле овековечени во делата на погоре споменатите автори:

**чекор**[9] *Neque enim Alexander ille gratiae causa ab Apelle potissimum pingi et a Lysippo fingi volebat, sed quod illorum artem cum ipsis, tum etiam sibi gloriae fore putabat. Atque illi artifices corporis simulacra ignotis nota faciebant, quae vel si nulla sint, nihilo sint tamen obscuriores clari viri; nec minus est Spartiates Agesilaus ille perhibendus, qui neque pictam*

[154] „Не се плашам дека ќе изгледа како да се борам за твојата наклоност со ситно додворување, ако ти покажам дека сакам да бидам возвеличен и прославен најмногу од тебе. Ти, нели, не си човек што не си ја знае вредноста и што нема да ги смета повеќе за завидливци тие што не му се восхитуваат, отколку за ласкавци тие што го фалат. Ниту, пак, јас не сум толку безумен за да сакам да стекнам вечна слава со помош на човек кој самиот нема да стекне соодветна слава со тоа што мене ме фали."

*neque fictam imaginem suam passus est esse, quam qui in eo genere laborarunt; unus enim Xenophontis libellus in eo rege laudando facile omnes imagines omnium statuasque superavit. Atque hoc praestantius mihi fuerit et ad laetitiam animi et ad memoriae dignitatem, si in tua scripta pervenero, quam si in ceterorum, quod non ingenium mihi solum suppeditatum fuerit tuum, sicut Timoleonti a Timaeo aut ab Herodoto Themistocli, sed etiam auctoritas clarissimi et spectatissimi viri et in rei publicae maximis gravissimisque causis cogniti atque in primis probati, ut mihi non solum praeconium, quod, cum in Sigeum venisset, Alexander ab Homero Achilli tributum esse dixit, sed etiam grave testimonium impertitum clari hominis magnique videatur; placet enim Hector ille mihi Naevianus, qui non tantum "laudari" se laetatur, sed addit etiam "a laudato viro."* [155]

По низата ласкави имплицитни споредби на Лукеј со неколку славни историографи, следи дискурсен чекор во кој Кикерон го известува Лукеј дека ако не го прифати неговиот предлог да го напише панегирикот, тој би можел да го напише сам. Откако ги изложува недостатоците на списите од тој вид, повторно го моли да го изврши барањето што е предмет на писмото:

**чекор[10]** *Quod si a te non impetro, hoc est, si quae te res impedierit (neque enim fas esse arbitror quicquam me rogantem abs te non impetrare), cogar fortasse facere quod nonnulli saepe reprehendunt: scribam ipse de me, multorum*

---

[155] „Александар, знаеш, не сакал да биде насликан од Апел и извајан од Лисип за да им угоди, туку бидејќи мислел дека нивното дело ќе им донесе слава и на самите нив, а и на него. Овие уметници ги запознаа луѓето што не го познаваа со изгледот на неговото тело, и да не постоеја тие [претстави], овие славни мажи немаш да бидат помалку познати. Спартанецот Агесилај, кој не дозволувал неговиот портрет ниту да се слика ниту да се вајa, не заслужува помала почит од оние што силно настојувале околу тоа. Една книгичка, нели, на Ксенофонт во која се воспева овој цар ги надминала сите слики и статуи. Ќе ми биде важно, и во однос на радоста во душата и во однос на угледот што ќе го стекнам кај идните генерации, ако се најдам во твоите писанија, а не во други, зашто не само што ќе имам полза од твојата писателска дарба, како што имал полза Тимолеонт од Тимај или Темистокле од Херодот, туку и од твојот углед на многу славен и способен човек, човек кој се докажал и се истакнал меѓу првите во најзначајните и најтешките прилики во Републиката; така ти не само што ќе ми даруваш слава, како што Александар, кога отишол во Сигај, рекол дека Ахил бил даруван од Хомер, туку и тоа ќе изгледа како сериозно сведоштво дадено од славен и од голем човек. Ми се допаѓа оној Хектор на Највиј, кој се радува не толку зашто *е фален*, туку додава, зашто е фален *од славен човек*."

*tamen exemplo et clarorum virorum. sed, quod te non fugit, haec sunt in hoc genere vitia: et verecundius ipsi de sese scribant necesse est, si quid est laudandum et praetereant si quid reprehendendum est. accedit etiam, ut minor sit fides, minor auctoritas, multi denique reprehendant et dicant verecundiores esse praecones ludorum gymnicorum, qui, cum ceteris coronas imposuerint victoribus eorumque nomina magna voce pronuntiarint, cum ipsi ante ludorum missionem corona donentur, alium praeconem adhibeant, ne sua voce se ipsi victores esse praedicent. haec nos vitare cupimus et, si recipis causam nostram, vitabimus idque ut facias rogamus.*[156]

Следат два дискурсни чекори кои образуваат тематска целина споредлива со заклучокот во античкиот говор (*conclusio*, *ἐπίλογος*). Во првиот, Кикерон, потсетувајќи го Лукеј дека веќе му ветил оти ќе го напише панегирикот, ги изложува причините зошто бара од него тоа да го стори побргу. Во вториот, пак, чекор[10], бара од него да му одговори на писмото:

**чекор[11]** *Ac, ne forte mirere, cur, cum mihi saepe ostenderis te accuratissime nostrorum temporum consilia atque eventus litteris mandaturum, a te id nunc tanto opere et tam multis verbis petamus, illa nos cupiditas incendit, de qua initio scripsi, festinationis, quod alacres animo sumus, ut et ceteri viventibus nobis ex libris tuis nos cognoscant et nosmet ipsi vivi gloriola nostra perfruamur.*[157]

---

156 „Ако не го измолам ова од тебе, т.е. ако нешто те спречи (а, знаеш, мислам дека не е праведно оваа моја молба да биде одбиена од тебе), можеби ќе бидам принуден да направам нешто што некои често го осудуваат: самиот ќе си напишам за мене, по примерот на многумина славни мажи. Но, како што не ти е непознато, недостатоците на тоа се следниве: тие што си пишуваат самите за себе треба да бидат поскромни ако треба нешто да пофалат и треба да ги испуштат тие работи што се достојни за прекор. Згора на тоа, помалку ќе влева доверба, ќе има помал углед, и конечно, многумина ќе го прекоруваат и ќе велат дека прославувачите на гимнастичките игри биле поскромни, зашто им ставаат венци на други победници и гласно ги извикуваат нивните имиња, а кога на крајот на игрите самите примаат венец, земаат друг прославувач, за да не објават самите дека се победници. Ова сакам да го избегнам и, ако го прифатиш мојот предлог, ќе го избегнам."

157 „Немој случајно да се чудиш зошто, кога веќе често ми кажуваше дека имаш намера детално да ги опишеш одлуките и настаните од периодот на мојот конзулат, сега тоа го барам од тебе толку настојчиво и со толку многу зборови; ме обзеде силна желба, за која ти пишував на почетокот, да побрзам, зашто многу сакам и моите современици

**чекор**[12] *His de rebus quid acturus sis, si tibi non est molestum, rescribas mihi velim; si enim suscipis causam, conficiam commentarios rerum omnium, sin autem differs me in tempus aliud, coram tecum loquar. Tu interea non cessabis et ea, quae habes instituta, perpolies nosque diliges.*[158]

Од останатите писма во корпусот типични парадигми за монотематични писма се едно од писмата до Матиј (*Fam*. 7. 1 = 24 SB), писмата до Сенатот и до магистратите (*Fam*. 13. 76 = 62 SB, 15. 1 = 104 SB и 15. 2 = 105 SB ) и бројните писма на препорака, упатени до триесеттина различни адресати: Кулеол, Гај Мунатиј, Валериј Орка, Анхариј, Секстилиј Руф, Каесар, Марк Брут *etc*. Во писмата на препорака Кикерон, повикувајќи се на сопствениот интегритет и пријателството со адресатот, бара од адресатот да прифати некого како пријател. Сите дискурсни чекори од кои се состојат овие писма ѝ се подредени на главната тема. Во таа смисла, тие, во поглед на структурата, се слични на писмото до Лукеј. Сепак, се разликуваат од ова писмо во поглед на тоа што во однос на структурата се многу поедноставни од писмото до Лукеј. Во нив има значајни разлики на микроструктурно ниво, но нивната макроструктура е прилично стабилна. Неа ќе ја демонстрираме со едно писмо до Марк Брут (*Fam*. 13. 13 = 280 SB), кое иако е исклучително кусо ги содржи сите чекори што се задолжителни во структурата на овие писма. Во првиот чекор од ова и од другите вакви писма (**чекор**[1]**)** Кикерон му го претставува на адресатот лицето што го препорачува, во случајот Лукиј Кастрониј Пает; во **чекор**[2] ги истакнува неговите доблести; во **чекор**[3] упатува на неговото лично пријателство со тој што го препорачува; во чекор[4] го изложува барањето поради кое е напишано писмото – препораката; во чекор[5] му потенцира на

да ме запознаат преку твоите книги, а и самиот јас, додека сум жив, да уживам во мојата славичка. “

[158] „Што ќе одлучиш за овие работи, ако не ти е тешко, би сакал да ми пишеш. Знаеш, ако се зафатиш со работата, ќе ги завршам коментарите за сите мои дела, а ако, пак, ја одложиш мојава работа за некое друго време, ќе разговарам со тебе лично. Ти, во меѓувреме, работи си, заврши си го тоа што си го започнал и почитувај ме.“

адресатот колку ќе му биде од корист пријателството со препорачаниот; во последниот чекор, чекор[6], Кикерон однапред му се заблагодарува на адресатот за прифаќањето на препораката:

***Fam*. 13. 13 = 280 SB**

*Cicero Bruto s.*
(**чекор[1]**) *L. Castronius Paetus, longe princeps municipii Lucensis,* (**чекор[2]**) *est honestus, gravis, plenus officii, bonus plane vir et cum virtutibus, tum etiam fortuna, si quid hoc ad rem pertinet, ornatus.* (**чекор[3]**) *meus autem est familiarissimus, sic prorsus ut nostri ordinis observet neminem diligentius.* (**чекор[4])** *qua re ut et meum amicum et tua dignum amicitia tibi commendo.* (**чекор[5]**) *cui quibuscumque rebus commodaveris, tibi profecto iucundum,* (**чекор[6]**) *mihi certe erit gratum. Vale.*[159]

Овие шест чекори се задолжителни во сите писма на препорака. Во други писма тие се многу понаративни отколку во ова писмо до Брут. На пример, во првиот чекор од овие писма Кикерон обично изнесува повеќе информации за лицето што го препорачува, во вториот е подарежлив во пофалбите, во третиот подетално се задржува на пријателството со лицето што го препорачува *etc*.

Писмата на утеха и писмата-честитки се исто така монотематични, но нивната структура не е толку стабилна како во писмата на препорака. Чекорите од кои се состојат овие писма се хиерархиски подредени, исто како во писмото до Лукеј.

[159] „Кикерон го поздравува Брут.
Лукиј Кастрониј Пает, исклучително значаен жител на муникипиумот Лука, е чесен, сериозен, одговорен и навистина добар човек, обдарен како со доблести, така и со богатство, ако е тоа важно. Мене, пак, ми е толку близок пријател, што не постои човек од мојот сталеж што тој го почитува повеќе од мене. Затоа, ти го препорачувам и заради тоа што ми е пријател, а и заради тоа што е достоен за твоето пријателство. Која и задача да му ја довериш, нема да зажалиш, а јас ќе ти бидам благодарен. Поздрав.“

## Кохеренција

Во макроструктурата на епистоларниот дискурс е евидентно влијанието на повеќе механизми за воспоставување на кохеренција отколку во кој било друг тип на монолошки текст. Ова се должи, пред сè, на фактот што писмото, иако претставува самостојна функционална целина, секогаш е, или барем претендира да биде дел од определена епистоларна конверзација или од определена дискурсна промена која се состои од најмалку два комплексни дискурсни чекори или од две писма. Со оглед на тоа што авторот секогаш му се обраќа на некој невидлив, внатрешен соговорник (Bakhtin, 1981: 279), елементи на внатрешна дијалогичност се присутни во секој тип на монолошки текст. Во писмото тие се, сепак, пофреквентни, бидејќи соговорникот/адресатот е постојано видлив. Меѓу комплексните дискурсни чекори што ѝ припаѓаат на определена дискурсна промена постојат кохеренциски релации со кои се воспоставува глобална кохеренција, т.е. кохеренција во рамки на дискурсната промена или епистоларната конверзациска структура. Овие релации се слични на релациите што се воспоставуваат меѓу чекорите од кои се состои конверзацијата лице во лице. Овие релации се значајни за нас поради тоа што имаат влијание и на локално ниво, односно, влијаат врз текстот на секое поединечно писмо.

Прво, услов *sine qua non* за да се воспостави глобална кохеренција во писма што ѝ припаѓаат на иста епистоларна дискурсна промена е постоењето на исти учесници во таа конверзација, односно на исти кореспонденти. Второ, глобалната кохеренција претполага примена на иста формална инваријанта, односно на ист тип на текст. Имено, глобалната кохеренција би била нарушена кога учесниците во епистоларната дискурсна промена својот придонес во рамки на таа промена би го презентирале со тип на текст кој нема формат на писмо. Трето, за воспоставување на глобална кохеренција е неопходна постојана соработка меѓу учесниците во епистоларната конверзација при промената на нивните улоги на

адресант и адресат. Оваа соработка значи, од една страна, прифаќање и развивање на темите на актуелниот адресат и, од друга страна, наметнување на нови теми со цел да се одржи епистоларната интеракција. Овие два принципи на соработка Поповиќ ги означува со термините *центрипетални* и *центрифугални тенденции во епистоларниот дискурс* (Поповић, 2000: 81-2). Центрипеталната тенденција упатува на стремежот на учесниците во епистоларната интеракција да ја зачуваат кохеренцијата во епистоларната конверзациска структура. Центрифугалната тенденција, пак, произлегува од настојувањето на учесниците во конверзацијата да ја одржат интеракцијата. Првата тенденција води кон интегративност, а втората кон сегментација на текстот на писмото. Универзални манифестации на влијанието на центрипеталната тенденција, според Поповиќ (*ibid.*), се логичко-семантичкото поврзување преку пресупозиција, повторувањата, парафразите, левите дислокации со кои се воведува нова тема во писма-одговор, одговорите на прашања што биле поставени во писмото на актуелниот адресат и сите средства за реализација на анафоричка референција. Манифестации, пак, на влијанието на центрифугалната тенденција во писмото како тип на текст се прашањата, директивите, левите дислокации со кои се воведува нова тема и сите јазички средства за реализација на катафоричка референција.

Анализата на влијанието на центрифугалната и центрипеталната тенденција во Кикероновиот епистоларен дискурс ја отежнува фактот што повеќето од писмата на Кикероновите адресати не се зачувани. Сепак, со оглед на тоа што влијанието на овие контракомплементарни тенденции се рефлектира и на локално ниво, т.е. во секое поединечно писмо, анализата на ова влијание е возможна. Во следните неколку поглавја ќе се осврнеме на најочигледните механизми за воспоставување на глобална кохеренција и на нивното влијание врз макроструктурата на писмата.

## *Пресупозиција*

Интересот за феноменот пресупозција, кој има централно значење во доменот на лингвистичката прагматика, се развил под влијание на философските учења на Фреге и Стросон.[160] Фреге забележал дека постојат искази во чие значење е содржана претпоставка/пресупозиција којашто не е дел од семантичката содржина на тие искази. На пример, во значењето на исказите *Кеплер умре во сиромаштија* и *Кеплер не умре во сиромаштија* е содржана пресупозицијата дека постои единствен референт кој е означен со името *Кеплер* (Levinson, 1984: 169, Bertuccelli Papi, 2009: 142). Поимот *пресупозција* во лингвистичката прагматика упатува на сѐ она што во дискурсот е имплицитно, т.е. на она што говорителот претпоставува дека реципиентот го знае. Предмет на потесен интерес се лексичките и синтаксичките средства кои претставуваат „предизвикувачи на пресупозиции" (*presupposition triggers*). Листата на Левинсон на овие средства ги вклучува определените дескрипции, исказите кои содржат фактивни предикати,[161] импликативните глаголи,[162] глаголи што означуваат промена на состојба,[163] итеративните искази,[164] временските реченици, *cleft* конструкциите *etc.* (види Levinson, 1984: 181-184).

Пресупозицијата е феномен кој е присутен во апсолутно секој тип на дискурс, бидејќи авторот и реципиентот секогаш

[160] Хорн забележува дека во западната мисла феноменот е забележан уште во 3-тиот век пр. н.е. од страна на претставниците на Мегарската школа (Horn, 1996). Мегарскиот парадокс *Престана ли да го тепаш татко ти? Одговори со да или не.* (Wheeler, 1983: 291) содржи пресупозиција дека, прво, реципиентот /соговорникот има татко, и второ, дека во минатото го тепал.

[161]Фактивните предикати се предикати чие значење содржи пресупозиција дека она што се соопштува во дополнувањето на предикатот е вистинито: *жалам, знам, свесен сум, мило ми е, жал ми е, сфаќам etc.* (Kiparsky and Kiparski, 1971).

[162]Импликативните глаголи, пак, се глаголи кои во значењето содржат импликација дека она што се соопштува во дополнувањето на предикатот е вистинито: *успевам, помнам, заборавам, etc*. (Karttunen, 1971)

[163]Глаголи кои означуваат промена на состојба се *престанувам, почнувам, продолжувам, пристигнувам etc.* (Kartunnen, 1973).

[164] Итеративни искази се искази кои содржат прилози како *повторно, веќе, вторпат,* глаголи како *се враќам, повторувам etc*. (Levinson, 1983: 182).

споделуваат определен фонд на заедничко знаење. Во епистоларниот дискурс присуството на пресупозиции е сепак понагласено, бидејќи меѓу адресантот и адресатот постојат поголем број на заеднички коефициенти на знаење отколку што постојат меѓу авторот и реципиентот на кој било друг тип на дискурс. Една од најочигледните манифестации на пресупозиција во писмата се определените дескрипции (*definite descriptions*). Во оваа група на означувачи влегуваат сите именски групи кои реферираат на единствени поединци и на единствени настани. Со оглед на тоа што писмото е тип на дискурс во кој кореспондентите постојано разменуваат информации и искуства за конкретни лица, највообичаен тип на определени дескрипции се имињата на лица. Без оглед на тоа како се наведени (*praenomen, nomen* и(ли) *cognomen*), во многу случаи на современиот читател му е потребен детален коментар за да може да го декодира значењето на сегментот од текстот во кој тие се јавуваат. Дополнителен проблем за оној на кого не му е упатено писмото се и определените дескрипции со кои Кикерон реферира на единствени лица со алегорични означувачи како *Sampsiceramus* „Сампсикерам", *ille amicus* „оној пријателот", *ille* „оној", *βοῶπις* „волоока"*etc.* Декодирањето на значењето на сегментите од текстот во кои се јавуваат личните имиња или ваквите алегорични означувачи не претставува никаков проблем за адресатот, бидејќи она што е имплицитно во овие сегменти од текстот (кое е лицето на кое авторот реферира со, на пример, *Lucius, Aulus, Tadius* или *ille*) адресатот го знае. Кога не би го знаел, глобалната кохеренција во епистоларната конверзација би била доведена во прашање.

Во писмата има и други манифестации на влијанието на пресупозицијата врз кохеренцијата. Со оглед на тоа што таа е механизам и за воспоставување и на глобална кохеренција, на употребите што содржат пресупозција ќе укажеме и при презентацијата на резултатите што произлегоа од анализата на влијанието на овие механизми.

## *Лексичка рекуренција и парафраза*

Поимот *лексичка рекуренција* се однесува на дословното или на делумното повторување на зборови, синтагми или реченици кои претходно веќе биле употребени во текстот. Парафразата, пак, е исто така еден вид повторување, но не на структури што претходно биле употребени, како во рекуренцијата, туку на нивната содржина. Термините *рекуренција* (reccurence), *парцијална рекуренција* (partial recurrence) и *парафраза* (paraphrase) со значењето во кое овде се употребени воведени се во лингвистиката на текстот од Богранд и Дреслер (Beaugrande & Dressler, 1981: 48). Заедно со паралелизмот, употребата на про-форми, елипсата, граматичкото време, глаголскиот вид, јункцијата и интонацијата имаат третман на средства со кои се воспоставува кохезија во текстот (*ibid*. 48-83). Феномените кои се означуваат со термините *рекуренција, делумна рекуренција* и *прафраза* Хелидеј и Хасан ги разгледуваат во делот од нивната студија посветен на лексичката кохезија (Halliday & Hasan, 1975: 31-292).[165]

Функцијата на рекуренцијата и на парафразата во епистоларниот дискурс е да воведат теми што веќе биле воведени во претходниот дискурсен чекор од епистоларната конверзација, т.е. во писмото на актуелниот адресат. Целосна рекуренција е дословно пренесување или цитирање на реченица или на синтагма:

---

[165] Лексичката кохезија (lexical cohesion), според Хелидеј и Хасан, е поврзување преку повторување (*reiteration*) на исти лексеми, употреба на синоними или на лексеми кои припаѓаат на иста категорија (Henry's bought himself a new *Jaguar*. He practically lives in the *car*) и преку колокации, т.е. преку употреба на лексеми кои често колоцираат со лексемите присутни во претходната реченица (*The king* was in his counting house, counting out his money. *The queen* was in the parlour, eating bread and honey (Halliday & Hasan, 1975: 31-292).

(51) *Sed quoniam res eo deducta est, non quaeram, ut scribis, 'ποῦ σκάφος τὸ τῶν Ἀτρειδῶν;': mihi σκάφος unum erit quod a Pompeio gubernabitur. illud ipsum quod ais, 'quid fiet cum erit dictum "dic, M. Tulli?"': σύντομα, 'Cn. Pompeio adsentior'*. (*Att*. 7. 3. 5 = 126 SB)[166]

Од примерот е известно дека Кикерон дословно ги цитира прашањата што Атик, кому му е упатено писмото, му ги поставил во претходното писмо. Оваа употреба е единствена во која директниот говор има функција да воведе тема што претходно била воведена во епистоларната конверзација од страна на адресатот. Далеку повообичаен начин на воведување на теми од претходното писмо на адресатот во писмата се парцијалната рекуренција и(ли) парафразата. За парцијална рекуренција станува збор кога авторот ги повторува зборовите на актуелниот адресат, но при тоа ја менува нивната граматичката структура. Кога авторот ги повторува содржините на дискурсниот чин кој одново се воведува во епистоларната интеракција со употреба на други лексички средства станува збор за парафраза. Со оглед на тоа што повеќето од писмата на Кикероновите адресати не се зачувани, не може да се определи дали станува збор за парцијална рекуренција или за парафраза. Парадигма за воведување на теми што претходно веќе биле воведени во претходниот дискурсен чекор од страна на адресатот со некоја од овие дискурсни постапки се примерите подолу. Во првиот, пример бр. 52, кој е фрагмент од писмо до Лентул, Кикерон воведува во епистоларната интеракција дискурсен чин што очигледно бил дел од претходното писмо на Лентул, а во примерот бр. 53, пак, кој е фрагмент од писмо до Атик, воведува дискурсен чин од претходното писмо на Атик:

[166] "Но бидејќи работата е дојдена дотаму, нема да прашам, како што велиш ти: „*Каде е коработ на синовите на Атреј*?" За мене единствениот кораб ќе биде тој што ќе биде управуван од Помпеј. А што се однесува до тоа што прашуваш: „Што ќе се случи кога ќе биде кажано: „Изјасни се, Марк Тулиј?" *Накусо*, [ќе одговорам:] „Се согласувам со Гнај Помпеј."

(52) *Legi tuas litteras, quibus ad me scribis gratum tibi esse quod crebro certior per me fias de omnibus rebus et meam erga te benevolentiam facile perspicias; quorum alterum mihi, ut te plurimum diligam, facile necesse est, si volo is esse quem tu me esse voluisti; alterum facio libenter, ut, quoniam intervallo locorum et temporum diiuncti sumus, per litteras tecum quam seapissime colloquar*. (*Fam.* 1. 7. 1 = 18 SB)[167]

(53) *Quaeris ex me quid acciderit de iudicio quod tam praeter opinionem omnium factum sit, et simul vis scire quo modo ego minus quam soleam proeliatus sim. respondebo tibi ὕστερον πρότερον, Ὁμηρικῶς.* (*Att.* 1. 16. 1 = 16 SB)[168]

Делумната рекуренција се чини дека е најфреквентниот начин за повторно воведување на теми што веќе биле воведени во рамки на епистоларната интеракција. Се јавува во писма што се производ на различни епистоларни интеракции. Овој вид на рекуренција Поповиќ го нарекува *номинациско цитирање* (Поповић, 2000: 137-41). Издвојува три типа на номинациско цитирање: експресивно цитирање, цитирање во контекст на одговори на директиви и цитирање во контекст на одговори на говорни чинови што од аспект на илокуторната сила се репрезентативи/асертиви. Експресивното цитирање упатува на употребите на делумна рекуренција во кои авторот одново воведува тема со тоа што ја изразува сопствената психичка состојба во однос на таа тема. Ваквите употреби содржат предикат кој означува емотивна состојба во прво лице, а тоа што ја предизвикало емотивна состојба е предмет на парцијална рекуренција. Во писмата што се производ на приватна лична и на приватна фамилијарна епистоларна интеракција овие употреби се среќаваат мошне често, а примерите кои упатуваат

[167] „Го прочитав твоето писмо во кое ми пишуваш дека ти е мило што често те известувам за сите работи и што лесно можеш да ја видиш мојата благонаклоност кон тебе. Ова второто, тоа што многу те почитувам, не ми е тешко да го правам, ако сакам да бидам таков каков што ти сакаш да бидам. Првото го правам со задоволство, за да можам да разговарам со тебе колку што е можно почесто преку писма, бидејќи сме разделени и во простор и во време."

[168] „Ме прашуваш што се случило со судскиот процес, зошто се одвивал толку спротивно на очекувањата на луѓето, и исто така сакаш да знаеш како тоа јас сум се борел полошо од обично. Ќе ти одговорам *putting the cart before horse, like Homer*."

на овој начин на одново воведување на теми се воедно и примери за влијанието на пресупозицијата врз макроструктурата на епистоларниот дискурс:

(54) *Epiroticam emptionem gaudeo tibi placere. (Att.* 1. 5. 7 = 1 SB)[169]

(55) *Miror cur me accuses cum tibi id facere non liceat. quod si liceret, tamen non debebas. (Fam.* 7. 27. 1 = 148 SB)[170]

(56) *De re publica nimium te laborare doleo et meliorem civem esse quam Philoctetam, qui accepta iniuria ea spectacula quaerebat quae tibi acerba esse video. (Q. fr. 2.* 9.(8) 5 = 12 SB)[171]

Номинациското цитирање во контекст на одговори на директиви, во кои Поповиќ ги вбројува и прашањата, е дискурсна постапка со која авторот воведува дискурсни чинови кои од аспект на илокуторната сила претставувале директиви или прашања. Маркери на овој тип на делумна рекуренција се предикатите *petis*, *rogas* „бараш“ и *quaeris* „прашуваш“, зад кои следи повторување на директивот или на прашањето што актуелниот адресат му ги упатил на Кикерон во претходното писмо:

(57) *denique quod petis faciam libenter; (ad Brut.* 25 (1. 17) = 26 SB )[172]

(58) *librum quem rogas perpoliam et mittam. (Att.* 16. 11. 3 = 420 SB)[173]

(59) *quaeris quid fiat de Gabinio: sciemus de maiestate triduo; (Q. fr. 3.* 3. 3 = 23 SB)[174]

Кога одново воведува дискурсен чин што од аспект на илоктурната сила претставувал асертив, Кикерон ја применува истата дискурсна постапка. Маркери на овој тип на парцијална рекуренција или во моделот на Поповиќ „номинациско

---

[169] „Мило ми е што си задоволен од купувањето на имотот во Епир.“

[170] „Се чудам зошто ме обвинуваш, кога немаш право на тоа. Дури и да имаш право, сепак не треба да го правиш тоа.“

[171] „Жал ми е што си толку многу загрижен за Републиката и што си подобар граѓанин од Филоктет, кој откако претрпе неправда, прави спектакл, што гледам дека на тебе тешко ти паѓа.“

[172] „Конечно, тоа што го бараш со задоволство ќе го направам. Зашто и сестрите го бараат тоа од мене.“

[173] „Книгата што ја бараш ќе ја завршам и ќе ти ја пратам.“

[174] „Прашуваш што ќе биде со Габиниј. Ќе дознаеме што ќе биде со неговиот углед за три дена. “

цитирање во контекст на одговори на репрезентативи“ (Поповиќ, 2000: 138), во писмата се предикатите *scribis* / *adscribis* “пишуваш“, *dicis* / *ais* „велиш“, *negas* „одрекуваш“, *narras* „раскажуваш“ и сл. Примери за овој вид на повторно воведување на тема во епистоларната интеракција се следните употреби:

(60) *certiorem te per litteras scribis esse factum me cum Caesare et cum Appio esse in gratia teque id non reprehendere adscribis; Vatinium autem scire te velle ostendis quibus rebus adductus defenderim et laudarim. quod tibi ut planius exponam, altius paulo rationem consiliorum meorum repetam necesse est. (Fam.* 1. 9. 4 = 20 SB)[175]

(61) *tribun<at>um plebi dicis te mea causa petisse: utinam semper esses tribunus! intercessorem non quaereres. negas me audere quod sentiam dicere: quasi tibi, cum impudenter me rogares, parum fortiter responderim. (Fam.* 7. 27. 1 = 148 SB)[176]

Употребите кои се примери за делумна рекуренција и(ли) парафраза се среќаваат во писмата што се производ на сите типови на епистоларна интеракција. Во писмата што се производ на приватна или на семејна епистоларна интеракција евидентна е поголемата фреквентност на употреби кои се примери за делумна рекуренција и(ли) за парафраза во едно писмо. Тоа се должи на фактот што, како што видовме погоре, писмата што се производ на овој тип на епистоларна интеракција се почесто политематични од писмата што се производ на другите типови на епистоларна интеракција. Политематичноста логично подразбира и употреба на повеќе механизми за воведување на епистоларните теми. Во писмата што се производ на приватна епистоларна интеракција, лична или семејна, забележливо е и поголемото присуство на употреби

[175] „Пишуваш дека со писмо те известиле дека сум во добри односи со Каесар и со Апиј и додаваш дека ти немаш ништо против тоа. Велиш дека би сакал да знаеш што ме натерало да го бранам Ватиниј. За да ти го објаснам ова поубаво, потребно е да се навратам малку подлабоко на причините за оваа моја одлука.“

[176] „Велиш дека си се кандидирал за народен трибун заради мене. Камо да бидеш вечно народен трибун. Тогаш нема да бараш посредник. Велиш дека не сум се осмелувал да го кажам тоа што го мислам. Демек не сум ти одговорил доволно храбро, кога си ме прашал толку бесрамно.“

кои се пример за т. н. *експресивно номинациско цитирање*. Со оглед на тоа што изразите на психичка состојба се, генерално, повеќе својствени за писма што се производ на приватни епистоларни интеракции, оваа состојба не изненадува.

## *Тема конституенти*

Со терминот *тема конституенти* (Theme constituents) во функционалната граматика се означуваат конституентите што не се дел од предикацијата, туку ѝ претходат и создаваат еден вид рамка во која таа треба да се интерпретира (Pinkster, 1990: 37). Нивната прагматичка функција е да го насочат вниманието на адресатот кон темата за која ќе стане збор подолу во текстот/дискурсот. Во латинскиот јазик тема конституентите јазично се реализираат со предлошки изрази со *de...*, со дел-реченици што ги воведува *quod expilicativum* и поретко со *nominativus* или *accusativus pendens* (Somers, 1994: 151). Присуството на тема конституенти е вообичаено во комедиите на Плаут, во писмата зачувани во Кикероновите збирки и во расправата на Катон *De agri cultura* (*ibid*. 161, Spevak, 2010: 107). Типична парадигма за искази што содржат тема конституенти во Кикероновите писма се следните употреби:

(62) *De Tadiana re, mecum Tadius locutus est te ita scripsisse, nihil esse iam quod laboraretur, quoniam hereditas usu capta esset. (Att*. 1. 5. 6. = 1 SB)[177]

(63) *Quod ad rem publicam pertinet, omnino multis diebus expectatione Galliarum actum nihil est. (Fam.* 8. 8. 4 = 84 SB)[178]

Од синтаксичка гледна точка и двете употреби во примерите претставуваат една семантичко-синткасичка единица. Конституентите што ѝ претходат на главната реченица (*De Tadiana re* и *quod ad rem publicam pertinet*) се еден вид *адјункти*

[177] „ Што се однесува до случајот на Тадиј, Тадиј ми кажа дека си му пишал дека нема потреба да се грижи, бидејќи правото на сопственост над наследството го стекнал со долготрајна употреба.“

[178] „Што се однесува до Републиката, долго време апсолутно ништо не се работи, зашто се очекува да се види што ќе биде со провинците во Галија.“

(adjuncts), т.е. факултативни елементи, кои доколку се отстранат од реченицата, нема да дојде до промена на нејзиниот структурен идентитет. Во функционалната граматика на Дик имаат третман на екстра-клаузални/вон-реченични конституенти со прагматичка функција *ориентација* (Dik, 1997: 388).[179] Првпат се опишани во рамки на генеративната граматика од страна на Рос (Ross, 1967: 422, *passim*), кој ги означува со терминот *лева дислокација* (left-dislocation).[180]

Во латинскиот јазик во многу случаи е тешко да се определи дали определена јазична употреба е парадигма за конституент со функција *тема* (theme) или е парадигма за она што во рамки на истиот приод се означува со терминот *предмет* (topic).[181] Теоретски, меѓу конституентите на реченицата што се означуваат со овие два термини постои јасна дистинкција: *theme* упатува на факултативните екстра-клаузални конституенти што не се дел од предикацијата, а *topic* на облигаторните интра-клаузални конституенти што се интегрирани во структурата на реченицата. Разликата меѓу *theme* и *topic* е очигледна при

---

[179] Вон-реченичните конституенти (extra-clausal constituents) од аспект на нивната функција во функционалната граматика на Дик се поделени во четири групи: (1) Вон-реченични конституенти кои имаат функција во рамки на создавањето и одржувањето на интеракциските предуслови што треба да се исполнат за да биде имплементиран дискурсниот настан (interaction management) - поздрави, прашања и вокативи, (2) кои имаат функција во одредувањето на ставот на говорникот (attitude specification) - извици, клетви и заповеди, (3) кои имаат функција во организацијата, структурирањето и презентацијата на дискурсната содржина (discourse organization) - *на почетокот, освен тоа, на крајот, што се однесува до ...*, и (4) вон-реченични конституенти чија основна функција е исполнување на дискурсната содржина (discourse execution) – *се разбира, секако* итн. Вон-реченичните конституенти од третиот тип се диференцирани врз основа на една од следнве три прагматички функции: *гранично означување* (boundary marking) – средства кои сигнализираат почеток, крај, дискурсна епизода или дискурсен чекор, (2) *ориентација* – средства кои го ориентираат адресатот кон дискурсната тема (theme), кон условот што треба да биде исполнет за понатамошно одвивање на дискурсот (condition), кон времето (time), просторот (space) etc., и (3) *придодавање* (tail) – средства кои презентираат информација со цел да се дообјасни или модифицира претходниот дел од дискурсот. (Dik, 1997: 379-407).

[180]Терминот *left-dislocation* сè уште се употребува. Види, на пример, Anagnostopoulou E., Riemsdijk H. van, Zwaris F. (eds.) *Materials on Left Dislocation*. John Benjamins Publishing Company, Amsterdam, 1997.

[181] Види Somers, 1994, Spevak, 2010: 107-11.

споредбата на функцијата на предлошкиот израз *de geographia* во примерите подолу. Во првиот, предлошкиот израз е конституент со функција тема (theme), а во вториот - конституент со функција предмет (topic) во иницијална позиција:

(64) *De geographia, dabo operam ut tibi satis faciam.* (*Att.* 2. 4. 3 = 24 SB)[182]
(65) *De geographia etiam atque etiam deliberabimus.* (*Att.* 2. 7. 1 = 27 SB)[183]

За неможноста точно да се определи дали конституентот во иницијална позиција треба да се третира како тема или како предмет сведочат следните примери:

(66) *De meis rebus, ne vobis multitudine litterarum molestior essem, ad Lollium perscripsi de rationibus provinciae quid vellem fieri, ut is vos doceret et commonefaceret.* (*Fam.* 5. 3. 3 = 11 SB)[184]
(67) *Quod ad me de Hermathena scribis per mihi gratum est.* (*Att.* 1. 4. 3 = 9 SB)[185]

Во примерот бр. 66[186] *de meis rebus* „за моите работи" може да се третира и како тема конституент, во смисла на тоа што со предлошкиот израз авторот најавува дека отсега натаму ќе зборува за неговите работи, но и како предлошки израз кој го надополнува *multitudine litterarum* „со многу писма". Во примерот бр. 67, пак, *quod ad me de Hermathena scribis* „тоа што ми го пишуваш за Херматена" може да се третира како тема конституент во смисла на тоа што има функција да го насочи вниманието на адресатот кон новата тема во писмото (статуата на божицата Атена), но во исто време може да се третира и како каузална дел-реченица со фактично *quod* зависна од *mihi gratum est* „ти благодарам" (cf. Somers, 1994: 153). Без оглед на тоа што

[182] „Што се однесува до *Географијата*, ќе се обидам да ти удоволам."
[183] „За *Географијата* добро ќе размислам."
[184] „Што се однесува до моите работи, за да не ви додевам со многу писма, му пишав детално на *Лолиј* за тоа што би сакал да биде со моите провинциски сметки, за да ве информира и за да ве потсети."
[185] „За тоа што ми го пишуваш за Херматена, многу ти благодарам."
[186] Кикерон не е автор на писмото од коешто е фрагментот во примерот бр. 66. Овде само го наведуваме како парадигма за граничен случај.

овие конституенти се интегрирани во структурата на реченицата, па во таа смисла не се вистински тема конституенти, нивната функција е идентична со функцијата на типичните конституенти со прагматичка функција *тема*: го насочуваат вниманието на адресатот кон новата тема во писмото. Ваквите употреби во теоријата се означуваат како гранични случаи (Somers, 1994: 152). Со оглед на тоа што нивната функција се остварува во рамки на организацијата, структурирањето и презентацијата на дискурсната содржина, овде и нив ќе ги третираме како конституенти со прагматичка функција тема.

Тема конституентите се исклучително фреквентни во писмата. Тие најчесто се манифестација на центрифугалната тенденција во епистоларниот дискурс: претставуваат најконвенционален начин за воведување на теми што веќе биле присутни во претходното писмо на актуелниот адресат. Парадигма за оваа нивна функција се следните фрагменти:

(68) *Quod rogas ut mea tibi scripta mittam, quae post discessum tuum scripserim, sunt orationes quaedam, quas Menocrito dabo, neque ita multae, ne pertimescas. (Fam.* 1. 9. 23 = 20 SB)[187]

(69) *Quod ad me scribis de sorore tua, testis erit tibi ipsa quantae mihi curae fuerit ut Quinti fratris animus in eam esset is qui esse deberet. (Att.* 1. 5. *2 = 1 SB)*[188]

(70) *De Messalla quod quaeris, quid scribam nescio. (Att.* 4. 16. 6 = 89 SB)[189]

(71) *De Censorino, Antonio, Cassiis, Scaevola, te ab iis diligi, ut scribis, vehementer gaudeo. (Q. fr.* 1. 2. 13 = 2 SB)[190]

Со конституентите во иницијална позиција *Quod rogas ut mea tibi scripta mitam, Quod ad me scribis de sorore tua, De Messalla quod*

[187] „Во врска со тоа што бараш да ти ги пратам книгите што сум ги напишал по твоето заминување, [ќе ти кажам дека] има неколку говори кои ќе му ги дадам на Менокрит, но не се толку многу, да не се плашиш.“

[188] „ Во врска со тоа што ми го пишуваш за сестра ти, таа самата ќе ти посведочи за тоа колку многу се обидував да го натерам брат ми Квинт да се однесува со неа така како што треба.“

[189] „Во врска со тоа што прашуваш за Месала, не знам што да ти напишам.“

[190] „ За тоа што Кенсорин, Антониј, двајцата Касии и Скаевола те почитуваат, како што пишуваш, многу ми е мило.“

*quaeris* и *De Censorino, Antonio, Cassiis, Scaevola* Кикерон го насочува вниманието на адресатот кон дискурсните чинови што биле присутни во писмото на неговиот адресат. Со нив Кикерон како да вели: *Внимание, сега ќе ти одговарам на... (барањето да ти ги пратам книгите / тоа што ми го пишуваш за сестра ти/ тоа што ме прашуваш за Месала / тоа што ми го пишуваш за Кенсорин, Антониј, двајцата Касии и Скаевола)!*

Прашањето дали тема конституентите имаат функција да воведат и сосем нова тема во епистоларната конверзација е сложено. Примерот бр. 66, кој е фрагмент од писмо чиј автор не е Кикерон, упатува на можноста да имаат и ваква функција, но, со оглед на тоа што другата половина од епистоларните дијалози не е зачувана, во многу случаи не може да се определи дали темата што ја воведува тема конституентот е нова или веќе била присутна во претходното писмо од епистоларниот дијалог. Пример за тема конституенти кои се чини дека воведуваат нова тема во актуелната епистоларна конверзација се следните примери:

(72) *De tribus legatis frequentes ierunt in alia omnia (Fam.* 1. 2. 1 = 13 SB)[191]
(73) *Quod ad te scripseram ut cum Camillo communicares, de eo Camillus mihi scripsit <te> secum locutum. (Att.* 11. 23. 1 = 232 SB)[192]

На функцијата на тема конституентите почесто да воведуваат тема што веќе била присутна во претходното писмо на актуелниот адресат упатуваат колокациите на *quod* со предикати во второ лице еднина кои експлицитно упатуваат на дискурсниот чин од писмото на адресатот на кој Кикерон се надоврзува: *quod scribis* „во врска со тоа што пишуваш“, *quod quaeris* „во врска со тоа што прашуваш“, *quod rogas* „во врска со тоа што бараш“, *quod scire vis* „во врска со тоа што сакаш да знаеш“, *quod ais* „во врска со тоа што велиш“ *etc*.

[191] „Што се однесува до тројцата легати, мнозинството гласаше против.“
[192] „Во врска со тоа што ти пишав да разговараш со Камил, Камил ми пиша дека за тоа зборувал со тебе.“

Фреквентноста на тема конституентите што се манифестација на центрифугалната тенденција во епистоларниот дискурс се должи на тоа што писмото како медиум за комуникација не овозможува консекутивна реакција како во комуникацијата лице во лице (прашање/одговор, директив/одговор или коментар на директивот, асертив/коментар на асертивот и сл.). Со оглед на тоа, учесниците во епистоларната конверзација се принудени да реагираат на повеќе иницијативни чекори на адресатот одеднаш, т.е. во едно писмо. Неможноста за консекутивна реакција го принудува авторот на писмото да изнаоѓа различни стратегии за да го насочи вниманието на адресатот кон иницијативниот чекор на кој ќе реагира во сегментот од текстот на писмото што следи. Тема конституентите, како што покажува нашата анализа, се една од најконвенционалните стратегии што Кикерон ги применува за ја постигне оваа цел.

## Метадискурсни изрази

Создавањето на терминот *метадискурс* (metadiscourse) во теоријата му се припишува на Зелиг Харис. Со терминот *метадискурсни јадра* (metadiscourse kernels) тој ги означувал сегментите од текстот што содржат информациии *за* главниот материјал, односно, информации од второстепено значење (Beauvais, 1989: 11). Концептот за анализа на овој слој од текстот е развиен од Вилијамс (Williams, 1985: 65-8, *passim*), Ванде Копле (Vande Kopple, 1985), Крисмор (Crismore, 1983) и Хиланд (Hyland, 2005). Според Вилијамс, метадискурсот е „пишување за пишувањето“ (Williams, 1990: 40), а според Ванде Копле „дискурс за дискурсот“ или „комуникација за комуникацијата“ (Vande Kople, 1985: 83). Авторот во овој слој од текстот „упаѓа“, не за да го информира читателот, туку за да го насочи, односно, да му помогне да го разбере тоа што е кажано во примарниот во однос на информациите што ги содржи слој од текстот. Анализата на метадискурсот, оттаму, подразбира анализа на оној слој од текстот што не влијае врз дискурсната содржина, туку има функција во рамки на нејзината презентација.

Во епистоларниот дискурс на Кикерон се застапени многу метадискурсни изрази, што е разбирливо, со оглед на тоа што писмото е тип на текст кој се одликува со многу висок степен на ориентираност кон адресатот. Овие метадискурсни изрази би можеле да се поделат во неколку генерални категории: автономни метадискурсни изрази со кои авторот експлицитно ја најавува темата што ќе следи во писмото или сигнализира дека завршил со определена тема, перформативи – изрази чие изговарање во определени околности претставува извршување на определено дејство, метадирективи - изрази со кои авторот експлицитно го определува ефектот што сака да го постигне кај адресатот и евалуативно-процедурални изрази – изрази со кои авторот ја нагласува релевантноста или вистинитоста на определен сегмент од нарацијата или го евалуира знаењето на адресатот. Сите овие изрази имаат функција да му го олеснат на адресатот процесирањето на текстот и енкодирањето на неговото значење. Во однос на макроструктурата најзначани се метадискурсните изрази од првиот тип: изразите со кои авторот ја најавува темата што ќе следи во писмото (I) или сигнализира дека завршил со определена тема (II).

**I.** ***Метадискурсни изрази со кои се најавува нова тема.*** Според тоа како се јазично реализирани, метадискурсните изрази со кои Кикерон ја најавува темата за која ќе стане збор подолу во писмото можат да се поделат во следниве групи:

(1) Метадискурсни изрази што ги содржат императивите:

*а. audi* „слушни“ (*Nunc audi quod quaeris* „сега слушни за тоа што прашуваш“ *(Att.* 2. 9. 4. = 29 SB*), sed extremum audi* „но слушни го крајот“ *(Att.* 6. 1. 25 = 115 SB*), (nunc) audi reliqua* „(сега) слушни за останатото“ (*Att*. 7. 1. 2 = 124 SB, *Fam*. 9. 26. 2 = 197 SB), *audi igitur ad omnis* „слушни го одговорот на сите“ (*Att*. 14. 20. 1 = 374 SB) *etc*.),

*б. cognosce* „дознај/слушни“ (*nunc cognosce rem* „сега слушни што е работата“ (*Att*. 1. 1. 3 = 10 SB), *cognosce cetera* „слушни за другите работи“ (*Att*. 4. 16. 7 = 89 SB), *Nunc cognosce de Salaminis* „Сега

слушни за Саламињаните“ (*ibid.* 6. 1. 5 = 115 SB), *Cognosce nunc cetera* „Сега слушни за другите работи“ (*ibid.* 6. 2. 10 = 116 SB), *Cognosce de Crasso* „Слушни за Крас“ (*Fam.* 1. 9. 20 = 20 SB), *nunc ea cognosce quae maxime exoptas* „Сега дознај/слушни за она што најмногу те интересира“ (*Q. fr.* 1. 2. 15 = 2 SB), *nunc cognosce postea quae sint acta* „сега слушни што се случи потоа“ (*Q. fr.* 2. 3. 1 = 7 SB), *Nunc cognosce ea quae sunt in re publica* „Сега слушни за приликите во Републиката“ (*Q. fr.* 3. 3. 2 = 23 SB) *etc.*

*в. accipe* „слушни“ (*Nunc Romanas res accipe* „Сега слушни за приликите во Рим“ (*Att.* 4. 15. 4 = 90 SB), *Sed accipe alia* „Но, слушни за другите работи“ (*Att.* 4. 8. 3 = 79 SB), *Nunc nostra accipe* „Сега слушни за моите работи“ (*Att.* 15. 29. 2 = 408 SB) *etc.*), и

*г. attende* „обрни внимание/слушни внимателно“ (*Sed attende, quaeso, quae sint consecuta* „Но, слушни внимателно, те молам, што се случи потоа“ (*Fam.* 1. 9. 15 = 20 SB) *etc.*).

(2) Метадискурсни изрази во кои се среќава некој од следните предикати:

*а.* прво лице еднина индикатив на презент од глаголот *venire - venio* „доаѓам“ (*nunc ad alteram epistulam venio* „сега доаѓам до другото писмо“ (*Fam.* 3. 11. 4 = 74 SB), *Nunc venio ad eam epistulam quam accepi a Tullio* „Сега доаѓам до писмото што го добив од Тулиј“ (*Att.* 5. 4. 3 = 97 SB), *Nunc venio ad Brutum* „Сега доаѓам до Брут“ (*Att.* 6. 1. 3 = 115 SB), *Venio ad epistulas tuas* „Доаѓам до твоите писма“ (*ibid.* 7. 2. 3 = 125 SB), *Nunc venio ad privata* „Сега доаѓам до приватните работи“ (*ibid.* 7. 3. 6 = 126 SB), *Venio nunc ad id quod nescio an primum esse debuerit* „Доаѓам сега до тоа што не знам дали требаше да биде прво“ (*Q. fr.* 2. 16.(15) 4 = 20 SB), *sed ad tuas venio litteras* „Но доаѓам до твоите писма“ (*ibid.* 3. 1. 17 = 21 SB), *Venio nunc longo sane intervallo ad quandam epistulam qua…* „Сега конечно доаѓам до она писмо во кое...“ (*Ad Brut.* 23 (1. 15). 3 = 23 SB).

*б.* прво лице еднина индикатив на презент од глаголот *redire - redeo* „се враќам“ (*Sed redeo ad prima* „Но, се враќам на првото“

(*Fam*. 13. 1. 6 = 63 SB) *redeo nunc ad querelam* „се враќам сега на тужбата“ (*Fam*. 11. 27. 7 = 348 SB), *redeo ad altercationem* „се враќам на препирката“ (*Att*. 1. 16. 10 = 16 SB), *nunc redeo ad ea quae mihi mandas* „сега се враќам на она што ми го порачуваш“ (*Att*. 5. 11. 6 = 104 SB), *redeo ad urbana* „се враќам на приликите во Рим“ (*Att*. 5. 13. 3 = 106 SB, 5. 20. 8 = 113 SB), *sed ad rem redeo* „но се враќам на темата“ (*Att*. 5. 21. 13 = 114 SB), *sed redeo ad Servium* „Но се враќам на Сервиј“ (*Att*. 10. 14. 3 = 206 SB), *sed ad prima redeo* „но се враќам на првото“ (*Att*. 12. 6. 2 = 306 SB), *redeo enim ad miseram seu nullam potius rem publicam* „се враќам на кутрата или подобро непостоечка Република“ (*Att*. 14. 13. 6 = 367 SB), *itaque ad Callisthenem et ad Philistum redeo* „Затоа, се враќам на Калистен и Филист“ (*Q. fr*. 2. 12.(11) 4 = 16 SB) *etc.*

*в*. прво лице еднина или множина од *verbum dicendi* во футур I:

- *respondebo* (*respondebo igitur superiori prius, in qua scribis ad me de…* „ќе ти одговорам прво на првото, во кое ми пишуваш за...“ (*Fam*. 3. 11. 1 = 74 SB), *his ego ordine, ut videris velle, respondebo* „на нив по овој редослед, како што се чини дека сакаш, ќе ти одговорам“ (*Fam*. 2. 17. 1 = 117 SB), *Quod extremum fuit in epistula quam a te proxime accepi ad id primum respondebo* „Прво ќе ти одговарам на она што во последното писмо што го добив од тебе беше последно“ (*Fam*. 12. 18. 1 = 205 SB), *et respondebo primum postremae tuae paginae, qua...* „ќе одговорам прво на последната страница, во која...“ (*Att*. 6. 2. 1 = 116 SB), *nunc respondebo ad eas epistulas quas mihi reddidit L. Caesius* „сега ќе ти одговорам на писмата што ми достави Лукиј Каесиј“ (*Q. fr*. 1. 2. 4 = 2 SB);

- *exponam* (*ego tibi meum consilium exponam* „јас ќе ти го изложам моето мислење“ (*Fam*. 3. 5. 4 = 68 SB), *et primum tibi, ut aequum est civi amanti patriam, quae sint in re publica exponam; deinde, quoniam nos amore tibi proximi sumus, scribemus etiam de nobis ea quae scire te non nolle arbitramur* „прво, како што прилега кога човек му се обраќа на некој што си ја сака татковината, ќе ти ги изложам приликите во Републиката; потоа, бидејќи, по татковината, јас сум ти на

второ место, ќе ти ги пишам за себе оние работи што мислам дека сакаш да ги дознаеш“ (*Att*. 1. 19. 1 = 19 SB), *illa quae maiora sunt brevius exponam* „она што е поважно ќе ти го изложам пократко“ (*Fam*. 6. 1. 7 = 242 SB);

- *scribam* / *scribemus* (*Primum igitur scribam quod...* „Прво, ќе ти пишам за тоа што...“ (*Fam*. 6. 13. 2 = 227 SB), *De re <publica> breviter ad te scribam* „За Републиката ќе ти пишам накусо“ (*Att*. 2. 20. 3 = 40 SB) *etc*.);

(3) Изрази што го содржат прилогот *primum* „прво“ (*primum tibi, ut debeo, gratulor* „прво, како што сум должен, ќе ти честитам...“ (*Fam*. 2. 9. 1 = 85 SB), *primum igitur scribam quod intellego et perspicio* „прво, значи, ќе ти пишам за тоа што го знам и што добро го разбирам...“ (*Fam*. 6. 13. 2 = 227 SB) *etc*.).

**II. *Метадискурсни изрази со кои се сигнализира крајот на определена тема.*** Слични на метадискурсните изрази што најавуваат нова тема се метадискурсните изрази со кои Кикерон му сигнализира на адресатот дека завршил со некоја тема. Вообичаени вакви метадискурсни изрази се:

*а*. *Sed haec hactenus* „Но за ова толку“ (*Fam*. 3. 7. 5 = 71 SB, *ibid*. 3. 10. 11 = 73 SB, *ibid*. 6. 2. 3 = 245 SB, *ibid*. 9. 24. 1 = 362 SB, *Att*. 5. 20. 9 = 113 SB, *ibid*. 7. 11. 2 = 134, *ibid*. 7. 18. 2 = 142 SB, *ad Brut*. 23 (1. 15) = 23 SB *etc*.)

*б*. изрази што содржат предлошки израз со *de* во иницијална позиција и *hactenus* зад предлошкиот израз (*de Appianis hactenus* „за Апијците толку“ (*Fam*. 2. 1. 1 = 71 SB), *De domesticis rebus hactenus* „за домашните работи толку“ (*Fam*. 16. 24. 2 = 350 SB), *sed de ludis hactenus* „но за игрите толку“ (*Att*. 15. 26. 1 = 404 SB) *etc*.)

*в*. изрази што го содржат предикатот *habes* „имаш“, кој има значење „ти кажав /раскажав“ (*Habes de Vatinio* „Имаш/Ти раскажав за Ватиниј“ *Fam*. 1. 9. 20 = 20 SB, *Habes rationem mei consilii* „Го имаш/Ти го кажав моето мислење“ (*Fam*. 9. 2. 4 = 177 SB), *Habes opinionis meae testimonium* „Имаш сведоштво за моето

мислење“ (*Fam*. 13. 16. 4 = 316 SB), *Habes res Romanas* „Ти раскажав за приликите во Рим“ *Att*. 1. 14. 6 = 14 SB, *habes, ut brevissime potui, genus iudici et causam absolutionis* „ти раскажав најкусо што можев какво беше судењето и зошто обвинетиот беше ослободен“ (*Att*. 1. 16. 6 = 16 SB), *habes omnia* „ти раскажав сè“ (*Att*. 5. 20. 7 = 113 SB) *etc*.

*г*. изразите во кои Кикерон го известува адресатот дека ќе му каже повеќе за темата при средба лице во лице: *sed haec coram* „но за овие работи кога ќе се видиме“ (*Att*. 2. 17. 3 = 37 SB, *ibid*. 3. 4. 1 = 49 SB, *ibid*. 7. 3. 12 = 126 SB, *Fam*. 16. 17. 1 = 186 SB, *ibid*. 13. 47. 1 = 274 SB *etc*.), *sed his de rebus coram plura, propediem ut spero* „но за овие работи повеќе кога ќе се видиме, што се надевам дека ќе биде скоро“ (*Fam*. 9. 14. 8 = 326 SB), *sed haec coram commodius* „но за овие работи подобро лице во лице“ (*Att*. 2. 9. 3 = 29 SB), *sed de illo plura coram* „но повеќе за него кога ќе се видиме“ (*Fam*. 10. 32. 4 = 415 SB), *sed haec coram agemus* „но за овие работи ќе зборуваме кога ќе се видиме“ (*Q. fr*. 2. 6.(5) 2 = 10 SB) *etc*.

*д*. изрази што содржат перфект во прво лице од *verbum dicendi*:

- *respondi* „одговорив“ (*Uni epistulae respondi* „На едното писмо ти одговорив“ (*Fam*. 2. 17. 6 = 117 SB), *Quoniam respondi postremae tuae paginae prima mea, nunc ad primam revertar tuam* „Бидејќи со првата моја страница одговорив на твојата последна страница, сега ќе се вратам на првата“ (*Att*. 6. 2. 3 = 116 SB), *Respondi epistulis tribus, sed expecto alias* „Ти одговорив на три писма, но очекувам нови“ (*Att*. 9. 9. 4 = 176 SB) *etc*.)

- *rescripsi* „напишав“/„одговорив“ (*Rescripsi ad omnia tua* „Одговорив на сите твои прашања“(*Att*. 15. 29. 2 = 408 SB, *rescripsi epistulae maximae, audi nunc de miniscula* „одговорив на најголемото писмо, сега слушни го одговорот на малечкото“ (*Q. fr. 3*. 1. 11 = 21 SB), *rescripsi ad omnia* „ти одговорив на сè“ (*Q. fr*. 3. 7.(9) 9 = 27 SB) *etc*.), и

- *persolvi* „одговорив“ (*persolvi prima epistulae, venio ad secundam* „ти одговорив на првото писмо, доаѓам до второто“ *Att.* 14. 20. 2 = 374 SB).

Перформативите што содржат *verbum dicendi* (*dico, narro, inquam* „велам“/„кажувам“, *confirmo* „тврдам“, *nego* „одрекувам“ и сл.), метадирективите од типот на *noli putare* „немој да мислиш“, *mihi crede* „верувај ми“, *scito* „знај“, *volo te tibi persuadere* „сакам да бидеш уверен“ и сл.) и евалуативно-процедуралните изрази како *mihi dicendum est* „треба да кажам“, *sic enim est dicendum* „треба да се каже“, *ut scis, sicut nosti* „како што знаеш“, *ut vere dicam/scribam* „право да кажам“ и сл., се исто така еден вид метадискурсни изрази, но тие, за разлика од метадискурсните изрази за кои говоревме погоре, немаат функција во рамки на организацијата и презентацијата на дискурсната содржина. Функцијата на овие изрази се остварува во рамки на она што Дик го означува со терминот „управување со интеракцијата“ (*interaction management*). Овој термин упатува на стратегиите кои авторот ги применува за да ги создаде интеракциските предуслови што треба да бидат исполнети за да се имплементира дискурсниот настан (Dik, 1997: 427). Од споманатите изрази, единствено перформативот *narro* кога зад него стои *tibi* (*narro tibi*), се чини дека има функција во рамки на организацијата и презентацијата на дискурсните содржини. Парадигматична во оваа смисла е следната употреба, во која е очигледно дека *narro tibi* има функцијата на да воведе нова тема:

(74) *De Attica nunc demum mihi est exploratum; itaque ei de integro gratulare. Tigellium totum mihi, et quidem quam prumum; nam pendeo animi. narro tibi, Quintus cras; sed ad me an ad te nescio.* (*Att.* 13. 51. 2 = 349 SB)[193]

[193] „Конечно ги добив вестите за Атика. Честитај ѝ пак. За Тигелиј пиши ми сѐ, и тоа што побрзо. Многу сум љубопитен. Само да ти кажам дека Квинт доаѓа утре, но не знам дали кај тебе или кај мене.“

## Елементи на интеракција

Присуството на интеракциски елементи во секој тип на дискурс се должи на фактот што независно од формалните одлики на структурата, текстот е секогаш ориентиран кон определен аудиториум и има функција да оствари определена комуникациска цел. Фреквентноста на елементи на интеракција е детерминирана од степенот на ориентираност на дискурсот кон адресатот, кој во различни типови на дискурс е варијабилен. Од сите формално монолошки типови на дискурс, епистоларниот се одликува со највисок степен на ориентираност кон адресатот. Во него авторот/адресантот иницира нови дискурсни чекори и во исто време реагира на дискурсните чекори иницирани од страна на неговиот актуелен адресат. Првиот тип на дискурсни чекори соодветствуваат на иницијативните чекори, а вториот тип - на реактивните чекори од вистинскиот дијалог. Иницијативните и реактивните чекори во епистоларната интеракција образуваат дискурсни промени со конституенти што се вон текстот на писмото. Резултат на оваа иманентна одлика на епистоларноста е поголемата фреквентност на елементи на интеракција коишто треба да создадат атмосфера слична на атмосферата во која се одвива дијалогот *in praesentia*.

Елементи на интеракција, покрај директивите и прашањата, кои ќе ги разгледуваме во делот од истражувањето посветен на микроструктурата, се редундантниот вокатив, извиците, ексламативните реченици, метадирективите и парентетичките искази како *ut scribis, ut scis, si me amas, amabo te, quaeso etc*. Овие интеракциски елементи во епистоларниот дискурс имаат функција во рамки на т.н. „управување со интеракцијата" (*interaction menagement*). Тие се дел од стратегиите што авторот ги применува за да ја воспостави кохеренција меѓу дискурсните чекори, односно меѓу писмата, од кои се состои епистоларната дискурсна промена.

## *Редундантен вокатив*

Вокативите во писмата се среќаваат прилично често. Вообичаени се во писмата што се производ на приватна лична и приватна фамилијарна епистоларна интеракција, но се среќаваат и во писмата што се производ на друг тип на епистоларни интеракции. Најбројни се во писмата до Атик, Квинт, Тирон, Терентија, Теста, Волумниј, Варон, Долабела, Пает, Сулпикиј Руф, Капитон, Купиениј, Требониј, Деким и Марк Брут. Од агитациските писма најфреквентни се во писмата до Лукиј Мунатиј Планк, но се среќаваат и во писмата до Квинт Корнификиј и Гај Фурниј. Формата за вокатив, најчесто од некое од трите имиња на адресатот, е многу често придружена со формата за вокатив од посвојната заменка *meus* „мој“. Вокативот *mi* речиси секогаш стои во антепозиција на вокативот од името, што е пример за стилски обележан редослед на зборовите.

Најфреквентни во однос на бројот на писма се вокативите во писмата до Квинт. За нив е специфично тоа што само во една употреба Кикерон му се обраќа на Квинт со неговото лично име (*mi Quinte* „Мој Квинте“ (*Q. fr*. 2. 15.(14) 2 = 19 SB)). Повообичаена е употребата на именката *frater* во вокатив: *mi frater* „мој брате“ (*ibid*. 1. 3. 1 = 3 SB, 1. 4. 1 = 4 SB, 2. 3. 7 = 7 SB *etc*.), пред која често стои суперлатив од една или две придавки: *mi carissime frater* „најмил мој брате“ (*ibid*. 3. 6.(8) 6 = 26 SB), *mi carissime et suavissime frater* „мој најмил и најдраг брате“ (*ibid*. 2. 6.(5) 4 = 10 SB)), *mi optime et optatissime frater* „мој најдобар и најсакан брате“ (*ibid*. 2. 7.(6) 2 = 11 SB), *mi suavissime frater* „мој најдраг брате“ (*ibid*. 3. 5.(5-7) 4 = 25 SB), *mi suavissime et optime frater* „мој најдраг и најдобар брате“ (*ibid*. 3. 5. (5-7) 9 = 25 SB, 3. 7. (9) 9 = 27 SB). Во еден случај, вокативот *mi frater* се јавува три пати во една иста јазична употреба:

(75) *Mi frater, mi frater, mi frater, tune id veritus es ne ego iracundia aliqua adductus pueros ad te sine litteris miserim aut etiam ne te videre noluerim? ego tibi irascerer? tibi ego possem irasci? (Q. fr.* 1. 3. 1 = 3 SB)[194]

Во писмата до Атик вокативите се исто така чести, но, во однос на бројот на зачувани писма се среќаваат поретко отколку во писмата до Квинт. Кикерон на Атик најчесто му се обраќа со вокативот *mi Attice* „мој Атиче" (*Att.* 6. 1. 20 = 115 SB, 6. 6. 4 = 121 SB, 9. 6. 7 = 172 SB, 10. 8. 6 = 199 SB *etc.*), но се среќаваат и вокативите *mi Pomponi* „мој Помпониј" (*Att.* 3. 4. 1 = 49 SB, 3. 9. 2 = 54 SB , 3. 22. 3 = 67 SB, 3. 23. 2 = 68 SB, 4. 18. 2 = 92 SB), *mi T. Pomponi* „мој Тите Помпониј" (*ibid.* 4. 2. 5 = 74 SB) *mi Tite* „мој Тите" (*Att.* 9. 6. 5 = 172 SB), *Attice* „Атиче" (*ibid.* 6. 2. 8 = 116 SB, 12. 23. 1 = 262 SB), *dulcissime Attice* „најмил Атиче" (*ibid.* 6. 2. 9 = 116 SB) и *noster Attice* „наш Атиче" (*ibid.* 8. 11. 3 = 161 SB). На сопругата Терентија обично ѝ се обраќа со вокативот *mea Terentia* „Терентијо моја" (*Fam.* 14. 2. 2 = 7 SB, 14. 1. 5 = 8 SB, 14. 3. 1. 5 = 9 SB *etc.*), но и со вокативите *mea vita* „мој животе" (*ibid.* 14. 4. 1 = 6 SB, 14. 2. 3 = 7 SB), *mea lux* „светлино моја" (*ibid.* 14. 2. 2 = 7 SB) и *meum desiderium* „љубов моја"(*ibid.* 14. 2. 2 = 7 SB). Во едно писмо до семејството, во завршната поздравна формула, Кикерон им се обраќа на сите формални учесници во епистоларната конверзација: *mea Terentia, fidissima atque optima uxor, et mea carissima filiola et spes reliqua nostra, Cicero, valete* „моја Терентијо, најверна и најдобра сопруго, моја најмила ќеркичке и Кикероне, единствената наша преостаната надеж, бидете поздравени" (*ibid.* 14. 4. 6 =  SB 6 SB). На Тирон Кикерон обично му се обраќа со вокативот *mi Tiro* „Тироне мој" (*ibid.* 16. 1. 2 = 120 SB, 16. 3. 2 = 122 SB, 16. 4. 2 = 123 SB *etc.*). Вокативот *Tiro noster* „наш Тироне" (*ibid.* 16. 7. 1 = 126 SB и *ibid.* 16. 9. 4 = 127 SB) се јавува во две писма на Кикерон и на неговиот син, Кикерон Помладиот, до Тирон. Во писмата до Теста се среќаваат вокативите: *mi Testa/Testa mi* „мој Теста" (*ibid.* 7. 13. 1 = 36 SB, 7. 21. 1 = 246 SB), *mi vetule* „стар мој" (*Fam.* 7. 16. 1 = 32 SB) и *mi Trebati*

[194] „Мој брате, мој брате, мој брате, си се исплашил некаква лутина да не ме натерала да ги испратам моите луѓе кај тебе без писмо или дури и дека не сакам да те видам? Јас на тебе да ти се налутам? Можам ли јас на тебе да ти се налутам?"

„мој Требатиј“ (*ibid*. 7. 20. 2 = 333 SB). Во писмата до сите други адресати е вообичаена формата за вокатив од едното од трите имиња на адресатот и посвојната заменка *meus* во антепозиција на името во вокатив: *mi Rufe* „ Руфе мој“ (*Fam*. 2. 9. 3 = 85 SB, 2. 10. 3 = 86 SB, 2. 12. 2 = 95 SB), *mi Dolabella* „Долабела мој“ (*Fam*. 9. 14. = 326 SB = *Att*. 15. 14. 2 = 402 SB), *mi Cornifici* „Корнификиј мој“ (*Fam*. 12. 25. 2 = 373 SB, 12. 28. 2 = 374 SB, 12. 30. 3 = 417 SB, 12. 21. 1 = 429 SB, 12. 27. 1 = 432 SB, 12. 29. 3 = 433 SB), *mi Brute* „мој Бруте“ (*Fam*. 11. 14. 1 = 413 SB, 11. 15. 2 = 422 SB, 11. 16. 3 = 434 SB, 11. 17. 2 = 435 SB *etc*).

Функцијата на сите вокативи во писмата соодветствува на функцијата на т. н. *редундантен вокатив* (redundant vocative). Овој тип на вокатив во конверзацијата се применува кога постојат доволно контекстуални информации за тоа кој од учесниците во конверзацијата треба да биде следниот говорител (Eggins and Slade, 1997: 145). Со оглед на тоа што учесникот во конверзацијата што е повикан да го даде својот придонес во конверзацијата веќе знае дека тој е лицето што треба да го направи следниот чекор во промената и без употребата на вокатив, овој вокатив се смета за редундантен, непотребен или излишен. Според Егинс и Слејд (*ibid*.), ваквите вокативи претставуваат обид од страна на говорителот да воспостави поблиска релација со другиот/другите учесници во конверзацијата. Вокативот во писмата е секогаш редундантен, бидејќи реалните учесници во епистоларната интеракција се секогаш само двајца. Неговата функција не е да ја зголеми блискоста меѓу кореспондентите, туку да ја нагласи релевантноста на говорниот чин во кој е вметнат, да ја зголеми довербата на адресатот во говорниот чин или ја нагласи итноста од извршување на директивот, ако се вметнати во директиви или итноста од одговор на прашање, ако се вметнати во прашања. На оваа функција упатува тоа што во многу случаи, покрај вокативот, во говорниот чин е присутна и анафора, извик, некој друг интеракциски елемент (*obsecro, si me amas, amabo te* „те молам“ *etc*.), перформатив (*te rogo* „те молам“, *etiam atque etiam*

*rogo* „настојчиво те молам", *rogo atque oro* „те молам и те преколнувам",) или евалуативно-процедурален израз како *volo te scire* „сакам да знаеш", *scito* „знај", *cave putes* „немој да мислиш", *tibi persuade* „биди уверен":

(76) *Urbem, urbem, mi Rufe, cole et in ista luce vive!* (*Fam*. 2. 12. 2 = 95 SB)[195]

(77) *O mi Furni, quam tu tuam causam non nosti, qui alienas tam facile discas!* (*Fam*. 10. 26. 2 = 424 SB)[196]

(78) *Amabo te, mi frater, ne, si uno meo facto et tu et omnes mei corruistis, improbitati et sceleri meo potius quam imprudentiae miseriaeque adsignes.* (*Q. fr*. 1. 4. 1 = 4 SB)[197]

(79) *sic tibi, mi Paete, persuade, me dies et noctes nihil aliud agere, nihil curare, nisi ut mei cives salvi liberique sint.* (*Fam*. 9. 24. 4 = 362 SB)[198]

(80) *te, mi Cornifici, etiam atque etiam rogo ut omnia Lamiae negotia mea putes esse curesque ut intellegat hanc commendationem maximo sibi usui fuisse.* (*Fam*. 12. 29. 3 = 433 SB)[199]

Редундантниот вокатив во писмата се среќава во различни типови на говорни чинови: директиви, прашања, асертиви, честитки, поздрави *etc*. Со неговата употреба Кикерон ја компензира неможноста за примена на прosодиските елементи типични за живата реч, како што се варијациите во висината на тонот и промената на интонацијата. Слична функција имаат и другите елементи на интеракција.

[195] „Во Рим, во Рим, драг мој Руфе, седи и живеј во таа светлина."

[196] „Ох, мој Фурниј, како не успеа да ја согледаш својата положба, ти, кој толку лесно ја согледуваш положбата на другите луѓе!"

[197] „Те молам, мој брате, ако поради мојава судбина ти и сите мои сте настрадале, да не им го припишуваш тоа на мојата нечесност и вина, туку на мојата неразборитост и на мојата несреќа."

[198] „Биди уверен, драг мој Паете, дека јас дење ноќе не правам ништо друго, не се грижам за ништо друго освен за тоа моите сограѓани да бидат безбедни и слободни."

[199] „Настојчиво те молам, драг мој Корнификиј, на сета таа работа на Ламија да гледаш како да е моја и да се погрижиш да сфати дека оваа препорака ќе му биде од голема полза."

## *Извици и ексламативни реченици*

Извиците во традиционалната граматика имаат третман на видови зборови со кои се изразува некаква емоција: радост, тага, лутина, чудење, восхит, изненадување и сл. (Lindsay, 1894: 616-8). Повеќето од нив се ономатопејски зборови, но можат да водат потекло и од различни други видови зборови. Генерално, се сметаат се одлика на колоквијалниот јазик. Од сите елементи на интеракција тие во епистоларниот дискурс најмногу создаваат атмосфера слична на атмосферата во која се одвива конверзацијата лице во лице. Често се среќаваат во говорни чинови што од аспект на илокуторната сила се експресиви, но се среќаваат и во директиви, прашања и асертиви. Од перспектива на традиционалната граматика, експресивите во кои се среќаваат извици претставуваат ексламативни реченици, но извикот не е ниту единствен, ниту неопходен маркер на ексламативноста.

Во текстот на писмата се среќаваат ономатопејските извици *o, heus, ecce, hem* и *hui* и извиците што се изведени од друг тип на зборови: *(me)hercule, age, di boni, per deos* и *per fortunas*. Ономатопејскиот извик *o* се јавува во антепозиција на вокативи (*o noster Tite* „ох наш Тите"(*Att*. 2. 16. 3 = 36 SB), *o mi Attice* „ох, мој Атиче" (14. 12. 1 = 366 SB), *o mi Furni* „ох мој Фурниј" (*Fam*. 10. 26. 2 = 424 SB)) и во антепозиција на *accusativus exclamationis* (*o rem miseram!* „Ох, каква несреќа!" (*Fam*. 12. 3. 2 = 345 SB, *Att*. 7. 9. 3 = 132 SB *etc*.), *o rem acerbam*! „ох, колку голема мака" (*Att*. 7. 23. 1 = 147 SB, 13. 22. 3 = 329 SB), *o rem perditam!* „ох, какво безумие!" (*Att*. 9. 18. 2 = 187 SB, *o rem foedam* „ох, колку лоша работа" (*Att*. 10. 4. 8 = 195 SB), *o me sollicitum!* „ох, колку сум загрижен" (*Att*. 3. 1. 17 = 46 SB ), *o me miserum!* „ох, колку сум несреќен" (*Att*. 7. 23. 1 = 147 SB, *Fam*. 14. 1. 5 = 8 SB, 3. 11. 2 = 74 SB *etc*.), *o me adflictum, o me miserum!* „ох, колку сум очаен и несреќен" (*Att*. 14. 4. 3 = 358 SB) *etc*.) Првиот тип на употреби не се секогаш ексламативни реченици. Следните фрагменти се парадигма за јазични употреби во кои извикот *o* не се јавува во ексламативни реченици:

(81) *O mi Attice, vereor ne nobis Idus Martiae nihil dederint praeter laetitiam et odi poenam ac doloris*. (*Att*. 14. 12. 1 = 366 SB)[200]
(82) *O Brute, ubi es?* (*Att*. 16. 8. 2 = 418 SB)[201]

Вториот тип на употреби, *o* во антепозиција на *accusativus exclamationis,* се секогаш ексклamативни реченици. Во некои писма што се производ, главно, на приватна лична или на приватна фамилијарна епистоларна интеракција ваквите ексклamации се јавуваат на самиот почеток на писмото:

(83) *O expectatas mihi tuas litteras! o gratum adventum! o constantiam promissi et fidem miram! o navigationem amandam!* (*Att*. 4. 19. 1 = 93 SB)[202]

Извикот *heus* секогаш е дел од ексклamацијата *sed heus tu!* или *et heus tu!* „Еј, ти!“ Овие ексклamации многу често им претходат на прашања или на други искази што имаат референцијална функција - воведуваат нови референти или референти што биле претходно воведени во некои од претходните чекори на дискурсната промена. Функцијата на ексклamацијата во која се јавува *heus* е да го насочи вниманието на адресатот кон новата тема. Воведувањето на нови теми, најчесто прашања, со оваа ексклamација е одлика единствено на писмата што се производ на приватната епистоларна интеракција:

(84) *Sed heus tu, scripteramne tibi me esse legtum Pompeio et extra urbem quidem fore ex Id. Ian.?* (*Att*. 4. 19. 2 = 93 SB)[203]
(85) *Sed heus tu! quid agis? ecquid fit?* (*Fam*. 7. 11. 2 = 34 SB)[204]

Извиците *ecce, hem,* и *hui,* за разлика од *heus*, немаат функција да го свртат вниманието на адресатот кон нова дискурсна тема.

---

[200] „Ох, мој Атиче, се плашам дека мартовските Иди нам не ни донесоа ништо друго освен радост и надомест за навредата и болката.“
[201] „Ох, Бруте, каде си?“
[202] „Ох, конечно го добив од тебе писмото што толку долго го очекував! Ох, колку ми е мило што си стигнал! Ох, колку си ти човек од збор и колку многу си верен! Ох, колку пријатна пловидба!“
[203] „Еј, ти пишав дека станав легат на Помпеј и дека нема да бидам во Рим по јануарските Иди?“
[204] „Еј, ти! Што правиш? Што се случува?“

Се чини дека нивна примарната функција е да создадат кај адресатот привид дека конверзацијата што се одвива со посредство на писмото како медиум се одвива лице во лице. Парадигма за употребата на овие извици во писмата се следните фрагменти:

(86) *Cum haec maxime scribebam, ecce tibi Sebosus!* (*Att*. 2. 15. 3 = 35 SB)[205]

(87) *hem, mea lux, meum desiderium, unde omnes opem petere solebant, te nunc, mea Terentia, sic vexari, sic iacere in lacrimis et sordibus, idque fieri mea culpa, qui ceteros servari ut nos periremus!* (*Fam*. 14. 2. 2 = 7 SB)[206]

(88) *Hui, totiensne me litteras dedisse Romam, cum ad te nullas darem?* (*Att*. 5. 11. 1 = 104 SB)[207]

Најфреквентен извик во писмата е извикот *(me)hercule*. Овој извик, за разлика од претходно споменатите, не се јавува само во писма што се производ на приватна лична и приватна фамилијарна епистоларна интеракција, туку и во писма што се производ на другите типови на епистоларни интеракции. Функција на извикот е да ја зголеми довербата на адресатот во дискурсниот чин во кој се јавува или во некој сегмент од тој дискурсен чин. Специфично за него е тоа што никогаш не се јавува во ексламативни реченици:

(89) *tantum enim animi inductio et mehercule amor erga Pompeium apud me valet ut, quae illi utilia sunt et quae ille vult, ea mihi omnia iam et recta et vera videantur*. (*Fam*. 1. 8. 2 = 19 SB)[208]

Од другите неономатопејски извици функција во рамки на епистоларната конверзациска структура имаат извикот *age,* кој според потеклото е императив од *ago, 3, egi, actum* „водам“, „терам“, *di (immortales), per fortunas* и *per deos (immortalis)*. Парадигматични во однос на функцијата на овие извици во

---

[205] „Баш додека ти го пишував ова, еве ти го Себос!“

[206] „Ох, сонце мое, копнежу мој! Од тебе обично сите црпеа снага, а сега ти, моја Терентијо, вака да ми се измачуваш, да лежиш расплакана и оскрбена, и тоа по моја вина, по вина на човекот кој спаси многумина, за да се упропасти себе си! “

[207] „Ха! Толку многу писма сум испратил во Рим, а на тебе ниедно?!“

[208] „Мојата посветеност и, жими Херкула, љубов, кон Помпеј се толку силни, што сè што е полезно за него и сè што тој сака, мене ми се чини исправно и разумно.“

епистоларната конверзациска структура се следните употреби. Во примерот бр. 90 *age* се јавува во реактивен чекор на фиктивна конверзација, во примерите бр. 91 и бр. 92 *per fortunas* и *di immortales* се јавуваат во антепозиција на прашања, а во примерот бр. 93, *per deos immortalis* следи веднаш зад директив:

(90) *quid ad haec reperis? 'solvamus' inquis. age, a Caelio mutuabimur.* (*Att.* 7. 3. 11 = 126)[209]

(91) *per fortunas, quale tibi consilium Pompei videtur?* (*Att.* 7. 11. 3 = 134 SB)[210]

(92) *di immortales! cur ego absum vel spectator laudum tuarum vel particeps vel socius vel minister consiliorum?*(*Fam.* 2. 7. 2 = 107 SB)[211]

(93) *incumbe, per deos immortalis, in eam curam et cogitationem quae tibi summam dignitatem et gloriam adferat.* (*Fam.* 10. 3. 3 = 355 SB)[212]

Ексклamативни реченици се речениците со кои говорителот изразува емотивен став на начин кој не е неутрален. Тие се една од типичните одлики на конверзацијата. Примарен индикатор на ексклamативност во оралната конверзација е интонацијата. Во пишан текст вообичаени лексички маркери на ексклamативност се вистинските или изведените извици. Граматички маркери на ексклamативност, пак, се:

*а*) речениците што се состојат од именска група во акузатив (*accusativus exclamationis*), пред која понекогаш стои извикот *o* (*e.g. me miserum!* „кутриот јас!" (*Fam.* 14. 1. 5 = 8 SB, 3. 11. 2 = 74 SB, *Att.* 2. 19. 1 = 39 SB, 3. 20. 1 = 65 SB, 9. 6. 6 = 172 SB *etc.*), *o hominem facilem* „ох, колку љубезен човек" (*Fam.* 9. 20. 1 = 193 SB), *o superbiam inauditam* „ох, каква нечуена дрскост" (*Fam.* 11. 28. 3 = 349 SB *etc.*)

*б*) Конструкциите со заменско-прилошки квантификатор: *qui, quantus, quam, quot etc.* (e.g. *Quam vellem Romae <esses>!* „Колку

[209] „Што предлагаш за ова? „Да платам." велиш. Ајде! Ќе позајмам од Каелиј."

[210] „До бога, што мислиш за одлуката на Помпеј?"

[211] „Господе! Зошто не сум таму за да бидам набљудувач на твојата слава, учесник, сојузник или помошник во твоите одлуки?"

[212] „Ревносно впушти се, до бога, во грижа и во размислување што ќе ти донесе врвен углед и слава."

сакам да беше сега во Рим“ (*Att.* 2. 22. 1 = 42 SB), *quam vellem ad illas pulcherrimas epulas me Idibus Martiis invitasses!* „колку сакам да ме поканеше на оној прекрасен пир на мартовските Иди!“ (*Fam.* 10. 28. 1 = 364 SB), *di boni, quanta ἀμηχανία!* „Господе, каква беспомошност!“ (*Att.* 15. 29. 1 = 408 SB), *di immortales, quam ego risum nostrum desidero* „Господе, колку сакам да се насмееме на ова“ (*Fam.* 2. 13. 3 = 93 SB, *di boni, quanto mihi illud erit amabilius* „господе, колку ќе беше тоа убаво за мене“ (*Fam.* 16. 18. 1 = 219 SB) *etc.*), и

*в*) реченици со конјунктив за желба (*coniunctivus otptativus*) (e.g. *utinam ea res ei voluptati sit!* „камо да му причинуваа тие работи задоволство“ (*Fam.* 14. 1. 4 = 8 SB), *qui mihi utinam solacio sit!* „камо да ми беше тоа утеха!“(*Fam.* 9. 1. 1 = 175 SB) и некои императиви (*Sed vide audaciam!* „Туку, види каква дрскост!“ (*Fam.* 9. 20. 2 = 193 SB), *vide levitatem meam!* „Види колку сум неодговорен!“ (*Att.* 2. 5. 2 = 25 SB) *etc.*)

Како што може да се забележи во примерите погоре, во ексклamативните реченици често е присутен и лексички и граматички маркер на ексклamативност. Ексклamациите се најфреквентни во писмата што се производ на приватна лична или на приватна фамилијарна епистоларна интеракција, но се среќаваат и во писма што се производ на друг тип на епистоларни интеракции. Обично се јавуваат во низа и во сегменти од текстот во кои се присутни и други елементи на интеракција: прашања, реторички прашања, директиви, извици и слично. Парадигматична во оваа смисла е следната употреба:

(94) *Reliqua, o di! qui comitatus, ut tu soles dicere, νέκυια! in qua erat ἥρως Celer. o rem perditam! o copiis desperatas! quid quod Servi filius, quod Titini in iis castris fuerunt quibus Pompeius circumsederetur?* (*Att.* 9. 18. 2 = 187 SB)[213]

[213] „Другите работи, господе боже! Каква дружина, каков *underworld*, да го употребам твојот израз! Херојот во неа беше Келер. Ох, какво безумие! Ох, каква очајна банда! А што да каже човек за тоа што во војските со кои Помпеј беше опколен беа и синовите на Сервиј и на Титиј?“

## Метадирективи

Метадирективи (*metadirectives*) се искази во кои говорителот експлицитно го споменува перлокуторниот ефект на говорниот чин што го изведува (Risselada 1993: 258). Поимот *перлокуторен ефект* (perlocutionary effect) во теоријата на говорни чинови упатува на тоа што говорителот има намера да го постигне кај адресатот со изведувањето на говорниот чин: да го информира, да го натера да направи нешто, да го убеди во нешто, да го одврати од нешто *etc*. Метадирективите не се посебен тип на говорни чинови, туку се начин на кој може да биде јазично реализиран апсолутно секој тип на говорен чин. Според Риселада, тие се употребуваат поради емфаза (Risselada, 1993: 327).

Во писмата се среќаваат метадирективи од прашања, од асертиви и од директиви. Вообичаен метадиректив од прашања е метадирективот *dic (mihi)* „кажи (ми)":

(95) *putasne fore ut legem non ferat? dic, oro te, clarius.* (*Att*. 4. 8a. 1 = 82 SB)[214]
(96) *dic mihi, C. Antonius voluitne fieri septemvir?* (*Att*. 15. 19. 2 = 396 SB)[215]

Вообичаени метадирективи од асертиви во писмата се исказите во кои се инкорпорирани: *scito* „знај" (*Fam*. 1. 7. 7 = 18 SB, 1. 9. 24 = 20 SB, 2. 3. 2 = 47 SB, 2. 15. 1 = 96 SB, 2. 18. 1 = 115 SB, 3. 7. 3 = 71 SB, *Att*. 1. 5. 4 = 1 SB, 1. 11. 2 = 7 SB, 1. 3. 1 = 8 SB, 1. 2. 1 = 11 SB, *Q. fr*. 2. 4. 1 = 8 SB, 2. 7.(6) 1 = 11 SB *etc*.), *mihi crede* / *crede mihi* „верувај ми" (*Fam*. 1. 6. 2 = 17 SB, 2. 8. 2 = 80 SB, 2. 13. 2 = 93 SB, 4. 8. 2 = 229 SB, 4. 13. 5 = 225 SB, *Att*. 1. 13. 5 = 13 SB, 1. 17. 11 = 17 SB, 1. 20. 6 = 20 SB, 2. 2. 2 = 22 SB, *Q. fr*. 2. 12. 1 = 16 SB *etc*.), *noli putare* „немој да мислиш" (*Fam*. 14. 2. 1 = 7 SB, *Att*. 5. 2. 3 = 95 SB, 6. 1. 3 = 115 SB, 9. 7. 5 = 174 SB, *Q. fr*. 3. 5.(5-7) 7 = 25 SB *etc*.), *cave putes* / *cave existimes* „немој да мислиш" (*Fam*. 7. 25. 2 = 261 SB, 9. 24. 1 = 362 SB, 10. 12. 1 = 377 SB, *Att*. 5. 21. 5 = 114 SB, 7. 20. 1 = 144 SB *etc*.), *tibi persuade* / *persuade tibi* „биди убеден" (*Fam*. 3. 1. 1 = 64 SB, 5. 21. 5 = 182 SB, 9. 24. 4 = 362 SB, 10. 22. 3 = 423 SB, 11. 16. 3 = 434 SB, 12. 9. 2 =

[214] „Мислиш дека законот нема да се донесе? Кажи ми за ова, те молам, појасно."
[215] „Кажи ми, Гај Антониј сакаше да стане септемвир?"

421 SB, *Att*. 12. 18a. 2 = 256 SB, *ad Brut*. 22 (1. 14.) 2 = 22 SB *etc*.), *volo te tibi persuadere* „сакам да те убедам" (*Att*. 10. 8a. 1 = 199A SB) и *volo te scire* „сакам да знаеш" (*Att*. 1. 18. 6 = 18 SB, 7. 1. 5 = 124 SB *etc*.). Метадирективот *mihi crede,* кој во писмата до различни адресати е мошне фреквентен, секогаш стои парентетички, па би можеле да го разгледуваме и во рамки на следното поглавје. Функцијата на овој тип на метадирективи е да ја зголемат довербата на адресатот во говорниот чин во кој се инкорпорирани и(ли) да ја вградат содржината на локуцијата во знаењето на адресатот:

(97) *Noli enim putare me quicquam maluisse quam ut mandatis satis facerem nec ulla de rem plus laborasse.* (*Att*. 6. 1. 3 = 115 SB)[216]

(98) *Sic enim volo te tibi persuadere, mihi neminem esse cariorem te excepto Caesare meo*. (*Att*. 10. 8A 1 = 199A SB)[217]

(99) *opprimemini, mihi crede, Brute, nisi providetis*. (*ad Brut*. 8 (1. 2*a*) = 6 SB[218]

(100) *Sic enim scito, verbum in senatu factum esse numquam de ullo nostrum qui provincias obtinuimus quo in iis diutius quam ex senatus consulto maneremus, ut iam ne istius quidem rei culpam sustineam quod minus diu fuerim in provincia quam fortasse fuerit utile.* (*Att*. 7. 3. 1 = 126 SB)[219]

Метадирективите од директиви се реализрани со барателни реченици во кои се содржани императивите *fac*, *cura* и *vide:*

(101) *qua re omnibus de rebus fac ut quam primum sciam*. (*Fam*. 7. 10. 4 = 33 SB)[220]
(102) *cura igitur ut quam primum venias*. (*Fam*. 4. 10. 1 = 233 SB)[221]
(103) *cum Ovia, quaeso, vide ut conficiatur* (*Att*. 12. 30. 2. = 270 SB)[222]

---

[216]„Немој да мислиш дека имало нешто што сум сакал повеќе од тоа да им удоволам на препораките [на Брут], ниту пак дека за која било работа сум се измачил повеќе отколку за оваа."

[217] „Сакам да те убедам дека мене никој не ми е помил од тебе освен мојот пријател Каесар, ..."

[218] „Ќе бидете уништени, верувај ми, Бруте, ако не бидете внимателни."

[219] „Треба да знаеш дека во Сенатот никогаш не се изговори ни збор за ниту еден од нас што ги држиме провинциите за тоа да останеме подолго одошто требаше според сенатска одлука, така што навистина не можам да ја земам врз себе вината за тоа што останав во провинцијата пократко одошто можеби ќе беше полезно."

[220] „Затоа, гледај да дознаам што побрзо за сите овие работи."

[221] „Значи, гледај да дојдеш што побрзо."

[222] „Со Овија, те молам, гледај да се заврши работата."

## Парентетички искази

Парентезата (грч. παρένθεσις - *вметнување*) во античката реторика се вбројува меѓу фигурите на говорот (σχήματα τῆς λέξεως).[223] Претставува прекин во континуетот на говорот со кој говорителот внесува нова мисла. Поради генералната тенденција во лингвистиката на минатиот век статус на легитимен предмет на истражување да имаат само синтаксички „совршените" одлики на јазикот, парентезите во лингвистичката теорија долго имаа маргинализиран статус и се разгледуваа единствено во рамки на стилистиката, како одлика на стилот на одредени автори.[224]. Во последните две децении интересот за нив е зголемен. Современите дефиниции не се разликуваат значајно од дефинициите на оваа фигура во античката реторика. Така, Бартон-Робертс ги дефинира како искази кои се вградени во други искази без да влијаат врз нивната структура (Burton-Roberts, 2006: 179), а Еспинал како дисјунктивни конституенти кои претставуваат независни синтаксички структури во рамки на други синтаксички структури (Espinal, 1991: 727). Во теоријата постои несогласување во однос на тоа кои сè прекини треба да имаат третман на парентези. Генерално, како парентези се третираат синтаксички независни реченици, не-рестриктивни релативни реченици, синтаксички единици помали од реченица – апозитивни именски групи, вокативи, одредени императиви, евалуативни прилози, глаголи што означуваат ментална состојба во прво лице индикатив на презент *etc*.. Во жив говор парентезата има различни прозодиски својства од исказот во кој е вметната - различна висина на тон, интонација, ритам и темпо.

Парентезите во писмата се мошне фреквентни. Се јавуваат во писма кои се производ на различни типови на епистоларни интеракции. Во писмата постојат различни типови на

[223] Quint. *Inst. Orat*. VIII, 2, 15; IX, 3, 23.

[224] За парентезите во *Метаморфози* на Овидиј види Von Albrecht M. (1964) *Die Parenthese in Ovids Metamorphosen und ihre dichterische Funktion*. Hildesheim; за парентезите во списите на Кикерон, види Bolkestein, 1998.

парентези. Функција во рамки на макроструктурата на писмото имаат следните типови:

а) *Парентези што се вметнати во сегменти од текстот во кои е присутна лексичка рекуренција или парафраза.* Овие парентези упатуваат на нешто што веќе било содржано во некој до претходните дискурсни чекори од дискурсната промена или на нешто што кореспондентите го размениле при комуникација лице во лице. Синтаксички секогаш претставуваат споредбени реченици без корелатив: *ut scribis* „како што пишуваш" (*Fam*. 3. 11. 5 = 74 SB, 4. 6. 1 = 249 SB, 5. 2. 9 = 2 SB, 5. 11. 3 = 257 SB *etc*.), *ut dicis* „како што велиш" (*Att*. 2. 12. 3 = 30 SB, 14. 13. 1 = 367 SB), *ut scripsi tibi* „како што ти пишав" (*Att*. 13. 26. 2 = 286 SB), *ut scripsi ad te ante(a)* (*Att*. 2. 5. 1 = 25 SB, 1. 20. 4 = 20 SB, 12. 43. 2 = 284 SB)„како што веќе претходно ти пишав", *ut supra scripsi* „како што ти пишав погоре" (*Fam*. 3. 10. 7 = 73 SB, 11. 5. 3 = 353 SB), *ut saepe tecum locutus sum* „како што често ти кажував" (*Fam*. 2. 13. 2 = 93 SB), *ut saepe etiam loqui tecum solebam* „како што често ти зборував" (*Att*. 2. 21. 2 = 41 SB) и сл. Со овие парентези авторот го потсетува адресатот на нешто што веќе било присутно во некој од дискурсните чекори во дискурсната промена или на нешто што било дел од конверзација лице во лице, со цел да се надоврзе на нешто ново:

(104) *Quintus filius, ut scribis, Antoni est dextella. per eum igitur quod volemus facile auferemus.* (*Att*. 14. 20. 5 = 374 SB)[225]

б) *Парентези што се вметнати во сегменти од текстот кои упатуваат на нешто што адресатот веќе го знае или на нешто што Кикерон смета дека тој го знае.* Овој тип на парентези најчесто се споредбени реченици без корелатив - *ut (tute) scis, sicut nosti, ut noras* „како што знаеш" (*Fam*. 2. 19. 2 = 116 SB, 7. 23. 4 = 209 SB, 9. 14. 5 = 326 SB, 13. 69. 1 = 297 SB, *Att*. 4. 1. 8 = 73 SB, 4. 16. 3 = 89 SB *etc*.), но можат да бидат и самостојни реченици: *nosti enim Marianas* „знаеш нели за вилите на Мариј" (*Att*. 1. 16. 10 = 16 SB),

[225]„Квинт Помладиот, како што пишуваш, му е десна рака на Антониј. Значи, преку него лесно ќе го постигнеме тоа што го сакаме."

*nosti cetera* „знаеш за другите работи“ (*Fam*. 7. 28. 2 = 200 SB) *etc*. Функцијата на овој тип на парентези е да го подготват адресатот за дискурсниот чин или за низата од дискурсни чинови што следи зад дискурсниот чин во кој е вметната парентезата или да ја зголемат неговата доверба во чинот или во дел од чинот во кој се вментнати:

(105) *Proficiscens enim e Tusculano VIII Kal., ut scis, misi ad eum tabellarios*. (*Att*. 13. 21. 2 = 351 SB)[226]

(106) *totum hunc locum, quem ego varie meis orationibus, quarum tu Aristarchus es, soleo pingere, de flamma, de ferro (nosti illas ληκύθους) valde graviter pertextuit.* (*Att*. 1. 14. 3 = 14 SB)[227]

*в*) *Парентези со кои Кикерон настојува да ја зголеми итноста од извршување на определен директив или итноста од добивање одговор на прашање.* Вакви парентези се: *amabo (te)* „те молам“ (*Fam*. 2. 7. 2 = 107 SB, 7. 32. 2 = 113 SB, 15. 17. 4 = 214 SB, *Att*. 2. 2. 1 = 22 SB, 2. 4. 1 = 24 SB, 2. 7. 3 = 27 SB, 5. 12. 3 = 105 SB *etc*.), *si me amas* „за моја љубов“ (*Fam*. 5. 11. 3 = 257 SB, 7. 21. 1 = 332 SB, 7. 32. 2 = 113 SB, *Att*. 1. 20. 7 = 20 SB, 2. 1. 12 = 21 SB, 2. 19. 1 = 39 SB, 2. 20. 5 = 40 SB *etc*.), *quaeso* „те молам“ (*Fam*. 1. 9. 15 = 20 SB, 5. 15. 2 = 252 SB, 6. 1. 5 = 242 SB, *Att*. 2. 16. 4 = 36 SB, 3. 10. 2 = 55 SB *etc*.), *obsecro (te)* „настојчиво те молам“, „те преколнувам“ (*Fam*. 14. 2. 3 = 7 SB, *Att*. 3. 18. 2 = 63 SB, 8. 9a. 1 = 160 SB, 9. 6. 5 = 172 SB *etc*.) и *oro te* „те молам“ (*Att*. 4. 8a. 1 = 82 SB, 11. 4a. 1 = 214 SB). Ваквиот тип на парентези се среќаваат во директиви, во прашања и во реторички прашања:

(107) *Perfer, si me amas; tu enim me haec facere voluisti.* (*Att*. 5. 21. 7 = 114 SB)[228]

(108) *Sed obsecro te, quid hoc miserius quam alterum plausus in foedissima causa quaerere, alterum offensiones in optima?* (*Att*. 8. 9a. 1 = 160 SB)[229]

---

[226]„На заминување од имотот во Тускул на 25-ти, како што знаеш, пратив кај него доставувачи на писма.“

[227]„Мошне убедливо ги кажа прикаските со кои јас обично на најразличен начин ги обојувам моите говори, на кого си му ти Аристарх, за огинот, за мечот (ја знаеш мојата палета).“

[228] Истрпи го ова, за моја љубов; ти нели бараше да ги правам овие работи.

[229] „Но, те молам, зар има нешто победно од тоа што едниот добива пофалби во толку грозен процес, а другиот навреди во најдобар?“

(109) *Tu, quaeso, cogita, quid deinde*. (*Att*. 9. 17. 2 = 186 SB)[230]
(110) *Sed, amabo te, mi Attice, (videsne quam blande?) omnia nostra, quoad eris Romae, ita gerito, regito, gubernato ut nihil a me exspectes*. (*Att*. 16. 2. 2 = 412 SB)[231]

Во писмата се застапени и други типови на парентези: парентези во кои Кикерон изнесува генерална констатација, објаснување, коментар или евалуација на определен настан или состојба. Овие парентези, за разлика од погоре наведените, немаат функција во воспоставувањето на глобалната кохеренција, туку се во фунција на полесно процесирање на самата нарација.

Покрај споменатите елементи на интеракција во писмата се застапени и други показатели на интеракцискиот карактер на епистоларниот дискурс: лични заменки и предикати во прво и второ лице, употреба на сегашно наместо на минато време, изрази на субјективност, прашања, реторички прашања и директиви. Личните заменки и предикатите во прво и второ лице директно ги рефлектираат улогите на учесниците во говорниот настан и се еден вид граматички код на учесниците во интеракција. Употребата на сегашно наместо минато време за дејства што се случиле во минатото не се однесува на употребата на историскиот презент, туку на употребата на презент за означување на дејства што се случиле во минатото во не-наративни текстови (Pinkster, 1998: 69-70): Парадигма за ваква употреба на презентот се следните фрагменти:

(111) *Idibus enim auctionem Larini video et biduum praeterea*. (*Att*. 4. 12. 1 = 81 SB)[232]
(112) *Multos enim viros bonos in Africam venisse audio et scio fuisse antea*. (*Att*. 11. 7. 3 = 218 SB)[233]

[230] „Ти, те молам, размислувај за тоа што потоа.“
[231] „Но, те преколнувам, мој Атиче, (зарем не гледаш колку умилно?) додека си во Рим, сите мои работи води ги, управувај ги и средувај ги, така што од мене нема да очекуваш ништо.“
[232] „Гледам дека наддавањето во Ларениј е на Идите и следните два дена.“
[233] „Слушам дека многу чесни луѓе отишле во Африка, а знам дека и порано биле.“

Изрази на субјективност се изразите што содржат: глагол кој означува ментална состојба во прво лице (*puto, arbitor, opinor* „мислам“, „сметам“, *credo* „верувам“, *scio* „знам“ *etc.*), евалуативна придавка (*bonus* „добар“, *malus* „лош“, *bellus* „убав“, *mirificus* „чудесен“, *turpis* „срамен“ *etc.*), евалуативен прилог (*bene* „добро“, *male* „лошо“, *incredibliter* „неверојатно“ *etc.*) или прилог што искажува степен на увереност (*certe* „сигурно“, *fortasse* „можеби“, *sane* „навистина“ *etc.*). Личните заменки и предикатите во прво и второ лице, употребата на дијалошкиот презент и изразите на субјективност немаат функција во рамки на епистоларната конверзациска структура, туку се само манифестација на интеракцискиот карарактер на писмото како говорен жанр. Прашањата и директивите, пак, ќе ги разгледуваме во следната глава, посветена на анализата на микроструктурата.

# АНАЛИЗА НА МИКРОСТРУКТУРАТА

Основни единици на микроструктурата на определен тип на дискурс се говорните чинови. Нивната лингвистичка реализација, од перспектива на авторот, е последната етапа од процесот што води до конституирање на дискурсот. Од перспектива, пак, на реципиентот, интерпретацијата на лингвистичките реализации на говорните чинови е првиот чекор што реципиентот треба да го преземе за да ја декодира комуникациската цел на авторот. Кога станува збор за епистоларниот дискурс, изборот на јазични средства за реализација на говорните чинови и самата нивна јазична реализација се последното од низата на дејства што адресантот ги презема со цел да ја реализира прагматичката цел на писмото. Од перспектива, пак, на адресатот, идентификацијата на илокуторната сила на секој говорен чин е првата етапа од процесот на декодирање на глобалната порака на писмото.

Проучувањето на јазичните реализации на говорните чинови припаѓа на доменот на лингвистичката прагматика. Самиот термин, пак, *говорен чин* (speech act), води потекло од философијата на јазикот. Основа за тоа што подоцна ќе стане познато како теорија на говорни чинови (*Theory of speech acts*) се тезите на британскиот философ и класичар Остин, изложени во постхумно објавената *How to do things with words* (Austin, 1962). Тезите на Остин, кој се смета за родоначалник на теоријата, се подоцна модифицирани во повеќе насоки од страна на повеќемина философи на јазикот и лингвисти, меѓу кои најголемо значење има Џон Серл (Searle, 1969, 1976, 1979, 1983, Searle & Vanderveken, 1985).

Со оглед на тоа што поимот *говорен чин*, а и самиот концепт за анализа на начините за лингвистичка реализација на говорните чинови, потекнуваат од теоријата на говорни чинови, пред да преминеме на анализата на реализациите на говорните

чинови во Кикероновите писма, накусо ќе ги презентираме основните поставки на оваа теорија. Во следното поглавје ќе ги презентираме и основните поставки на теоријата на учтивост (*politeness theory*) на Браун и Левинсон (Brown & Levinson, 1987), врз кои исто така се потпира дел од нашето истражување.

## Теорија на говорни чинови

Појдовната теза на Џон Остин е тезата дека секој јазичен исказ не претставува опис на извршено дејство, туку дека постојат искази чие изговарање претставува извршување на определено дејство. Врз основа на оваа теза, Остин врши класификација на јазичните искази во две категории: *констативи* (constatives) - искази со кои вистинито или лажно се опишува определена состојба или се искажува определен факт и *перформативи* (performatives) - искази со чие изговарање во соодветни околности говорното лице ништо не констатира, ништо не опишува и за ништо не известува, туку извршува определено дејство (Austin, 1962: 5). Во фокусот на неговиот интерес се перформативите.[234] При нивната анализа, издвојува три аспекти: *локуција* / *локуторен чин* (locution / locutionary act), *илокуција* / *илокуторен чин* (illocution / illocutionary act) и *перлокуција* / *перлокуторен чин* (perlocution / perlocutionary act). Локуцијата, со која се означува самиот чин на изговарање на реченица што поседува значење, е дефинирана како нераскинливо единство од

---

[234] Остин ги дели перформативите на експлицитни и имплицитни. Како парадигма за експлицитни перформативи ги посочува следните примери: „I do (*sc.* take this woman to be my lawful wedded wife)", „I name this ship the *Queen Elizabeth*', „I give and bequeath my watch to my brother", „I bet you sixpence it will rain tomorrow". Изговарањето на секој од овие искази во соодветен контекст (венчална церемонија, кршење на шишето од трупот на бродот итн.), претставува извршување на определено дејство: стапување во брак, именување на брод, оставање во наследство, обложување (Austin, 1962: 5). Имплицитните перформативи, пак, се разликуваат од експлицитните во однос на тоа што во нив нема глагол во прво лице индикатив на презент, но нивниот статус на перформативи го потврдува можноста за реформулација (e.g. „Turn right" = I order you to turn right, I advice [or recommend] you to turn right; „You may go" = I give you permission to go) и можноста во исказот да се вметне *hereby* без исказот да ја изгуби смислата (e.g. „You are hereby authorized to pay") (*ibid*.: 57-8).

фонетски, фатички и ретички чин.[235] Секој локуторен чин претставува извршување на определено дејство, односно илокуторен чин: прашување, одговарање, информирање, ветување, предупредување *etc*. Третиот аспект на перформативите, перлокуторниот чин, упатува на ефектот што локуцијата треба да ја постигне кај адресатот: убедување, одвраќање, застрашување, вознемирување и сл. (*ibid*. 101-2).

Дејството што говорното лице го врши со перформативите, според Остин, може да се определи врз основа на т. н. *илокуторна сила* (illocutionary force). Таа има статус на основен параметар при класификација на перформативите. Врз основа на илокуторната сила, Остин разликува пет класи на перформативи: (1) *вердиктиви* (verdictives) – искази со кои говорното лице изразува определена оценка или наод: *сметам, оценувам, рангирам, вреднувам, опишувам, анализирам, интерпретирам etc*., (2) *егзерцитиви* (exercitives) – искази со кои говорното лице демонстрира моќ, право, власт или влијание: *назначувам, гласам, наредувам, советувам, предупредувам etc*., (3) *комисиви* (comissives) – искази со кои говорното лице се обврзува на нешто: *ветувам, се колнам, се обложувам, гарантирам, планирам etc*. (4) *бихабитиви* (behabitives) – искази врзани за аспекти на социјално поведение: *се извинувам, честитам, сочувствувам, предизвикувам etc*., и (5) *експозитиви* (expositives) – искази што се користат при изложување на ставови, водење дебати и сл.: *тврдам, одрекувам, класифицирам etc*. (*ibid*. 151-164). Со првата и со последната класа во класификацијата Остин влегува во парадокс – на секој исказ со кој говорното лице оценува, опишува или тврди му припишува статус на говорен чин вердиктив или екпозитив, со што доаѓа до бришење на дистинкцијата меѓу констативите и перформативите. Перформативната природа на

[235] Фонетскиот чин (phonetic act) означува изговарање на определени звуци (*phones*), фатичкиот (phatic act) - изговарање на зборови кои се дел од речникот на еден јазик и кои влегуваат во определени конструкции според утврдени граматички правила (*phemes*), а ретичкиот (rhetic act) - изговарање зборови кои имаат определено значење (*rhemes*). Овие три чинови, според Остин, се однесуваат на една од трите димензии на локуцијата (Austin, 1962: 92-3).

секој исказ станува евидентна: секој исказ без исклучок е извршување на дејство или говорен чин, кој се состои од локуторен, илокуторен и перлокуторен чин.

Основните тези на Остин ги развива, елаборира и модифицира Серл (Searle, 1969). Во неговата верзија на теоријата, говорните чинови (*speech acts*) се дефинирани како базични или минимални единици на лингвистичката комуникација (*basic or minimal units of linguistic communication*) (Searle, 1969: 16). Дистинкцијата меѓу локуторниот и илокуторниот чин се трансформира во дистинкција меѓу *изречен чин* (utterance act), *пропозиционален чин* (propositional act) и *илокуторен чин* (illocutionary act). Од Остиновата теорија покрај илокуторниот, Серл го прифаќа и перлокуторниот чин, но не се впушта во негова поопсежна анализа. Изречниот чин го дефинира како чин што се однесува на употребата на зборови, морфеми и реченици, пропозиционалниот - на функциите на исказот референција и предикација, а илокуторниот - на изведувањето на илокуторниот чин: известување, прашување, заповедање, ветување *etc*. Изречниот чин претставува употреба на низа зборови, а пропозиционалниот и илокуторниот - употреба на низа зборови во определен контекст, под определени услови и со определена намера (Searle, 1969: 22-4).

Класификацијата на говорните чинови на Серл (Searle, 1976) е најшироко прифатена во прагматички ориентираните лингвистички теории. За разлика од Остин, Серл говорните чинови не ги класифицира врз основа на илокуторната сила, туку врз основа на т. н. *илокуторна цел* (illocutionary point), која има третман на една од компонентите на илокуторната сила. Со терминот *илокуторна цел* тој упатува на основната намера на говорителот: да опише какво е нешто, да го натера адресатот да направи нешто *etc*. Оваа компонента на илокуторната сила во неговата таксономијата на говорните чинови (Searle, 1976) е основниот параметар според кој се врши идентификација на дејството што говорителот го врши со изведувањето на говорниот чин, т.е. основниот параметар за класификација на

говорните чинови. Врз основа на илокуторната цел, Серл издвојува пет типа на илокуторни чинови: (1) *асертиви / репрезентативи* (assertives / representatives) – говорни чинови со кои говорителот има цел да му ја пренесе на адресатот вистинитоста на определен исказ (тврдења, описи, класификации, објаснувања, одрекувања, претпоставки *etc.*); (2) *директиви* (directives) – говорни чинови чија цел е да го наведат адресатот да се однесува на определен начин, т.е. да го наведат да ја исполни содржината на пропозицијата (заповеди, барања, прашања, забрани, совети *etc.*); (3) *комисиви* (commissives) – говорни чинови со кои говорителот се обврзува дека ќе го преземе дејството содржано во пропозицијата (ветувања, договори, гаранции, закани *etc.*); (4) *експресиви* (expressives) – говорни чинови чија цел е да ги изразат емоциите на говорителот кон содржината на пропозицијата (извинувања, пофалби, честитки, заблагодарувања); *декларативи* (declaratives) – говорни чинови чија цел е да предизвикаат определена промена на светот преку тоа што го претставуваат како да е променет (објавување војна, давање отказ, прогласување некого за виновен *etc.*).

Говорните чинови, според Серл, произлегуваат од петте базични функции што говорителот може да ги изврши со употребата на јазикот: (1) да каже какво е нешто (асертиви), (2) да ги наведе другите да направат нешто (директиви), (3) да се обврзе дека ќе направи нешто (комисиви), (4) да изрази чувства (експресиви), и (5) да предизвика промени во реалниот свет (декларативи). Во подоцнежните верзии на теоријата Серл и Вандервекен (Searle & Vanderveken, 1985: 12-20) предлагаат говорните чинови да се разгледуваат преку анализа на следните нивни компоненти: илокуторна цел (*illocutionary point*), степен на сила на илокуторната цел (*the degree of strength of illocutionary point*), начин на исполнување (*a mode of achievement*), услови на пропозициската содржина (*propositional content conditions*), подготвителни предуслови (preparatory preconditions), услови на искреност (sincerity condition) и степен на сила на условите на

искреност (*degree of strength of the sincerity conditions*). *Илокуторната цел* е основната цел на говорителот при изведувањето на говорниот чин – да опише какво е нешто, да го натера слушателот да направи нешто итн. Два различни илокуторни чинови можат да имаат иста илокуторна цел, но да се разликуваат во однос на *степенот на сила на илокуторната цел*. Така, барањата и молбите имаат иста илокуторна цел – да го натераат слушателот да направи нешто, но во молбите, степенот на сила на илокуторната цел е поголем. *Начинот на исполнување* се однесува на средствата што говорителот ги користи за да ја постигне илокуторната цел (повикување на својот авторитет поради позицијата, нагласување на сопствената улога на сведок на настани и сл.). *Условите за пропозициската содржина* го определуваат типот на пропозициска содржина на јазичната употреба преку која се изведува говорниот чин. На пример, говорителот може да даде ветување само за нешто што ќе се случи во иднина и е под негова контрола. *Подготвителните услови* се сите други услови што мора да се исполнат за да биде успешен говорниот чин. Така, кога говорителот ветува нешто, постои претпоставка дека тој може да го изврши тоа што го ветува и дека тоа е во интерес на слушателот или кога се извинува говорителот претпоставува дека тоа што го направил е лошо за слушателот. *Условите на искреност* се однесуваат на психолошката состојба на говорителот изразена во јазичната употреба. Секогаш кога говорителот изведува илокуторен чин тој изразува определена психолошка состојба: со изведувањето на асертивите се изразува верување, со директивите - желба, со комисивите - намера итн. *Степенот на сила на условите на искреност* е компонента на илокуторната сила што се базира врз забелешката дека идентична психолошка состојба може да има различен степен на сила. Така, психолошката состојба на говорителот при барањата и молбите е иста, но тие се разликуваат во однос на тоа што кога моли говорителот има посилна желба да го натера слушателот да направи нешто отколку кога бара нешто од него.

Класификацијата на говорните чинови на Серл е најшироко прифатена класификација на говорните чинови досега. Најпроблематичен нејзин аспект е третманот на прашањата, кои немаат статус на генерички тип, туку се вбројуваат во категоријата директиви. Еден вид корекција и надополнување на ова класификација е типологијата на говорните чинови на Риселада (Risselada, 1993), врз која ќе се темели нашето истражување на микроструктурата на Кикероновите писма. Некои од говорните чинови во оваа типологија кореспондираат на говорните чинови дефинирани од Серл, а некои се додадени. Прашањата имаат статус на говорни чинови, а земени се предвид и некои други аспекти на говорниот чин. За разлика од Серл, кој говорните чинови ги разгледува само од аспект на илокуторната цел на говорителот, Риселада меѓу критериумите за класификација ги вклучува содржината на говорниот чин (*what the content of the speech act is about*), т.е. дали говорниот чин се однесува на факт, чувство или дејство, и ориентацијата на говорниот чин, т.е. дали е ориентиран кон говорителот, кон адресатот или кон некое трето лице:




Фиг. 4. Типологија на говорните чинови (според Risselada, 1993: 37)

Асертивите, заедно со прашањата и реторичките прашања имаат статус на говорни чинови чија содржина е манифестација на факт. Од аспект на ориентацијата, тие, заедно со експресивите и комисивите, влегуваат во категоријата на говорни чинови ориентирани кон говорителот, бидејќи со нивното изведување говорителот ја презема одговорноста за вистинитоста на исказната содржина. Кога во исказот би бил присутен

индикатор на илокуторната сила, тие би започнувале со глаголи во прво лице индикатив на презент со значење *тврдам, потврдувам, одрекувам, изјавувам, известувам, предлагам, кажувам, предупредувам, советувам, потсетувам, опишувам etc.*.

Експресивите, од аспект на содржината, се говорни чинови за чувства, а од аспект на ориентацијата, говорни чинови ориентирани кон говорителот. Во целост соодветствуваат на истоимената категорија на говорни чинови дефинирана од Серл. За разлика од асертивите, не претставуваат дескрипција на реален или на хипотетички свет, туку ги откриваат чувствата на говорителот кон состојбите на настани од тој свет. Говорителот не презема одговорност за вистинитоста на исказната содржина, туку ги изразува своите чувства кон таа содржина: одобрување, негодување, среќа, радост, тага, болка, верба etc. Експлицитни индикатори на илокуторната сила во овие говорни чинови се глаголи како *одобрувам, се радувам, тагувам, страдам, обвинувам, жалам* итн.

Комисивите се говорни чинови кои изразуваат дејства, а се ориентирани кон говорителот. Со изведувањето на говорниот чин комисив говорителот се обврзува дека ќе го реализира дејството содржано во пропозицијата. Перлокуцискиот ефект на овие говорни чинови е создадавање очекувања кај адресатот во однос на однесувањето на говорителот. Типични комисиви се ветувањата и заканите, па од тој аспект индикатори на илокуторната сила се глаголи како *ветувам* или *се заканувам*, но и глаголи со значење *се обврзувам, се заколнувам, спречувам, заплашувам, забранувам etc*.

Прашањата се говорни чинови за факти, исто како и асертивите, но од нив се разликуваат во однос на ориентацијата - не се насочени кон говорителот, туку кон адресатот. Овој третман на прашањата Риселада го оправдува со тезата дека со нив говорителот го повикува адресатот да изнесе опис на состојба на настани или да потврди или одрекне некое тврдење. Со директивите ја споделуваат илокуторната цел на говорителот (да го наведе адресатот да се однесува на определен начин), но се

разликуваат во однос на тоа што со прашањето говорителот го наведува адресатот да преземе вербално, а не конкретно дејство. Покрај прашалната форма на реченицата, индикатор на илокуторната сила можат да бидат глаголи со значење *прашувам*.

Директивите од аспект на содржината се говорни чинови за дејства, а од аспект на ориентацијата, говорни чинови ориентирани кон адресатот. Со нив говорителот го наведува адресатот да преземе конкретно дејство, т.е. да ја изврши содржината на пропозицијата. Присуството на императив во исказот обично е показател дека станува збор за директив, но показатели на илокуторната сила можат да бидат и перформативните глаголи *заповедам, барам, повикувам, молам, препорачувам* итн.

Директивите за трето лице (third person directives)[236] имаат статус на говорни чинови чија содржина е манифестација на дејства што не се ориентирани ниту кон говорителот, ниту кон адресатот, туку кон трето лице. Тие немаат статус на поттип на директивите, како што сугерира нивниот назив, туку претставуваат посебен тип говорни чинови. Се разликуваат од директивите во однос на тоа што со нив говорителот не го наведува адресатот да го исполни дејството содржано во пропозицијата, туку пропозициската содржина на говорниот чин треба да ја исполни некое трето лице.[237]

Значаен аспект на типологијата на говорните чинови на Риселада се т. н. „гранични случаи." Овие говорни чинови споделуваат карактеристики на два типа говорни чинови. Во оваа категорија Риселада ги вбројува реторичките прашања, ексламациите, желбите и предлозите. Реторичките прашања, и покрај тоа што во однос на формата се прашања, се блиски со асертивите, бидејќи со нив говорителот не го повикува адресатот да изнесе опис на состојба на настани или да потврди (или

---

[236] Изборот на терминот 'директиви за трето лице' (third person directives) според Риселада не е најсреќно решение, но е избран поради недостиг на подобро (Risselada, 1993: 42).

[237] e.g. *Let John phone me when hi comes home*. (ibid.: 43)

отфрли) некое тврдење, како во вистинските прашања, туку изнесува сопствено тврдење. Ексламациите имаат третман на говорни чинови кои се на граница меѓу експресиви и асертиви, бидејќи со нивното изведување говорителот во исто време изразува чувства, но и опишува определена состојба на настани. Желбите во оваа типологија имаат третман на гранични случаи меѓу експресиви и директиви, бидејќи можат да се анализираат и како израз на емоциите на говорителот, што ги поврзува со експресивите, но и како директиви, поради тоа што со нив говорителот се обидува да го наведе адресатот да го изврши дејството содржано во пропозицијата. Предлозите се третираат како гранични случаи меѓу директиви и комисиви. Слични се на директивите од аспект на тоа што со нив говорителот го наведува адресатот да го изврши дејството содржано во говорниот чин. Со комисивите, пак, ги поврзува тоа што со нив говорителот на некој начин се обврзува дека тој самиот има намера да земе учество во извршувањето на дејството содржано во предлогот. Овие говорни чинови истовремено се ориентирани и кон адресатот и кон говорителот.

## Лингвистички реализации на говорните чинови

Прашањето за лингвистичката форма и функцијата на говорните чинови во лингвистиката прв го воведува Остин. Во неговиот кус осврт кон лингвистичките средства за изразување на илокуторната функција (Austin, 1962: 73-76) тој како примарно и „најуспешно" средство за јазична реализација на говорните чинови го посочува присуството на експлицитна перформативна формула, т.е. на експлицитен перформатив. Остин накусо се осврнува и на глаголскиот начин, интонацијата, прилозите и прилошките фрази, конективните партикули, гестикулацијата и околностите во кои се одвива јазичната употреба.[238] Малку посистематичен во анализата на јазичните

[238] Употребата на начинот како средство за лингвистичка реализација на говорните чинови, Остин ја илустрира со употребата на заповедниот начин во директивите (e.g. *Shut it = I order you to shut it*); улогата на интонацијата е очигледна во следните три

средства за реализација на говорните чинови е Серл. Дистинкцијата меѓу индикатор на илокуторната сила и индикатор на пропозицискатa содржина Серл го води кон издвојување на следните индикатори на илокуторната сила, релевантни за англискиот јазик: зборосред, интонација, интерпункција, глаголски начин и перформативни глаголи (Searle, 1969: 30).

Начините за лингвистичка реализација на говорните чинови во определен јазик се детерминирани од лексичките и од синтаксичките средства со кои располага јазикот. На некои значајни аспекти релевантни за анализата на средствата за реализација на говорните чинови во латинскиот јазик се осврнува Пинкстер (Pinkster, 1990: 202-206). Како можни показатели на илокуторната сила, тој ги посочува: видот на реченицата, глаголскиот начин, парентетичките глаголи во прво лице еднина индикатив на презент како *oro, obsecro, quaeso, peto, precor, rogo, obtestor, moneo,* т. н. *verba declarandi* (*dico, inquam, narro, fateor, confiteor, concedo)* и *verba sentiendi* (*puto, credo, opinor*) во прво лице индикатив на презент, модалните партикули и идиоматските глаголски форми како *age, amabo, sodes (= si audes), sis (= si vis)* и познавањето на општествената класа на која ѝ припаѓаат учесниците во определен дијалог[239]. Овие граматички и лексички средства, поединечно и(ли) во комбинација едни со други, ја прават намерата на говорителот експлицитна и со тоа овозможуваат идентификација на илокуторната сила на исказот.

„идентични" јазични искази: *It's going to charge!* од аспект на илокуторната сила е предупредување, *It's going to charge?* – прашање, а *It's going to charge!?* - протест; значењето на прилозите во говорниот чин се манифестира во инхерентноста на некои прилози за определени говорни чинови и во неможноста некои прилози да бидат дел од определени чинови (e.g. присуството на прилозите *certainly*, *definitely* е својствено за вердиктиви); улогата на конективните партикули најдобро може да се илустрира со можноста за замена на конективна партикула *therefore* со перформативот *I conclude*, кој во листата на перформативни глаголи се среќава меѓу експозитивите. Види Austin, 1962: 73-76.

[239] Врз основа на тоа што конјунктивот на перфект *dixerit* во комедиите на Плаут се јавува во директиви кои робовите им ги упатуваат на господарите, Пинкстер заклучува дека исказите во кои се среќава оваа глаголска форма се еден од начините за лингвистичка реализација на учтива заповед (Pinkster, 1990: 205).

Иако е извесно дека постои врска меѓу типот на говорен чин и видот на реченица, крајна симплификација би била тезата дека асертивите, експресивите и комисивите кореспондираат само со исказни реченици, директивите со барателни реченици со императив или конјунктив, а прашањата со прашални. Во принцип, апсолутно секој говорен чин јазично може да се реализира со исказна реченица во која е присутен експлицитен индикатор на илокуторната сила, т.е. перформативен глагол во прво лице индикатив на презент. Реторичките прашања се типичен пример за тоа дека видот на реченица не кореспондира секогаш со типот на говорен чин кој најчесто се поврзува со одреден тип на видови на реченици. Постои врска и меѓу типот на говорен чин и глаголскиот начин, но постојат говорни чинови во кои глаголскиот начин не упатува секогаш на типот на говорен чин кој најчесто кореспондира со тој глаголски начин. Имено, иако императивот е најчесто показател на директивната природа на говорниот чин, неговото присуство во исказот не е секогаш индикатор за тоа дека говорниот чин претставува директив.[240] Од сето ова е јасно дека оној што ќе се зафати со анализа на средствата за реализација на говорните чинови треба да ги земе предвид сите семантички, граматички и контекстуални аспекти на исказот.

Секој јазик располага со повеќе од едно средство за реализација на исти говорни чинови. Епистоларниот дискурс како тип на дискурс е особено погоден за анализа на овие средства, пред сѐ, поради ориентацијата, главно, кон еден адресат и поради итеративноста на исти говорни чинови во писма до исти и(ли) до различни адресати. Дискурсот на писмото има ритуален карактер во смисла на тоа што говорните чинови во него се подредени според определен редослед, кој се конвенционализирал во рамки на определена епистоларната

[240] Типичен пример за тоа е императивот *vale*, кој од аспект на илокуторната сила е експресив, или императивите *scito, crede* или *persuade,* кои не упатуваат на директивната природа на исказот во кој се среќаваат, туку на неговата асертивна природа.

пракса. Секој од овие говорни чинови има конкретна функција во рамки на схематската структура на дискурсот: поздравување, докажување, барање, збогување итн.

## Теорија на учтивост на Браун и Левинсон

Појдовна теза во теоријата на учтивост на Браун и Левинсон (Brown & Levinson, 1987) е тезата дека секој човек поседува *лице* / *образ* (face). Концептот за лицето е изведен од Гофмановиот термин *face-work* (Goffman, 1967) и од англискиот народен термин *face*, кој се употребува во контекст на посрамување и понижување, на пример *losing face*. Лицето/образот, според Браун и Левинсон, е нешто во што „емоционално се инвестира, а што може да се изгуби, одржи или засили“ (Brown & Levinson, 1987: 61). Лицето се состои од два аспекта или од две компоненти: позитивно и негативно лице. Позитивното лице (*positive face*) е одраз на желбата на секој возрасен и компетентен припадник на определена заедница да биде прифатен и почитуван од другите припадници на таа заедница. Негативното лице (*negative face*), пак, е одраз на желбата на секој поединец да дејствува без да биде попречуван од другите.

Сите говорни чинови, според Браун и Левинсон, претставуваат „чинови кои го загрозуваат лицето“ (*face-threatening acts, FTA*). Браун и Левинсон прават две дистинкции на овие чинови. Според првата, постојат: (1) чинови што го загрозуваат негативното лице на адресатот/слушателот, и (2) чинови што го загрозуваат позитивното лице на адресатот/слушателот. Во групата на чинови што го загрозуваат негативното лице на адресатот влегуваат наредбите и барањата, сугестиите и советите, потсетувањата, заканите, предупредувањата, понудите, комплиментите, изразите на завист и на восхит и изразите на силни позитивни или негативни емоции. Во групата, пак, на чинови што го загрозуваат позитивното лице на адресатот влегуваат неодобрувањата, критиките, исмејувањата, несогласувањата, изразите на агресивни емоции, споменувањето на табу теми *etc.*

(*ibid*. 65-67). Според втората дистинкција, чиновите што го загрозуваат лицето можат да бидат: (1) чинови што го загрозуваат, пред сѐ, лицето на слушателот/адресатот, и (2) чинови што го загрозуваат, пред сѐ, лицето на говорителот. Во првата група влегуваат сите чинови што го загрозуваат негативното и позитивното лице на адресатот, односно сите гореспоменати чинови: наредби, барања, сугестии, совети, неодобрувања, критики *etc*. Чиновите од втората група, т.е. чиновите кои го загрозуваат, пред сѐ, лицето на говорителот, можат да бидат чинови што го загрозуваат негативното лице на говорителот и чинови што го загрозуваат позитивното лице на говорителот. Негативното лице на говорителот го загрозуваат изразите на благодарност, изразите со кои говорителот прифаќа благодарност или извинување од адресатот, прифаќањето понуди и давањето неискрени ветувања и понуди. Позитивното лице, пак, на говорителот го загрозуваат извинувањата, прифаќањето комплименти, неконтролираните физички движења, потценувањето на самиот себе, плашливоста, признанијата на вина и одговорност.

Со оглед на тоа што лицето е ранливо, сите разумни говорители на еден јазик настојуваат или да ги избегнат чиновите што го загрозуваат лицето или применуваат јазични стратегии со кои се обидуваат потенцијалната закана по лицето да ја минимизираат. Кога говорителот ќе реши да изврши чин што го загрозува лицето, според Браун и Левинсон, ги зема предвид следните три потреби: (1) потребата да ја пренесе содржината на заканата по лицето, (2) потребата да биде брз и ефикасен, и (3) потребата барем до извесен степен да го зачува лицето/образот на соговорникот. Доколку втората потреба не е поголема од третата, односно доколку говорителот оцени дека за него е поважно да го зачува лицето на соговорникот отколку да биде брз и ефикасен, тој се обидува да ја сведе заканата по лицето на минимум со примена на различни јазични стратегии (*ibid*. 68).

Стратегиите за реализација на чиновите што го загрозуваат лицето, според Браун и Левинсон, можат да бидат директни (*on record*) и индиректни (*of record*). При директната реализација намерата на говорителот е експлицитна и не постои можност соговорникот да не ја препознае. Ако говорителот ја избере оваа стратегија, може да го стори тоа *без ублажувачко дејство / без ублажување* (*without redressive action, baldly*) или *со ублажувачко дејство / со ублажување* (*with redressive action*). Реализацијата на чинот директно и без ублажување претставува негово извршување на најдиректен и најјасен можен начин, концизно и недвосмислено. Оваа стратегија обично се избира во услови на итност, при помала општествена дистанца меѓу соговорниците или при реализација на чинови што претставуваат незначителна закана по лицето на соговорникот. Со реализацијата на говорниот чин директно и со ублажување, говорителот му покажува на адресатот дека е свесен за потребите на неговото лице и дека тој самиот сака тие потреби да бидат задоволени. Ублажувачките дејства што ги применува можат да бидат ориентирани кон позитивното или кон негативното лице на соговорникот. Кога се ориентирани кон неговото позитивно лице, т.е. кон позитивната слика што соговорникот сака да ја има за себе, тогаш претставуваат пример за *позитивна учтивост* (*positive politeness*). Со стратегиите на позитивната учтивост говорителот ја задоволува потребата на соговорникот „да биде признаен, разбран, да го одобруваат, сакаат и да му се воодушевуваат" (*ibid.* 62). Кога ублажувачките дејства се насочени, пак, кон делумно задоволување на негативното лице на адресатот, претставуваат пример за *негативна учтивост* (*negative politeness*). Според Браун и Левинсон, со стратегиите на негативната учтивост, на која обично се мисли кога се зборува за учтивост во рамки на западната култура, говорителот настојува да покаже дека ги признава и дека го почитува потребите на негативното лице на адресатот и дека нема да ја попречува неговата слобода на дејствување или дека ќе ја попречи минимално (*ibid.* 70). При индиректната (*off record*) реализација

на чиновите што го загрозуваат лицето намерата на говорителот не е лесно препознатлива. Јазични стратегии за овој вид на реализација на FTA се метафората, иронијата, реторичките прашања, недореченоста, тавтологиите и сите алузии на тоа што говорителот сака да го пренесе. Значењето на овие стратегии на индиректна учтивост е подложно на понатамошно преговарање. Во негативната учтивост, според Браун и Левинсон, постои природна тензија меѓу желбата чинот што го загрозува лицето да се изврши директно (*on record*) и желбата чинот да се изврши индиректно за да се избегне наметнување. Компромисот се постигнува со т. н. *конвенционализирана индиректност* (*conventionalized indirectness*). Терминот упатува на случаите во кои индиректните механизми за реализација на чиновите што го загрозуваат лицето во целост се конвенционализираат и, со тоа, престануваат да бидат индиректни.

Изборот на јазични стратегии за реализација на чиновите што се парадигма за негативна учтивост, според Браун и Левинстон, зависи од сериозноста или од т.н. „тежина" (weightiness) на конкретниот чин (*ibid*. 76, *passim*). Говорителот неа ја проценува врз основа на три параметри: општествената дистанца меѓу соговорниците (*social distance*), моќта (*power*) што слушателот ја има врз говорителот и прашањето каква тежина му се дава на наметнувањето во определена култура (*rating of imposition*). Генерално, заканата за лицето е поголема во услови кога меѓу соговорниците постои поголема општествена дистанца, кога едниот од нив има поголема моќ од другиот или кога постои поголемо наметнување.

Со оглед на тоа што уводната и завршната поздравна формула, кои го маркираат почетокот и крајот на писмото, во теоријата на говорни чинови припаѓаат во групата на експресиви, анализата на лингвистичките реализации на говорните чинови во Кикероновиот епистоларен дискурс ќе ја започнеме со анализа на средствата за реализација на оваа категорија на говорни чинови.

## Експресиви

Во теоријата на говорни чинови на Серл експресивите се дефинирани како говорни чинови чија илокуторна цел е да ја изразат психолошката состојба на говорителот за состојбата на настани назначена во пропозицискaта содржина на говорниот чин (Searle, 1976: 12). Тие не претставуваат опис на состојби на настани од реалниот свет, туку манифестација на емотивниот однос на говорното лице кон определени аспекти од тој свет. Во таа смисла, со нивното изведување говорното лице не презема одговорност за вистинитоста на пропозицискaта содржина на говорниот чин, туку ги изразува своите чувства кон таа содржина: радост, тага, одобрување, негодување, благодарност *etc*. Во типологијата на Риселада експресивите, од аспект на содржината, се дефинирани како говорни чинови за чувства, а од аспект на ориентацијата, како говорни чинови ориентирани кон говорителот (Risselada, 1993: 40-1). Експлицитни индикатори на илокуторната сила на овие говорни чинови се перформативните глаголи: *се извинувам, се заблагодарувам, сочувствувам, честитам, приговарам, се жалам, се противам, осудувам, се гордеам, пофалувам, посакувам добредојде* и *поздравувам (*Searle & Vanderveken, 1985: 22). Сообразно со тоа, во анализата на средствата за реализација на овие говорни чинови би требало да бидат земени предвид извинувањата, заблагодарувањата, честитките, противењата, осудите, изразите на гордост, пофалбите и поздравите. Во Кикероновите писма ќе ги истражуваме јазичните реализации на поздравите, честитките, заблагодарувањата и извинувањата. Изборот токму на овие типови на експресиви се должи на фактот што тие се најфреквентни во писмата, па оттаму се и најмногу податни за анализа.

## *Поздрави*

Поздравите во писмата се содржани, главно, во уводната и во завршната поздравна формула на писмото. Во епистоларниот дискурс имаат функција на маркери на почетокот и на крајот на писмото. Поздравот на почетокот на писмото, кој, како што веќе истакнавме при анализата на схематската структура, во многу писма не е автентичен, се смета за задолжителен дел од писмата. Неговиот трипартитен формат и употребата на трето наместо на прво лице, како во современата епистолографија, се увезени од хеленската епистолографија, односно поздравот *aliquis alicui salutem dicit* е адаптација на хеленскиот уводен поздрав *ὁ δεῖνα τῶι δεῖνι χαίρειν.* Најконвенционалниот завршен поздрав, императивот *vale* / *valete,* е исто така адаптација на хеленскиот завршен поздрав, императивот *ἔρρωσο* / *ἔρρωσθε.*

Поздравите се говорни чинови со ритуализиран карактер. Со нивното изведување говорителот не изразува автентично чувство, туку ги употребува во точно определени говорни ситуации со цел да го задоволи општественото очекување дека во тој тип на говорни ситуации е соодветно да се изрази чувството содржано во пропозициската содржина на говорниот чин. Експресиви што во оралната конверзација имаат ваков ритуализиран карактер, освен поздравите, се и заблагодарувањата и извинувањата. Со уводните поздрави при средба лице во лице говорителот „ја прекинува тишината“, укажува на сопственото присуство и воедно ја задоволува општествената норма според која при средба лице во лице е прикладно да се покаже пријателска благонаклоност. Со завршните поздрави, пак, говорителот го маркира крајот на конверзацијата и го задоволува општественото очекување дека во ваков тип на говорна ситуација е прикладно да му се посака на адресатот некое добро (добро здравје, пријатен ден, среќен пат и сл.). Од перспектива на теоријата на учтивост, уводните поздрави се чинови што го загрозуваат негативното лице на адресатот, во смисла на тоа што со нив говорителот покажува дека има намера да навлезе во личниот простор на адресатот.

Соодветниот избор на зборови, интонацијата, висината на глас и говорот на телото ја ублажуваат силата на чинот на навлегување во туѓиот простор. Завршните поздрави, пак, се чинови што го загрозуваат позитивното лице на адресатот во смисла на тоа што крајот на конверзацијата претставува еден вид одбивање, отфрлање на другиот. Со посакувањето на некое добро говорителот настојува да го ублажи „разочарувањето“ на адресатот предизвикано од одбивањето.

И покрај тоа што поздравите во писмата имаат ритуализиран карактер, во лингвистичката реализација на поздравите во писмата до различни адресати се евидентни низа варијации. Овие варијации се несомнено детерминирани од принципот на социјалност, односно од карактерот на релацијата меѓу учесниците на епистоларната интеракција во екстра-текстуалната реалност. На овие варијации ќе укажеме во следните две поглавја. При тоа, со оглед на тоа што уводните поздрави во многу писма не се сметаат за автентични, при анализата на овие поздрави ќе бидат земени предвид само оние чија автентичност не се смета за проблематична.

## *Уводни поздрави*

Синтаксичката структура на уводниот поздрав во писмата е релативно стабилна. Се состои од името на адресантот/адресантите во номинатив (superscriptio), името на адресатот/адресатите во датив (adscriptio) и изразот *salutem dicit / dicunt* (salutatio), кој може да следи веднаш зад името на адресантот, на крајот на уводниот поздрав или да биде во целост изоставен. Изразот *salutem dicit / dicunt,* кога не е елидиран, покрај во неговата полна форма, се јавува во следните неколку варијанти:

*s. d.* (= *salutem dicit/dicunt*),
*sal.* (= *salutem* [*sc. dicit/dicunt*]),
*salutem* (*sc. dicit/dicunt*), и
*s. p. (d.)* (= *salutem plurimam dicit/dicunt*)

Анализата на писмата што се производ на приватна лична и на приватна семејна епистоларна интеракција упатува на неконзистентност во изборот на варијантите на изразот во писма до исти адресати. Така, на пример, во писмата до Требатиј Теста и до Тирон уводниот поздрав се јавува во следните варијанти:

(113). а. *Cicero s.d.Trebatio* (e.g. *Fam*. 7. 6 = 27 SB)
б. *Cicero Trebatio s.* (*ibid*. 7. 17 = 31 SB)
в. *Cicero Trebatio* (*ibid*. 7. 9 = 30 SB)
г. *M. Cicero s.d. Trebatio* (*ibid*. 7. 16 = 32 SB, 7. 10 = 33 SB, 7. 13 = 36 SB)[241]

(114). а. *Tullius Tironi s.* (e.g. *ibid*. 16. 13 = 40 SB)
б. *Tullius s.d. Tironi suo (ibid.* 16. 12 = 146 SB)
в. *Tullius et Cicero Tironi suo s.d. et Q. frater et filius* (*ibid*. 16. 3 = 122 SB)
г. *Tullius et Cicero Tironi suo s.p.d.* (*ibid*. 16. 9 = 127 SB)[242]

Во писмата што се производ на приватна дистанцирана и на службена епистоларна интеракција Кикерон е само за нијанса подоследен во изборот на варијантите на изразот. Елипсата на изразот *salutem dicit* / *dicunt*, како во примерот бр. 113 в., и на неговите варијанти не е вообичаена во писмата што се производ на овој тип на епистоларни интеракции. Во однос на позицијата на изразот и во однос на изборот на некоја од неговите варијанти е евидентна истата неконзистентност. Така, во писмата до Апиј Пулкхер уводниот поздрав се јавува во следните облици:

(115) а. *Cicero s.d. Appio Pulchro* (e.g. *ibid*. 3. 3 = 66 SB)
б. *Cicero Appio Pulchro s.* (e.g. *ibid*. 3. 9 = 72 SB)
в. *Cicero Appio imp. s.d.* (*ibid*. 3. 1 = 64 SB)
г. *M. Cicero pro cos. s.d. Appio Pulchro imp.* (*ibid*. 3. 2 = SB 65)
д. *Cicero Appio Pulchro, ut spero, censori s.d.* (*ibid*. 3. 11 = 74 SB)[243]

---

[241] а, б и в: „Кикерон го поздравува Требатиј."
г. „М. Кикерон го поздравува Требатиј."

[242] а. „Тулиј го поздравува Тирон."
б. „Тулиј го поздравува својот Тирон."
в. „Тулиј, Кикерон [помладиот] и таткото и синот Квинт го поздравуваат својот Тирон."
г. „Тулиј и Кикерон [помладиот] срдечно го поздравуваат својот Тирон."

[243] а., б. „Кикерон го поздравува Апиј Пулкхер."
в. „Кикерон го поздравува заповедникот Апиј."

Елипсата на *salutem dicit* или на некоја од неговите варијанти не е вообичаена и во уводните поздрави на писмата што се производ на приватна дистанцирана и на службена епистоларна интеракција, а се упатени до други адресати. Позицијата, пак, на овој израз варира во уводниот поздрав и во писмата што се производ на овој тип епистоларни интеракции.

Прегледот на јазичните реализации на уводните поздрави во писмата до различни адресати упатува на повеќе варијации во начинот на наведување на имињата на адресантот и адресатот во *superscriptio* и во *adscriptio* отколку во изборот на некоја од варијантите на *salutatio*. Овие варијации, за разлика од оние за кои говоревме погоре, се детерминирани, пред сè, од принципот на социјалност. Имено, во зависност од типот на релација меѓу него и неговите адресати во екстра-текстуалната реалност, Кикерон избира дали во уводниот поздрав на актуелната епистоларна интеракција ќе ги наведе само личното име, родовото име или прекарот на учесниците во интеракција, дали покрај некое од имињата ќе ја наведе сопствената или титулата на адресатот или дали во уводниот поздрав ќе бидат инкорпорирани сите овие елементи или само некој од нив. Така, во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција во *superscriptio* обично го наведува само сопствениот прекар (*cognomen*) во номинатив, а во *adscriptio* прекарот на адресатот или неговото родово име (*nomen gentile*) во датив:

(116) а. *Cicero Paeto (s./s. d)* [244] (*ibid*. 9. 21 = 188 SB, 9. 22 = 189 SB, 9. 16 = 190 SB *etc*.)[245]

---

г. „Проконсулот М. Кикерон го поздравува заповедникот Апиј Пулкхер.“

д. „Кикерон го поздравува, се надевам, кенсорот Апиј Пулкхер.“

[244] Во некои од уводните поздрави на писмата наведени во заградите содржана е кратенката *S.D.* или некој од нејзините облици, а во некои не е. Со оглед на тоа што тука го разгледуваме начинот на кој Кикерон ги наведува имињата на учесниците во епистоларната интеракција, уводните поздрави во сите овде цитирани писма, без оглед на тоа дали во нив има елипса на *salutem dicit* или не и без оглед на тоа во кој од погоре споменатите облици се јавува овој израз, се парадигма за уводни поздрави во кои во *superscriptio* стои името на адресантот во номинатив, а во *adscriptio* – прекарот на адресатот или неговото родово име во датив.

[245] „Кикерон го поздравува Пает.“

б. *Cicero Dolabellae (s.)* (*ibid*. 9. 11. = 250 SB, 9. 12 = 263 SB, 9. 13 = 311 SB)[246]
в. *Cicero (s.d.) Trebatio* (*ibid*. 7. 6 = 27 SB, 7. 7 = 28 SB, 7. 8 = 29 SB *etc*.)[247]

Во некои писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција, како, на пример, во сите писма до Мариј, Сервиј Сулпикиј Руф, Фадиј, Лукиј Валериј и Волумниј, и во некои од писмата до Скрибониј Куриј, Фабиј Гал и Требатиј Теста,[248] пред прекарот *Cicero* во *superscriptio* стои *M*., т.е. абревијацијата од личното име (*praenomen*) на Кикерон *Marcus* (пример бр. 115 год.). Генерално, праксата на Кикерон да ја инкорпорира кратенката од неговото лично име во уводниот поздрав, несомнено, најмногу се должи, на пониските степен на блискост меѓу адресатите, но делумно и на влијанието на низа други фактори од екстра-текстуалната реалност. Самиот Кикерон сведочи дека уводните поздрави на писмата што биле производ на приватна лична епистоларна интеракција обично не го содржеле личното име на адресантот. Така, во едно писмо до Волумниј (*Fam*. 7. 32 = 113 SB) Кикерон му пишува на Волумниј дека кога добил од него писмо во кое не било наведено неговото лично име (*sine praenomine*), како што и прилега на допишувањето меѓу пријатели, се замислил дали можеби писмото е од некој друг Волумниј, со којшто исто така се допишувал:

(117) *Quod sine praenomine familiariter, ut debebas, ad me epistulam misisti, primum addubitavi num a Volumnio senatore esset, quocum mihi est magnus usus;* (*Fam*. 7. 3. 2 = 113 SB)[249]

Тоа што кратенката од личното име понекогаш се јавува, а понекогаш не се јавува во уводните поздрави на писмата до исти

[246] „Кикерон го поздравува Долабела."
[247] „Кикерон го поздравува Требатиј."
[248] Покрај примерот бр. 66, види ги уште уводните формули во, на пример, *Fam*. 1. 1C = 21 SB, 2. 1 = 45 SB, 2. 6 = 50 SB, 4. 1 = 150 SB, 4. 2 = 151 SB , 5. 18 = 51 SB, 7. 27 = 148 SB , 7. 1 = 24 SB, 7. 2 = 52 SB, 7. 32 = 113 SB.
[249] „Поради тоа што ми испрати пријателско писмо без [твоето] лично име, како што и прилега, прво се подзамислив дали писмото е од сенаторот Волумниј, со кого [исто така] често се допишувам."

адресати (види, на пример, примери бр. 113 и 115), говори дека врз Кикероновиот избор на начинот на кој ќе го наведе сопственото име не влијаел само степенот на блискост меѓу него и адресатот, туку и некои други вон-јазични фактори: варијациите во релацијата меѓу него и адресатот во екстра-текстуалната реалност, можноста некои од неговите кореспонденти во исто време да биле и кореспонденти на неговиот брат Квинт, динамиката на допишување или тоа дали писмото претставувало одговор на писмо од актуелниот адресат или Кикерон бил тој што ја иницирал епистоларната интеракција. Во писмата што се дел од преписки со понагласена динамика можно е кратенката од личното име да се јавувала само во првото или во првите неколку од една серија на писма, а во останатите не. Во писма што претставувале одговор на писма на актуелниот адресат присуството на кратенката е помалку очекувано, додека во писма што имаат функција на иницијативен чекор во епистоларната конверзација, особено во писма до адресати со кои се допишувал и Квинт, нејзиното присуство е повеќе очекувано. Во секој случај, со оглед на тоа што кратенката *M.* не се јавува во сите писма до ист адресат, јасно е дека нејзиното присуство не е детерминирано само од степенот на блискост меѓу кореспондентите, туку и од некој друг од споменатите екстра-лингвистички фактори.

Во писмата што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција, какви што се писмата до Теренција и семејството и писмата до Тирон, во *superscriptio* никогаш не стои прекарот, туку родовото име на Кикерон - *Tullius*. Исклучок се писмата до Квинт, во кои во уводниот поздрав повторно не стои прекарот *Cicero*, туку личното име *Marcus*. Начинот на кој се наведени имињата на адресатите во овие писма варира. Во писмата до семејството се наведени единствените имиња на сопругата и на ќерката, *Terentia* и *Tullia*, и прекарот на синот – *Cicero*, во писмата до Тирон стои прекарот на адресатот - *Tiro*, а во писмата до Квинт, личното име на адресатот – *Quintus*:

(118) а. *Tullius s.d. Terentiae et Tulliae et Ciceroni suis* (*ibid.* 14. 4 = 6 SB)
б. *Tullius Tironi s.* (*ibid.* 16. 13 = 40 SB, 16. 14 = 41 SB, 16. 15 = 42 SB *etc.*)
в. *Marcus Quinto fratri salutem* (*Q. fr.* 1. 1 = 1 SB, I. 2 = 2 SB *etc.*)[250]

Употребата на личните имиња во уводните поздрави на писмата до Квинт се должи, веројатно, на тоа што, како што забележува Вајт, двајцата учесници во епистоларната конверзација имале исто родово име и ист прекар (White, 2010: 68). За уводните поздрави на сите писма до Квинт, како што се гледа од примерот бр. 118 в., е типично и тоа што во нив е застапена и ознаката *fratri*, која упатува на релацијата меѓу учесниците во епистоларната конверзација.

Уводниот поздрав на писмата што се, главно, производ на приватна фамилијарна епистоларна интеракција понекогаш содржи и други елементи. Така, покрај дативот од *suus, -a, um,* кој е вообичаен во уводните поздрави на писмата до Терентија, до семејството и до Тирон,[251] во едно писмо до Тирон во уводниот поздрав се јавуваат и суперлативите *humanissimo et optimo*:

(119) *Tullius et Cicero et Q.Q Tironi humanissimo et optimo s.p.d.* (*Fam.* 16. 5 = 124 SB)[252]

Во писмата што условно ги третираме како писма што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција и во некои писма кои се производ на службена епистоларна интеракција името на адресантот во уводниот поздрав е честопати наведено на ист начин како и во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција. Сепак,

---

[250] а. „Тулиј ги поздравува своите Терентија, Тулија и Кикерон.“
б. „Тулиј го поздравува Тирон.“
в. „Марк го поздравува братот Квинт.“

[251] Види ги уводните формули во *Fam.* 14. 2 = 7 SB, 14. 3 = 9 SB, 14. 1 = 8 SB, 16. 10 = 43 SB, 14. 5 = 119 SB, 16. 1 = 120 SB, 16. 2 = 121 SB, 16. 3 = 122 SB, 16. 7 = 126 SB, 16. 9 = 127 SB, 14. 18 = 144 SB, 16. 12 = 146 SB, 14. 7 = 155 SB, 14. 12 = 159 SB, 14. 9 = 161 SB, 14. 16 = 163 SB, 14. 24 = 170 SB, 14. 20 = 173 = SB.

[252] „Тулиј, Кикерон [помладиот] и таткото и синот Квинт срдечно го поздравуваат најмилиот и најдобриот Тирон.“

во нив е повообичаено присуството на кратенката од личното име на адресантот. Генерално, во писма што се производ на епистоларни интеракции со понизок степен на блискост меѓу учесниците во интеракцијата, какви што се приватна дистанцирана и службената епистоларна интеракција, уводниот поздрав има поразвиен облик. Во *superscriptio* и во *adscriptio* на ваквите писма вообичаено е присуството на кратенки од личните имиња на учесниците во епистоларната интеракција и на нивните прекари, а во голем број од нив се јавува и родовото име на адресантот и(ли) на адресатот, титулата, абревијација што упатува на името на таткото (e.g. *M. F. = Marci filius*) и(ли) ознака за типот на релација меѓу кореспондентите (e.g. *collegae)*:

(120) а. *M. Cicero s.d. Q. Anchario Q.f. pro cos.* (*Fam*. 13. 40 = 59 SB).
б. *M. Cicero imp. s.d. M. Caelio aedili curuli designato* (*ibid*. 2. 10 = SB 86),
в. *M. Cicero pro. cos. s.d. C. Marcello collegae* (*ibid*. 15. 8 = 100 SB)[253]

Во писмата што се производ на службена епистоларна интеракција, а имаат поформален карактер, во уводната формула покрај кратенката од личното име и прекарот на адресантот секогаш стојат и неговото родово име - *Tullius*, абревијацијата *M.F.* (= Marci filius) и титулата *pro cos*. (*pro consul*) или *imp*. (*imperator*). Слично се наведени и имињата на адресатите:

(121) а. *M. Tullius M.f. Cicero Q. Metello Q.f. Celeri pro cos. s.d.* (*ibid*. 5. 2 = 2 SB)
б. *M. Tullius M.f. Cicero s.d. Cn. Pompeio Cn.f. magno imperatori* (*ibid*. 5. 7 = 3 SB)[254]

---

[253] а. „М. Кикерон го поздравува проконсулот Квинт Анхариј, синот на Квинт.“
б..“Заповедникот М. Кикерон го поздравува новоизбраниот курулски аедил М. Каелиј.“
в. Проконсулот М. Кикерон го поздравува колегата Г. Маркел.“

[254] а. „М. Тулиј Кикерон, синот на Марк, го поздравува проконсулот Квинт Метел Келер, синот на Квинт.“
б. „М. Тулиј Кикерон, синот на Марк, го поздравува заповедникот Гн. Помпеј Магнус, синот на Гнај.“

Уводните поздрави на писмата до Сенатот и до магистратите, кои се пример за писма што се производ на службена епистоларна интеракција од најформален карактер, содржат кратенка од личното име на Кикерон, неговото родово име, абревијацијата *M. F.*, прекарот и неговата актуелна титула*:*

(122) *M. Tullius M.f. Cicero pro cos. s.d. cos. pr. tr. pl. senatui* (*Fam*. 15. 1 = 104 SB)[255]

Во само едно писмо од целиот корпус уводниот поздрав не го содржи името на адресантот (*Fam*. 14. 6 = 158 SB). Имињата на адресатите во ова писмо, упатено до Теренција и до семејството, исто така не се наведени, туку во *adscriptio* стои дативот множина *suis* „до своите". Одлуката на Кикерон да го изостави родовото име, кое, како што видовме, е вообичаено во уводните поздрави на писмата до Теренција, претставува мерка на претпазливост (SB, *F. I*: 500, Nicholson, 1994: 49). Имено, писмото е напишано во јули 48 год. пр. н. е. од логорот на Помпеј во Дирахион и е испратено заедно со едно писмо до Атик (*Att*. 11. 4 = 215 SB), во кое Кикерон изразува незадоволство од тоа што се случува во Рим и од начинот на кој се дејствува.[256] Стравот од можноста двете писма да се најдат во рацете на Помпеј несомнено влијаел врз форматот на уводниот поздрав во ова писмо. Неизвесно е дали и споменатото писмо до Атик содржело сличен уводен поздрав, бидејќи уводните поздрави во писмата до Атик не се автентични.

Во уводниот поздрав на едно писмо (пример бр. 115д.) е вметнат парентетичкиот израз *ut spero* „како што се надевам". Присуството на парентеза од овој тип не е вообичаено во уводните поздрави на останатите писма. Парентетичкиот израз

---

[255] „Проконзулот М. Тулиј Кикерон, синот на Марк, ги поздравува конзулите, преторите, народните трибуни и Сенатот."

[256] meas litteras quod requiris, impedior inopia rerum, quas nullas habeo litteris dignas, quippe cui nec quae accidunt nec quae aguntur ullo modo probentur. utinam coram tecum olim potius quam per epistulas! (*Att*. 11. 4 = 215 SB) (*„Во врска со тоа што бараш да ти пишувам, [ќе ти кажам дека] немам за што; ништо не е достојно за писмо, зашто воопшто не го одобрувам ниту тоа што [овде] се случува, ниту тоа што се прави. Камо да можев да разговарам со тебе очи в очи, наместо вака преку писма!* )

овде е вметнат поради претпоставката на Кикерон дека неговиот адресат Апиј Пулкхер во мигот кога писмото ќе биде доставено веќе ќе биде избран за кенсор. Без оглед на тоа што уводната формула на само едно писмо содржи ваков парентетички израз, од ова писмо е извесно дека во писмата што се производ на службена епистоларна интеракција титулата на адресатот била задолжителен дел од уводниот поздрав.

Кога субјектите меѓу кои се воспоставува епистоларната интеракција се повеќе од двајца во уводниот поздрав се наведени имињата на сите учесници во интеракцијата. Во писмата што имаат повеќе од еден адресант, имињата на адресатите во *superscriptio* најчесто следат веднаш зад името на реалниот адресант, како во примерите бр. 114г. и бр. 119, но некогаш се наведени и како во примерот бр. 114в. Во писмата што имаат повеќе од еден адресат имињата на адресатите се секогаш наведени како во примерот бр. 118а.

### *Завршни поздрави*

Типични завршни поздрави во писмата се императивот *vale* и неговата перифраза *cura ut valeas.* Во писмата што имаат повеќе од еден адресат, какви што се писмата до Терентија и до семејството, се јавуваат варијантите на истите завршни поздрави *valete* и *curate ut valeatis*. Како што веќе споменавме при анализата на схематската структура на писмата, завршниот поздрав не е задолжителен дел од писмата. Се јавува само во 43 од писмата до Атик, во 7 од писмата до Квинт, во 107 писма од збирката *Ad familiares* и во нуту едно од писмата до Брут. При тоа, во некои писма се среќаваат и двата завршни поздрави истовремено, а во некои поздравот *vale* се јавува два пати.

Метадирективите *fac valeas / fac ut valeas, da operam ut valeas / date operam ut valeatis* и *effice ut valeas* би можеле исто така да се третираат како изрази што имаат функција на завршен поздрав, но тие не се конвенционални изрази на поздравување, туку се повеќе јазични реализации на една од темите типични за епилогот на писмото – посакување благосостојба и добро

здравје. Фактот што овие изрази во некои писма се јавуваат паралелно со еден од двата типични завршни поздрави, упатува на тоа дека нивната функција не е идентична на функцијата на *vale* и на *cura ut valeas*:

(123) *da operam ut valeas.*
*Vale*. (*Fam*. 12. 1 = 327 SB)[257]

(124) *Sed da operam ut valeas et, si valebis, cum recte navigari poterit, tum naviges. Cicero meus in Formiano erat, Terentia et Tullia Romae.*
*Cura ut valeas.*
*IIII Kal. Febr. Capua* (*Fam*. 16. 12 = 146 SB)[258]

Завршниот поздрав *vale* и неговата варијанта *valete* се јавуваат во вкупно 108 писма. Буквалното значење на овој императив на презентот од *valeo, -ui, iturus 2* („здрав сум", „јак сум", „крепок сум", „силен сум", „имам сила", „имам моќ", „имам влијание", „имам значење", „вредам", „можам", „добар сум")[259] - „биди здрав" се чини дека избледело и дека императивот стекнал статус на лексичка единица која има функција на завршен поздрав: „збогум", „со здравје", „поздрав". Овој завршен поздрав е типична парадигма за употребата на императивот во говорен чин што не е директив, туку експресив. Во римската книжевност постојат многу сведоштва за процесот на лексикализација на *vale,* но можеби најилустративна е една употреба на императивот како директен објект на *dixit* и со атрибут во *Преобразби* на Овидиј (Ov. *Met*. 6.509).[260] Риселада (Risselada, 1994: 118) упатува на неколку употреби на *vale* во комедиите на Плаут од кои е извесно дека императивот не е употребен со намера да се посака добро здравје или благосостојба, туку дека има функција на завршен поздрав. Најиндикативни во однос на оваа функција се две употреби, од кои во едната *vale* се јавува на

[257] „Гледај да бидеш добро. Со здравје."

[258] „Гледај да оздравиш и, ако оздравиш, кога ќе може да се плови, тогаш ќе запловиш. Мојот Кикерон е на имотот во Формија, а Терентија и Тулија се во Рим. Остани со здравје. 27 јануари, Капуа."

[259] Види Софрониевски, 2001: 752.

[260] *supremumque vale pleno singultibus ore / vix dixit*... „...последно збогум со плачење одвај/ними им кажа..." (Овидиј Насон, 2002: 171)

крајот од конверзација меѓу две лица што си разменуваат навреди (Pl. *Bac*. 605), а во другата е дел од синтагмата *male vive* „имај лош живот" (Pl. *Trin*. 996). Од овие употреби јасно е дека процесот на лексикализација се случил рано, т.е. дека *vale* веќе во времето на Плаут имал функција на завршен поздрав.

Завршниот поздрав *vale* се јавува најчесто во писма што се производ на приватна епистоларна интеракција. Во 9% од овие писма овој завршен поздрав се јавува во постпозиција на *cura ut valeas*, а во останатите стои самостојно. Покрај во писма до Атик, Квинт, Теренција и Тирон, се јавува и во писма што се исто така производ на приватна епистоларна интеракција, но степенот на блискост меѓу кореспондентите е помал, како и во писма што воопшто не се производ на овој тип на епистоларна интеракција. Покрај во писмата до споменатите адресати, *vale* се јавува и во писма до Гај Касиј Лонгин, Сервиј Сулпикиј Руф, Марк Маркел, Аул Торкват, Лепта, Деким Брут, Апиј Пулкхер, Фурфан, Гај Требониј, Мунатиј Планк, Мемиј, Валериј Орка *etc*..

Во десетина писма *vale* е дел од изразот *etiam atque etiam vale*. Овој израз секогаш се јавува во писма во кои се среќава завршниот поздрав *cura ut valeas*,[261] во писма во кои Кикерон веќе му посакал на адресатот добро здравје и благосостојба на некој друг начин[262] или во писма што се испратени заедно со писмо што било напишано непосредно пред писмото во кое се јавува изразот или следниот ден.[263] Во некои писма пред или зад *vale* се среќава императив од некој друг глагол: *vale et salve* (*ibid*. 16. 4 = 123 SB), *ama nos et vale* (*ibid*. 16. 8 = 147 SB, 16. 26 = 351 SB), *vince et vale* (*ibid*. 11. 25 = 420 SB), *vale, et in censura, si iam es censor, ut spero, de proavo multum cogitato tuo* (*ibid*. 3. 11 = 74 SB) *etc*. Единствено во

[261] Види *Fam*. 9. 24 = 362 SB и *Att*. 5. 20 = 113 SB.

[262] Парадигма за употребата на *etiam atque etiam vale* во вакви случаи се четири писма до Тирон, во кои доминантна тема на писмото е здравјето на Тирон. Види *Fam*. 16. 14 = 41 SB, 16. 5 = 124 SB , 16. 6 = 125 SB и 16. 11 = 143 SB.

[263] *Etiam atque etiam* има функција на завршен поздрав во *Att*. 5. 19 (= 112 SB), писмо што е испратено во исто време со *ibid*. 5. 18 (= 111 SB), а според Шеклтон-Бејли е напишано веројатно претходниот ден (SB *A. III:* 222) и во *Att*. 16. 2 = 412 SB, кое е последно писмо од серијата писма што се пишувани секој ден (SB *A. VI*: 288).

писмата до Квинт и до Тирон во постпозиција или во антепозиција на *vale* се среќава некоја форма на директно обраќање: *mi frater, vale* (*Q. fr*. 2. 5 = 9 SB), *mi suavissime et optime frater, vale* (*ibid*. 3. 7 = 27 SB), *mi Tiro, vale* (*Fam*. 16. 3 = 122 SB), *etiam atque etiam, Tiro noster, vale* (*ibid*. 16. 7 = 126 SB) *etc*.

Завршниот поздрав *cura ut valeas* „гледај да бидеш добро", „погрижи се да бидеш добро", се јавува во двојно помалку писма од поздравот *vale* (51 писмо). На неговата функција на завршен поздрав најмногу упатуваат неговата фреквентност, фактот што се јавува на самиот крај на писмото и фактот што во некои писма се јавува паралелно со истозначниот израз *da operam ut valeas,* како во примерот бр. 123. Во десетина писма *cura ut valeas* и *vale* се јавуваат паралелно, при што *cura ut valeas* секогаш му претходи на *vale.*[264] Ова говори дека, и покрај тоа што двата поздрави се семантички еквивалентни и имаат иста функција, тие не се сосем идентични. Со оглед на тоа што изразот *cura ut valeas* е потврден единствено во Кикероновите збирки, а *vale*, освен во писма, се среќава и во други книжевни родови, на пример во комедиите на Плаут и Терентиј и во римската лирика,[265] се наметнува впечатокот дека употребата на *cura ut valeas* како завршен поздрав била одлика единствено на епистоларниот дискурс, а императивот *vale* имал функција на завршен поздрав не само во писма, туку и во говорниот јазик. Дали оваа претпоставка е точна е невозможно да се одговори, но фактот што изразот *cura ut vales* во писмата се јавува двојно помалку пати од *vale,* а во други типови на текст не се среќава воопшто, говори дека неговата употреба како завршен поздрав,

---

[264] Види *Att*. 5. 20 = 113 SB, *Fam*. 14. 3 = 9 SB , 16. 7 = 126 SB, 14. 16 = 163 SB, 14. 8 = 164 SB, 16. 13 = 40 SB, 16. 10 = 43 SB, 16. 5 = 124 SB, 16. 7 = 126 SB, 16. 11 = 143 SB и 16. 22 = 330 SB.

[265] Императивот *vale* е вообичаен завршен поздрав и во писмата на Сенека, Плиниј и Фронтон. Функција на завршен поздрав има и во во книжевните писма во стих на Хоратиј (Hor. *Ep*. 1. 6. 67, I. 13. 19) и Овидиј (Ov. *Ep*. 9. 165, 12. 56, 20. 242 *etc*.), во комедиите на Плаут и Терентиј (види, на пример, Pl. *Am*. 499, 1037, *As*. 606, *Aul*. 175, 263, *Bac*. 605, 1035, *Capt*. 452, 744, *Cas*. 216, 548, 834, *Cist*. 113, 116, *Cur*. 203, 214, 516, 522, 553, 588, *Men*. 956, 1076 *etc*., Ter. *An*. 374, *Hau*. 167, *Eu*. 190, *Ph*. 533, 883, *Hec*. 197), во песните на Катул (Cat. 8. 12, 101. 10), Пропертиј (III. 21. 16) и Тибул (II. 4. 2), во *Сатирикон* на Петрониј (Petr. 71. 12. 7, 74. 7. 2, 129. 9. 3) *etc*.

дури и да не била својствена само за епистоларниот дискурс, била помалку вообичаена од употребата на *vale*. Поголемата фреквентност на *vale* несомнено била пресудниот фактор кој довел до негова лексикализација. Како резултат на овој процес дошло до еден вид семантичко „празнење" на императивот и до негово изедначување со македонските завршни поздрави „збогум" или „пријатно", на кои буквалното значење, исто како и на *vale*, им избледело. Перифразата *cura ut valeas*, пак, поради помалата фреквентност не се лексикализирала или барем, не се лексикализирала до тој степен. Оттаму, се чини дека посакувањето на добро здравје и на благосостојба, присутно во значењето и на обата завршни поздрави, е „поискрено" во изразот *cura ut valeas*. Во однос на функцијата, овој израз, во таа смисла, е поблизок до македонските завршни поздрави „остани ми со здравје" или „биди ми поздравен", кои, исто како и *cura ut valeas*, можат да стојат како самостојни завршни поздрави, но зад нив може да следи и поздрав од типот на „збогум". Оваа претпоставка донекаде ја потврдува и анализата на употребите на двата завршни поздрави во писмата до различни адресати. Имено, 94% од писмата во кои се јавува изразот *cura ut valeas* се писма што се производ на приватна лична и на приватна фамилијарна епистоларна интеракција.[266] Во некои од нив изразот е проследен со некој друг израз на благонаклоност, како во следните примери:

(125) *cura ut valeas et nos ames et tibi persuades te a me fraterne amari*. (*Att*. 1. 5 = 1 SB)[267]

(126) *Cura ut valeas et ita tibi persuadeas, mihi te carius nihil esse nec umquam fuisse*. (*Fam*. 14. 3 = 9 SB)[268]

(127) *Cura, mi suavissime et carissime frater, ut valeas*. (*Q. fr*. 3. 4 = 24 SB)[269]

---

[266] *Cura ut valeas* се јавува во 20 писма до Атик, 8 до Тирон, 6 до Терентија, 4 до Требатиј Теста, 3 до Квинт, 2 до Папириј Пает и во по едно писмо до Мариј, Варон, Квинт Корнификиј и Требониј. Останатите три употреби се во писма до Торониј, Марк Маркел и Каесар.

[267] „Остани ми со здравје, сакај ме и биди уверен дека и јас те сакам тебе како брат "

[268] „Остани ми со здравје и биди уверена дека јас немам ништо помило од тебе и дека никогаш не сум ни имал."

[269] „Остани ми со здравје, мој најсакан и најмил брате."

Споредбата на писмата во кои се јавува едниот или другиот завршен поздрав упатува на тоа дека во писмата во кои се среќава *vale* уводниот поздрав на писмото многу почесто ги содржи кратенките од личните имиња и(ли) титулите на кореспондентите,[270] што генерално не е одлика на писма што се производ на приватни епистоларни интеракции со висок степен на блискост меѓу кореспондентите. Некои од овие писма се писма на препорака, а некои се писма на утеха. Со оглед на тоа што во писмата на препорака Кикерон обично се повикува на пријателството со адресатот, присуството на завршниот поздрав *vale*, значи на елемент што генерално е одлика на писма што се производ на приватна епистоларна релација, е очекувано. Во писмата на утеха, пак, присуството на *vale* е, веројатно, дел од стратегијата што Кикерон ја применува за да ја исполни примарната функција на писмото - *consolari aliquem in aliqua re*. Функцијата на *vale* во овие писма се чини дека е слична на функцијата на изразите „чувај се“, „држи се“ или „не се давај“, што претставува еден вид навраќање кон буквалното значење на завршниот поздрав.

Во писмата до Тирон *vale* и *cura ut valeas* освен што имаат функција на завршни поздрави, имаат функција и на изрази со кои Кикерон му посакува на Тирон побрзо оздравување. Ова се должи на доминантната и во повеќето писма до овој адресат единствена епистоларна тема - здравјето на Тирон. Нарушеното здравје на адресатот и желбата за негово побрзо оздравување како да го навраќаат Кикерон кон буквалното значење на двата завршни поздрави „биди здрав“/„гледај да оздравиш“. На тоа дека кога Кикерон ги употребува нема намера само да го поздрави Тирон и на тој начин да го маркира крајот на епистоларната конверзација, туку дека го употребува и за да му посака оздравување, во случајот на *vale*, упатува тоа што овој

---

[270] Види, на пример, *Fam*. 13. 6a = 58 SB, 13. 1 = 63 SB, 4. 1 = 150 SB, 4. II = 151 SB, 4. 4 = 203 SB, 4. 8 = 229 SB, 6. 9 = 236 SB, 6. 3 = 243 SB, 6. 4 = 244 SB, 4. 8 = 249 SB, 13. 31 = 302 SB, 10. 26 = 424 SB, 11. 25 = 420 SB, 11. 15 = 422 SB.

поздрав, единствено во писмата до Тирон, се јавува повеќе пати во едно исто писмо, а во две писма, зад него следи *salve*, поздрав кој не е типичен за Кикероновиот епистоларен дискурс и се јавува само во овие две писма до Тирон:[271]

(128) *Vale, mi Tiro, vale, vale et salve. Lepta tibi salutem dicit et omnes. vale. VII Id. Nov. Leucade*. (*ibid*. 16. 4 = 123 SB)[272]

На тоа дека и изразот *cura ut valeas* во писмата до Тирон не е употребен само со цел да се задоволи една типична конвенција во римската епистолографија - да се поздрави адресатот на крајот од епистоларната конверзација, упатува форматот што овој израз го има во некои случаи и контекстот во кој се јавува:

(129) *Ego omnem spem tui diligenter curandi in Curio habeo. nihil potest illo fieri humanius, nihil nostri amantius. ei te totum trade. malo te paulo post valentem quam statim imbecillum videre. cura igitur nihil alius nisi ut valeas; cetera ego curabo.*
*Etiam atque etiam vale.*
*Leucade proficiscens VII Id. Nov.* (*Fam*. 16. 5 = 124 SB)[273]

(130) *cura, mi Tirone, ut valeas; hoc gratius mihi facere nihil potest.*
*Vale.* (*ibid*. 16. 22 = 185 SB)[274]

Значењето што го имаат *vale* и *cura ut valeas* во овие писма е блиско до значењето на изразите *da operam ut valeas*, *fac ut valeas* / *fac valeas*, *te oro ut valeas* и *effice ut valeas*, кои се среќаваат во некои писма. Во однос на структурата, овие изрази се слични на *cura ut valeas*, но не можат да се третираат како типични завршни

[271] Освен во примерот бр. 128, поздравот *salve* се среќава и во *Fam*. 16. 9 = 127 SB.

[272] „Со здравје, мој Тироне, со здравје и да ми оздравиш. Те поздравуваат Лепта и сите други. Со здравје. 7 ноември, Левкада."

[273] „Сета надеж за твоето побрзо оздравување јас ја полагам во Курij. Никој на светов не е почовечен од него и никој не ми е поприврзан. Предади му се нему во целост. Повеќе сакам да те видам малку подоцна здрав, отколку веднаш ама болен. Затоа, немој да се грижиш за ништо друго освен за тоа да оздравиш; за останатите работи јас ќе се погрижам. Уште еднаш, остани ми со здравје. На заминување од Левкада, 7 ноември."

[274] „Чувај се, мој Тироне. Од ова не можеш да ми направиш ниедна поголема услуга. Со здравје."

поздрави, бидејќи се јавуваат паралелно со *vale* или со *cura ut valeas*. Тоа што се јавуваат често во писмата до Тирон[275] говори дека нивната врска со темата здравје е понагласена отколку во двата типични завршни поздрави. Освен во писма до Тирон, *da operam ut valeas* и *fac valeas* се среќаваат и во писма до Теренција. При тоа, се чини дека нивната функција е идентична на функцијата на изразите *valetudinem tuam velim cures* или *valetudinem tuam cura*, кои исто така се среќаваат во писмата до Теренција. Имено, изразот *fac valeas* се јавува во едно писмо од егзил (*Fam*. 14. 1 = 8 SB), а изразот *da operam ut valeas* во едно монотематично писмо (*ibid*. 14. 19 = 160 SB), во кое епистоларната тема е нарушеното здравје на ќерката Тулија. Со оглед на тоа што принудниот егзил на сопругот и болеста на ќерката сигурно биле настани поради кои Теренција не се чувствувала добро, и двата изрази не се употребени со цел да го означат крајот на епистоларната конверзација, туку нивната функција е слична на функцијата на *vale* во писмата на утеха. Освен во писмата до Тирон и Теренција, вакви перифрастични изрази се среќаваат и во две писма до Квинт и до Корнификиј, од кои едното е писмо на препорака, и во едно писмо до Опиј и Касиј. Функцијата на овие изрази и во писмата до овие адресати е идентична на нивната функција во писмата до Тирон и до Теренција.

Писмата што се типична парадигма за писма кои се производ на приватна дистанцирана и на службена епистоларна интеракција, какви што се, на пример, писмата до Ликиниј Крас, Матиј, Мескиниј Руф, Метел Келер, Салустиј, Катон Утички или писмата до Сенатот и магистратите, не содржат завршни поздрави. Исклучок од ова генерално правило се само триесеттина писма, меѓу кои и споменатите писма на препорака и на утеха. Веројатно најдобро сведоштво за тоа дека завршниот поздрав не бил вообичаен дел од писмата што се производ на овие два типа на епистоларни релации се писмата до Гај Касиј, кои можат да се поделат во две групи: писма од периодот меѓу 51-ва и 45-та год. пр. н. е. и писма од периодот меѓу мај 44-та до

[275] Види *Fam*. 16. 10 = 43 SB, 16. 2 = 121 SB, 16. 12 = 146 SB и 16. 8 = 147 SB.

средината на 43-та год. пр. н. е.. За сите писма од првата група е карактеристично тоа што во нив не се среќава *vale,* а уводниот поздрав ги содржи кратенките од личните имиња и, во едно писмо, титулите на кореспондентите (e.g. *M. Cicero imp. s.d. C. Cassio pro q.*).[276] Во сите 10 писма, пак, од втората група се среќава завршниот поздрав *vale*, а уводниот поздрав има идентичен формат како во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција (e.g. *Cicero Cassio s.*).[277] Отсуството на *vale* од писмата од првата група е типично за писма што се производ на дистанцирана епистоларна релација, какви што, очигледно, се и овие писма, не само поради отсуството на завршен поздрав и поради форматот на уводниот поздрав, туку и поради структурата и стилот со кој се напишани. Присуството, пак, на *vale* во писмата од втората група е несомнено резултат на продлабочувањето на релацијата меѓу Кикерон и Касиј во периодот во кој се датираат писмата.

## *Честитки*

Во Остиновата класификација на перформативите, изразите што го содржат глаголот „честитам" (*congratulate*) употребен во прво лице еднина индикатив на презент спаѓаат во категоријата на бихабитиви: говорни чинови врзани за аспекти на социјално поведение (Austin, 1962: 159). Во класификацијата на илокуторните чинови на Серл овој тип на говорни чинови припаѓа во групата на експресиви – говорни чинови чија илокуторна цел е да изразат психолошка состојба (Searle, 1976: 12). За реализација на чинот на честитање, според Серл, е потребно да се исполнат следните услови: (а) постоење на настан или чин *x* што е поврзан со слушателот/соговорникот (*пропозициска содржина*); (б) настанот *x* да биде од интерес на соговорникот и говорителот да верува дека *x* е во интерес на

[276] Види ги уводните поздрави во *Fam.* 15. 14 = 106 SB, 15. 15 = 174, 15. 18 = 213 SB, 15. 17 = 214 SB и 15. 16 = 215 SB.

[277] Види *Fam.* 12. 1 = 327 SB, 12. 2 = 344 SB, 12. 3 = 345 SB, 12. 4 = 363 SB, 12. 5 = 365 SB, 12. 7 = 367 SB, 12. 6 = 376 SB, 12. 8 = 416 SB, 12. 9 = 421 SB и 12. 10 = 425 SB.

соговорникот (*подготвителен предуслов*); (в) говорителот да чувствува задоволство поради *x* (*услов на искреност*); и (г) да постои јазичен исказ со кој говорителот може да изрази задоволството поради *x* (*основен услов*) (Searle, 1969: 72). Според Серл и Вандервекен, поводот за честитање мора да биде чин или настан што е поврзан со соговорникот, но соговорникот не мора да биде одговорен за тој чин или настан. Едноставно, поводот за честитање може да биде настан што се случил поради сплет на среќни околности. Според Вјежбицка (Wierzbicka, 1987: 229), пак, соговорникот мора да биде барем малку заслужен за „среќниот настан". Ако соговорникот не е барем делумно одговорен за настанот, честитката, според Вјежбицка, е израз на иронија. Целта на честитките е „да се предизвика знаење кај адресатот" (*ibid.*): говорителот го изведува чинот на честитање, зашто сака да му даде до знаење на соговорникот дека чувствува задоволство поради позитивниот настан или чин.

Од перспектива на теоријата на учтивост на Браун и Левинсон, изразите на одобрување, меѓу кои би влегле и честитките, се парадигма за позитивна учтивост, бидејќи се ориентирани кон потребите на позитивното лице на соговорникот. Лингвистичките реализации на позитивната учтивост се сметаат за интегрален дел од „нормалното лингвистичко однесување меѓу блиски" (Brown and Levinson, 1987: 101). Се употребуваат како „еден вид метафорична екстензија на интимноста" или како „еден вид социјален акцелератор". Ваквата дескрипција произлегува оттаму што, според Браун и Левинсон, говорителот, употребувајќи ги стратегиите за позитивна учтивост, сака „да му се доближи" на соговорникот (*ibid.* 103). Во класификацијата на илокуторните функции на Лич, сите лингвистички реализации на позитивната учтивост спаѓаат во групата на чинови што имаат т.н. *конвивијална* илокуторна функција (*convivial illocutionary function*). Во оваа група влегуваат чинови во кои илокуторната цел на говорниот чин коинцидира со неговата општествена цел (Leech, 1983: 104-5).

Постојат неколку истражувања во кои честитките се разгледуваат од крос-културна перспектива. [278] Во овие истражувања се укажува на тоа дека во различни култури постојат разлики во однос на ситуативните аспекти на честитањето, во однос на фреквентноста на честитките и во однос на содржината на формулите со коишто тие се реализираат. Честитките во латинскиот јазик се предмет на попатен интерес во студијата на Милер, посветена на римскиот бонтон од периодот на доцната Република, (Miller, 1914: 55-6) и во студијата на Хал за учтивоста и политиката во Кикероновите писма (Hall, 2009: 47-9). Во двете студии честитките се истражуваат од перспектива на нивната општествена улога и значење во аристократската кореспонденција од периодот на доцната Република. Јазичните реализации на чинот на честитање сѐ уште не биле предмет на потесен интерес.

Намерата да се изрази задоволство поради нечиј туѓ успех или среќен настан во римските аристократски кругови понекогаш била примарен мотив за пишување на писма. Како што веќе споменавме претходно, меѓу писмата на Кикерон има некои што би можеле да се класифицираат како писма-честитки (*Fam*. 15.7 = 99 SB, 15.8 = 100 SB, 15.9 = 101 SB, 15.12 = 102 SB, 15.14 = 106 SB and 2 7 = 107 SB). Изрази на задоволство поради успехот на адресатот или поради успехот на некој негов близок се среќаваат и во други, политематични, писма. Во повеќето случаи, поводот за честитање е некој настан од општествено или политичко значење: изборот на адресатот или на некој негов близок за јавна функција (*Fam*. 2.9.1 = SB 85, 15.7 = 99 SB, 15.8 = 100 SB, 15.9 = 101 SB, 15.12 = 102 SB), стекната титула (*ibid*. 1.9.2 = 20 SB), извојувана победа (*ibid*. 15.14 = 106 SB) или добиен случај на суд (*Fam*. 7.2.2 = SB 52). Од писмата е јасно дека честитки се упатувале и по повод нечија свршувачка (*ibid*. 1.7.11 = 18 SB, 8.13.1 = 94 SB), купување на нова куќа (*ibid*. 16.21.7 = 337 SB), добиено наследство (*Att*. 3.20.2 = 65 SB), нечија мудра одлука (*Fam*. 7.1.1 = 24 SB) или начин на дејствување во определена ситуација (*Att*. 4.1.1-2 = 73 SB).

[278] Види, на пример, Coulmas, 1979, Elwood, 2004, Dastjerdi & Nasri, 2013.

Неколку употреби се пример за само-честитање (*Fam*. 4.11.1 = 232 SB, *ibid*. 12.16.1 = 328, *Att*. 15.22.1 = 399 SB). Забелешката дека во повеќето случаи поводот за честитање е настан од општествено или од политичко значење го довела Хал до заклучок дека честитките во писмата се стратегија на учтивост со која се искажува почит (*politeness of respect*), бидејќи со нив говорителот „експлицитно го слави статусот и угледот на адресатот" (Hall, 2009: 48-49).

Од следниот фрагмент од едно писмо од Помпеј е очигледно дека луѓето што постигнале некаков успех од општествено или политичко значење, очекувале честитки од луѓето што ги сметале за пријатели:

(131) *Ac ne ignores quid ego in tuis litteris desiderarim, scribam aperte, sicut et mea natura et nostra amicitia postulat. res eas gessi quarum aliquam in tuis litteris et nostrae necessitudinis et rei publicae causa gratulationem exspectavi; quam ego abs te praetermissam esse arbitror quod verer<er>e ne cuius animum offenders*. (*Fam*. 5.7.3 = 3 SB)[279]

Кикерон очекувал од Помпеј да му честита за неговите заслуги како конзул поради нивното взаемно пријателство и поради Републиката (*nostrae necessitudinis et rei publicae causa*). Во рамки на римскиот концепт за пријателство, очигледно, чинот на честитање бил еден вид етичка обврска. На оваа констатација упатува присуството на парентезите од типот *ut debeo* „како што сум должен", „како што треба" или *ita enim rerum ordo postulat* „како што налага редот на нештата", кои во неколку случаи се интегрирани во самиот чин на честитање.[280] Во политематичните писма говорниот чин на честитање обично се среќава на самиот почеток на писмото. Во едно писмо, каде што тоа не е случај, авторот на писмото му пишува на адресатот *hoc loco me tibi*

---

[279] „За не ти биде нејасно што е тоа што што го очекував од твоите писма, отворено ќе ти пишам, како што наложуваат и мојот карактер, а и нашето пријателство. Извршив дела за кои, поради нашето пријателство и поради нивното значење за Републиката, очекував во твоите писма благодарност. Претпоставувам дека не си го сторил тоа, зашто си се плашел да не повредиш нечии чувства."

[280] Види *Fam*. 1. 9. 2 = 20 SB, 3.12.1 = 75 SB, 2.9.1 = 85 SB.

*gratulari non mirari* „немој да се чудиш што ти честитам во овој дел од писмото" (*Fam*. 16. 21. 7 = 337 SB). Позицијата на говорниот чин честитање во макроструктурата на политематичните писма, несомнено, не била етаблирана поради прагматичкиот приоритет на честитањето во однос на другите теми, туку поради тоа што авторот сакал првин да си ја исполни неговата етичка обврска. Неисполнувањето на оваа обврска или доцнењето во нејзиното исполнување се толкувало како небрежност (*negligentia*). Потврда за ова е едно писмо на Кикерон од Каелиј Руф:

(132) *Primum tibi, ut debeo, gratulor laetorque cum praesenti tum etiam sperata tua dignitate, serius non neglegentia mea sed ignoratione rerum omnium*. (*Fam*. 2.9.1 = 85)[281]

Пред или зад честитките понекогаш во писмата се среќаваат изрази на благодарност.[282] Овој феномен се должи на фактот што чинот на честитање и чинот на заблагодарување се слични во однос на неколку аспекти. Колку е силна релацијата меѓу честитањето и заблагодарувањето е очигледно од етимологијата и значењето на латинските глаголи *gratari* и *gratulari*. Двата се деривативи од придавката *gratus* „благодарен", „признателен", „пријатен", „драг" *etc*. и двата значат во исто време и „да се честита" и „да се изрази благодарност".[283] Именката *gratulatio*, исто така, во исто време значи и „честитање" и „благодарност". Честитките и заблагодарувањата споделуваат и некои генерални заеднички одлики: илокуторната цел и на двата говорни чинови е да се изрази позитивна психолошка состојба; поводот и за двата чина може да се однесува само на настани или на дејства што се поврзани со соговорникот и што се случиле во минатото; и, и двата говорни чина ги заштитуваат потребите на

[281] „Прво, како што сум должен, ти честитам и изразувам радост, како за твојот сегашен, така и за идните успеси, подоцна [одошто треба] не поради небрежност, туку поради незнаење за сè што се случило."

[282] Види, на пример, *Fam*. 2.9.1 = 85 SB, 9.14.3 = 326 SB, 16.16.2 = 44 SB, *Att*. 14.17A.3 = 371 A SB.

[283] Види Ernout-Meillet, 1932: 281-2, de Vaan, 2008: 271.

позитинвото лице на соговорникот. Клучната разлика меѓу нив е во тоа каква е нивната врска со интересите на говорителот и на слушателот: честитањето е израз на задоволство за нешто што е поволно *за слушателот*, а заблагодарувањето е израз на задоволство поради нешто што е поволно *за говорителот*. Во римскиот систем на вредности, очигледно, постоело убедување дека ако некој направил нешто што има политичко значење, не само што треба да му се честита, туку треба и да му се изрази благодарност. Ова уверување, веројатно, било базирано врз концептот дека чинот/настанот за којшто станува збор, е поволен не само за слушателот, туку и за говорителот. Така, во едно писмо Кикерон цитира фрагмент од писмо на Каесар во кое Каесар во исто време и му честита и му се заблагодарува на Долабела поради неговиот избор за конзул:

(133) *Dolabellae vero tuo et gratulor et gratias ago, quem quidem post te consulem solum possumus vere consulem dicere*. (*Fam*. 9.14.3 = 326 SB = *Att*. 14.17A.3 = 371 A SB)[284]

Во неколку случаи зад чинот на честитање следи израз на добра желба.[285] Компатибилноста на честитките и изразите на добри желби е толку силна што во многу јазици изразите на добри желби се перцепираат како честитки. Всушност, некои изрази на добри желби кога се употребени во соодветен контекст, од аспект на нивната илокуторна цел, претставуваат честитки: изразувајќи добра желба, говорителот му честита на соговорникот.[286] Ваквите изрази обично следат зад честитките веројатно поради тоа што говорителот има желба да покаже повисок степен на посветеност кон пропозициската содржина на говорниот чин на честитање. Со изразот на добра желба, говорителот како да му вели на соговорникот: „Не ти честитам

[284] „На твојот Долабела во исто време и му честитам и му се заблагодарувам, зашто, после твојот конзулат, тој е единствениот човек што можеме да го наречеме конзул."
[285] Види *Fam*. 15.7.1 = 99 SB, 2.7.1 = 107 SB and 16.21.7 = 337 SB.
[286] На пример во англискиот јазик, изразите *best wishes* / *good wishes* и *congratulations* се сметаат за синоними. Види, на пример, Rodale, 1978: 215.

само поради учтивост, туку навистина се радувам поради твојот успех и ти посакувам сè најдобро.“

Честитките во писмата, според тоа како се јазично реализирани, може да се поделат во две групи:

1. *Изрази во кои е присутен индикатор на илокуторната сила*, и
2. *Изрази на радост поради успехот на адресатот или поради успехот на некој негов близок*.

1. *Изрази во кои е присутен индикатор на илокуторната сила.* Во првата група спаѓаат декларативни реченици во кои како предикат е употребен глаголот *gratulari*, главно, во прво лице еднина индикатив на презент - *gratulor* „честитам“. Во неколку случаи *gratulari* е употребен во прво лице футур I – *gratulabor* „ќе ти честитам“. Дејството што го означува глаголот понекогаш е интензивирано со прилозите *vehementer* „многу“, „мошне“ или *libenter* „со задоволство“:

(134) *Gratulor tibi, mi Balbe, vereque gratulor*; (*Fam*. 6. 12. 1 = 226 SB)[287]

(135) *Gratulabor tibi prius (ita enim rerum ordo postulat), deinde ad me convertar. Ego vero vehementer gratulor de iudicio ambitus, ....* (*Fam*. 3. 12. 1 = 75 SB)[288]

Поводот за честитање може да биде изразен на различни начини, може да произлегува од контекстот или може воопшто да не биде изразен. Кога е изразен, обично е изразен со: зависна причинска дел-реченица што најчесто ја воведува *quod* (*Fam*. 2. 5. 1 = 49, 2. 9. 1 = 85, 12. 16. 1 = 328 SB, 13. 73. 1 = 273, 15. 14. 3 = 106 SB), предлошки израз со *de* (*ibid*. 3. 12. 1 = 75 SB) или *pro* (*ibid*. 15. 14. 3 = 106 SB), условна реченица (*ibid*. 9. 12. 1 = 263), акузатив на директниот објект (*ibid*. 8.13.1 = 94 SB), конструкција акузатив со инфинитив (*Att*. 15. 22. 1 = 399) или со самостоен дискурсен чин или низа од дискурсни чинови кој/кои му претходат на говорниот чин на честитање. Кога поводот за честитање е

---

[287]„Ти честитам, мој Балбе, од срце ти честитам.“

[288] „Прво ќе ти честитам (така нели е редот), а потоа ќе се свртам кон моите работи. Јас навистина од срце ти честитам за исходот од судскиот процес за незаконско агитирање, ...“

изразен со самостоен дискурсен чин, Кикерон упатува на поводот со предлошките изрази *qua in re* „поради оваа работа“ и *in hoc* „за ова“.

Во групата на изрази во кои е присутен индикатор на илокуторната сила би ги вброиле и јазичните употреби во кои *gratulari* не е употребен во индикатив, туку во конјунктив. Овие употреби не се перформативни *stricto sensu*, но ги вборјуваме во оваа група, поради тоа што намерата на авторот е идентична како и во употребите во кои *gratulari* се среќава во индикатив на презент. Во примерот подолу Кикерон му честита на Атик за напорите што ги вложил за да го избави од егзил со изразот *nihil prius faciendum putavi quam ut tibi … gratularer* „мислев дека првата работа што треба да ја направам е да ти честитам“:

(136) *Cum primum Romam veni fuit<que> cui recte ad te litteras darem, nihil prius faciendum mihi putavi quam ut tibi absenti de reditu gratularer.* (*Att.* 4. 1. 1 = 73 SB)[289]

Во примерот, пак, бр. 137 Кикерон му честита на Марк Маркел за храброста што ја покажал за време на егзилот во Митилена со изразот *gratulari magis virtuti debeo quam consolari dolorem* „поскоро треба да ти честитам на доблеста отколку што треба да те тешам за болката“:

(137) *nam si ea quae acciderunt ita fers ut audio, gratulari magis virtuti debeo quam consolari dolorem tuum. (Fam.* 4.8.1 = 229 SB)[290]

2. *Изрази на радост поради успехот на адресатот или поради успехот на некој негов близок*. Зад изразите во кои е присутен индикатор на илокуторната сила во некои писма следат изрази на радост. Парадигма за тоа е примерот бр. 132, во кој зад *gratulor* „честитам“ следи *laetor* „се радувам“, „се веселам“.[291] Дека функцијата на овие изрази на радост, кои честопати стојат

[289] „Веднаш штом стигнав во Рим и штом најдов човек на когошто можам да му доверам писмо за тебе, сметав дека прво што треба да направам е да ти честитам на тебе, кој не си тука, за враќањето.“
[290] „Ако тоа што ти се случува го поднесуваш така како што сслушам, поскоро треба да ти честитам отколку што треба да те тешам за болката.“
[291] Види, на пример, *Fam*. 2.7.1 = 107 SB.

самостојно, е идентична на функцијата на изразите во кои е присутен индикатор на илокуторната сила е очигледно од следниот пример:

(138) *emisse te praedium gaudeo feliciterque tibi rem istam evenire cupio. hoc loco me tibi gratulari noli mirari; eodem enim fere loco tu quoque emisse te fecisti me certiorem.* (*Fam.* 16. 21. 7 = 337 SB)[292]

Од ова писмо на Кикерон Помладиот до Тирон, можат да се заклучат две работи значајни за нас: прво, дека оние на кои латинскиот им бил мајчин јазик изразот *gaudeo* со акузатив со инфинитив и изразот *feliciter tibi rem evenire cupio*, и сите изрази слични на овие два, ги чувствувале како честитки (*hoc loco me tibi gratulari noli mirari*). Второ, од тоа што го знаеме за карактерот на релацијата меѓу Кикерон Помладиот и Тирон, а и врз основа на елементите на интеракција во контекстот во кој се јавува честитката, евидентно е дека ваквите изрази на задоволство по повод некој настан поволен за адресатот биле повообичаени во преписките меѓу блиски отколку изразите кои го содржат перформативот *gratulor*. Потврда за тоа е и едно писмо до Атик, во кое Кикерон му „честита“ на адресатот за наследството што го добил од вујко му со изразот *vehementissime probo* „мошне силно одобрувам“. Употребата на глаголот *probo* „одобрувам“, а не на *gaudeo* „се радувам“, кој очигледно бил повообичаен во вакви изрази, Кикерон имплицитно ја објаснува со сопствената лоша емотивна состојба:[293]

(139) *Quod quidem ita esse et avunculum tuum functum esse officio vehementissime probo; gaudere me tum dicam, si mihi hoc verbo licebit uti.* (*Att.* 3. 20. 1. = 65 SB)[294]

---

[292]„Честито за купувањето на имотот и ти посакувам таа работа да ти оди среќно. Не се чуди што дури на ова место во писмово ти честитам. И ти скоро на исто место ме извести дека си го купил имотот.“

[293] Писмото од коешто е примерот бр. 139 е од периодот на Кикероновиот егзил.

[294] „Многу силно го одобрувам тоа што работите стојат така и што вујко ти си ја исполнил должноста кон тебе. Ќе речам „се радувам“, тогаш кога ќе можам да го употребам тој збор.“

Вообичаени лексички средства во изразите на радост поради успехот или добрата среќа на адресатот се глаголите *laetari* „се радувам“, и *gaudere* „се радувам“, „наоѓам задоволство во“ и *сл*, употребени во прво лице еднина индикатив на презент, и фразата *laetitia affici* „многу да се израдуваш“, употребен во прво лице индикатив на перфект. Присуството на овие лексички средства во определен говорен чин не е секогаш индикатор за тоа дека изразот на радост е честитка, како што е тоа случај со изразите во кои се среќава *gratulor*. Имено, употребата на овие лексички средства не е лимитирана само на изразите на радост поради успехот или среќата на адресатот. Изразот на радост е честитка само тогаш кога настанот или чинот за кој говорителот изразува задоволство е во интерес на адресатот. Во спротивно, изразот на радост не е честитка, бидејќи не се исполнети два од условите неопходни за честитките дефинирани од Серл: пропозициска содржина и подготвителен предуслов.

Употребата на *laetor* е идентична со употребата на *gratulor* во смисла на тоа што глаголот се јавува секогаш во изрази на радост поради настани од општествено или политичко значење. Во еден случај, примерот бр. 140, во чинот на честитање е инкорпорирана и парентезата *ut debeo*, што, како што видовме погоре е вообичаена пракса во честитките што се јазично реализирани со перформативот *gratulor*. Поводот за честитање во овој тип на честитки е изразен со конструкција акузатив со инфинитив:

(140) *quamquam tua quidem causa te esse imperatorem provinciamque bene gestis rebus cum exercitu victore obtinere, ut debeo, laetor;* (*Fam*. 1. 9. 2 = 20 SB)[295]

Слични на изразите со *laetor* се изразите со кои Кикерон изразува радост со фразата *laetitia affici*. Пред именката *laetita* „радост“ во некои случаи се среќава суперлативот *maxima* „најголема“ или придавката *incredibli* „неверојатна“. Поводот за

[295] „Сепак, како што е ред, мило ми е за тоа што си прогласен за император, и за тоа што, после сите подвизи, заедно со победничката војска управуваш добро со провинцијата.“

честитање е изразен со прилошко-определбена дел-реченица за време, која следи зад главната дел-реченица *maxima/incredibili sum laetitia affectus*:

(141) *Maxima sum laetitia affectus, cum audivi consulem te factum esse, eumque honorem tibi deos fortunare volo atque a te pro tuo parentisque tui dignitate administrari;* (*Fam.* 15. 7. 1 = 99 SB)[296]

Глаголот *gaudere* во изразите на радост секогаш стои во прво лице еднина индикатив на презент, а поводот за честитање е секогаш изразен со конструкција акузатив со инфинитив. Во некои писма-честитки, дејството што го означува *gaudeo* е интензивирано со фразата *mirandum in modum* „на чудесен начин“ или со прилогот *vehementer* „силно“, „мошне“:

(142) *Marcellum tuum consulem factum teque ea laetitia adfectum esse quam maxime optasti mirandum in modum gaudeo,…* (*Fam.* 15.8.1 = 100 SB)

Сите гореспоменати изрази немаат сосем идентична функција и не се взаемно заменливи. Се чини дека изборот на јазичната реализација бил условен од поводот за честитање и од степенот на посветеност на авторот кон пропозициската содржина. Така, изразите со индикатор на илокуторната сила *gratulor* се јавуваат само кога авторот честита за настан од општествено или политичко значење (избор за јавна функција, стекната титула, извојувана победа) или кога повод за честитката е нечиј начин на дејствување или мудра одлука во определена ситуација. Овој тип на јазична реализација е вообичаен и во честитките што Кикерон си ги упатува на самиот себе. Кога поводот за честитање е настан од општествено или политичко значење изразите со перформативот *gratulor* се заменливи со изразите на радост со глаголот *laetor* и со фразата *laetitia affectus sum*. Употребата на овие изрази не е својствена за честитки во кои повод за честитката е нечиј начин на дејствување или мудра одлука. Колокабилноста на *gratulor* и *laetor* укажува на тоа дека овие изрази не се сосем идентични. Се разликуваат, веројатно, во

[296] „Многу се израдував кога чув дека си избран за конзул. Посакувам боговите да ти ја благословат службата и да владееш во склад со твојот и со угледот на твојот татко.“

однос на степенот на посветеност на авторот кон пропозициската содржина: со употребата на израз со *laetor* авторот покажува помал степен на посветеност. Потврда за ова е фактот што, изразите на радост со *laetor,* прво, никогаш не се јавуваат на самиот почеток на писмата, и второ, дејството што го означува глаголот никогаш не е интензивирано со прилог или со прилошки израз, како што е тоа случај во изразите во кои е присутен индикатор на илокуторната сила. Од друга страна, со изразите на радост во кои се среќава фразата *laetitia affectus sum* Кикерон покажува поголема посветеност кон содржината на пропозицијата. Присуството на парентези како *ut debeo* во изразите со *gratulor* и на интензификатори како *vere* „навистина“ или *libenter* „со задоволство“, „радо“ упатува на тоа дека овој израз често се употребувал само за да се задоволи општествено прифатена норма, односно поради учтивост. Ова, секако, не значи дека Кикерон секогаш бил искрен со изразите на радост со фразата *laetitia affectus sum.* И овој израз, веројатно, го употребувал кога сакал само да задоволи етичка обврска – да изрази задоволство поради успехот на пријателот. Сепак, со употребата на овој помалку конвенционален и помалку формулаичен израз на радост, тој се обидувал да покаже, па макар и лажно, дека изразува задоволство не поради тоа што е обврзан да го стори тоа, туку бидејќи навистина се радува. Изразите на радост со *gaudeo* се разликуваат од другите јазични реализации на честитките во однос на тоа што Кикерон никогаш не ги употребува кога честита за успех во јавната сфера. Тие се среќаваат само во честитки упатени по повод купување куќа, примање на наследство или успех во јавната сфера, но не на адресатот, туку на некој негов близок.

### *Заблагодарувања*

Во Остиновата класификација заблагодарувањата, исто како и честитките, спаѓаат во групата на бихабитиви, искази што се врзани за определени аспекти на социјално поведение (Austin, 1962: 159). Во класификацијата на Серл, пак, имаат третман на

експресиви за чија реализација е неопходно да се исполнат следните услови: (а) постоење на чин *x* кој соговорникот го извршил во минатото (*пропозициска содржина*), (б) чинот *x* да биде полезен за говорителот и говорителот да верува дека тој чин е полезен за него (*подготвителен предуслов*), (в) говорителот да чувствува благодарност и почит кон чинот *x* (*услов за искреност*), и (г) да постои јазичен исказ кој има вредност на израз на благодарност (*основен услов*) (Searle, 1969: 67). Во теоријата на учтивост на Браун и Левинсон заблагодарувањето има третман на чин што го загрозува негативното лице на говорителот (Brown & Levinson, 1987: 67). Претпоставката дека со чинот на заблагодарување говорителот го загрозува негативниот аспект на сопственото лице произлегува оттаму што со заблагодарувањето говорителот прифаќа долг и на тој начин ја жртвува сопствената слобода на дејствување, т.е. сопственото негативно лице.

Заблагодарувањата се мошне фреквентни во писмата од Кикероновите збирки. Нивната фреквентност се должи на римскиот концепт за *amicitia*, кој подразбирал постојана размена на услуги и, следствено на тоа, изразување на благодарност за извршените услуги. Вербалното признание за направената услуга не само што било очекувано во комуникацијата меѓу пријателите, туку и отсуството на признание за извршената услуга се сметало за знак на неучтивост (Miller, 1914: 57). Оној што примил доброчинство бил *beneficio vinctus* „обврзан со доброчинството“ (*Att.* 10. 7. 1 = 198 SB). Во писмата постојат многу сведоштва за тоа дека изразувањето на благодарност се сметало за должност, чие неисполнување било предмет на осуда. Најилустративно во оваа смисла е едно писмо до Гај Антониј, во кое Кикерон го прекорува адресатот дека и покрај сѐ што тој сторил за него, овој не му изразил благодарност:[297]

[297] За значењето на чинот на заблагодарување за извршени услуги, освен посочените писма, види, на пример, *Att.* 3. 8. 3 = 53 SB, 6. 1. 2 = 115 SB, 12. 19. 2 = 257 SB, 15. 14. 1 = 402 SB, *Fam.* 1. 10. 1 = 21 SB, 11. 28. 8 = 349 SB.

(143) *Ego si abs te summa officia desideram, mirum nemini videri debeat. omnia enim a me in te profecta sunt quae ad tuum commodum, quae ad honorem, quae ad dignitatem pertinerent. pro his rebus nullam mihi abs te relatam esse gratiam tu es optimus testis; (...) meus in te animus quam singulari officio fuerit, et senatus et populus Romanus testis est; tu quam gratus erga me fueris ipse existimare potes, quantum mihi debeas ceteri existiment*. (*Fam*. 5. 5. 2 = 5 SB)[298]

Во две писма од периодот на егзил Кикерон ѝ пишува на Терентија дека преку писмо им се заблагодарил на луѓето на кои таа претходно побарала од него да им се заблагодари за напорите што ги вложуваат за да го избават (*Fam*. 14. 1. 5 = 8 SB, 14. 3. 3 = 9 SB). Во писмата има сведоштва и за тоа дека размената на изрази на благодарност се сметала за формалност што е излишна во комуникацијата меѓу луѓе што се во поблиска пријателска врска. За ова најдобро сведочат две писма упатени до Кикерон. Во едното од нив Брут му пишува на Кикерон да не очекува благодарност, бидејќи заблагодарувањето е излишно во пријателства што се развиле *ad summam benevolentiam*:

(144) *Noli expectare dum tibi gratias agam. iam pridem hoc ex nostra necessitudine, quae ad summam benevolentiam pervenit, sublatum esse debet*. (*ad Brut*. 14 (I. 6). 1 = 12 SB)[299]

Вербалното „одбивање" да се изрази благодарност, всушност, било стратегија за изразување на благодарност. Со оваа стратегија адресантот не само што му се заблагодарувал на адресатот за извршените услуги, туку и, со тоа што ја нагласувал взаемната блискост и благонаклоност, на извесен начин го обврзувал на уште поголема исполнителност. Пример за слична стратегија за заблагодарување е и едно писмо на Мунатиј Планк

---

[298] „Кога јас би побарал од тебе некоја голема услуга, никој не би требало да се чуди. Сè што сум направил за тебе било во твоја полза и се однесувало на твојата чест и на твојот углед. Ти си најдобар сведок за тоа дека за овие работи не си ми изразил никаква благодарност. (...) За тоа колку многу сум ти бил лојален сведоци се и Сенатот и римскиот народ. За тоа колку си ми искажал благодарност, самиот можеш да процениш, но за тоа колку ми должиш - другите ќе проценат."

[299] „Немој да очекуваш да ти се заблагодарувам. Одамна веќе таа работа поради нашето пријателство, кое се разви во исклучителна благонаклоност, треба да се смета за излишна."

(*Fam*. 10. 24. 1 = 428 SB), во кое Планк му се заблагодарува на Кикерон *cum pudore* „со чувство на срам“, бидејќи блиското пријателство не изискува изрази на благодарност, а и зборовите се ништожен дар за извршените доброчинства во однос на почитта, вниманието и постојаното присуство што еден човек во знак на благодарност може да му ги укаже на друг:

(145) *Facere non possum quin in singulas res meritaque tua tibi gratias agam, sed mehercule facio cum pudore. neque enim tanta necessitudo quantam tu mihi tecum esse voluisti desiderare videtur gratiarum actionem neque ego libenter pro maximis tuis beneficiis tam vili munere defungor orationis et malo praesens observantia, diligentia, adsiduitate memorem me tibi probare*. (*Fam*. 10. 24. 1 = 428 SB)[300]

Дека вербалното одбивање да се изрази благодарност поради блискоста било вообичаена стратегија за изразување благодарност сведочи едно писмо на Кикерон до Корнификиј (*Fam*. 12. 28. 2 = 374 SB), во кое Кикерон изразува задоволство поради тоа што Корнификиј „одбил“ да му заблагодари:

(146) *gratum etiam illud, quod mihi tuo nomine gratias agendas non putas; nec enim id inter nos facere debemus*. (*Fam*. 10. 24. 1 = 428 SB)[301]

И покрај тоа што изразите на благодарност се сметале за формалност која е излишна во комуникација со блиски пријатели, најмногу примери за изрази на благодарност има токму во писмата до Атик, писма што се парадигма за производ на епистоларна интеракција со највисок степен на блискост меѓу кореспондентите.[302] Со оглед на тоа што писмата до овој адресат

---

[300] „Не можам да не ти се заблагодарам за секое твое поединечно доброчинство, но, жими Херкула, тоа го правам со чувство на срам. Блиското пријателство, какво што ти посака да биде нашето, се чини дека не изискува изразување на благодарност, а и мене не ми е причинува задоволство да возвраќам за твоите големи доброчинства со толку ништожен дар како што се зборовите; повеќе сакам при контакт лице во лице да ти покажам дека не сум заборавил на нив со почит, со внимание и со постојано присуство.“

[301] „Мило ми е што мислиш дека не треба да ми изразуваш благодарност. Тоа, нели, не е работа што треба јас и ти да си ја правиме еден на друг.“

[302] Види *Att*. 1. 3. 2 = 80 SB, I. 1. 5 = 10 SB, 3. 5 = 50 SB, 4. 5. 4 = 80 SB, 4. 9. 2 = 85 SB, 4. 15. 1 = 90 SB, 6. 1. 13 = 115 SB, 6. 8. 5 = 122 SB, 7. 16. 1 = 141 SB, 7. 26. 2 = 150 SB, 8. 2. 1 = 152 SB, 9. 7.

се најбројни, поголемата фреквентност на овој, а и на сите останатите говорни чинови, во однос на писмата до другите адресати, е очекувана. Изразите на благодарност во овие писма, како што ќе видиме понатаму, се разликуваат од изразите на благодарност во писмата до другите адресати во начинот на кој се јазично реализирани. Највообичаен начин на реализација на заблагодарувањата во нив е изразот *quod/de ... gratum* и неговите варијанти:

(147) *quod mihi Bruti litteras, gratum.* (*Att.* 12. 37. 1 = 276 SB)[303]
(148) *De raudusculo Puteoloano gratum.* (*Att.* 6. 8. 5 = 122 SB)[304]

Дел-реченицата што ја воведува *quod* обично стои на почетокот на изразот на благодарност, како во примерот бр. 147, но, како што може да се види од примерите подолу, нејзината позиција не е фиксна, а не е фиксна ни позицијата на сврзникот *quod*. Во изразите на благодарност што содржат предлошки израз (*de...*), предлошкиот израз е секогаш во почетна позиција. Мошне често покрај *gratum* стои *mihi*, а во неколку употреби изразот е засилен со прилогот *valde* или придавката *gratum* стои во суперлатив:

(149) *Domum meam quod crebro invisis est mihi valde gratum.* (*Att.* 4. 5. 4 = 80 SB)[305]
(150) *quam tibi intellego magnae curae esse, quod est mihi gratissimum.* (*Att.* 11. 6. 4 = 217 SB)[306]

Освен со споменатиот израз, Кикерон на Атик му изразува благодарност со израз во кој *gratus* е дел од именски предикат, а тоа за коешто се изразува благодарност е субјект, со изразот *me pergratum fecisti* и со изразот *te multum amamus*, кој е пример за реализација на чинот на заблагодарување на индиректен начин:

---

2 = 174 SB, 11. 6. 4 = 217 SB, 11. 7. 1 = 218 SB, 12. 37. 1 = 276 SB, 14. 1. 2 = 365 SB, 14. 17. 5 = 371 SB, 15. 27. 3 = 406 SB, 14. 20. 2 = 374 SB, 15. 3. 1 = 380 SB и 15. 7. 1 = 384 SB.

[303] „Фала за писмата од Брут."

[304] „Фала за паричките од Путеоли."

[305] „Фала многу за тоа што што често го посетуваш мојот дом."

[306] „Гледам дека многу се грижиш за неа (*sc.* за Тулија), за што многу ти благодарам."

(151) *Gratae tuae mihi litterae sunt, quibus accurate perscripsisti omnia quae ad me pertinere arbitratus es.* (*Att.* 11. 7. 1 = 218 SB)[307]

(152) *in qua non frustra laborem suscepisti, mihi quidem pergratum fecisti.* (*Att.* 10. 4. 1 = 195 SB)[308]

(153) *te multum amamus quod ea abs te diligenter parvoque curata sunt.* (*Att.* 1. 3. 2 = 8 SB)[309]

Во неколку случаи изразот на благодарност стои самостојно. Чинот за кој Кикерон се заблагодарува во овие употреби секогаш му претходи на изразот на благодарност:

(154) *Terentia tibi et saepe et maximas agit gratias. id est mihi gratissimum.* (*Att.* 3. 5 = 50 SB)[310]

(155) *Hermathena tua valde me delectat et posita ita belle est ut totum gymnasium eius ἀνάθημα esse videatur. multum te amamus.* (*Att.* 1. 1. 5 = 10 SB)[311]

Во писмата до Квинт се среќава само еден израз на благодарност, кој е сличен на изразот *multum te amamus* од писмата до Атик. Наместо *multum*, овде стои *valde*:

(156) *De mancipiis quod mihi polliceris, valde te amo...* (*Q. fr.* 3. 7.(9) 4 = 27 SB)[312]

Покрај во писмата до Атик и Квинт, чинот на заблагодарување е реализиран на индиректен начин уште во три писма, упатени до Тирон, Фабиј Гал и Брут. Во писмата до Тирон и до Брут, директен објект на *amo* е *te*, а во писмото до Фабиј Гал директен објект на истиот глагол е *voluntatem*:

---

[307] „Ти благодарам за писмата во кои детално ми пишуваш за сѐ што мислиш дека ме засега."

[308] „За тоа што за оваа работа не залудно претрпе мака, многу ти благодарам."

[309] „Многу ти благодарам за тоа што убаво се погрижи [да ми ги набавиш] (sc. статуите ), и тоа по ниска цена."

[310] „Теренција постојано ми кажува колку многу ти е благодарна. Многу ти благодарам за тоа."

[311] „Твојата Херматена многу ме радува и толку е убаво поставена што целиот гимнасиум изгледа како да е нејзин заветен дар. Фала ти многу."

[312] „За тоа што ми го вети за робовите, фала ти многу."

(157) *amo te omnibus equidem de maximis causis verum etiam propter hanc, vel quod mihi sic ut debuisti nuntiasti*. (*Fam*. 16. 16. 2 = 44 SB)[313]

(158) *te tamen, mi Brute, sic amo ut debeo quod istud quicquid esset nugarum me scire voluisti.* (*Fam*. 11. 21. 1 = 411 SB)[314]

(159) *Amoris quidem tui, quoquo me verti, vestigia, vel proxime de Tigellio; sensi enim ex litteris tuis valde te laborasse: amo igitur voluntatem*. (*Fam*. 7. 24. 1 = 260 SB)[315]

Во збирката *Ad familiares* изразите на благодарност се поретко застапени во писмата чиј автор е Кикерон. Изразот *quod/de ... gratum*, кој е најфреквентен во писмата до Атик, овде се среќава само еднаш, и тоа во писмо на Кикерон Помладиот до Тирон (*Fam*. 16. 21. 8 = 337 SB), значи повторно во писмо што е производ на приватна лична епистоларна интеракција со висок степен на блискост меѓу кореспондентите. Тоа што изразот *quod/de ... gratum* се среќава само во писма до Атик и Квинт упатува на заклучокот дека овој израз бил вообичаен израз на благодарност во писма што се производ исклучиво на приватна лична епистоларна интеракција. Во писма што не се производ на ваков тип на интеракција вообичаен израз на благодарност е изразот *gratias (maximas) tibi ago,* кој се јавува во 4 писма на препорака (*Fam*. 13. 62 = 136 SB, 13. 24. 2 = 290 SB и 13. 28. 1 = 294)[316] и уште во две писма, од кои едното е упатено до Апиј Пулкхер (*Fam*. 3. 5. 1 = 68 SB), а другото до Каелиј Руф (*Fam*. 2. 9. 1 = 85 SB). Глаголот *ago* освен во презент, во неколку случаи се јавува и во футур I. При анализата на овие употреби паѓа во очи тоа што изразот на благодарност обично се јавува на самиот почеток на писмото:

---

[313] „Фала ти за сите големи работи, а и за тоа што ме извести така како што требаше."

[314] „Сепак, мој Бруте, должен сум да ти се заблагодарам за тоа што посака да дознаам за целата оваа глупост."

[315] „Знаци за твојата посветеност кон мене има насекаде каде што ќе се свртам, последен пат во случајот на Тигелиј. Чувствувам, знаеш, од твоите писма дека многу си се измачил. Фала за добрата намера."

[316] *Gratias (maximas) tibi ago* се среќава во три писма на препорака упатени од извесен Сервиј (*Fam*. 13. 24. 2 = 290, 13. 27. 1 = 293 и 13. 28. 1 = 294) и во едно писмо до Силиј (13. 62 = 136).

(160) *nunc, quoniam et tu ita sentis (scribis enim quae <de> nostris officiis ego ad te scripseram, etsi tibi iucunda fuerint, tamen, quoniam ex alto repetita sint, non necessaria te putasse) et re vera confirmata amicitia et perspecta fide commemoratio officiorum supervacanea est, eam partem orationis praetermittam, tibi tamen agam, ut debeo, gratias. animadverti enim et didici ex tuis litteris omnibus in rebus habuisse rationem ut mihi consuleres <p>raestitueresque et parares quodam modo omnia quo mea ratio facilior et solutior esse posset*. (*Fam*. 3. 5. 1 = 68 SB)[317]

(161) *de quo etsi pro tua facilitate et humanitate purgatum se tibi scribit esse, tamen primum, ut debeo, tibi maximas gratias ago, cum tantum litterae meae potuerunt ut iis lectis omnem offensionem suspicionis quam habueras de Lysone deponeres*; (*Fam*. 13. 24. 2 = 290 SB)[318]

Изразите на благодарност во писмата од кои се изведени примерите наведени погоре се разликуваат од изразите на благодарност во писмата до Атик, Квинт и Тирон, не само во однос на јазичната реализација на чинот на заблагодарување, туку и во однос на други аспекти. Прво, како што може да се забележи од примерите, чинот за кој Кикерон изразува благодарност во овие писма е секогаш елабориран подетално отколку во писмата до адресатите со кои бил во приватна лична релација. Второ, изразот на благодарност во овие писма е речиси секогаш проследен со некој израз кој упатува на цврстината на пријателството меѓу кореспондентите или на доблестите што адресатот ги поседува како човек: во примерот бр. 160 Кикерон „одбива“ да ги спомене взаемните услуги,

[317]„Сега, бидејќи и ти така мислиш (пишуваш, нели, дека оние работи што ти ги бев пишал за нашите взаемни услуги, иако ти биле пријатни, сепак, бидејќи се многу пати повторувани, си мислел дека не се неопходни), а и бидејќи, откако пријателството ќе се зацврсти и ќе се стекне доверба, споменувањето на взаемните услуги е излишно, таа тема ќе ја изоставам од писмово, но сепак ќе ти изразам благодарност, како што прилега. Знаеш, забележав и сфатив од твоите писма дека ти во сите работи се раководиш од начелото да ми помогнеш и претходно да ги завршиш и подготвиш сите работи за да може мојата политичка програма да се реализира полесно и понепречено.“

[318]„За ова, иако (*sc*. Лисон) пишува дека ти се извинил така како што налагаат твојата услужливост и љубезност, сепак, прво, како што е ред, ти изразувам благодарност, бидејќи моето писмо имало толку влијание врз тебе што, откако си го прочитал, си го отфрлил чувството на лутина поради сомневањето што си го имал претходно кон Лисон; “

поради тоа што смета дека откако пријателството ќе се зацврсти (*confirmata amicitia*) и ќе се стекне доверба (*perspecta fide*), нивното споменување е излишно, а во примерот бр. 161 не пропушта да спомене дека мисли дека адресатот е човек кој се одликува со *facilitas* „услужливост" и *humanitas* „човечност". Трето, изразот на благодарност е неколку пати проследен со парентезата *ut debeo* „како што сум должен", „како што прилега", „како што е ред". На овој начин, се чини дека Кикерон нагласува дека со тоа што се заблагодарува задоволува еден аспект на социјално пожелно поведение. Прашањето дали т. н. *услов на искреност* во овие употреби е исполнет или се употребени само за да се задоволи аспект на социјално пожелно поведение останува отворено.

Во писмата се застапени многу употреби во кои Кикерон однапред му изразува благодарност на адресатот.[319] Ваквите употреби Хал ги третира како изрази на благодарност (Hall, 2009: 198), но тие не можат да се третираат како такви, бидејќи заблагодарувањето подразбира постоење на чин што се случил во минатото. Овие употреби, според нас, влегуваат во групата на директиви, па затоа ќе ги разгледуваме во поглавјето што им е посветено на директивите.

## *Извинувања*

Во класификацијата на Остин извинувањето припаѓа во класата на бихабитиви, искази што се поврзани со аспекти на социјално поведение (Austin, 1962: 83). Во класификациите на Серл (Searle, 1979: 4) и на Риселада (Risselada, 1993: 41) има третман на експресив со чие изведување говорителот изразува жалење поради тоа што извршил некое дејство. Во теоријата за учтивост на Браун и Левинсон извинувањето е чин што директно

[319] На пример: *velim igitur, mi Brute, tibi persuades nihil me maiore studio a te petere, nihil te mihi gratius facere posse quam si omnibus tuis opibus, omni studio Lamiam in petitione iuveris*. (*Fam*. 11. 17. 2 = 435 SB) „Затоа, би сакал, мој Бруте, да бидеш уверен дека јас ништо не барам од тебе со поголема настојчивост и за ништо не можам да ти бидам повеќе благодарен отколку за тоа ако со сите твои сили и со сета твоја ревност му помогнеш на Ламија во кандидатурата."

го загрозува позитивното лице на говорителот (Brown and Levinson, 1987: 68). Извинувајќи се, говорителот настојува да ја ублажи или да ја минимизира потенцијалната закана по сопственото позитивно лице, т.е. по оној аспект на лицето што произлегува од стремежот на секој припадник на една заедница да биде сакан од другите припадници на таа заедница. Со оглед на тоа што извинувањето повеќе претставува израз на почит кон лицето на слушателот / адресатот, отколку што претставува манифестација на пријателство, во теоријата на учтивост има третман на стратегија на негативна учтивост.

Извинувањата во писмата не се многу фреквентни. Се среќаваат вкупно 26 пати, најчесто во писмата до Атик. Вообичаен начин за нивна реализација во писмата до овој адресат е императивот на презент *ignosce* „извини“, „прости ми“ (6 пати), но застапени со повеќе од една употреба се и реализации на извинувања со футур на презентот *ignosces* „ќе извиниш“, „ќе простиш“ (4 пати) и со изразот *velim mihi ignoscas quod*... „би сакал да ти се извинам за тоа што...“, „би сакал да ми простиш за тоа што...“ (3 пати):

(162) *breve faciam; lacrimae enim se subito profuderunt. tibi permittto, tu consule; tantum vide ne hoc tempore isti obesse aliquid possit. ignosce, obsecro te. non possum prae fletu et dolore diutius in hoc loco commorari*. (*Att*. 11. 7. 6 = 218 SB)[320]

(163) *loquacitati ignoces, quae et me levat ad te quidem scribentem et elicit tuas litteras*. (*Att*. 7. 13. 4 = 136 SB)[321]

(164) *Interim velim mihi ignoscas quod ad te scribo tam multa totiens; acquiesco enim et volo elicere litteras maximeque consilium quid agam aut quo me pacto geram*. (*Att*. 7. 12. 3 = 135 SB)[322]

---

[320] „Ќе бидам кус, оти веднаш ми потекоа солзи. Ти ја препуштам на тебе (sc. Тулија), ти одлучи. Само внимавај нешто да не ја повреди во овој миг. Извини, те молам. Не можам од солзи и од болка уште да се задржувам на темава.“

[321] „Ќе ми извиниш за зборливоста, кога ти пишувам се опуштам, а и тебе те поттикнувам да ми пишуваш повеќе.“

[322] „Во меѓувреме, би сакал да ти се извинам за тоа што ти пишувам за толку многу работи и толку многу често. Тоа, знаеш, ме смирува, а и сакам да извлечам од тебе писма, најмногу со совет за тоа што да правам или како да се однесувам.“

Покрај споменатите три типа на јазични реализации, во писмата до Атик со по една употреба се застапени и реализации на говорниот чин извинување со *verbum postulandi* во прво лице индикатив на презент и зависна барателна реченица – *abs te peto ut mihi ignoscas* „те молам да ми простиш“ (*Att*. 1. 1. 4 = 10 SB) и со конструкција со *debere* во второ лице еднина индикатив на презент и инфинитив *ignoscere* - *debes ignoscere* „треба да ми простиш“ (*ibid*. 3. 13. 2 = 59 SB). Изразот *abs te peto ut mihi ignoscas* се среќава само во писмата до Атик, а изразот *debes ignoscere,* освен во писмо до Атик, се среќава и во едно писмо до Квинт (*Q. fr*. 1. 2. 12 = 2 SB).

Говорниот чин извинување, покрај во писма до Атик и Квинт, се среќава и во писма до Долабела, Касиј, Плотиј Планк, Лукеј, Келер и Титиј. Императивот *ignosce,* освен во писмата до Атик, се среќава само уште во две писма, од кои едното е упатено до Касиј (*Fam*. 12. 2 = 344 SB), а другото до Плотиј Планк (*Att*. 16. 6е = 407 Е). Писмото до Касиј е од октомври 44 година, значи припаѓа во групата на писма до овој адресат што се пример за писма со приватен карактер. Писмото до Планк, пак, е едно од трите писма што Кикерон му ги напишал на Планк во јули 44 год. пр. н.е. и му испратил примерок од секое од нив и на Атик. Писмата се напишани едно по друго, а *ignosce* се јавува на самиот почеток на последното од трите писма, што е единствен случај на употреба на *ignosce* во оваа позиција:

(165) *Ignosce mihi quod, cum antea accuratissime de Buthrotiis ad te scripserim, eadem de re saepius scribam. non mehercule, mi Plance, facio quo parum confidam aut liberalitati tuae aut nostrae amicitiae, sed cum tanta res agatur Attici nostri, nunc vero etiam existimatio, ut [....] ... <iterum te puto rogandum esse,> praesertim cum tota potestas eius rei tua sit, ut ea quae consules decreverunt secundum Caesaris decreta et responsa non dicam comprobes sed studiose libenterque comprobes*. (*Att*. 16. 6е = 407 Е)[323]

[323]„Извини што ти пишувам повторно за нешто за што веќе детално ти пишав – за Бутротјаните. Те уверувам, мој Планк, дека ова не го правам затоа што немам доволно доверба во твојата услужливост или во нашето пријателство, но, бидејќи оваа работа толку многу финансиски го засега нашиот Атик, а сега дури може да му го наруши и угледот, што ..., мислам дека треба повторно да те замолам, особено бидејќи работата

Оваа употреба на *ignosce* е пример за говорен чин на извинување поради самиот чин на обраќање преку писмо.[324] Според Хал (Hall, 2009: 108), извинувањето овде е пример за стратегија на *учтивост со ублажување* (redressive politeness). Неговата функција во овој случај, според Хал, е да ја минимизира заканата кон лицето на адресатот што ја предизвикува барањето што следи по чинот на извинување. Извинувајќи се, Кикерон признава дека е виновен, со што го загрозува сопственото позитивно лице и на тој начин симболично ја компензира заканата по лицето на адресатот од барањето што следи. Употребата на *mi* во директното обраќање, според Хал, исто така има функција да ја ублажи потенцијалната лутина на адресатот, Планк, и да создаде кај него чувство на топлина и интимност (*ibid*. 109). Впечатливо е тоа што ниту едно од извинувањата во писмата до Атик, Квинт и Долабела, без оглед на тоа како се јазично реализирани, нема слична функција, односно не претставува стратегија за минимизирање на штетата од чин што го загрозува лицето на адресатот (*FTA*). Зад ниту едно од извинувањата во овие писма не следи директив, односно чин што го загрозува лицето на адресатот. Во овие писма, по извинувањата секогаш следи чин во кој Кикерон ја изложува причината поради која го извршил дејството за коешто се извинува.[325] Извинувањата во писмата до овие адресати се употребени, како што добро забележува Хал за извинувањата во писмата до Атик, „за да ја ублажат повредата на некои норми на *decorum*" (*ibid*. 233 f. 5). Така, во писмата до Атик Кикерон се извинува поради тоа што од преголема душевна болка не може да пишува за определена

---

е целосно во твои раце, нема да речам да го одобриш, туку ќе речам да го одобриш ревносно и на драго срце она што конзулите го решија сообразно со одлуките и со препораките на Каесар."

[324] Императивот *ignosce* се јавува на почеток на писмо и има слична функција како во *Fam*. 12. 2 = 344 SB уште во само едно писмо од корпусот, писмо на Каекина до Кикерон (*Fam*. 6. 7. 1 = 237 SB). Во писмата на Кикерон споменатата употреба е единствена.

[325] Освен примерите бр. 131-133, види уште *Att*. 1. 1. 4 = 10 SB, 3. 13. 2 = 59 SB, 3. 15. 4 = 60 SB, 4. 12. 1 = 81 SB, 4. 17. 3 = 91 SB, 7. 2. 7 = 125 SB, 7. 13. 4 = 136 SB, 11. 2. 3 = 212 SB, 11. 7. 6 = 218 SB, 10. 4. 6 = 195 SB, 12. 18. 1 = 254 SB.

тема (пример бр. 162), поради прекумерна зборливост (пример бр. 163), поради наметнување на многу теми одеднаш (пример бр. 164) и слично. Извинувањата во писмата до Квинт и Долабела, се исто така употребени за да ја ублажат повредата на некои норми на пристојност, а не за да ја ублажат потенцијална закана по лицето на адресатот, како што е тоа случај во писмото до Плотиј Планк. Така, во примерот бр. 166 Кикерон му се извинува на Квинт поради тоа што не му испратил писмо порано, а во примерот бр. 167 му се извинува на Долабела за краткоста на писмото:[326]

(166) *his diebus ignosces; cui darem fuit nemo ante hunc M. Ofrium, equitem Romanum, nostrum et per <se> necessarium et qod est ex municipio Atellano, quod scis esse in fide nostra*. (*Q. fr. 2.* 13.(12) 3 = 17 SB)[327]

(167) *quod ut facias te etiam atque etiam rogo, ignoscasque brevitate litterarum mearum; nam et celeriter una futuros nos arbitror et nondum satis sum confirmatus ad scribendum*. (*Fam*. 9. 11. 2 = 250 SB)[328]

Во писмата до адресатите со кои Кикерон не бил во приватна лична епистоларна релација извинувањата се слични на извинувањето во писмото до Плотиј Планк. Без оглед на тоа како се јазично реализирани, дали со *ignosces* или со *velim (ut) mihi ignoscas*, тие не се обид за минимизирање на повреда на некоја норма на *decorum* како во писмата до Атик, Квинт или Долабела, туку обид за минимизирање на штета од чин кој го загрозува лицето на адресатот. Пример за извинување како стратегија на учтивост со ублажување во писма што не се производ на приватна лична епистоларна интеракција е и извинувањето на почетокот на едно писмо на препорака упатено до извесен Титиј. Со чинот на извинување во ова писмо Кикерон не само

[326] Види и *Q. fr. 1.* 2.12 = 2 (I. 2) SB и *ibid. 3.* 1. 7 = 21 SB. Примерот бр. 136 е единствен пример на извинување во писмо до Долабела.

[327] „За овие денови, ќе ми извиниш. Немав кому да му предадам писма пред да се појави овој Марк Орфиј, римски витез и мој близок од муникипиумот Атела, кој е под моја заштита."

[328] „Уште еднаш те молам да го направиш тоа и да ми извиниш за краткоста на моево писмо. Имено, се надевам дека наскоро ќе се сретнеме, а и сè уште не сум доволно заздравен за да пишувам писма."

што го загрозува сопственото лице за симболично да ја компензира заканата по лицето на адресатот, туку и се обидува да ја зголеми веројатноста дека барањето ќе му биде исполнето со тоа што го доведува во прашање интегритетот на адресатот. Имено, иако вистинската причина за извинувањето во писмото е тоа што Кикерон по трет пат му се обраќа на адресатот со истото барање - да го прифати *in amicitiam* Гај Авијан Флак, тој не се извинува за сопствената настојчивост, туку се извинува за тоа што адресатот, поради неговата настојчивост, може да добие впечаток дека Кикерон заборавил дека тој е човек кој поседува *constantia*:

(168) *Etsi non dubito quin apud te mea commendatio prima satis valeat, tamen obsequor homini familiarissimo, C. Avianio Flacco, cuius causa omnia cum cupio tum mehercule etiam debeo. de quo et praesens tecum egi diligenter, cum tu mihi humanissime respondisti, et scripsi ad te accurate antea; sed putat interesse sua me ad te quam saepissime scribere. qua re velim mihi ignoscas, si illius voluntati obtemperans minus videbor meminisse constantiae tuae*. (*Fam*. 13. 75. 1 = 60 SB)[329]

Кикерон овде му посочува на адресатот дека поради искуствата што ги стекнал со него мисли дека тој е човек што си стои на зборот, но во исто време суптилно му сугерира и дека оваа позитивна слика ќе биде уништена, доколку не го исполни барањето поради кое е напишано писмото. На тој начин, го мотивира адресатот да го направи тоа што од него се бара. Прифаќањето на Гај Авијан Флак *in amicitiam* е цената што тој треба да ја плати за да ја одбрани позитивната слика за себе. Извинувањето, оттаму, овде не е само стратегија на учтивост со ублажување, туку и стратегија за мотивирање на адресатот да го исполни барањето поради кое е напишано писмото.

---

[329] „Иако не се сомневам во тоа дека мојата прва препорака немала доволно влијание врз тебе, сепак му угодувам на мојот близок пријател Гај Авијан Флак, на кого не само што сум му благонаклонет, туку и навистина сум му должен. За него разговарав со тебе и лице в лице, кога ти ми одговори мошне љубезно, а и претходно детално ти пишав. Но, тој мисли дека е во негов интерес да ти пишувам колку што е можно почесто. Затоа би сакал да ти се извинам, ако добиеш впечаток дека јас, покорувајќи се на неговата волја, сум заборавил дека си човек што си стои на зборот.“

## Директиви

Поимот *директив* (directive) во лингвистиката за првпат стекнал статус на технички термин во класификацијата на говорните чинови на Серл. Со него авторот ги означува говорните чинови чија илокуторна цел се содржи во тоа што тие претставуваат обид од страна на говорителот да го натера слушателот да направи нешто (Searle, 1976: 11, 1979: 13). Овој обид може да биде „скромен", како, на пример во поканите и во предлозите, но може да биде и „жесток", како, на пример, во заповедите. Глаголи што упатуваат на тоа дека определен чин има статус на директив во англискиот се: *direct, request, ask, urge, tell, require, demand, command, order, forbid, prohibit, enjoin, permit, suggest, insist, warn, advise, recommend, beg, supplicate, entreat, beseech, invite, implore* и *pray* (Searle & Vanderveken, 1985: 39). Во групата на директиви, оттаму, според Серл и Вандервекен, влегуваат: заповедите, барањата, прашањата, забраните, препораките, молбите, предлозите, предупредувањата, поканите и советите. Повеќето од овие чинови во теоријата на неговиот претходник Остин немаат статус на посебен тип на перформативи, туку влегуваат во групата на т. н. *егзерцитиви*: искази со кои говорителот демонстрира моќ, право, власт или влијание (Austin, 1962: 154-6). Во типологијата на Риселада (Risselada, 1993), пак, директивите се дефинирани како говорни чинови за дејства кои се ориентирани кон адресатот. Прашањата, кои во класификацијата на Серл влегуваат во групата на директиви, во оваа типологија имаат третман на посебен тип на говорни чинови.

Иако постои директна врска меѓу директивите и императивот, ниту директивите јазично се реализираат само со императиви, ниту, пак, присуството на императив во определен исказ е сигурен показател дека тој исказ е директив. Директивите, исто како и другите говорни чинови, можат јазично да се реализираат со различни граматички и лексички средства. Во ова истражување предмет на анализа ќе бидат јазичните реализации на барањата и молбите, кои во

епистоларниот дискурс на Кикерон се почесто застапени од останатие типови на директиви. Прашањата ќе ги разгледуваме како посебен тип на говорни чинови. Барањата и молбите, со оглед на тоа што се разликуваат единствено во однос на степенот на заинтересираност што говорителот ја покажува за извршување на дејството содржано во пропозицизионалната содржина, ќе ги разгледуваме во исто поглавје.

### *Барања и молби*

Условите, кои според Серл е неопходно да бидат исполнети за да се реализираат барањата, подеднакво се применливи и за молбите. Имено, во првичната дескрипција на Серл барањата се говорни чинови чија реализација подразбира: а) дејство *x* што слушателот/адресантот треба да го изврши во иднина (*пропозициска содржина*), б) слушателот/адресантот да биде во состојба да го изврши дејството *x* и говорителот да верува дека е така; да не биде очигледно за говорителот и за слушателот/адресатот дека слушателот самоиницијативно ќе го изврши *x* (*подготвителни предуслови*), в) говорителот да сака слушателот да го изврши дејството *x* (*услов на искреност*) и г) да постои јазичен израз кој има вредност на обид да се натера слушателот/адресатот да го изврши *x* (Searle, 1969: 66). Во подоцнежните верзии на теоријата на говорните чинови барањата и молбите се третираат како говорни чинови кои се разликуваат само во однос на една нивна компонента, во т. н. *степен на сила на илокуторната цел* (*the degree of strength of illocutionary point*): имаат идентична илокуторна цел - да го натераат слушателот да направи нешто, но во молбите степенот на сила на илокуторната цел е поголем отколку во барањата (Searle & Vanderveken, 1985: 15). За блискоста на барањата и молбите и за неможноста на оној кој не е роден говорител на латинскиот јазик секогаш лесно да препознае дали определен чин е барање или молба, сведочи тоа што што низа глаголи во латинскиот јазик во лексиконите се опишани како глаголи кои значат и *барам*, но и *молам*, а понекогаш и *прашувам* (*e. g. peto,*

*rogo, quaeso etc*.). Од друга страна, парентетичката употреба на *quaeso*, која може да упатува на статусот на определен чин на молба, не е сигурен показател за таквиот статус на говорниот чин, бидејќи парентезата *quaeso*, покрај во директиви, се јавува и во прашања, предупредувања или извинувања.

Во теоријата на учтивост на Браун и Левинсон барањата се вбројуваат во групата на чинови што во исто време го загрозуваат и лицето на соговорникот и лицето на говорителот (Browon & Levinson, 1987: 76). Тие, пред сè, го загрозуваат негативното лице на соговорникот, бидејќи со нивното изведување говорителот покажува дека има намера да ја ограничи слободата на дејствување на соговорникот. Со оглед на тоа што говорителот со барањето ризикува да биде одбиен и обвинет од адресатот за дрскост, тој со изведувањето на барањето потенцијално го загрозува и сопственото позитивно лице. Секој разумен говорител на определен јазик при реализацијата на сите чинови што го загрозуваат лицето (FTA) избира јазични стратегии со кои настојува заканата по лицето да ја сведе на минимум. Анализите на стратегиите за реализација на барањата во англискиот јазик упатуваат на тоа дека овие говорни чинови почесто се реализираат на индиректен отколку на директен начин (Holtgraves, 2002: 21). Причините за ова лежат во тоа што говорителот најмногу во барањата и во молбите настојува да покаже дека „ги признава и ги почитува потребите на негативното лице на соговорникот и дека нема да ја попречува слободата на дејствување на соговорникот“ (Brown & Levisnon, 1987: 70). Изборот на јазични стратегии за реализација на сите чинови кои се парадигма за негативна учтивост, па оттаму и на барањата и на молбите, според Браун и Левинстон, зависи од сериозноста или од т. н. „тежина“ (weightiness) на конкретниот чин (*ibid*. 76, *passim*). Говорителите тежината на чинот ја проценуваат врз основа на три параметри: општествената дистанца меѓу соговорниците (*social distance*), моќта што слушателот ја има врз говорителот (*power*) и тоа каква тежина му се дава на наметнувањето во определена

култура (*rating of imposition*).[330] Генерално, заканата за лицето е поголема во услови кога меѓу соговорниците постои поголема општествена дистанца, кога едниот од соговорниците има поголема моќ од другиот или кога постои поголемо наметнување.

Во писмата најфреквентни се директивите со кои Кикерон го поттикнува адресатот на понатамошна епистоларна интеракција. Овие директиви можат да имаат формат на барање или на молба. За блискоста меѓу овие два типа на директиви, кои, како што веќе споменавме, се разликуваат единствено во однос на степенот на сила на илокуторната цел, сведочат следните употреби, од кои првата е парадигма за барање, а втората е парадигма за молба:

(169) *Tu, mi Volumni, quoniam et instituisti et mihi vides esse gratum, scribe ad me quam saepissime de rebus urbanis, de re publica*. (*Fam*. 7. 32. 3 = 113 SB)[331]
(170) *tu, quaeso, crebro ad me scribe vel quod in buccam venerit*. (*Att*. 7. 10. 1 = 133 SB)[332]

Двата директиви во примерите погоре имаат идентична илокуторна цел: да го натераат адресатот, во првиот пример Волумниј, а во вториот Атик, да ја продолжи епистоларната интеракција. Се разликуваат во однос на степенот на сила на илокуторната цел - во примерот бр. 170, кој е парадигма за молба, степенот на сила на илокуторната цел е поголем отколку во примерот бр. 169, кој е пример за барање. Показател за повисокиот степен на илокуторна сила во примерот бр. 170 е парентезата *quaeso* „те молам“. И барањето и молбата јазично се реализирани со императивот на презент *scribe* „пиши“.

Анализата на директивите со кои Кикерон го поттикнува адресатот на понатамошна епистоларна интеракција говори дека овие говорни чинови најретко се реализираат со императив

[330] Види подетално Brown & Levinson, 1987: 76-84.
[331] „Ти, мој Волумниј, бидејќи веќе почна да го правиш тоа, а и бидејќи гледаш дека тоа мене ми е драго, пишувај ми што почесто за приликите во Рим, за Републиата.“
[332] „Ти, те молам, пишувај ми често и за сѐ што ќе ти падне на памет.“

на презент, како во двата примери погоре. Во целиот корпус *scribe* се среќава само 19 пати, од кои дури 17 пати во писмата до Атик. Дел од овие употреби не претставуваат директиви, туку прашања.[333] Повообичаени јазични средства од императивот на презент за реализација на директивите од овој тип се барателните реченици со *coniunctivus optativus* (*velim mihi* / *ad me scribas*...) и декларативните реченици со футур I од *scribere*:

(171) *Tu velim ad me quam saepissime et de tuis rebus scribas et de meis et de omni rei publicae statu*. (*Fam*. 3. 8. 10 = 70 SB)[334]
(172) *scribes igitur quicquid audieris*. (*Att*. 15. 13. 2 = 416 SB)[335]

Покрај *scribere* во јазичните реализации на директивите, со кои Кикерон бара од адресатот да му пишува, се среќаваат и изразите *facere certiorem* и *facere (ut) sciam*. И овој тип на директиви се реализираат со императив на презент, со барателни реченици со оптативен конјунктив и со декларативни реченици со футур I:

(173) *fac, si vides quantis in malis iaceam et si putas esse humanitatis tuae, me fac de tota causa certiorem*. (*Att*. 3. 18. 2 = 63 SB)[336]
(174) *tu me velim de ratione Gallici belli certiorem facias*. (*Fam*. 7. 18. 1 = 37 SB)[337]
(175) *De gladiatoribus, de ceteris quae scribis ἀνεμοφόρητα, facies me cottidie certiorem*. (*Att*. 13. 37. 4 = 346 SB)[338]

---

333 Разликата меѓу директивите и прашањата кои се јазично реализирани со *scribe* е очигледна ако ги споредиме примерите бр. 166 и 167 со следните два примери, кои се пример за употребата на императивот *scribe* во прашања: *qui de re publica rumores scribe, quaeso*. (*Att*. 5. 3. 1 = 96 SB) „ Пиши ми, те молам, за тоа какви се гласините за Републиката." или *modo scribe aliquando ad nos quid agas et a nobis quid fieri aut curare velis*. (*Fam*. 7. 12. 2 = 35 SB) „Пиши ми веќе еднаш за тоа што правиш, што би сакал јас да направам и за што да се погрижам."
334 „Би сакал што почесто да ми пишуваш за твоите работи, за моите и за целокупната ситуација во Републиката."
335 „Ќе ми пишеш за сè што ќе чуеш."
336 „Ако гледаш во колкава невола сум и ако мислиш дека твојата човечност те обврзува да го сториш тоа, извести ме за целиот случај."
337 „Би сакал да ме известиш за текот на Галската војна."
338 „За гладијаторите и за останатите работи што ги нарекуваш *trifles light as air*, ќе ме известуваш секојдневно."

Барателните реченици со императив на презент или со оптативен конјунктив и декларативните реченици со футур I се вообичаени јазични средства за реализација и на другите типови на барања/молби. Барателните реченици со императив на презент, кои, според Риселада, се јавуваат во помалку од една четвртина од директивите во Кикероновата преписка (Risselada, 1993: 110), најчесто се среќаваат во писмата до Атик, односно во писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција со многу висок степен на блискост меѓу кореспонеднтите. Сепак, овој тип на барателни реченици не можат да се третираат како типично средство за јазична реализација на директиви во писма до кореспонденти со кои Кикерон бил во приватна лична епистоларна интеракција со висок степен на блискост, прво, бидејќи писмата до Атик се најбројни од писмата упатени до еден ист адресат, и второ, бидејќи и во овие писма, барателните реченици со оптативен конјунктив се повообичаено средство за јазична реализација на барањата од барателните реченици со императив на презент. Барателните реченици со оптативен конјунктив се среќаваат подеднакво често и во писмата што се производ на епистоларни интеракции со понизок степен на блискост меѓу кореспондентите. Во овој тип на писма, покрај со барателни реченици со оптативен конјунктив, директивите јазично се реализирани и со перформативни изрази, односно со изрази кои ги содржат глаголите *petere* или *rogare*, употребени во прво лице еднина индикатив на презент активен. Помалку типичен начин за реализација на барањата се употребите во кои барањето е формулирано како желба. Пример за ваков тип на барања е формулацијата *ardeo cupiditate incredibili neque, ut ego arbitror, reprehendenda nomen ut nostrum scriptis illustretur et celebretur tuis* „горам од неверојатна желба, која, според мене, не треба да биде потисната, моето име да биде возвеличено и прославено во твоите писанија" (*Fam.* 5. 12. 1 = 22 SB), формулација која се среќава во досега повеќепати споменатото писмо до Лукеј. Овој

тип на јазични реализации на барањата се среќава исклучиво во писмата од формален карактер.

За директивите во писмата од поформален карактер е карактеристично тоа што, без оглед на тоа како се јазично реализирани, дали со барателна реченица со оптативен конјунктив, со перформативен израз или со израз на желба, во директивот се многу често инкорпорирани изрази со кои Кикерон настојува заканата по негативното лице на адресатот да ја сведе на минимум. Вообичаени вакви изрази се: *quod sine molestia tua facere posis* „доколку можеш да го направиш тоа без непријатности по тебе" (*Fam.* 13. 35. 2 = 306 SB), *quibus rebus honeste et pro tua dignitate poteris* „во оние работи во кои можеш [да го направиш тоа] без да ги загрозиш твојата чест и твојата позиција" (*Fam.* 13. 31. 1 = 302 SB) *si pateris* „ако дозволиш" (*Fam.* 9. 13. 3 = 311 SB) и слични. Со употребата на овие изрази Кикерон покажува дека ги признава и дека ги почитува потребите на негативното лице на адресатот. Парадигма за јазичните реализации на барањата во писмата од овој тип се следните употреби:

(176) *Quapropter velim honoris mei causa, quibus rebus honeste et pro tua dignitate poteris, quam honorificentissime et quam liberalissime C. Flavium tractes. id mihi sic erit gratum, ut gratius esse nihil possit;* (*Fam.* 13. 31. 1 = 302 SB)[339]

(177) *Peto igitur abs te, ut omnibus rebus, quod sine molestia tua facere possis, ei commodes habeasque in numero tuorum perficiasque, ut intelligat has litteras meas magno sibi usui fuisse: erit id mihi maiorem in modum gratum.* (*Fam.* 13. 35. 2 = 306 SB)[340]

[339] „Поради оваа причина, би сакал од почит кон мене да се однесуваш кон Гај Флавиј со колку што е можно поголема почит и срдечност, во однос на сите работи во кои можеш да го направиш тоа без да ги загрозиш твојата чест и твојата позиција. За ништо друго не можам да ти бидам повеќе благодарен."

[340] „Затоа, барам од тебе да му излезеш во пресрет за сите работи во кои можеш тоа да го сториш без непријатности по тебе, да го сметаш за свој пријател и да сториш сè за да сфати дека ова мое писмо му било од голема корист. За тоа ќе ти бидам исклучително благодарен."

Во писмата што се производ на епистоларна интеракција со понизок степен на блискост меѓу кореспондентите, особено во писмата на препорака, барањата, како што може да се види и од примерите погоре, честопати се проследени и со изрази од типот *erit id mihi maiorem in modum gratum* „за тоа ќе ти бидам исклучително благодарен“ (*Fam*. 13. 16. 4 = 316 SB, 13. 78. 2 = 273 SB *etc*.), *erit mihi vehementer gratum* / *id mihi vehementer gratum erit* „за тоа ќе ти бидам многу благодарен“ (*Fam*. 13. 37. 1 = 308 SB, 13. 39. 1 = 310 SB *etc*.) или *id mihi sic erit gratum, ut gratius esse nihil possit* (*Fam*. 13. 31. 1 = 302 SB). Честопати во овој тип на писма директивот има формат на хипотетички период во кој барањето е изложено во аподозата, а протазата претставува израз на однапред искажана благодарност:[341]

(178) *Id si correxeris, mihi valde gratum erit*. (*Fam*. 3. 6. 6 = 69 SB)[342]

(179) *Vehementer mihi gratum feceris, si, quibuscumque rebus sine tua molestia poteris, ei commodaris. Quod ut facias te vehementer etiam atque etiam rogo*. (*Fam*. 13. 70. 1 = 298 SB)[343]

Во писмата од поформален карактер честопати во барањата, повторно без оглед на тоа како се јазично реализирани, инкорпорирани се и изрази кои се очигледна манифестација на желбата на Кикерон да ја сведе на минимум потенцијалната закана не само по негативното лице на адресатот, туку и потенцијалната закана по сопственото позитивно лице. Типични вакви изрази се изразите во кои авторот бара од адресатот да го исполни барањето содржано во пропозицијата повикувајќи се на взаемното пријателство, благонаклоност и почит или повикувајќи се на почитта на адресатот кон него. Овие изрази често се јавуваат паралелно со изразите што се манифестација на потребата на авторот за зачувување на негативното лице на

[341] Освен посочениот пример види и: *Fam*. 9. 25. 3 = 114 SB, 13. 46. 1 = 272 SB, 13. 15. 3 = 317 SB, Att. 16. 2. 6 = 412 SB.

[342] „Ако го поправиш тоа, ќе ти бидам благодарен.“

[343] „Ќе ти бидам исклучително благодарен, ако нему му излезеш во пресрет, во сите работи во кои можеш да го сториш тоа без да имаш непријатности. Настојчиво те молам и барам од тебе да го направиш ова.“

адресатот, за кои говоревме погоре. Ваков израз, на пример, во фрагментот бр. 173, кој го посочивме како парадигма за барање во кое е присутен израз со кој Кикерон покажува дека ги почитува потребите на негативното лице на адресатот, е изразот *honoris mei causa* „од почит кон мене". Други вакви изрази се: *pro nostra summa coniunctione* „во име на нашата голема блискост" (*Fam*. 3. 2. 1 = 65 SB, 13. 7. 5 = 320 SB), *pro nostra (summa) necessitudine* „во име на нашето (големо) пријателство" (*Fam*. 13. 11. 2 = 278 SB, 13. 4. 4 = 318 SB *etc*.), *pro nostra amicitia* „во име на нашето пријателство" (*Fam*. 13. 77. 3 = 212 SB), *pro vetere nostra necessitudine* „во име на нашето долгогодишно пријателство" (*Fam*. 13. 72. 2 = 273 SB) и слични. Ваквите изрази обично се инкорпорирани во барања што се јазично реализирани со перформативни искази и со барателни реченици со оптативен конјунктив:

(180) *a te maximo opere pro nostra summa coniunctione tuaque singulari humanitate etiam atque etiam quaeso et peto ut quibuscumque rebus poteris (poteris autem pluribus) prospicias et consulas rationibus meis*. (*Fam*. 3. 2. 1 = 65 SB)[344]

(181) *illud quod polliceris velim pro tua fide diligentiaque et pro nostra non instituta sed iam inveterata amicitia cures <et> enitare, ut supplicatio nobis quam honorificentissime quam primumque decernatur*. (*Fam*. 3. 9. 4 = 72 SB)[345]

Фреквентната употреба на барателни реченици со оптативен конјунктив во писма што се производ на различни типови на епистоларни интеракции сугерира дека барателните реченици со оптативен конјунктив во времето на доцната Република биле конвенционално средство за реализација на барања/молби. Тоа што овој тип на реченици се јавуваат и во писма што се

---

[344] „Во име на нашата голема блискост и во име на твојата исклучителна човечност, настојчиво те молам и настојчиво барам од тебе со сите средства што ти стојат на располагање (а ти стојат многу) да преземеш мерки и да размислиш за моите интереси."

[345] „Би сакал, во име на твојата исполнителност и ревносност и во име на нашето пријателство, кое не е од вчера, туку е дамнешно, да се погрижиш и да се заложиш за она што го вети – да се донесе одлука во моја корист и колку што е можно побрзо да се донесе одлука за мојата молба."

производ на епистоларни интеракции со висок степен на блискост меѓу кореспондентите недвосмислено говори дека речениците со *velim* и оптативен конјунктив, како што забележува и Риселада (Risselada, 1993: 292), не претставувале средство за реализација на учтиви барања/молби. Нашата анализа укажува на тоа дека барањата/молбите во писмата што се производ на различни типови на епистоларни интеракции не се разликуваат значајно во однос на изборот на средства со кои се реализира самото барање/молба. Имено, и покрај тоа што може да се каже дека постои некаква генерална тенденција, сепак, сите досега споменати јазични реализации се среќаваат и во барања/молби кои не припаѓаат во некоја од категориите писма во кои одреден тип на јазична реализација е најзастапен. Така, на пример, перформативните искази, и покрај тоа што, генерално, почесто се среќаваат во писма што се производ на епистоларни интеракции со понизок степен на блискост меѓу адресатите, се јавуваат и во барања/молби кои се среќаваат во писма што се производ на епистоларна интеракција со висок степен на блискост меѓу адресатите.

Барањата/молбите во писмата кои се производ на различни типови на епистоларни интеракции се разликуваат повеќе во однос на присуството/отсуството на средства за ублажување на заканата по негативното лице на адресатот. Имено, во писмата што се производ на епистоларни интеракции со висок степен на блискост меѓу кореспондентите, какви што се, на пример, писмата до Атик, Квинт или Теренција, евидентно е отсуството или многу помалото присуство на вакви средства за ублажување на заканата по лицето на адресатот. Во писмата, пак, што се производ на епистоларни интеракции со понизок степен на блискост меѓу кореспондентите, Кикерон применува бројни стратегии за минимизирање на заканата по лицето на адресатот. Вообичаена ваква стратегија, како што веќе споменавме, е праксата на Кикерон во барањата/молбите да инкорпорира изрази со кои се повикува на взаемното пријателство, благонаклоност или почит. Стратегиите за минимизирање на

заканата по лицето на адресатот не се присутни само на планот на микроструктурата, т.е. во самата јазична реализација на чинот на барање/молба, туку и на планот на макроструктурата. Имено, многу писма од поформален карактер се состојат од еден главен чин кој претставува барање/молба и од низа од чинови кои имаат помошен статус во однос на овој главен чин. Така, во едно писмо до магистратите на Фабретерија Ветус Кикерон го „подготвува“ адресатот/адресатите за барањето што следи на следниот начин:[346]

(182) *Tantae mihi cum Q. Hippio causae necessitudinis sunt ut nihil posit esse coniunctius quam nos inter nos sumus. Quod nisi ita esset, uterer mea consuetudine, ut vobis nulla in re molestus essem. Etenim vos mihi optimi testes estis, cum mihi persuasum esset nihil esse quod a vobis impetrare non possem, nunquam me tamen gravem vobis esse voluisse.* (*Fam*. 13. 76. 1 = 62 SB)[347]

Еден вид на стратегија за минимизирање на заканата по лицето на адресатот предизвикана од барање/молба претставуваат извинувањата, кои во некои писма му претходат на говорниот чин барање. Парадигма за овој вид стратегија е фрагментот бр. 165, кој го посочивме како пример за извинување поради самиот чин на обраќање. Во многу писма, особено во писма на препорака, Кикерон настојуба да ја ублажи заканата по лицето на адресатот, предизвикана од барањето, укажувајќи на тоа дека извршувањето на барањето ќе биде многу полезно и за адресатот. Во писмата од поформален карактер честопати се присутни неколку од споменатите стратегии.

Како што веќе истакнавме, барањата и молбите се разликуваат единствено во однос на една компонента - степенот

[346] Покрај фрагментот под бр. 182, види, на пример, уште и *Fam*. 13. 56. 1 = 131 SB и 13. 50. 1 = 266 SB.

[347] „Има толку многу нешта што ме поврзуваат со Квинт Хипиј, што ниту едно пријателство не може да биде поблиско од нашето. Да не беше така, ќе постапев како и обично - немаше да ви додевам за ниту една работа. Имено, вие сте најдобар сведок за тоа дека јас, иако добро знаев дека не постои ниедна работа што не можам да ја издејствувам од вас, сепак никогаш не сакав да ве оптоварувам.“

на сила на илокуторната цел (*the degree of strength of illocutionary point*): во молбите степенот на сила на илокуторната цел е поголем отколку во барањата (Searle & Vanderveken, 1985: 15). Во однос на сите други компоненти, барањата и молбите се идентични. Вообичаени показатели за повисокиот степен на сила на илокутоторна цел во писмата се перформативните глаголи *quaeso, rogo, oro, obsecro* и *obtestor* „те молам", кои честопати се употребени парентетички. Во многу случаи овие перформативни глаголи се јавуваат паралелно со други слични перформативи: *te oro et obscero* (*Att*. 3. 19. 3 = 64 SB, 10. 9A 1 = 200 A, *Fam*. 8. 16. 1 = 153 SB), *a te peto vel potius omnibus te precibus oro et obtestor* (*Att*. 9. 11A 3 = 178 A SB) *quaeso et peto* (*Fam*. 3. 2. 1 = 65 SB), *te obtestor atque obsecro* (*Att*. 11. 1. 1 = 211 SB), *oro obtestorque* (*Fam*. 6. 22. 2 = 221 SB) *etc*. Многу често степенот на сила на илокуторната цел е засилен и со изразите *(te vehementer) etiam atque etiam rogo* (*Fam*. 2. 7. 4 = 107 SB, 9. 11. 2 = 250 SB, 7. 21. 1 = 332 SB, *Att*. 11. 12. 2 = 223 SB, 12. 6. 2 = 306 SB, *Q. fr*. 1. 2. 11 = 2 SB *etc*.), *etiam atque etiam oro* (*Att*. 11. 1. 2 = 211 SB), *etiam atque etiam quaeso et peto* (*Fam*. 3. 2. 1 = 65 SB) *etc*. При анализата на овие употреби паѓа во очи тоа што тие почесто се среќаваат во писма што се производ на епистоларна интеракција со повисок степен на блискост меѓу кореспондентите, отколку во писма од поформален карактер. Ова јасно говори дека примената на говорните чинови што се одликуваат со повисок степен на сила на илокуторната цел во Кикероновите писма не е мотивирана од учтивост.

### *Прашања*

Прашањата се говорни чинови со кои говорителот го повикува адресатот да изнесе опис на состојба на настани или да потврди или одрече некое тврдење. Во однос на илоктурната цел прашањата се идентични со директивите – со нив говорителот го наведува слушателот да се однесува на определен начин. Се разликуваат од директивите во однос на тоа што дејството што говорителот го наведува слушателот да го изведе е вербално. Најдиректен начин за реализација на овој тип на говорни чинови

се прашалните реченици, кои најчесто се јавуваат во писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција со висок степен на блискост меѓу кореспондентите. Фрагментот бр. 183 е од писмо до Терентија, а фрагментот бр. 184 од писмо до Атик:

(183) *nunc miser quando tuas iam litteras accipiam? quis ad me perferet?* (*Fam.* 14. 4. 5 = 6 SB)[348]

(184) *Sed quid est, quaeso, quod agripetas Buthroti concisos audio? quid autem Plancus tam cursim (ita enim audebam) diem et noctem? sane cupio scire quid sit.* (*Att.* 16. 1. 2. = 409 SB)[349]

Прашалните реченици се вообичаен начин за реализација на говорниот чин прашање и во писмата во кои Кикерон пренесува директен говор. Оваа пракса е исто така вообичаена исклучиво во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција со висок степен на блискост меѓу кореспондентите.[350] Повообичаен начин за реализација на говорниот чин прашање и во писмата што се производ на епистоларна интеракција со висок степен на блискост, како и во писмата што се производ на другите типови на епистоларни интеракции се императивот на презент во 2 лице еднина од *verba dicendi* (*scribe, narra, dic etc.*) зад кој следи зависно прашална реченица, барателните реченици со оптативен конјунктив од типот *velim scribas ad me quid agas* „би сакал да ми пишеш што правиш“ или *velim facias me certiorem quid agas* „би сакал да ме известиш што правиш“ и декларативните реченици со футур I во второ лице еднина од глагол на говорење. Како што може да се забележи, граматичките средства кои Кикерон ги применува за реализација на прашањата се идентични со оние што ги применува и за реализација на барањата/молбите. Во однос на јазичната реализација, прашањата се разликуваат од

[348] „Сега јас, кутар, кога ќе добијам писма од тебе? Кој ќе ми ги донесе?“

[349] „Туку, те молам, што е ова што слушам дека колонисите биле разбиени во Бутрот? Зошто Планк толку многу брзал и, како што слушам, патувал и дење и ноќе?“ Баш сакам да знам што е работата.

[350] Види, на пример, *Att.* 1. 16. 10 = 16 SB, 7. 1. 4 = 124 SB.

барањата/молбите, главно, во однос на изборот на лексички средства и во однос на тоа што зад секој од споменатите граматички облици од глагол на говорење следи зависно прашална реченица. Парадигма за споменатите јазични реализации на прашањата во епистоларниот дискурс се следните фрагменти:

(185) *scribe, quaeso, quid referat Celer egisse Caesarem cum candidatis, utrum ipse in Fenicularium an in Martium campum cogitet*. (*Att*. 12. 8. 1 = 245 SB)[351]

(186) *Tu me velim certiorem facias quid de meis mandatis egeris, atque etiam quid de tuo negotio;* (*Att*. 1. 15. 1 = 15 SB)[352]

(187) *Hirti epistulam si legeris, qua mihi quasi πρόπλασμα videtur eius vituperationis quam Caesar scripsit de Catone, facies me quid tibi visum sit, si tibi erat commodum, certiorem*. (*Att*. 12. 41. 4 = 283 SB)[353]

Покрај споменатите три типа на јазични реализации на прашањата, во епистоларниот дискурс се среќаваат и прашања кои се јазично реализирани како желби: *cupio scire quid agas et ubi sis hiematurus* „сакам да знам што правиш и каде ќе ја минеш зимата" (*Fam*. 7. 9. 1 = 30 SB), *valde aveo scire quid agas* „многу сакам да знам што правиш" (*Att*. 1. 15. 2 = 15 SB), *volo etiam de naufragio Caniniano scire quid sit* „сакам исто така да знам што е работата со бродоломот на Каниниј" (*Att*. 12. 44. 3 = 285 SB), *sane cupio scire quid sit* „баш сакам да знам што се случува" (*Att*. 16. 1. 2. = 409 SB) *etc*. Овој тип на јазични реализации на говорниот чин прашање обично се јавува на крајот од писмата и честопати следи зад низа од неколку прашања реализирани на некој од погоре споменатите начини. Прашањата, главно, се среќаваат во писма што се производ на епистоларни интеракции со висок степен на блискост меѓу адресатите.

---

351 „Те молам пиши ми за тоа што раскажува Келер за тоа што направил Кајсар со кандидатите и дали мисли да дојде на Феникулското или на Марсовото поле."

352 „Би сакал да ме известиш за тоа што си направил со тоа што ти го доверив и што се случува со твојата работа."

353 „Кога ќе го прочиташ писмото на Хиртиј, кое мене ми личи на драфт на прекорот кон Катон што го напишал Каесар, ако сакаш, ќе ми кажеш што мислиш."

Реторичките прашања во класификацијата на Риселада имаат третман на гранични случаи меѓу асертиви и прашања. Тие, и покрај тоа што од аспект на формата претставуваат прашања, се слични со асертивите, бидејќи со нив говорителот не го повикува адресатот да изнесе опис на состојба на настани или да потврди или отфрли определено тврдење, како во вистинските прашања, туку со нив говорителот изнесува сопствено тврдење. И покрај тоа што од формален аспект претставуваат прашања, од нив не се очекува одговор, бидејќи одговорот е содржан со самото прашање.[354] Реторичките прашања во јазичниот корпус почесто се среќаваат во писмата што се производ на епистоларни интеракции со повисок степен на блискост меѓу кореспондентите. Нивните јазични реализации овде нема да ги разгледуваме, зашто овој тип на говорни чинови има стабилен облик: секогаш јазично се реализира со прашална реченица.

---

[354] Во античката реторика реторичките прашања се вбројуваат меѓу фигурите на мислата (figurae sententiarum, σχήματα διανοίας. Види Quint. *Inst.* 9. 2, 14.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Епистоларниот дискурс на Марк Тулиј Кикерон настанал во период на исклучително развиена епистолографска пракса. Показател за тоа се неговата мошне стабилна структура и јазичните реализации на некои од задолжителните схематски категории на писмата. Покрај конзистентноста во следењето на определени очигледно општо прифатени епистоларни конвенции, потврда за тоа се и бројните сведоштва за доброто функционирање на механизмите за доставување на писмата и бројните *obiter dicta* за писмото како жанр и за видовите писма во самите писма. Без оглед на тоа што е неизвесно дали овие теориски согледби биле дел од систематизирана теорија, фактот што во времето кога настанал Кикероновиот епистоларен дискурс веќе се размислувало за писмото како жанр, говори дека праксата на пишување писма, барем во круговите на римската аристократија, била мошне развиена.

Задачата што си ја поставивме на почетокот на ова истражување беше да направиме дескрипција на метаструктурата, макроструктурата и микростурктурата на епистоларниот дискурс на Кикерон. Со терминот *метаструктура* го означивме влијанието на вон-јазичните фактори врз конституирањето и регулацијата на дискурсот: што е тоа што довело до негово конституирање и кои вон-јазични фактори имале клучна улога во регулацијата на епистоларните интеракции чиј производ се писмата зачувани во четирите збирки. Овие екстра-лингвистички фактори, кои се универзални за секој тип на епистоларен дискурс, без оглед на традицијата на којашто тој ѝ припаѓа, ги поделивме во две групи и ги означивме со термините *конститутивни* и *регулативни детерминанти*. Статус на конститутивни детерминанти им припишавме на оние вон-јазични фактори што претставувале *condicio sine qua non* за отпочнување на Кикероновите епистоларни интеракции, и, оттаму за настанување на

производот на овие епистоларни интеракции – писмата. Издвоивме три конститутивни детерминанти: *физичка одвоеност меѓу Кикерон и неговите адресати*, *желба да се предизвика реакција* и *примена на пишан медиум*. Физичката одвоеност од пријателите, членови на семејствотото, политичките сојузници или опоненти, е примарниот фактор што довел до воспоставување на секоја од епистоларните релации чиј производ се писмата зачувани во четирите збирки: двигател на преписката меѓу Кикерон и неговиот најчест адресат, Тит Помпониј Атик, била физичката одвоеност меѓу Кикерон и Атик до која дошло поради тоа што Атик во периодот меѓу 88 и 86 год. пр. н. е. го напуштил Рим и се преселил во Атина, каде што останал до крајот на животот; преписката меѓу Квинт и Кикерон е резултат на физичката одвоеност на двајцата браќа до која дошло во три наврати - за време на престојот на Квинт во Азија, каде што во периодот меѓу 61 и 59 год. пр. н. е. бил проконзул, за време на принудното отсуство на Кикерон од Рим во периодот на неговиот егзил во 58 и 57 год. пр. н. е. и за време на престојот на Квинт во Британија, каде што во 54 год. пр. н. е. го придружувал Каесар како негов легат; писмата до Теренција и до семејството настанале поради отсуството на Кикерон од Рим за време на периодот на неговиот егзил, за време на престојот во провинцијата Киликија, каде што заминал во 61 пр. н. е. за да ја извршува функцијата на проконзул, и од периодот кога по избувнувањето на граѓанската војна во 49 год. пр. н. е. заминал од Рим за да им се придружи на војските на Помпеј; физичката одвоеност на Кикерон и Тирон, кој од здравствени причини не можел секогаш да патува заедно со Кикерон, е двигател на писмата до Тирон; писмата до Брут се резултат на физичката одвоеност меѓу Кикерон и Брут, до која дошло по мартовските Иди, кога Брут заминал во Македонија *etc*. Желбата на Кикерон да предизвика определена реакција кај отсутниот друг е втората конститутивна детерминанта на неговиот епистоларен дискурс. Реакциите што имал намера да ги предизвика при комуникацијата *in absentia* соодветствуваат на реакциите што би ги предизвикал во услови на можност за

комуникација лице во лице. Рефлексија на оваа примарна конативна или апелативна функција на епистоларниот дискурс во писмата се прашањата, барањата, молбите, извинувањата, вокативите, употребата на второ лице и на сите други елементи на интеракција. Во некои писма отпочнувањето на епистоларната интеракција не е мотивирано од желбата за исполнување на некоја конкретна практична цел (прашање, барање, молба *etc.*), туку од желбата да се создаде привид на присуство само заради потребата од присуство. Овие писма се супститут на посакуваната, а поради физичката изолација невозможна, присутност. Нивната функција е да ја одржат релацијата меѓу физички раздвоените субјекти. Реакцијата што Кикерон настојува да ја предизвика со овие писма е когнитивна: сака да му даде до знаење на адресатот дека му недостасува неговото присуство, дека мисли на него и сл. Третата конститутивна детерминанта, примената на пишан медиум, има статус на конститутивна детерминанта поради фактот што егзистенцијата на писмото како средство за комуникација би била невозможна без постоењето на овој медиум. Пишаниот медиум, во таа смисла, претставува средство за надминување на ограничувањата што ги наметнуваат физичката одвоеност и неможноста за предизвикување реакција со примена на устен медиум. Пишаниот медиум наметнува и некои ограничувања кои се рефлектираат врз самиот епистоларен дискурс. Фактот што писмата биле напишани на опиплив медиум, папирус свиткан во ролна и запечатен со восок, кој требало да физички да се пренесе до адресатот со посредство на трето лице (*tabellarius*), на истиот начин и за истото време што му било потребно на човек да стигне од едно до друго место преку копно или преку море, влијаел врз тоа праксата на пишување писма да биде проследена со постојан страв од љубопитноста на доставувачот, од можноста тој да биде ограбен или убиен. Свесен за овие опасности, Кикерон бил претпазлив и при изборот на епистоларните содржини и при начинот на нивна презентација. Ова е најочигледно во писмата до Атик, во кои можат да се

мапираат низа стратегии за надминување на потенцијалните опасности. Една од вообичаените мерки на претпазливост и воедно, една од највпечатливите одлики на писмата до овој адресат, е промената на јазичниот код (code-switching). Други мерки на претпазливост се употребата на метафори, алузии, елиптични реченици и прекари.

Со терминот *регулативни детерминанти* ги означивме вонјазичните фактори коишто ја регулираат епистоларната интеракција. Издвоивме пет: *принцип на социјалност, принцип на реципрочна размена, принцип на поттикнување на интеракција, принцип на заеднички коефициенти* и *принцип на моделирање на стварност*. Принципот на социјалност произлегува оттаму што епистоларниот дискурс, повеќе од кој било друг тип на дискурс, е ориентиран кон реципиентот. Со оглед на тоа што овој принцип влијае врз начинот на којшто авторот ја гради макроструктурата и микроструктурата на писмото повеќе од другите регулативни детерминанти, тој во нашето истражување беше параметар за прелиминарна поделба на писмата. Издвоивме четири степени на реализација на принципот на социјалност: *приватна лична епистоларна интеракција, приватна семејна епистоларна интеракција, приватна дистанцирана епистоларна интеракција* и *службена епистоларна интеракција*. Анализата на манифестациите на принципот на социјалност во писмата што ги поместивме во првите две групи укажа на тоа дека писмата што се производ на овие два степени на реализација на принципот на социјалност треба да се третираат како писма што припаѓаат на еден ист вид. Имено, во писмата што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција (*јас-вие, ние-ти*), интеракцијата само формално се воспоставува меѓу повеќе од двајца субјекти, а реалните учесници во неа се само двајца. Показател за тоа се предикатите, императивите и личните заменки во второ лице еднина и вокативите во еднина. На присуството на повеќе учесници во интеракцијата во овие писма упатуваат само уводните и завршните поздравни формули и во некои писма спорадичната употреба на вокатив

множина. Како најсложени за идентификација се покажаа писмата што се производ на приватната дистанцирана епистоларна интеракција и на службена епистоларна интеракција. Ова се должи, пред сè, на фактот што во корпусот постојат многу писма што Кикерон ги напишал како *persona privata*, но немаат целосно приватен карактер за да се третираат како приватни писма, а не се ни службени во вистинска смисла на зборот. Условно, во групата на писма што се производ на *приватна дистанцирана интеракција* ги поместивме писмата што е очигледно дека Кикерон ги напишал во својство на приватно лице. Во групата, пак, на типични писма што се производ на *службена интеракција* ги вброивме писмата до Сенатот и магистратите, кватуорвирите и декурионите, и писмата што ги напишал до различни негови *collegae* во својство на проконзул на Киликија. Оваа прелиминарна поделба повеќе има функција да укаже на значењето на принципот на социјалност во конституирањето на епистоларниот дискурс, отколку да даде насоки за тоа какво е секое од Кикероновите писма. Понатамошниот тек на истражувањето покажа дека манифестацијата на принципот на социјалност е значаен, но не може да биде единствен критериум за класификација на писмата, бидејќи во јазичниот корпус има многу писма за кои е очигледно дека треба да се третираат како посебен вид, иако тоа што ги ги издвојува како такви не е манифестацијата на принципот на социјалност, туку нивната функција. Издвојувањето на втората регулативна детерминанта, *принципот на реципрочна размена*, произлегува оттаму што писмата се споредливи со иницијативните и реактивните чекори на учесници во дијалог. Исходот на допишувањето, исто како и во вистинскиот дијалог, подразбира, „промена на говорните субјекти" (Бахтин, 1979: 250): прашање-одговор, заповед-извршување. Поради примената на пишан медиум, комуникациската ситуација во која се одвива овој дијалог се разликува од онаа во која се одвива усниот дијалог. Иманентни одлики на оваа комуникациска ситуација се неможноста за брза

промена на говорните лица и неможноста за примена на паралингвистички средства - мимика, интонација, гестови и сл. Поради овие ограничувања, учесниците во епистоларната интеракција се принудени да изнаоѓаат различни стратегии за да реализираат исти комуникациски цели. Типични манифестации на овој принцип во епистоларниот дискурс се изразите во кои Кикерон го известува адресатот за писмата што ги добил од него или му искажува благодарност за нив, сите изрази со кои експлицитно упатува на исказот на другиот учесник во епистоларната интеракција (*scribis, ut scribis, quod in epistula tua scriptum erat, gratularis, petis, quaeris etc.*) и исказите со кои го поттикнува адресатот на понатамошна интеракција (*scribe, tu velim ad me scribas de...*, прашања, директиви *etc.*). Отсуството на вакви манифестации во некои писма се должи на фактот што писмото понекогаш е последниот неопходен чекор во епистоларната интеракција. Такви писма се писмата во кои се искажува благодарност или предупредување и писмата што претставуваат известувања. Адресатот на овие писма не е обврзан да го реализира принципот на реципрочна размена, бидејќи прагматичката цел на конверзацијата веќе се исполнила. *Принципот на поттикнување на интеракција* е во тесна врска со принципот на реципрочна размена, односно, произлегува од него: Кикерон го поттикнува адресатот на интеракција, поради тоа што успешниот исход на епистоларната интеракција е условен од задоволувањето на принципот на реципрочна размена. Со оглед на тоа што овие два принципа се во тесна врска, некои од манифестациите на принципот на поттикнување на интеракција во исто време се и манифестации на влијанието на принципот на реципрочна размена: *tu velim ad me scribas, te rogo ut ad me scribas, facias me velim certiorem, fac me certiorem, tuas litteras exspecto etc.* Овие манифестации обично се јавуваат на крајот од писмото, или, понекогаш на крајот од определена тематска целина. Често во нивна антепозиција или постпозиција се среќаваат и други показатели на истиот принцип (прашања, молби) и елементи на интеракција (извици, вокативи,

реторички прашања). Манифестациите на овој принцип се најчесто застапени во писмата до Атик. Нивното отсуство, пак, од некои писма е резултат на свеста на Кикерон дека со актуелното писмо е направен последниот неопходен чекор во епистоларната конверзација, па поради тоа, не е нужно да го поттикнува адресатот на понатамошна интеракција. Издвојувањето на *принципот на заеднички коефициенти* се должи на фактот што варијабилноста во коефициентите на заедничко знаење на учесниците во интеракцијата се рефлектира врз епистоларниот дискурс: кога учесниците во епистоларната интеракција имаат повеќе заеднички коефициенти тие често го минимизираат лингвистичкиот напор, и при организацијата на дискурсните содржини и при реализацијата на говорните чинови, а кога бројот на заеднички коефициенти е помал, избираат поексплицитни средства за реализација на говорните чинови. Така, писмата до адресатите со кој Кикерон имал поголем број на заеднички коефициенти, односно, писмата што од аспект на манифестацијата на принципот на социјалност, можат да се третираат како производ на приватна лична епистоларна интеракција, се одликуваат со исклучително економичен израз. Постоењето на поголем број на заеднички коефициенти му овозможува на адресатот лесно да ја декодира пораката, односно да го подразбере тоа што го нема во текстот. Покрај економичноста на изразот, манифестација на голем број на заеднички коефициенти е праксата на Кикерон во писмата до Атик да ги заменува имињата на лицата на коишто реферира со други имиња. Оваа пракса, веројатно, навистина била мотивирана од недовербата во доставувачот (Nicholson, 1994: 50), но можноста за нејзино етаблирање произлегла токму од големиот број на заеднички коефициенти. Во спротивно, примената на овој начин на кодификација не би била ефикасна, зашто адресатот не би успеал да го декодира значењето на пораката. Писмата до адресатите, пак, со кои е очигледно дека Кикерон споделувал помал број на заеднички коефициенти се одликуваат со поголема експликативност. Економичноста на

изразот во вaквите писма била ризична, бидејќи постоела опасност адресатот да не успее да ја декодира пораката. *Принципот на моделирање на стварност* произлегува од потенцијалот на писмото како форма за изразување на сопствената слика за вон-јазичната реалност. Овој потенцијал произлегува од неконтактната природа на допишувањето. Таа му овозможува на авторот да се презентира себе си така како што не би можел да се презентира во комуникација лице во лице, поради низа субјективни или објективни причини: срам, негативна антиципација на реакцијата на другиот, неконвенционалност на некоја постапка во рамки на обрасците на однесување востановени во неговата култура *etc*. Епистоларното време што при тоа му стои на располагање на авторот на писмото му овозможува да изгради за себе таква слика каква што најмногу посакува, да ги предвиди реакциите на другиот учесник во епистоларната интеракција и да одговори на нив онака како што смета дека е најдобро. Влијанието на овој принцип врз епистоларниот дискурс на Кикерон е делумно сублимиран во мислата *epistula non erubescit*, која се среќава во едно писмо до Лукеј (*Fam.* 5. 12. 1 = 22 SB). Во ова писмо Кикерон ја користи неконтактната природа на епистоларната комуникациска ситуација, за да актуелизира деликатен аспект од вон-јазичната реалност. При тоа, сопствениот придонес во интеракцијата го моделира така што ги предвидува евентуалните негативни реакции на адресатот до кои се плаши дека може да дојде при комуникација лице во лице и одговара на нив така како што цени дека е најдобро. Со реторичките стратегии што ги применува тој постепено го убедува адресатот дека исполнувањето на барањето поради коешто е напишано писмото ќе биде полезно и за самиот адресат.

Со оглед на тоа што принципот на социјалност има клучно типолошко значење, при анализата на метаструктурата се зафативме и со сложеното прашање на класификацијата на писмата. Укажавме на тоа дека прелиминарната поделба на писмата што ја направивме според манифестациите на

принципот на социјалност не може да биде конечна, бидејќи во јазичниот корпус се содржани многу писма што е неопходно да се третираат како посебен тип, иако, тоа што ги издвојува од останатите не е манифестацијата на принципот на социјалност, туку нивната функција. Најдобро сведоштво за тоа дека принципот на социјалност не може да биде единствен критериум за класификација се писмата на препорака (*commendaticiae*) од тринаесеттата книга од збирката *Ad familares*. Имајќи ја предвид неопходноста од вклучување и на функцијата на писмото како параметар за класификација, се обидовме да одговориме на прашањето какви сѐ функции имаат писмата. Издвоивме шест генерални типови на писма со следните функции: *certiorem facere aliquem* или *narrare alicui aliquid*; *mandare alicui aliquid (= mandata); iocari cum aliquo de aliqua re (= familiare/iocosum genus); commendare aliquem alicui (= litterae commendaticiae); consolari aliquem in aliqua re (= consolationes)* и *gratulari alicui (= gratulationes).* Поради принципот на реципрочна размена, бројот на типови писма би можел двојно да се зголеми, кога во класификацијата би се додале писмата што имаат функција на писма-одговор на споменатите типови. Класификацијата дополнително ја усложнува фактот што многу од писмата се политематични. Имено, Кикерон често во едно исто писмо и известува, и бара известување, и се заблагодарува, и одговора на прашање, и честита *etc*. Со оглед на сите методолошки проблеми со коишто се соочивме, заклучивме дека прецизна класификација на писмата е невозможна. Сепак, врз основа на комбинација од три параметри – принцип на социјалност, примарна функција и епистоларни теми - издвоивме девет типови на писма: 1. *писма што се производ на приватна лична епистоларна интеракција*; 2. *писма што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција*, 3. *писма што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција*; 4. *писма што се производ на службена епистоларна интеракција*; 5. *писма до политички пријатели*; 6. *агитациски писма*; *7. писма на утеха*; 8. *писма на препорака*; 9. *писма-честитки.* Целта на оваа

класификација е да се добие претстава за тоа какви писма содржат четирите збирки и да се создаде рамка во која ќе се одвива понатамошното истражување.

Макроструктурата на епистоларниот дискурс на Кикерон ја разгледувавме од аспект на схематската структура и од аспект на тематската структура на писмата. Схематската структура на определен текст упатува на редоследот според кој авторот ги подредува деловите што ја образуваат целината. Овој редослед не е арбитрарен, туку се етаблирал во рамки на развојот на говорниот жанр на кој му припаѓа тој тип на текст. Схематската структура, во таа смисла, е еден вид синтаксичка структура на текстот. При градбата на оваа структура, сепак, авторот има поголема слобода отколку при градбата на синтаксичката структура на реченица, бидејќи схематската структура на текстот дозволува одредени отстапки од етаблираната схематска структура на говорниот жанр, без при тоа да се промени идентитетот на текстот и без да се доведе во прашање ефектот што текстот има цел да го предизвика кај реципиентот. Во схематската структура на писма идентификувавме седум схематски категории или суперструктури: *уводна поздравна формула, желба за добро здравје (formula valetudinis), пролог, главен дел (narratio, petitio), епилог, завршна поздравна формула* и *дата [и место]*. Задолжителни схематски категории се само уводната поздравна формула и главниот дел. Уводната формула најчесто го има конвенционалниот за античкото писмо трипартитен формат: *superscriptio* – името на адресантот во номинатив, *adscriptio* – името на адресатот во датив, и *salutatio* – *salutem dicit, s.d., sal. s.*. Во главниот дел, пак, е содржано она поради коешто е напишано писмото: известување, барање, препорака *etc.* Останатите пет схематски категории се факултативни. Во секоја схематска категорија можат да се препознаат некои типични теми. Така, на пример, во прологот Кикерон обично го информира адресатот за тоа кога ги примил неговите писма, колку писма примил, кој доставувач му ги донел, што било содржано во нив и сл. Во епилогот обично го поттикнува

адресатот на понатамошна интеракција, однапред му се заблагодарува ако го исполни барањето, изразува желба за средба *etc*. При анализата констатиравме дека Кикерон е неконзистентен во изборот на схематските категории. Неговиот избор на схематски категории веројатно, се должел на повеќе фактори: структурата на писмото на актуелниот адресат, типот на епистоларна релација, времето со кое Кикерон располагал, динамиката на допишување, прагматичната цел на писмото и моменталната емотивна состојба.

Описот на тематската структура на определен текст претставува опис на начинот на кој авторот ги подредува единиците на содржина (*units of content*) од кои се состои текстот. Нивниот редослед во кохерентниот дискурс не е арбитрарен. Авторот ги организира дискурсните содржини плански: свесно го избира редоследот според кој ќе ги презентира содржините, посочува која информација е централна, а која помошна и како една информација е функционално поврзана со друга, избира дали ќе ги елаборира содржините што ги презентира или нема да го направи тоа, дали и кога ќе премине кон нова тема или ќе продолжи да ги развива старите *etc*. Примарно значење во однос на анализата на тематската структура на определен текст имаат кохеренциските релации што се воспоставуваат меѓу единиците на содржина на т. н. презентативното дискурсно ниво (Kroon, 1995). Епистоларниот дискурс на Кикерон, од перспектива на неговата тематска структура, претставува комплексна структура на дискурсен чекор. Оваа комплексна структура понекогаш се состои од еден централен и од еден или повеќе помошни чекори или од повеќе централни или функционално еднакви чекори. Кога се состои од еден централен и од еден или, почесто, од повеќе помошни чекори, писмото е монотематично. Кога, пак, структурата на комплексниот чекор се состои од повеќе централни или функционално еднакви чекори, писмото е политематично. Централниот и помошните чекори во монотематичните писма се интегрирани во структурата на писмото преку принципите на зависност и навраќање. За

принцип на зависност станува збор кога меѓу единиците на содржина постојат семантичко-функционални или реторички релации, слични на релациите дефинирани во *Теоријата на реторичка структура* (евиденција, елаборација, реформулација, евалуација *etc*.). Во политематичните писма, пак, единиците на содржина не се подредени хиерархиски, туку линеарно. Интегрирани се во структурата на комплексниот чекор преку принципот на набројување.

Дури 91% од вкупниот број писма до Атик се политематични - се состојат од повеќе централни или функционално еднакви дискурсни чекори или единици на содржина, кои се се линеарно подредени и интегрирани во структурата на комплексниот чекор, писмото, преку структурниот принцип на набројување. Првиот дискурсен чин или првата единица на комуникација (*unit of communication*) од овие функционално еднакви дискурсни чекори честопати има референцијална функција и претставува комуникациски центар. Првиот дискурсен чин има референцијална функција бидејќи воведува сосем нова тема или тема што била веќе воведена во претходниот чекор од епистоларната промена. Честопати претставува и комуникациски центар, бидејќи се одликува со највисок степен на комуникациски динамизам: доколку се отстранат чиновите што следат зад првиот чин тематската структура на писмото нема да се наруши, туку со нивното отстранување само ќе се намали можноста за успешна реализација на прагматичката цел што Кикерон има намера да ја постигне со единицата на содржина што ја воведува првиот чин. Зад првиот чин следат повеќе единици на комуникација, интегрирани во структурата на дискурсниот чекор преку принципите на зависност и набројување. Малубронците монотематични писма до Атик се напишани во вонредни околности: *en route,* во логори на Помпеј или во ист ден или само еден ден откако Кикерон му напишал на овој адресат некое политематично писмо.

Типичните монотематични писма се состојат од повеќе единици на содржина коишто се хиерархиски подредени. Авторот има една комуникациска цел – да го наведе адресатот да го исполни барањето поради кое е напишано писмото, да ја прифати препорака за трето лице, да ги вложи сета своја енергија и време кон нешто и сл. Монотематични писма се, на пример, писмата на препорака, писмата на утеха, писмата-честитки, повеќето од писмата до Тирон, и писмата што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција. Во овие писма се евидентни значајни разлики во однос на начинот на кој Кикерон ги презентира дискурсните содржини. Во некои од нив тој го применува сето свое професионално знаење и искуство како говорник, со цел да создаде убедлив дискурс, т.е. дискурс што ќе ја зголеми веројатноста за успешна реализација на комуникациската цел на писмото - ќе го убеди адресатот да го направи тоа поради коешто е напишано писмото. Хиерархиски подредените чекори во овие писма се споредливи со деловите од говорот, дефинирани во античката реторика. Во други писма, пак, реторичката вештина на Кикерон не доаѓа толку до израз. Овие разлики во начинот на презентација на дискурсната содржина во монотематичните писма најмногу се должат на влијанието на принципот на социјалност: во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција Кикерон го минимизира лингвистичкиот напор, а во писмата што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција тој го применува сето свое искуство како говорник за да ја предизвика кај него посакуваната реакција. Генерално, политематичноста е повеќе својствена за писма што се производ на допишување со понагласена динамика. Писмата што се производ на приватна лична и на приватна семејна епистоларна интеракција се почесто политематични, но типот на епистоларна интеракција нема пресудно влијание врз тоа дали писмото ќе биде монотематично или политематично. Така, многу писма до Теренција и Тирон се монотематични, а писмата до Апиј

Пулкхер или Салустиј Канин, коишто се производ на службена епистоларна интеракција, се политематични. Најголемо влијание врз монотематичноста на некои од писмата што се производ на приватна епистоларна интеракција имале условите во кои писмата биле напишани, како што споменавме погоре, и издвојувањето на една тема како доминантна во епистоларната конверзација. Така, монотематичноста на писмата до Тирон се должи на нарушеното здравје на Тирон, монотематичноста на писмата до Теренција – на болеста на Тулија, на тоа што по избувнувањето на граѓанската војна семејството на Кикерон останало во Рим и сл. Овие настани во монотематичните писма до Тирон и до Теренција се наметнале како доминантни теми во епистоларната интеракција на Кикерон со овие адресати.

Писмото, иако претставува самостојна функционална целина, тоа секогаш е дел од определена дискурсна промена која се состои од најмалку два комплексни дискурсни чекори или од две писма. Меѓу комплексните дискурсни чекори што ѝ припаѓаат на определена дискурсна промена постојат кохеренциски релации со кои се воспоставува глобална кохеренција, т.е. кохеренција во рамки на епистоларната конверзациска структура. Овие релации имаат влијание и на локално ниво, односно, влијаат врз текстот на секое поединечно писмо. Учесниците во епистоларната конверзација постојано соработуваат во смисла на тоа што, од една страна, ги прифаќаат и ги развиваат темите што ги наметнал нивниот актуелен адресат, а од друга страна, наметнуваат нови теми. Влијанието на овие два принципи на соработка, коишто во моделот на Поповиќ се означени со термините *центрипетална* и *центрифугална тенденција* (Поповић, 2000), е евидентно и во епистоларниот дискурс на Кикерон. Анализата на манифестациите на ова влијание ја отежнува фактот што повеќето од писмата на Кикероновите адресати не се зачувани. Сепак, при анализата на макроструктурата се обидовме да ги издвоиме механизмите што можат да се мапираат на локално ниво, а имаат функција во рамки на воспоставувањето на

глобална кохеренција. Ги издвоивме следните механизми: пресупозиција, лексичка рекуренција и(ли) парафраза, тема конституенти, метадискурсни изрази и елементи на интеракција. Пресупозицијата упатува на она што во дискурсот е имплицитно, т.е. на она што говорителот знае дека реципиентот/адресатот го знае. Најочигледна манифестација на пресупозиција во епистоларниот дискурс се определените дескрипции (*definite descriptions*), односно, именските групи, најчесто лични имиња, коишто референираат на единствени поединци и на единствени настани. Функцијата на лексичката рекуренција/парафразата е одново да воведат теми што веќе биле воведени во претходните дискурсни чекори од епистоларната промена (*legi tuas litteras, quibus ad me scribis..., quaeris ex me quid...*). Тема конституентите имаат функција да го насочат вниманието на адресатот кон темата за којашто ќе стане збор подолу во текстот (*de Tadiana re..., quod ad rem publica pertinet...*). Метадискурсните изрази се изразите кои претставуваат коментар на примарниот, во однос на информациите што ги содржи, слој од текстот (*audi quod quaeris, cognosce cetera, Romanas res accipe, nunc venio ad..., redeo ad..., sed haec hactenus etc.*). Со овие изрази Кикерон ги маркира границите меѓу дискурсните чекори и му го олеснува на адресатот процесирањето на текстот на писмото. Елементите на интеракција, пак, имаат функција во рамки на т.н. „управување со интеракцијата“ (*interaction menagement*). Типични елементи на интеракција во јазичниот корпус се редундантниот вокатив (*mi Attice, mi Pomponi, mi Brute.*), извиците и ексламативните реченици (*o rem miseram!, sed heus tu!, o expectatats mihi tuas litteras!*), метадирективите (*scito, noli putare, mihi crede, cave putes.*) и парентетичките искази (*ut scribis, ut scis, amabo (te), si me amas, oro te.*). Елементите на интеракција почесто се среќаваат во писмата што се производ на приватна лична и на приватна фамилијарна интеракција.

Во петтиот дел од истражувањето ги анализиравме основните единици на микроструктурата, говорните чинови.

Детално се осврнавме на јазичните реализации на уводните и завршните поздрави, честитките, заблагодарувањата, барањата и молбите и прашањата. Изборот токму на овие говорни чинови се должеше на најголемата фреквентност на овие говорни чинови во писмата упатени до различни адресати.

Во јазичните реализации на уводните поздрави постојат значајни разлики во однос на начинот на наведување на имињата на кореспондентите и во однос на застапеноста и форматот на третитот дел од трипартитната уводна поздравна формула, поздравот (*salutatio*). Во писмата што се производ на приватна лична и на приватна семејна епистоларна интеракција поздравот е често елидиран, а кога не е елидиран се среќава во следните варијанти: *s.d.* (= salutem dicit), *s., sal.* (= salutem [dicit/dicunt]) и *s. p. d.* (= salutem plurimam dicit). Неговата позиција и варијантата во писма до исти адресати не е стабилна: некогаш се јавува меѓу името на адресантот и адресатот, а некогаш на крајот од уводниот поздрав, т.е. зад името на адресатот. Варијациите во начинот на наведување на имињата се најмногу детерминирани од степенот на манифестација на принципот на социјалност. Така, во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција Кикерон во *superscriptio* обично го наведува само сопствениот прекар (*cognomen*), а во *adscriptio* - прекарот на адресатот или неговото родово име (*nomen gentile*) – *Cicero Paeto, Cicero Dolabellae, Cicero Trebatio etc*. Во некои писма што се производ на истиот тип на епистоларна интеракција, но степенот на блискост меѓу кореспондентите е помал, пред прекарот *Cicero* стои абревијацијата од неговото лично име *M*. (= Marcus). Фактот што оваа кратенка некогаш се јавува, а некогаш не се јавува во уводните поздрави на писма до исти адресати, се должи, веројатно, на варијациите во релацијата меѓу Кикерон и неговиот адресат во екстра-текстуалната реалност, на можноста некои од неговите адресати во исто време да биле адресати и на неговиот брат Квинт, на динамиката на допишување или на тоа дали писмото претставувало одговор на писмо или Кикерон бил

тој што ја иницирал епистоларната интеракција. Во писмата до Теренција и Тирон во *superscriptio* никогаш не стои прекарот, туку стои родовото име на Кикерон - *Tullius*. Во писмата до Квинт, пак, Кикерон го наведува сопственото лично име *Marcus*, што, веројатно, се должело на фактот што Кикерон и Квинт имале исто родово име и ист прекар (White, 2010: 68). Во писмата што се производ на приватна семејна епистоларна интеракција честопати се среќаваат и други елементи. Така, во писмата до Квинт, покрај личното име на Квинт, се среќава ознаката *fratri*, која упатува на релацијата меѓу Кикерон и Квинт. Во писмата до Теренција и семејството и до Тирон, пак, покрај името на адресатот/адресатите се среќава и датив од посвојната заменска придавка *suus* (*suis*), а во едно писмо до Тирон, покрај прекарот на Тирон, *Tiro*, стои суперлативот *humanissimo et optimo.* Во писмата што се производ на приватна дистанцирана и на службена епистоларна интеракција во уводниот поздрав не е вообичаена елипса на *salutatio*. Кога степенот на блискост меѓу кореспондентие е најмал уводниот поздрав ги содржи следните елементи: кратенка од личното име на Кикерон (M.), неговото родово име - *Tullius*, ознаката *M. F.* (= Marci filius), прекарот *Cicero*, кратенка од личното име на адресатот, прекарот на адресатот во датив, ознаката за неговото потекло (*e. g. Q. F. = Quinti filio*), неговата титула (*e.g. imperatori*, *pro cos. etc.*) и *salutatio* (e.g. *S. D.*). И во овие писма постојат варијации во однос на начинот на наведување на имињата. Генерално, колку што е степенот на блискост меѓу Кикерон и адресатот помал, толку уводниот поздрав е поразвиен.

Типични завршни поздрави во јазичниот корпус се императивот на презент *vale/valete* и метадирективот *cura ut valeas/curate ut valeatis*. Двата поздрави најчесто се среќаваат во писма што се производ на приватна епистоларна интеракција, лична или семејна. Метадирективот се јавува во двојно помалку писма од императивот, а во некои писма се јавуваат и двата поздрави истовремено. Анализата на контекстите во кои се среќаваат упатува на тоа дека Кикерон покажува повисок степен

на посветеност кон пропозициската содржина на говорниот чин со употребата на изразот *cura ut valeas*. На оваа констатација упатува фактот што овој поздрав, за разлика од поздравот *vale,* се јавува, главно, во писма што се производ на приватна лична и приватна фамилијарна епистоларна интеракција со повисок степен на блискост меѓу кореспондентите, а често пати, зад изразот следат и други изрази на благонаклоност. Во писмата што го содржат завршниот поздрав *vale* уводниот поздрав многу почесто ги содржи кратенките од личните имиња и титулите на учесниците во епистоларната интеракција, што е генерална одлика на писмата што се производ на епистоларни интеракции со понизок степен на блискост меѓу учесниците во епистоларната интеракција. Слично значење на *vale* и *cura ut valeas* имаат изразите *da operam ut valeas*, *fac ut valeas* / *fac valeas*, *te oro ut valeas* и *effice ut valeas*. Писмата до Тирон сведочат за тоа дека врската на овие изрази со темата здравје е понагласена отколку во типичните завршни поздрави. Нивната функција не е да го означат крајот на епистоларната конверзација, туку претставуваат јазични реализации на една од темите типични за епилогот на писмото – посакување благосостојба и добро здравје. Писмата што се производ на приватна дистанцирана и на службена епистоларна интеракција не содржат завршни поздрави. Исклучок се само триесетина писма на препорака и на утеха. Присуството на завршен поздрав во писмата на препорака, во кои Кикерон, за ја реализира комуникациската цел на писмото, се повикува на пријателството со адресатот, се должи, веројатно, на неговата желба да ја нагласи интимната димензија на пријателството. Во писмата на утеха, пак, завршниот поздрав е една од стратегиите што Кикерон ги применува за да ја исполни примарната функција на писмото – да го утеши адресатот. Функцијата на завршниот поздрав во овие писма, оттаму, е слична на функцијата што изразите „чувај се“, „држи се“ или „не се давај“ ја имаат во македонскиот јазик.

Јазичните реализации на честитките во писмата ги поделивме во две групи: изрази во кои е присутен индикатор на

илокуторната сила – глаголот *gratulari*, најчесто, во прво лице индикатив на презент, и изрази на радост поради успехот на адресатот или поради успехот на некој негов близок – *laetor, laetitia affectus sum* и *gaudeo*. Анализата на овие јазични реализации на честитките упатува на тоа дека тие немаат сосем идентична функција и дека не се взаемно заменливи. Така, изразите со индикатор на илокуторната сила *gratulor* се јавуваат само кога авторот честита за настан од општествено или политичко значење (избор на јавна функција, стекната титула, извојувана победа) или кога повод за честитката е нечиј начин на дејствување или мудра одлука во определена ситуација. Присуството на парентези како *ut debeo* во овие честитки и на интензификатори како *vere* „навистина“ или *libenter* „со задоволство“, „радо“ упатува на тоа дека овој израз често се употребувал само за да се задоволи општествено прифатена норма – да се изрази задоволство поради успехот на пријателот. Кога поводот за честитање е настан од општествено или политичко значење изразите со перформативот *gratulor* се заменливи со изразите на радост со глаголот *laetor* и со фразата *laetitia affectus sum*. Употребата на овие изрази не е својствена за честитки во кои повод за честитање е нечиј начин на дејствување или мудра одлука. Јазичните реализации на честитките со *gratulor* и *laetor* се разликуваат, веројатно, во однос на степенот на посветеност на авторот кон пропозициската содржина: со употребата на израз на задоволство со *laetor* авторот покажува помал степен на посветеност. Потврда за ова е фактот што, изразите на радост со *laetor,* прво, никогаш не се јавуваат на самиот почеток на писмата, и второ, дејството што го означува глаголот никогаш не е интензивирано со прилог или со прилошки израз, како што е тоа случај во изразите во кои е присутен индикатор на илокуторната сила. Со употребата на изразите на радост во кои се среќава фразата *laetitia affectus sum* се чини дека Кикерон покажува поголема посветеност кон содржината на пропозицијата. Со примената на овој помалку конвенционален и помалку формулаичен израз на радост,

Кикерон како да се обидувал да покаже, па макар и лажно, дека изразува задоволство не поради тоа што е обврзан да го стори тоа, туку бидејќи е навистина радосен. Изразите на радост со *gaudeo,* пак, се разликуваат од другите јазични реализации на честитките во однос на тоа што Кикерон нив никогаш не ги употребува кога честита за успех од општествено или политичко значење. Изразите на радост со овој глагол се среќаваат само во честитки упатени по повод купување куќа, примање на наследство или успех во јавната сфера, но не на адресатот, туку на некој негов близок.

Изразите на благодарност или заблагодарувањата во писмата што се производ на приватна лична и на фамилијарна епистоларна интеракција се јазично реализирани со изразите *gratum [mihi est], mihi gratissimum est, me pergratum fecisti* и *te amo/amatus.* Во писмата, пак, што се производ на епистоларна интеракција со понизок степен на блискост меѓу кореспондентите вообичаен израз на благодарност е изразот *gratias (maximas) tibi ago.* Изразите на благодарност во писмата до адресати во кои принципот на социјалност се манифестира различно не се разликуваат само во однос на јазичната реализација на говорниот чин заблагодарување, туку и во однос на други аспекти. Така, чинот за кој Кикерон изразува благодарност во писмата што се производ на приватна дистанцирана епистоларна интеракција е секогаш подетално елабориран и скоро секогаш е проследен со израз што упатува на цврстината на пријателството меѓу кореспондентите или на доблестите што адресатот ги поседува како човек. Во неколку случаи во ваквите писма во чинот на заблагодарување е инкорпорирана парентезата *ut debeo,* што упатува на тоа дека со говорниот чин Кикерон има намера, пред сè, да задоволи аспект на социјално пожелно поведение. Вообичаена стратегија за изразување благодарност во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција, но се одликуваат со понизок степен на блискост меѓу кореспондентите, е вербалното одбивање да се изрази благодарност. Во писмата постојат јасни

показатели за тоа дека говорниот чин на благодарност се сметал за излишен во пријателства што се развиле *ad summam benevolentiam*. Во ваквите пријателства тој се сметал за формалност што е излишна во комуникација меѓу луѓе коишто се во поблиска пријателска врска. Со оваа стратегија Кикерон не само што му се заблагодарувал на адресатот за извршените услуги, туку и, со тоа што ја нагласувал взаемната блискост и благонаклоност, на извесен начин го обврзувал адресатот на уште поголема исполнителност.

Извинувањата во писмата се јазично реализирани со императивот на презент *ignosce,* со предикатот во футур I во второ лице еднина - *ignosces,* со изразот *velim mihi ignoscas quod...,* со перформативниот израз *abs te peto ut mihi ignoscas* и со изразот *debes ignoscere*. Првите три изрази се највообичаен начин за реализација на извинувањата. Се среќаваат во писма што се производ на различни типови на епистоларни интеракции. Анализата на ситуативните аспекти во коишто се среќаваат овие изрази говори дека чинот на извинување во писмата што се производ на епистоларни интеракции со понизок степен на блискост меѓу кореспондентите има функција да ја минимизира заканата кон лицето на адресатот што ја предизвикува барањето што следи по чинот на извинување. Извинувајќи се, Кикерон го загрозува сопственото позитивно лице и на тој начин симболично ја компензира заканата по лицето на адресатот од барањето што следи по чинот на извинување. Во писмата што се производ на приватна лична епистоларна интеракција, пак, зад извинувањата никогаш не следат директиви. Без оглед на тоа како се јазично реализирани, извинувањата во овие писма се употребени за да ја ублажат повредата на некоја норма на пристојност: прекумерна зборливост, наметнување на многу теми одеднаш, неможност да се говори за определена тема поради душевна болка и сл.

Јазичните реализации на барањата и молбите ги разгледувавме заедно, поради фактот што овие говорни чинови се разликуваат само во однос на една нивна компонента:

степенот на сила на илокуторнта цел. Тие имаат сосем идентична илокуторна цел – да го натераат соговорникот да направи нешто, но во молбите степенот на сила на оваа илокуторна цел е поголем отколку во барањата. За блискоста на овие говорни чинови сведочи и неможноста на некој што не е роден говорител на латинскиот јазик лесно да препознае дали определен говорен чин е барање или молба. Перформативните глаголи што се применуваат за реализација на овие говорни чинови *peto* и *rogo* во лексиконите се опишани како глаголи што значат во исто време и *барам*, но и *молам*. Вообичаени јазични средства за реализација и на двата говорни чинови во писмата се императивот на презент, барателните реченици со *coniunctivus optativus,* перформативните изрази и изразите што имаат формат на хипотетичен период во којшто барањето е изложено во аподозата, а протазата претставува израз на однапред искажана благодарност. Во писмата со поформален карактер, во некои случаи барањето е јазично реализирано како силна желба. Генерално, за директивите во писмата што се производ на епистоларни интеракции што се одликуваат со понизок степен на блискост меѓу учесниците во интеракцијата е карактеристично тоа што, без оглед на тоа како е јазично реализирано барањето/молбата, дали со барателна реченица со оптативен конјунктив, со перформативен израз или со израз на желба, во директивот се многу често инкорпорирани изрази со кои Кикерон настојува да ја сведе на минимум заканата по негативното лице на адресатот и изрази со кои настојува да ја сведе на минимум потенцијалната закана по сопственото позитивно лице. Парадигма за изрази од првиот тип се изразите *quod sine molestia tua facere posis, quibus rebus honeste et pro tua dignitate poteris, si pateris* и слични. Со примената на вакви изрази Кикерон покажува дека ги признава и дека ги почитува потребите на негативното лице на адресатот. Парадигма за изрази со кои настојува да ја сведе на минимум заканата по сопственото позитивно лице се изразите со кои бара од адресатот да го исполни барањето содржано во пропозицијата

повикувајќи се на взаемното пријателство, благонаклоност и почит или повикувајќи се на почитта на адресатот кон него: *pro nostra summa coniunctione, pro nostra (summa) necessitudine, honoris mei causa* и сл. Покрај овие изрази, вообичаена стратегија за минимизирање на заканата по лицето на адресатот се извинувањата кои во некои писма му претходат на чинот на барање / молба. Овие извинувања претставуваат извинувања поради самиот чин на обраќање преку писмо.

Вообичаени показатели на повисокиот степен на сила на илокуторната цел во писмата се перформативните глаголи *quaeso, rogo, oro, obsecro* и *obtestor*, коишто честопати се употребени парентетички. Во многу случаи овие перформативни глаголи се јавуваат паралелно со други слични перформативи: *te oro et obscero, a te peto vel potius omnibus te precibus oro et obtestor, quaeso et peto, te obtestor atque obsecro etc*. Понекогаш степенот на сила на илокуторната цел е засилен и со изразите *(te vehementer) etiam atque etiam rogo, etiam atque etiam oro, etiam atque etiam quaeso et peto* и слични. При анализата на овие употреби паѓа во очи тоа што тие почесто се среќаваат во писма што се производ на епистоларна интеракција со повисок степен на блискост меѓу кореспондентите, отколку во писма од поформален карактер. Ова е јасен показател за тоа дека примената на говорните чинови коишто се одликуваат со повисок степен на сила на илокуторната цел, т.е. примената на молбите во Кикероновиот епистоларен дискурс, спротивно на нашите очекувања, не е мотивирана од учтивост.

Говорните чинови прашања во епистоларниот дискурс се јазично реализирани со прашални реченици, со барателни реченици со императив на презент во 2 лице еднина од *verbum dicendi* (*scribe, narra, dic etc*.), барателни реченици со оптативен конјунктив од типот на *velim scribas ad me quid agas* и декларативни реченици со предикат во футур I од глагол на говорење. Со исклучок на прашалните реченици, сите граматички средства за јазична реализација на прашањата се идентични со граматичките средства за реализација на

барањата/молбите. Тие, сепак, се разликуваат од јазичните реализации на барањата/молбите, во однос на изборот на лексички средства и во однос на тоа што зад секој од споменатите граматички облици од глагол на говорење следи зависно прашална реченица. Во некои случаи, и прашањата, исто како и барањата се јазично реализирани како желби - *cupio scire quid agas, sane cupio scire quid sit* и слични. Говорниот чин прашање најчесто се среќава во писма што се производ на епистоларни интеракции со повисок степен на блискост меѓу адресатите.

Дескрипцијата на Кикероновиот епистоларен дискурс што ја презентиравме погоре претставува обид за барем делумно пополнување на празнината во третирањето на Кикероновите писма во научната мисла. Во текот на истражувањето се наметнаа уште безброј аспекти што би можеле да бидат предмет на анализа. На искушението да влеземе во магичниот круг на потрага по нови податоци што ќе ги поддржат поставените тези и по одговори на нови прашања му одолеавме поради опасноста дека тоа ќе ја прошири рамката на истражувањето и ќе ја наруши структурата на трудот. Свесни за тоа дека во науката не постојат конечни решенија и во целост одговорени прашања, се надеваме дека барем делумно ја исполнивме задачата што си ја поставивме на почетокот на ова истражување и дека овој труд ќе биде предизвик за нови истражувања кои ќе ги коригираат сознанијата до кои дојдовме овде и кои ќе понудат одговори на прашањата што не ги отворивме, а се релевантни за епистоларниот дискурс на Кикерон.

## ИНДЕКС


Ајсхил: *12.*

Амасис: *11, 12,*

асертиви/репрезентативи: *72, 145, 146, 153, 164, 165, 170, 181, 182, 183, 184, 185, 186, 188, 250.*

Атик, Тит Помпониј: *29, 30, 33, 34, 35, 36, 44, 45, 51, 53, 54, 59, 60, 78, 87, 117, 239, 252.*

Писма до Атик: *17, 29, 33, 34, 38, 45, 49, 51, 52, 53, 54, 55, 59, 60, 62, 66, 68, 75, 76, 77, 79, 80, 87, 90, 92, 94, 95, 100, 105, 112, 113, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 144, 161, 162, 202, 203, 205, 207 бел. 266, 218, 219, 225, 226, 227, 228, 229, 231, 232, 233, 234, 240, 241, 245, 248, 253, 257, 262.*

atramentum: *17, 50.*

Austin: *5, 177, 178, 179 бел. 235, 186, 187 бел. 238, 211, 222, 230, 236.*

Бахтин/Bahtin: *12, 69, 98, 255,*

Березанско писмо: *12, 13 бел. 6, 15, 17.*

Brown and Levinson: *5, 9, 178, 189, 190, 191, 192, 212, 223, 230, 231, 238, 239 бел. 330.*

Брут, Марк Јуниј: *32, 46, 224, 252.*

Писма до Брут: *29, 33, 38, 93, 94, 121, 122, 123, 137, 138, 161, 203, 227, 252.*

Брут, Деким Јуниј: *30 бел. 25, 31, 93, 121, 161, 205.*

calamus: *17, 50.*

consolationes: *28, 88, 89, 91, 94, 259.*

cursus publicus / cursus vehicularis: *18*.

Деметриј: *20 бел. 14, 21.*

Dijk van: *4, 5, 97, 98*

Dik: *71, 149 бел. 179, 159.*

дискурсно ниво: *108.*

репрезентативно дискурсно ниво: *109, 110, 110 бел. 124.*

презентативно дискурсно ниво: *109, 110, 110 бел. 124, 261.*

интеракциско дискурсно ниво: *109, 110, 110 бел. 124.*

дискурсен чин: *107, 108, 109, 117, 118, 134, 144, 146, 152, 167, 174, 217, 218, 262.*

директиви: *48, 72, 73, 74, 75, 128, 140, 145, 145, 153, 160, 163, 164, 165, 168, 169, 170, 171, 174, 175, 176, 181, 182, 183, 184, 185, 186, 186 бел. 238, 188, 204, 230, 233, 236-243, 247, 256, 271, 272.*

барања и молби: *9, 28, 49, 102, 103, 118, 124, 130, 131, 135, 137, 152, 181, 182, 189, 190, 233, 235, 236-247, 248, 249, 253, 258, 260, 261, 263, 266, 271, 272, 273, 274.*
Долабела, Корнелиј: *29, 30, 30 бел. 25, 31, 93, 121, 161, 163, 216, 232, 233, 234.*
Еврипид: *12.*
експресиви: *165, 181, 183, 184, 186, 188, 188 бел. 240, 192, 193, 194, 204, 211, 223, 230.*
поздрави: *4, 9, 60 бел. 68, 63, 68, 73, 98, 99, 100, 101, 103, 104, 105, 106, 149 бел. 179, 162, 164, 192, 193, 194.*
- уводни поздрави: *195-203, 266.*
- завршни поздрави: *194, 195, 203-211, 267.*
честитки: *9, 164, 181, 193, 211-222, 266, 268, 269, 270.*
заблагодарувања*: 9, 215, 216, 222-230, 266, 270.*
извинувања: *9, 181, 190, 193, 194, 230-235, 238, 246, 253, 271, 273.*
Епикур: *14, 15 бел. 9, 85.*
епистоларна теорија: *7, 19-28.*
ἐπιστολή*: 7, 11, 12, 13, 50.*
Филострат од Лемнос: *19, 24.*
филофронетичко писмо: *20, 20 бел. 15.*
formula valetudinis: *8, 28, 99, 100, 260.*
Фронтон, Корнелиј: *16, 88 бел. 108, 206 бел. 265.*
говорни чинови: *3, 75, 145, 164, 165, 170, 181, 183, 184, 185, 186, 187 бел. 238, 188, 189, 189, 192, 193, 194, 211, 215, 226, 236, 237, 238, 239, 247, 250, 266, 271, 272,.*
Теорија на говорни чинови: *5, 9, 170, 177, 178-186, 192, 193, 236.*
gratulationes: *28, 89, 91, 259.*
Грегориј Назијанин: *19, 24.*
Hall: *6, 65 бел. 72, 75, 83 бел. 101, 84, 213, 214, 230, 233.*
Halliday-Hasan: *143, 143 бел. 165.*
Harris: *12, 13, 17 бел. 12, 47.*
Херодот: *11, 12.*
Хоратиј: *16, 206 бел. 265.*
извици: *8, 77, 82, 149 бел. 179, 160, 165-169, 256, 265.*
илокуторна сила: *72, 145, 146, 165, 177, 179, 180, 182, 184, 185, 187, 188, 188 бел. 240, 193, 217, 218, 219, 221, 222, 239, 269.*
илокуторна цел: *180, 181, 182, 183, 184, 193, 211, 212, 215, 216, 236, 237, 239, 247, 272, 273.*
степен на сила на илокуторна цел: *181, 182, 237, 239, 247, 272, 273.*
илокуторен чин/илокуција: *178, 179, 180, 182, 181.*
Исократ: *14, 14 бел. 8.*
Јулиј Виктор: *19, 25, 26.*

Каесар, Гај Јулиј: *29, 31, 32, 37, 45, 46, 47, 53 бел. 54, 66, 88, 93, 94, 123, 137, 216, 252.*
Катон Постариот: *15, 126, 148*
Катон Утички: 46, 67, 67 *бел. 74, 80, 93, 210.*
Квинт, Тулиј Кикерон: *30 бел. 25, 32, 34 бел. 29, 45, 59, 60, 61, 64, 65, 118, 122, 199, 234, 252, 266, 267.*
Писма до Квинт: *29, 38, 49, 60, 62, 66, 68, 93, 105, 121, 122, 123, 161, 162, 199, 200, 203, 205, 206, 210, 227, 228, 229, 232, 233, 234, 245, 267.*
Квинтилијан: *2 бел. 4, 3, 119 бел. 138.*
киничко писмо: *85.*
Klauck: 7, *15 бел. 9, 18, 22 бел. 18, 24, 28, 85 бел. 104.*
Клемент од Александрија: *11.*
Корнелија: *15, 16 бел. 11.*
кохеренција: *4, 8, 71, 97, 111 бел. 125, 116, 139, 142, 160, 175, 264, 265.*
Kroon: *5, 8, 97, 107, 108, 109, 110, 110 бел. 124, 112, 261.*
Курион, Гај Скрибониј: *30, 46, 93, 94, 198,*
Ксенофонт: *14.*
Leech: *212.*
*Л*епид, Марк Аемилиј: *30 бел. 25, 31, 46, 66, 94.*
litterae commendaticiae /commendaticias : *28, 32, 44, 87, 88, 89, 94, 259.*
*Лукеј, Лукиј: 30 бел. 25, 66 бел. 73, 83, 84 бел. 103, 88, 88 бел. 109, 127, 128, 129, 131.*
писмо до *Л*укеј: *31, 66, 83, 83 бел. 101, 84, 93, 127, 128, 129, 130, 132, 134, 135, 136, 137, 138, 232, 241, 258.*
макроструктура: *3, 4, 5, 8, 67, 68, 77, 85, 97, 98, 109, 131, 137, 139, 140, 146, 154, 173, 215, 246, 251, 254, 260, 264.*
mandata: *87, 87 бел. 106, 89, 91, 259.*
метадискурс: *153.*
метадискурсни изрази: *8, 77, 116 бел. 135, 120, 153, 154, 155, 157, 159, 265.*
метаструктура: *3, 4, 7, 39, 127, 251, 258.*
микроструктура: *3, 4, 5, 9, 67, 68, 78, 85, 160, 176, 177, 183, 246, 254, 265.*
Непот: *16 бел. 11, 34, 35, 37.*
Нерон: *1, 35.*
Nicholson: *2, 6, 18 бел. 13, 35, 36, 37, 53, 54 бел. 59, 55 бел. 64, 78, 202, 257.*
Овидиј: *16, 172 бел. 224, 204, 204 бел. 260.*
Пает, Папириј: *31, 61, 79, 90, 92, 121, 161.*
Плаут: *15, 148, 187 бел. 239, 204, 205, 206, 206 бел 265.*

Плиниј Помладиот: *16, 47, 47 бел. 41, 88 бел. 108, 206 бел. 265.*
Поликрат од Самос: *11, 12.*
Поповиќ: *4, 5, 39, 40, 40 бел. 34, 41, 41 бел. 35, 56 бел. 65, 57, 58, 59, 64, 71, 77, 80, 140, 145, 147, 264.*
Poster: *19, 20, 21, 26 бел. 19.*
парентеза/парентетички израз: *160, 171, 172, 174, 187, 202, 203, 220, 230, 238, 239, 247, 265, 270.*
перлокуторен ефект: *170.*
перлокуторен чин: *178, 179, 180.*
перформатив: *75, 154, 159, 163, 178, 178 бел. 234, 179, 185, 186, 187, 188, 193, 211, 218, 219, 220, 221, 236, 241, 242, 244, 245, 247, 269, 271, 272, 273.*
Планк, Мунатиј: *30 бел. 25, 31, 32, 46, 66, 93, 94, 205, 224.*
Помпеј, Гнај: *29, 31, 37, 43, 44, 45, 47, 66, 68, 78, 88, 93, 100, 121, 202, 214, 252, 262.*
прашања: *9, 48, 69, 72, 73, 74, 75, 77, 102, 103, 140, 146, 149 бел. 179, 153, 160, 163, 164, 165, 166, 168, 169, 170, 174, 175, 176, 181, 183, 184, 185, 186, 187 бел. 238, 188, 236, 237, 238, 240, 240 бел. 333, 247, 248, 249, 250, 253, 256, 266, 273, 274.*
пресупозиција: *8, 140, 141, 142, 146, 265.*
Псевдо-Деметриј: *20 бел. 14, 21, 23, 24, 27.*
Псевдо-Либаниј: *22, 22 бел. 18, 24, 27, 41 бел. 36, 90.*
Пулкхер, Апиј Клавдиј: *31, 46, 67, 93, 121, 196, 203, 205, 228, 264.*
редундантен вокатив: *8, 160, 161, 163, 164, 265.*
репрезентативи: *види* асертиви.
реторички прашања: *72, 74, 75, 77, 169, 174, 175, 183, 185, 188, 192, 250, 250 бел. 354, 257.*
Risselada: *5, 170, 183, 184, 185, 185 бел. 236, 193, 204, 230, 236, 241, 245.*
Searle: *5, 41 бел. 35, 177, 180, 181, 187, 193, 211, 212, 223, 230, 236.*
Searle and Vanderveken: *177, 181, 193, 236, 237, 247.*
Светониј: *53 бел. 54.*
Сенека Помладиот: *1, 16, 28 бел. 21, 85, 206 бел. 265.*
sermo cotidianus: *3, 6.*
Софокле: *12.*
структурни релации: *108, 109, 110, 116, 117.*
схематска структура: *97, 98, 99, 101, 103, 105, 106, 107, 189, 194, 203, 260.*
схематски категории: *4, 8, 98, 99, 106, 251, 260, 261.*
συναγωγή: *1, 33, 33 бел. 26, 34.*
tabellarius: *18, 52, 253.*

Тирон: *32, 33, 34 бел. 28, 35, 36, 45, 46, 51, 61, 62, 64, 65, 123, 125, 126, 127, 208, 219, 228, 252, 264.*
Писма до Тирон: *36, 47, 60, 61, 62, 66, 93, 106, 121, 123, 124, 125, 127, 161, 162, 196, 199, 200, 205, 206, 207 бел. 266, 208, 209, 210, 227, 229, 252, 263, 264, 267, 268.*
тема конституенти: *8, 70, 71, 148, 149 бел. 179, 151, 152, 153, 265.*
тематска структура: *4, 8, 97, 107, 110, 112, 113, 116, 117, 118, 120, 121, 122, 123, 124, 127, 128, 260, 261, 262.*
Теорија на говорни чинови: *види говорни чинови.*
Теорија на реторичка структура: *210 бел. 125, 262.*
.
Терентија: *45, 61, 88, 88 бел. 109, 101, 118, 123, 162, 210.*
Писма до Терентија: *32, 45, 49, 60, 60 бел. 68, 62, 63, 65, 66, 68, 82, 90, 93, 100, 101, 106, 121, 123, 124, 161, 162, 199, 200, 202, 203, 205, 207 бел. 266, 210, 224, 245, 248, 252, 263, 264, 267.*
Теста, Требатиј: *31, 46, 61, 92, 161, 162, 196, 198, 207 бел. 266.*
Тулија: *32, 45, 60 бел. 68, 61, 62, 63, 65, 68, 88, 88 бел. 109, 93, 107, 118, 123, 210, 264*
Trapp: *12, 13 бел. 6, 17, 17 бел. 12, 20 бел. 14, 26 бел. 19.*
Тукидид: *12, 13, 14.*

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


Abbot F. F. (1909) *Commentary on Selected Letters of Cicero*. Boston: Boston Ginn and Co.

Adams J. N. (2003) *Bilingualism and the Latin language*. Cambridge: Cambridge University Press.

Adams J. N. (2007) *The Regional diversification of Latin 200 BC-AD 600*. Cambridge: Cambridge University Press.

von Albrecht M. (1997) *A history of Roman Literature. From Livius Andronicus to Boethius*. Leiden-New York-Köln: Brill.

von Albrecht M. (2003) *Cicero's style. A synopsis, followed by selected analytic studies*. Mnemosyne: Bibliotheca Classica Batava Supplementum. Leiden-Boston: Brill.

Alford M. (1927) "Notes on Cicero's letters to Atticus, book II", *CR*, 41, No 6 (Dec. 1927), pp. 215-218.

Altman J. G. (1982) *Epistolarity: Approaches to a form*. Columbus, OH: Ohio State University Press.

Арутюнова Н. Д. (1973) „Понятие пресуппозиции в лингвистике", *Известия АН СССР*. – Серия лит. и языка. Т. 32, 1.

Austin J. L. (1962) *How to do things with words,* Oxford-New York: Oxford University Press.

Бахтин М. М. (1979) *Эстетика словесного творчества*. Москва: Искусство.

Bakhtin M. M. (1981) *The Dialogic Imagination. Four Essays by M. M. Bakhtin*. Edited by Michael Holquist. Translated by Caryl Emerson and Michael Holquist. Austin: University of Texas Press.

Bakhtin M. M. (1986) *Speech Genres and Other Late Essays*. Translated by Vern W. McGee. Austin: University of Texas Press.

Baldwin B. (1992) "Greek in Cicero's letters" *Acta Classica* 35, pp. 1-18.

Bardt K. (1866) *Quaestiones Tullianae*. Diss., Frederick William University. Berlin: G. Schale.

Beach G. B. (1955) "The Sermone Cotidiano", *CJ*, Vol. 50, No. 8. (May, 1955), pp. 355-9.

Beard M. 2002. "Ciceronian correspondences: making a book out of letters", in *Classics in Progress,* ed. T.P. Wiseman, Oxford: Oxford University Press, pp. 103-44.

Beaugrande de R. and Dressler W. (1981) *An Introduction to Text Linguistics*, London: Longman.

Beauvais P. J. (1989) "A Speech Act Theory of Metadiscourse", *WC,* 6, No. 1, pp. 11-30.

Benvenist E. (1975) *Problemi opšte lingvistike*. Prevod i pogovor Sreten Marić. Beograd: Nolit.

Bertuccelli Papi M. (2009) "Implicitness" in *Key notions for pragmatics*, (eds.) J. Verschueren-J-O. Ostman. Amsterdam: Benjamins, pp. 139-62.

Boissier G. (1897) *Cicero and his friends. Study of the Roman Society in the time of Caesar. Translated, with an index and table of contents, by Adnah David Jones*. New York: G. P. Putnam's sons, London: A. D. Innes & Co.

Bolkestein A. M. (1998) "Between brackets: some properties of parenthetical clauses in Latin. An investigation of the language of Cicero's letters", in *Latin in use. Amserdam studies in the pragmatics of Latin*, ed. Risselada R. Amsterdam: Gieben, p. 1-17.

Bornecque H. (1898) *Prose métrique dans la correspondance de Cicéron*. diss.. Paris: Librarie Emile Bouillon.

Boswell, G. M. (1996) „Captatio Benevolentiae: A Note on the Relationship of Prayer and Meditation to the Artes dictaminis" in eds. Poster C. and R. J. Utz *The Late Medieval Epistle*. Evanston, Illinois: Northwestern University Press. pp. 147-52.

Brown P. and Levinson, S. (1987) Politeness*: Some Universals in Language Usage.* Cambridge: Cambridge University Press.

Brunt P. A. (1988) *The Fall of the Roman Republic and Related Essays*. Oxford: Clarendon Press.

Burg F. (1888) *De M. Caelii Rufi genere dicendi.* Leipzig: Teubner.

Burton-Roberts N. (2006) "Parentheticals" in *ELL,* vol. 9, pp. 179-182.

Butler Sh. (2002) *The hand of Cicero*. London: Routledge.

Büchner K. (1939) "M. Tullius Cicero, der Redner" in *RE*, VII A1, Nr. 29. pp. 827-1274.

Carcopino J. (1951) *Cicero: The Secrets of His Correspondence*. London: Routledge & Kegan Paul Ltd.

Chadwick J. (1973) "The *Berezan* Lead *Letter," Proceedings of the Cambridge Philological Society (New Series), vol. 19* (jan. 1973) pp. 35–37.

Ciceron M. T. (2009) *Pisma Atiku I*, s latinskog preveli Jelena Savić, Milica Kisić i Noel Putnik. Beograd: Fedon.

Ciceron M. T. (2013) *Pisma Atiku II*, s latinskog preveli Jelena Savić, Goran Vidović i Dragana Dimitrijević. Beograd: Fedon.

Clackson J. and Horrocks G. (2007) *The Blackwell History of the Latin Language*. Wiley-Blackwell.

Cobet C. G. (1879) "Ad epistulas Ciceronis et Bruti", *Mnemosyne, New series*, vol. 7, pars 3 1879., pp. 262-297.

Cohen S. T. (2007) 'Cicero's Roman exile' in *Writing Exile: The Discourse of Displacement in Graeco-Roman antiquity and Beyond*. Ed. J. F. Gaertner. Leiden-Boston: Brill, Mnemosyne, Bibliotheca Classica Batava, vol. 83. p. 109-128.

Collins J. H. (1959) "Cum timore aut mala spe Ad fam. 8, 14, 3.", *CPh*, vol. 54, No. 3 Jul. 1959., p. 158.

Constan D. (1997) *Friendship in the Classical World*. Cambridge: Cambridge University Press.

Cooper F. T. 1975. Word Formation in the Roman Sermo Plebeius: An Historical Study of the Development of Vocabulary in Vulgar and Later Latin, with Special Reference to the Romance Languages. Published by Georg Olms Verlag, 1975.

Cotton H. M. (1986) "The Role of Cicero's Letters of Recommendation", *Hermes* 114, 443-460.

Cotton H.M. (1985) "Mirificum genus commendationis: Cicero and the Latin Letter of Recommendation." *AJP*, vol. 106, No 3. pp. 328-34.

Cotton H.M. (1984) "Greek and Latin Epistolary Formulae: Some Light on Cicero's Letter Writing." *AJPh*, vol. 105, No 4, pp. 409-25.

Cotton H. M. (1979) "Cicero, Ad Familiares XIII, 26 and 28: Evidence for Revocatio or Reiectio Romae/Romam?" *JRS. Vol. 69, (1979), pp. 39-50.*

Coulmas F. (1979) „On the sociolinguistic relevance of routine formulas". *JP*, vol. *3*, pp. 239-266.

Crismore A. (1985) *Metadiscourse: What it is and how it is used in school and non-school social science texts* (Tech. Rep. No. 273). Campaign: University of Illinois, Center for the Study of Reading.

Crompton L. (2003) *Homosexuality and Civilization*. Cambridge MA: The Belknap Press of Harvard University Press.

D'Arms J. H. (1967) "Roman Campania: Two passages from Cicero's correspondence". *AJPh,* Vol. 88, No. 2 (Apr. 1967), pp. 195-202.

D'Arms J. H. (1970) *Romans on the Bay of Naples: a social and cultural study of the villas and their owners from 150 B. C. to A. D. 400*. Massachusetts: Harvard University Press.

Dammann W. (1910) *Cicero quo modo in epistulis sermonem hominibus, quos appellat, et rebus, quas tangit, accommodaverit*. PhD dissertation. Greifswald: Typis J. Abel.

Dangel J. (1996) „Le sermo cotidianus dans les textes latins: la stylistique au service de la linguistique" in *Akten des VIII. Internationalen Kolloquiums zur lateinischen Linguistik*, Alfred Bammesberger et Friedrich Heberlein (eds), Heidelberg, C. Winter, pp. 503-17.

Dastrjerdi H. V. and Nasri, N. (2013) "A cross-cultural study of speech acts: situational aspects of congratulations in English, Persian and Arabic", *Global Journal of Foreign Language Teaching* vol. 1, pp. 15-22.

Delogu F. (2009) "Presuppositon" in J. Verschueren and Östman J. (eds.) *Key Notions for Pragmatics*. Amsterdam/Philadelphia: John Benjaminins. pp. 195-207.

Derrida J. (1980) La carte postale*: de Socrate à Freud et au-delà*. Paris: Flammarion.

Devine A. M. and Stephens L. D. 2006. *Latin Word Order: Structured Meaning and Information*. Oxford: Oxford University Press.

Dickey E. – Chahoud A. (eds.) (2010) *Colloquial and Literary Latin*. Cambridge NY: Cambridge University Press.

Dijk T. A. van (1972) *Some aspects of Text Grammars. A study in Theoretical Linguistics and Poetics*. The Hague: Mouton.

Dijk T. A. van. (1977) *Text and context. Explorations in the semantics and pragmatics of discourse*. London: Longman.

Dijk T. A. van (1980) *Macrosturctures. An Interdisciplinary Study of Global Structures in Discourse, Interaction, and Cognition*. Hillsdale, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates.

Dijk T. A. van. (1989) "Episodic Models in Discourse Processing", in *Comprehending Oral and Written Language,* eds. R. Horowitz and S. J. Samuels. New York: Academic Press. Pp. 161-196.

Dijk T. A. van and Kintsch W. (1983) "Strategies of discourse comprehension" in. *Macrostrategies*. New York: Academic Press, pp. 189-206.

Dik C. S. (1997) *The Theory of Functional Grammar. Part 2: Complex and Derived Constructions*. Berlin: Mouton de Gruyter.

Dimitrijević D. (2013) "Ciceronova pisma Atiku II" u Ciceron, M. T. (2013) *Pisma Atiku II*, s latinskog preveli Jelena Savić, Goran Vidović i Dragana Dimitrijević. Beograd: Fedon, pp. 7-33.

Димишковска-Трајаноска А. (2001) *Прагматиката и теоријата на аргументација*. Скопје: Ѓурѓа.

Douglas A. E. (1968) *Cicero. New Surveys in the Classics 2*. Oxford: Clarendon Press.

Dunkel G. E. (2000) "Remarks on Code-Switching in *Cicero's* Letters to Atticus", *Museum Helveticum 57*, pp.122–29.

Eggins S. and Slade D. (1997) *Analysing Causal Conversation*. London: Cassell.

Elwood K. (2004) ""Congratulations!": A Cross-Cultural Analysis of Responses to Another's Happy News", *The Cultural Review, Waseda Commercial Studies Association,* vol. *25,* pp. 355-386.

Enekel K. (2003) 'In Search of Fame: Self-representation in Neo-latin Humanism' in *Medieval and Renaissance Humanism – Rhetorc, Representation and Reform*. Eds. Gersh S.-Roest B. Brill's studies in intelectual history, vol. 115. Leiden-Boston: Brill, p. 93-113.

Enkvist N. E. (1972) "Style in Stylistics and in Text and Discourse Linguistics", *Stylistyka* IV, pp. 24-32.

Ehrhardt C. T. H. R. (1985) 'A letter of L. Lucceius', *Mnemosyne*, Fourth series, vol. 38, Fasc. 1/ 2 1985., pp. 152-3.

Ernout A. and Meillet, A. (1932) *Dictionnaire étymologique de la langue latine: Historie des mots*. Paris: Klincksieck.

Ernout A. - Thomas F. 1964. *Syntaxe latine*. Paris: Éditions Klincksieck.

Espinal M. T. (1991) "The representation of disjunct constituents", *Language* 67 (4). pp. 726-62.

Fantham E. (1999) *Roman Literary Culture: From Cicero to Apuleius*. Baltimor: JHU Press.

Farell J. (2001) *Latin language and Latin culture: From Ancient to Modern Times*. Cambridge: Cambridge University Press.

Firbas J. (1992) *Functional sentence perspective in written and spoken communication*. Cambridge: Cambridge University Press.

Fiske J. (1990) *Introduction to Communication Studies*, 2nd edition, London: Routledge.

Fuhrmann M. (1900) *Cicero and the Roman Republic*. Oxford: Blackwell.

Goffman E. (1967) *Interaction Ritual: Essays on Face-to-Face Behavior*. Chicago: Aldine Pub. Co.

Гандева Р., Милев А., Братков Й, Порталски М. (1966) *Латинска граматика*. София: Наука и изкуство.

Garcea A. (2002) '*L'interaction épistolaire entre dialogue in absentia et in praesentia chez Cicéron*' in Bolkestein A. M., Kroon C. H. M., Pinkster H., Remmelink H. W. and Risselada R. (eds.) *Theory and description in Latin*

*linguistics, selected papers from the XI th international colloquium on Latin linguistics, Amsterdam, June 24-29, 2001*. Amserdam: J. C. Gieben, p. 123-136.

Geluykens R. (1992) *From Discourse Process to Grammatical Construction: On Left-Dislocation in English*. Amsterdam: John Benjamins.

Groebe P. (1948) "M. Tullius Tiro" **in** *RE*, VII A2. Begonnen von G. Wissova, W. Kroll, K. Mittelhaus. Stuttgart: J. B. Metzlersche Verlagsbuchhandlung. pp. 1319-1325.

Gordis W. S. (1905) *The estimates of moral values expressed in Cicero's letters: a study of the motives professed or approved*. Chicago: University of Chicago press.

Haines-Eitzen K. (2000) *Guardians of Letters: Literacy, Power, and the Transmitters of Early Christian Literature*. New York: Oxford University Press.

Hall J. (1998) "Cicero to Lucceius Fam. 5.12. in Its Social Context: Valde Bella?" in *CPh 93* (1998), pp. 308-321.

Hall J. (2005) "Politeness and Formality in Cicero's Letter to Matius (*Fam.* 11.27)." *Museum Helveticum* 62, pp. 193–213.

Hall J. (2009) *Politeness and Politics in Cicero's Letters*. New York: Oxford University Press.

Halla-aho H. (2008) *The non-literary Latin Letters. A Study of thier syntax and pragmatics*. Helsinki: Helsinki University Print.

Halla-aho H. (2011) „Epistolary Latin" in *A companion to the Latin Language,* ed. J. Clackson. Chichester: John Wiley & Sons. pp. 426-44.

Halliday M. A. K.-Hasan, R. (1976) *Cohesion in English*. London: Longman.

Hariman R. (1989) "Political style in Cicero's letters to Atticus", *Rhetorica* 7, No. 2. p. 145-58.

Harris W. V. (1989) *Ancient Literacy*. Cambridge, MA: Harvard University Press.

Hendrickson G. L. (1926) "Cicero's Correspondence with Brutus and Calvus on Oratorical Style", *AJPh*, 47, No 3, pp. 234-258.

Hendrickson G. L. (1905) "The origin and meaning of the ancient characters of style', *AJPh*, 26, No. 3. pp. 249-290.

Hendrickson G. L. (1904) "The peripatetic mean of style and three stylistic characters", *AJPh*, vol. 25. No. 2, pp. 125-46.

Herman J. (2000) *Vulgar Latin*. University Park, PA: Pennsylvania State University Press.

Hoffman J. B. - Szantyr A. (1965) *Latieinische Syntax und Stilistik*. Münich: C. H. Beck'she verlagsbuchhandlung.

Holtgraves T. M. (2002) *Language as Social Action: Social Psychology and Language Use*. Mahwah, NJ: Erlbaum.

Hook van L. (1945) "General introduction" in *Isocrates*, with an English translation by Larue van Hook, vol. 3, Cambridge MA: Harvard University Press/London: William Heinemann Ltd, pp. 366-8.

Horn L. R. (1996) "Presupposition and Implicature" in *The Handbook of Contemporary Semantic Theory*. ed. Sh. Lappin. Oxford: Blackwell. pp. 299-319.

Hout M. van den (1999) *A Commentary on the Letters of M. Cornelius Fronto.* Mnemosyne Supplement 190. Leiden: E. J. Brill.

Huizinga J. (1980) ) *Homo ludens: A study of the Play-element in Culture*. London, Boston and Henley: Routledge & Kegan Paul (1st edition 1949)

Hunt J. M. (1981) "On Editing the Letters of *Cicero" CPh, Vol. 76, No. 3 (Jul. 1981), pp. 215-224.*

Hutchinson G. O. (1998) *Cicero's Correspondence: A Literary Study.* Oxford: Oxford University Press.

Hyland K. (2005) *Metadiscourse: Exploring Interaction in Writing*. London, New York: Continuum.

Innes D. C. (1995) "Introduction" in *Aristotle, Poetics, Longinus, On the sublime, Demetrius on style*, edited and translated by Stephen Halliwell/Donald Russell/Doreen C. Innes, Cambridge, MA/London, England: Harvard University Press Cambridge, pp. 311-342.

Jäger W. (1986) *Briefanalysen. Zum Zusammenhang von Realitätserfahrung und Sprache in Briefen Ciceros*. Frankfurt: Lang.

Jarzębski J. (1977) *„O zastosowaniu pojęcia „gra" w badaniach literackich" w Z dziejów form artystycznych w literaturze polskiej*, t. XLVII: Problemy odbioru i odbiorcy, pod red. T. Bujnickiego i J. Sławińskiego, Wrocław: , Zakład Narodowy im. Ossolińskich

Jenkins T. E. (2006) *Intercepted letters: epistolarity and narrative in Greek and Roman literature*. Lanham, MD: Lexington books.

Johnston M. (1940) "S.V.B.E", *CPh*, Vol. 35, No. 3 (Jul. 1940), p. 304.

Kałkowska A. (1982) *Struktura składniowa listu*. Wrocław: Zakład Narodowy im. Ossolińskich.

Kałkowska A. (1993) *„Językowe wykładniki* pragmatycznej funkcji listów", *Stylistyka 2,* Pp. 183-203.

Karttunen L. (1971) "Implicative Verbs", *Language* 47/2, pp. 340-358.

Karttunen L. ( 1973*)* "Presuppositions of compound sentences", *Linguistic Inquiry* 4, pp. 169-93.

Kean M. (1918) "Cicero, ad Att. VIII, 4", *CR*, vol. 32, No 7/8. p. 171.

Kelly G. P. (2006) *A History of Exile in the Roman Republic*. Cambridge: Cambridge University Press.

Kennedy G. A. (1989) "The evolution of a theory of artistic prose" in *The Cambridge History of Literary Criticism, vol. 1: Classical Criticism*. Ed. G. A. Kennedy, Cambridge: Cambridge University Press.

Kenney E. J. and Clausen W. Vernon 1982. *The Cambridge History of Classical Literature*. Vol. 2. Latin literature. Cambridge: Cambridge University Press.

Кикерон М. Т. (2005) *За должностите*. Превод од латински и белешки Светлана Кочовска. Предговор Весна Димовска-Јањатова. Скопје: Магор.

Kiparsky P. – Kiparsky C. (1971) "Fact" in *Semantics*, eds. D. D. Steinberg and L. A. Jakobovits. Cambridge: Cambridge University Press, pp. 345-69.

Kisić M. (2006) "Ego tecum tamquam mecum loquor Cic. *Att*. VIII. 14.: O jeziku Ciceronove prepiske sa Atikom", *Lucida intervalla* 31 1/2005. pp. 66-72.

Klauck H. (2006) *Ancient letters and the New Testament*. Waco: Baylor University Press.

Klauck H-J (2003) "Compilation of letters in Cicero's Correspondence" in *Early Christianity and Classical Culture. Comparative studies in honor of A. J. Malherbe.* Eds. Fitzerlad T. J.- Olbricht T. H. – Michael White L. Supplements to Novum Testamentum. Volume CX. Leiden-Boston: Brill. p. 131-155.

Konstan D. (1997) *Friendship in the Classical World.* Cambridge NY: Cambridge University Press.

Koskenniemi H. (1954) "Cicero über die Briefarten (genera epistularum)" *Arctos* I: Acta Philologica Fennica, Nova Series. Vol. 1. 1954, pp. 97-102.

Kroon C. (1995) *Discourse particles in Latin. A study of nam, enim, autem, vero and at*. Amsterdam: J. C. Gieben.

Kroon C. H. M. (2009) "Latin linguistics between grammar and discourse: Units of analysis, levels of analysis" in E Rieken and P Widmer ed. *Pragmatische Kategorien: Form, Funktion und Diachronie*. Wiesbaden: Ludwig Reichert Verlag, pp. 143-158.

Kühner R. – Stegmann, C. (1912 – 1914) *Ausführliche Grammatik der lateinischen Sprache II: Satzlehre.* Hannover: Hahnsche Buchhandlung.

Laidlaw W. A. (1939) "S.V.B.E", *CPh,* Vol. 34 (Jul. 1939), pp. 251-2.

Laurand L. (1907) *Etudes sur le style des discours de Cicéron, avec une esquisse de l'histoire du "cursus".* Paris: Hachette.

Leech G. N. (1983) *Principles of pragmatics*. London: Longman.

Леонтъева Н. Н. (1983) "Три свойства связного текста" в *Tekst i zdanie,* red. T. Dobrzynska, E. Janus. Wrocław itd.: Ossolineum, pp. 171-181.

Lesky A. (1983), *Ιστορία της αρχαίας ελληνικής λογοτεχνίας*. Μετάφραση Αγαπητοού Γ. Τσοπανάκη, Θεσσαλονίκη: Εκδοτικός οίκος Αδελφών Κυριακίδη.

Levinson S. C. (2000) *Pragmatics*. Cambridge: Cambridge University Press.

Levy H. L. (1959) "Cicero the Lawer as Seen in His Correspondence". *CW*, Vol. 52, No. 5, pp. 147-154.

Liddell H. G. - Scott R. (1996) *A Greek English Lexicon.* Revised and augmented throughout by Sir Henry Stuart Jones with the assistance of Roderick McKenzie and with cooperation of many scholars with a revised supplement 1996. Oxford: Clarendon Press.

Lindsay W. M. (1894) *The Latin Language: an historical account of Latin sounds, stems and flexions*. Oxford: At the Clarendon Press.

Lintott A. (2008) *Cicero as evidence: A historian's companion*. Oxford: Oxford University Press.

Lusching C. A. E. (2005) *Latin Letters. Reading Roman Correspondence*. Newburyport, MA: Focus Publishing.

MacLaren M. (1966) 'Wordplays involving bovillae in Cicero's letters'. *AJPh*, 87, No 2, pp. 192-202.

MacLaren M. (1970) "The Dating of Cicero's Letters by Consular Names", *CJ*, Vol. 65, No. 4 (Jan. 1970), pp. 168-72.

Malherbe A. J. (1988) *Ancient epistolary theorists*. Atlanata: Scholars Press.

Malmkjær K. (2002) *The Linguistics Encyclopedia: Second Edition*. London: Routledge.

Mann W. C .- Thompson S. A. (1987) *Rhetorical Structure Theory: A Theory of Text Organization*. Los Angeles, CA: University of Southern California, Information Sciences Institute (ISI).

Mann W. C .- Taboada M. (2005-2015) *RST, Rhetorical structure theory* [online] Available at: www.sfu.ca/rst. [Accessed 02 December 2013]

Marshall A. J. (1964) "The structure of Cicero's edict", *AJPh*, vol. 85, No. 2, pp. 185-191.

Marzano A. (2007) *Roman Villas in Central Italy: A Social and Economic History.* Leiden-Boston: Brill.

May J. M. (2002) *Brill's Companion to Cicero: Oratory and Rhetoric*. Leiden: Brill Academic Publishers.

May J. (1981) "The rhetoric of advocacy and patron-client identification: variation on theme", *AJPh*, vol. 102, No. 3. pp. 308-315.

Menna P. (1955) *Aspetti sintattici e lessicali di carattere intimo e familiar nelle lettere ciceroniane*. Nola: D. Basilicata & Fioli.

Mercklin L. (1844) *De Corneliae, p.f. Gracchorum matris vita, moribus et epistolis commentatio*. Dorpat: Laakmann.

Miller A. B. (1914) *Roman Etiquette of the Late Republic as Revealed by the Correspondence of Cicero.* Lancaster, PA: Press of the New Printing Company.

Mills S. (1997) *Discourse*. New York: Routledge.

Mitchell Th. N. (1979) *Cicero: The Ascending Years.* London: New Haven.

Mitchell Th. N. (1991) *Cicero: The Senior Statesman*. London: New Haven.

Monsuez R. (1952) *Le Style épistolaire de Cicéron et la langue de la Conversation*, Toulouse: Annales publiées par la Faculté des Lettres de Toulouse 1.

Morello R. - Morrison A. D. (2007) *Ancient letters. Classical and late antique epistolography*. Oxford: Oxford University Press.

Mouritsen H. (2011) *The Freedman in the Roman World*. Cambridge: Cambridge University Press.

Muir, J. (2009) *Life and Letters in the Ancient Greek World*. London and New York: Routledge.

Murphy J. J. (1981) *Rhetoric in the Middle Ages: A History of Rhetorical Theory from Saint Augustine to the Renaissance*. Berkley and Los Angeles, California: University of California Press.

Neill J. (2009) *The Origins and Role of Same-Sex Relations in Human Societies*. Jefferson NC: Mc Farland & Company.

Nicholson J. (1994) "The Delivery and Confidentiality of Cicero's Letters,"*CJ*, Vol. 90, No. 1 (Oct. – Nov. 1994), pp. 33-63.

Nicholson J. (1998) "The Survival of Cicero's Letters", *Studies in Latin Literature and Roman History*, Vol. 9, pp. 63-105.

Nutting H. C. (1917) "The epistolary use of past tenses", *ClW*, 10, No 9, p. 71.

Oldfather W. A. (1928) "Cicero: A scetch", *CJ*, 23, No 6, pp. 404-24.

Oldfather W. A. (1930) "A nuance in the friendship of Cicero and Atticus", CJ, vol. 26, No 2, pp. 143-4.

Овидиј Насон (2002), *Преобразби*. Препев од латински Љубинка Басотова. Скопје: Три.

Palmer L. R. (1954) *Latin Language*. London: Faber and Faber.

Pauli A. F. (1958) "Letters of Caesar and Cicero to Each Other". *CW*, Vol. 51, No. 5 Feb. 1958., pp. 128-32.

Pease E. M. (1902) "The Greeting in the Letters of Cicero" in *Studies in Honor of Basil L. Gildersleeve*, Baltimore: Johns Hopkins Press. pp. 395-404.

Philips J. J. (1986) "Atticus and the publication of Cicero's works", *CW*, 79, No. 4, pp. 227-37.

Pinkster H. (1990) *Latin Syntax and Semantics.* Translated by Hotze Mulder. London and New York: Routledge.

Pinkster H. (2010) "Notes on the language of Marcus Caelius Rufus" In *Colloquial and Literary Latin,* eds. E. Dickey and A.Chahoud. New York: Cambridge University Press, pp. 186-202.

Polovina V. (1987) *Leksičko - semantička kohezija u razgovornom jeziku*. Beograd: Filološki fakultet.

Поповић Љ. (2000) *Епистоларни дискурс украјинског и српског језика*. Београд: Чигоја.

Poster C. (2007) "A conversation Halved: Epistolary Theory in Graeco-Roman Antiquity"in *Letter-writing Manuals and Instruction from Antiquity to the Present,* C. Poster and L. C. Mitchell (eds.). Columbia, SC: University of South Carolina Press, pp. 21-51.

Putnik N. (2006) "Upotreba grčkog jezika u Ciceronovim pismima", *Lucida intervalla* 31, 1/2005. Beograd: Filozofski fakultet. pp.53-65.

Putnik N. (2009) "Grčki jezik u Ciceronovim pismima Atiku" u Marko Tulije Ciceron, *Pisma Atiku I,* s latinskog preveli Jelena Savić, Milica Kisić i Noel Putnik. Beograd: Fedon. pp.33-58.

Rawson E. (1975) *Cicero: A Portrait*. London: Allen Lane.

Reed J. T. (1997) "The Epistle" in *Handbook of Classical Rhetoric in the Hellenistic Period 330 B.C. - A.D. 400*. ed. S. E. Porter Leiden-New York-Köln: Brill. pp. 171-193.

Riepl W. (1913) *Das Nachrichtenwesen des Altertums mit Besonderer Rücksicht auf die Römer.* Leipzig: B. G. Teubner.

Risselada R. (1993) *Imperatives and Other Directive expressions in Latin: A Study in the Pragmatics of a Dead Language*. Amsterdam: J. C. Gieben.

Rist J. M. (1964) "Demetrius the Stylist and Artemon the Compiler", *Phoenix*, vol. 18 (1964) 1. pp. 2-8.

Roberts W. (1843) *History of letter-writing, from the earliest period to the fifth century*. London: W. Pickering.

Robinson E. A. (1949) "Biennium praeteriit Cicero, Att. 13. 12. 2.'. *TAPha,* 80, pp. 368-74.

Rodale J. I. (ed.), (1978) *The Synonym finder*. Emmaus, PA: Rodale Press.

Rose H. J. (1921) "The Greek of Cicero", *JHS*, vol. 41. part 1, pp. 91-116.

Rosén H. 2002. 'Noctuabundus ad me venit … tabellarius', *Mnemosyne,* 55. Fasc. 1, pp. 89-92.

Rosén H. 1995. ‘The latin infinitivus historicus revisted’, *Mnemosyne* 48, Fasc. 5, pp. 536-64.

Rosenmeyer P. A. (2001) *Ancient epistolary fictions. The letter in Greek literature*. Cambridge: Cambridge University Press.

Rosenmeyer P. A. (2006) *Ancient Greek literary letters.* New York NY: Routledge.

Ross J. R. (1967) *Constraints on variables in syntax*. Cambridge, MA: Massachusetts Institute of Technology, Department of Modern Languages and Linguistics. [Thesis]

Rudd N. (1992) “Stratagems of Vanity: Cicero, Ad familiares 5. 12 and Pliny’s letters” in *Author and Audience in Latin Literature,* eds. T. Woodman and J. Powell, Cambridge: Cambridge University Press. pp. 18-32.

Savić J., Kisić M. i Putnik N. (2006) ‘Tri Ciceronova pisma Atiku’, *Lucida intervalla* 31 1/2005. p.31-52.

Schackleton-Bailey D. R. (1980) “Introduction” in Cicero, *Select letters*. Cambridge: Cambridge University Press.

Schackleton-Bailey D. R. (1987) “A letter of L. Lucceius”, *Mnemosyne*, 40, Fasc. 3/4, pp. 419-20.

Schackleton-Bailey D. R. (1955) “Notes on Cicero’s ad fratrem”, *JRS*, 45, parts 1 and 2, pp. 34-8.

Searle J. R. (1969) *Speech acts. An Essay in the Philosophy of Language*. Cambridge: University Printing House.

Searle J. R. (1976) “A Classification of Illocutionary Acts”, *LSoc*, vol. 5. No. 1 (April 1976), pp. 1-23.

Searle J. R. (1979) *Expression and meaning*: *Studies in the Theory of Speech Acts*. Cambridge: Cambridge University Press.

Searle J. R. (1983) *Intentionality: An Essay in the Philosophy of Mind*. Cambridge: Cambridge University Press.

Searle J. R. - Vanderveken D. (1985) *Foundations of Illocutionary Logic*. Cambridge NY: Cambridge University Press.

Schiffrin D. (1987) *Discourse markers*. Cambridge NY: Cambridge University Press.

Sherwin-White A. N. (1966) *The letters of Pliny: A History and Social Commentary*. Oxford: Oxford University Press.

Schmeller T. (2004) „Die Cicerobriefe und die Frage nach der Einheitlichkeit des 2. Korintherbriefs“, *Zeitschrift fur die Neutestamentliche Wissenschaft und Kunde der Alteren Kirche*, Volume 95, Issue 3/4, pp. 181–208.

Schwarz-Friesel M., Consten M. & Knees M. eds. (2007) *Anaphors in Text: Cognitive, formal and applied approaches to anaphoric reference*. Amsterdam/Philadelphia: John Benjamins Publishing Company.

Senc S. (1910) *Grčko-hrvatski rječnik* (reprint 1988) Zagreb: ITRO Naprijed.

Sinclair J. M. - Coulthard R. M. (1975) *Towards an analysis of discourse: the English used by teachers and pupils*. London: Oxford University Press.

Софрониевски В. (2001) *Латинско-македонски речник*. Скопје: Бигосс.

Sollmann A. (1952) "A miror of Roman Society". *CJ*, Vol. 47, No. 7 (Apr. 1952), pp. 253-98.

Somers M. (1994) "Theme and Topic. The relation between discourse and constituent fronting in Latin". In Linguistic Studies in Latin. Selected papers from the 6th International Colloquium on Latin Linguistics (Budapest 23-27 March 1991), J. Herman (ed.), Amsterdam: John Benjamins. pp. 151-163.

Spevak O. (2010) *Constituent Order in Classical Latin Prose*. Amsterdam / Philadelphia: John Benjamins Publishing Company.

Steele R. B. (1900) "The Greek in Cicero's epistles", *AJPh* 21, No. 4, pp. 387-410.

Steele R. B. (1904) 'The ablative absolute in the epistles of Cicero, Seneca, Pliny and Fronto', *AJPh*, 25, No. 3, 315-27.

Steele R. B. (1907) "Temporal clauses in Cicero's epistles", *AJPh*, 28, No. 4, pp. 434-449.

Steele R. B. (1913) "The Participle usage in Cicero's epistles", *AJPh* 34, No 2, pp. 172-82.

Steele R. B. (1913 b) "The future periphrastic in Latin", *CPh* 8, No. 4, pp. 457-76.

Steinberg S. (2007) *An Introduction to Communication Studies*. Cape Town: Juta and Company Ltd.

Stewart R. S. (1962) "The Chronological Order of Cicero's Earliest Letters to Atticus", *TAPha*, Vol. 93 (1962), pp. 459-70.

Светониј (2001) *Дванаесетте римски цареви*. Превод од латински и белешки Весна Димовска-Јањатова, Војислав Саракински. Предговор Весна Димовска Јањатова. Скопје: Култура.

Swain S. (2002) "Bilingualism in Cicero? The Evidence of Code-Switching"in J. N. Adams, M. Janse, S. Swain ed.. *Bilingualism in ancient society.* Oxford NY: Oxford University Press. pp. 128-67.

Taylor L. R. (1937) "On the Chronology of Cicero's Letters to Atticus, Book XIII", *CPh*, 32. No. 3 (Jul. 1937), pp. 228-40.

Taylor L. R. (1954) "On the Date of Ad Atticum 2. 24", *CQ*, 4, No. 3/4 (Jul. – Oct. 1954), pp. 181-2.

Trapp M. B. (2003) *Greek and Latin Letters*. Cambridge: Cambridge University Press.

Treggiari S. (2007) *Terentia, Tullia and Publilia*: *The women of Cicero's Family*. New York NY: Routledge.

Tyrrell E. Y. (1891) *Cicero in his Letters*. London: Macmillan and Co.

Utčenko S. L. (1975) *Cicerone e il suo tempo*. Roma: Riuniti.

Vaan M. de (2008) *Etymological Dictionary of Latin and the other Italic Languages*. Leiden: Brill.

Vande Kopple W. J. (1985) "Some exploratory discourse on metadiscourse" *CCC,* 36, No. 1 (Feb. 1985), pp. 82-93.

Войнов М. - Милев А. 1971. *Латинско Български речник*. София: Наука и изкуство.

Войнов М - Георгиев В-Геров. Б-Делчев Д.-Милев А.-Тонев М. (1992) *Старогръцко- Български речник*. София: Фондация Отворено общтество.

Walsh P. G. (2008) *Cicero, Selected letters.* Oxford: Oxford University Press.

Wheeler S. C. (1983) "Megarian Paradoxes as Eleatic Arguments", *APhQ,* 20. No. 3 (Jul. 1983) pp. 287-295.

White J. L. (1986) *Light from ancient letters (Foundations and facets)*. Philadelphia, PA: Fortress Press.

White P. (2010) *Cicero in Letters: Epistolary Relations of the Late Republic*. Oxford: Oxford University Press.

Wierzbicka A. (1971) "*Metatekst* w tekście" w M.R. Mayenowa (red.), *O spójności tekstu*, Wrocław itd.: Ossolineum, pp. 105-123.

Wierzbicka A. (1987) *English Speech Act Verbs: A Semantic Dictionary.* Sydney: Academic Press.

Wilkinson L. P. (1982) „Cicero and the Relationship to oratory to Literature" in *The Cambridge History of Classical Literature II. Latin Literature,* eds. E. J. Kenney, W. V. Clausen. pp. 230-67.

Williams J. M. (1985) *Style: Ten lessons in clarity and grace* (2nd ed.). Glenview, IL: Scott, Foresman.

Wood N. (1991) *Cicero's social and political thought*. Berkley, CA: University of California Press.

Читалница
*ЛИНГВИСТИКА*

Светлана Кочовска
**ЕПИСТОЛАРНИОТ ДИСКУРС**
**НА МАРК ТУЛИЈ КИКЕРОН**

*Издавач*
© Профундум ДООЕЛ Скопје, 2014

*Лектура*
Александар Џукески

*Дизајн на корица*
Соња Димитровска

*Печат*
Полиестердеј

*Тираж*
100 примероци